Во ваква употреба лексемата *човек* главно се јавува без маркери за определеност – определен член или *еѕен* за неопределеност. Ваквите маркери во воопштени искази веднаш упатуваат на генеричка употреба (пример 1 и 2), но ако се работи за конкретна ситуација можно е двојно толкување (пример 3).

(1) Неизмерна е радоста, сите сме способни за нови силни чувства, **човекот** е борец, витез и наследник на животот. („Жонглирање со животот во слободен пад“ од Сара Трајковска 2012)

(2) Ти самиот дозволи да бидеш охрабрен повеќе отколку што би требало, да веруваш дека **еден човек** во вакви околности може да слезе до три метри и, уште, да фрла сам земја оздола горе. („Бунар“ од Димитар Башевски 2001)

(3) И додека тој зборуваше, мене во умот, како пчела околу главата, ми се вртеше прашањето – зарем ***човекош*** треба да умре, треба да го снема од овој живот, та за него да се зборува само убаво? („На пат со времето“ од Петре Наковски 2010)

Покрај тоа, во обопштено-личната употреба именката *човек* не може да биде модифицирана со никакви други определби, кои поблиску го специфицираат поимот, бидејќи, како што забележува Тополињска (2008: 147), оваа именка тука има „заменска генерализирана функција“.

Исто така карактеристично е дека реченицата со подмет *човек* во обопштено-лично значење најчесто не изразува фактуално значење, па

[5] Истите примери се наведени и во ДРМЈ, со карактеристика ‘некојси, еден човек; Употреба: Безлично’.

затоа тие се обично во генерално сегашно време без разлика на времето на главното кажување (4) или со некој маркер за модалност (5). Се среќаваат и модални глаголи во минато време, при што обопштувањето се прикажува во временската рамка на настанот (6).

(4) Зела леген да го измие... Ете, зошто се жени **човек**, за такви редови! („Печалбари“ од Антон Панов 1936)

(5) Дали беше правилен неговиот избор на оваа висока положба или не, не би можел **човек** да се заколне, но на дела докажуваше дека ја заслужува. („Крпен живот“ од Стале Попов 1953)

(6) Но сега од овој балкански кафез тешко можеше да се излезе, можеше **човек** само да се префрли во друг кафез, а тоа речиси ќе беше исто како во овој кафез. („Времето на козите“ од Луан Старова 1993)

Исказите со *човек*$_{об}$, и кога предикатите се во сегашно време, не се однесуваат на актуелизирани настани, туку изразуваат еден тип на хабитуалност.[6] Хабитуалната ситуација не е референтна: предикатот се однесува на цела класа ситуации, а не на еден специфичен случај (Плунгян 2004). Ситуациите изразени во овие реченици се карактеризираат со повторување, кое се одликува со постојаност; во оваа смисла, „вообичаеното значење ... е некаков вид апстракција“ (Шлуинский 2005: 159), што овозможува да се обележи со средство што изразува нефактуално значење.

Обопштено-личните реченици со подмет *човек* може да се појават во различни типови реченици (како самостојна, главна или зависна реченица). Притоа, подметот може да зазема различни позиции во однос на другите членови на реченицата. Сп. ги примерите во 7(а) и (б).

(7) (а) ШИШКО: А-а, прв пат. Колку се изменил! Не може **човек** да го познае. Како од пекол да излегол. („Бегалка“ од Васил Иљоски 1950)

(б) ТЕОДОС: (Пред огледало ги чисти мустаќите со четкиче.) Тји, бре мурдарлак! Ништо чисто не може да види **човек**. („Чорбаџи Теодос“ од Васил Иљоски 1937)

Според некои автори (на пр. Москова-Еленска 1978: 135) различните позиции во соодветните бугарски конструкции не се поврзани со разлики во комуникациско-информативната структура. Останува да се испита дали тоа важи и за македонските реченици.

Од функционален аспект, ваквите обопштено-лични искази се однесуваат на луѓето воопшто, кој било, но често генерализираат една одредена група во која е вклучен говорителот, т.е. авторот на текстот, што станува јасно од поширокиот контекст. На пр. во (6) под *човек* се подразбираат сите луѓе што тогаш живееле на Балканот, вклучувајќи го и авторот. Исказот може да се однесува само на говорителот/авторот, но

[6] Сп. Пановска-Димкова (2014).

се генерализира од различни причини: да се долови сликовитост (8) и (9) или дистанцираност што го прави исказот индиректен, како во (10) и (11).

(8) МИТРЕ: (се испружува убаво). Шуќур каде оставил господ лежење, да може **човек** да си ја одмори снагата... („Парите се отепувачка“ од Ристо Крле 1938)

(9) О, сестро Чано, добро ни дојдовте! Ние со мајка Перса и Пеличка тркнавме до црквата Света Богородица, забрането е да се слават верски празници, ама во слободно време **човек** може да запали свеќа во некоја црква! („Црна билка“ од Ташко Георгиевски 2006)

(10) САНКО: Пеење не е ѓурултија, аџија.
ТРАЈКО: Какво е ова пеење во ова време! Ноќта е, да речам, за спиење, не за пеење.
БОШКО: Кога **човек** не може да спие?
ТРАЈКО: Тога нека не расипува сон на други. („Бегалка“ Васил Иљоски 1950)

(11) - Зошто да не послуша **човек** малу музика, се правдаат пред жените и божем протестираат, – па што има друго во ова наше гратче?... („Бојана и прстенот“ од Иван Точко 1959)

Често со обопштените искази од овој тип говорителот/авторот има за цел да создаде услови адресатот да се соживее со она што се кажува и во одредени услови да предизвикаат емпатија со говорителот, односно со целата група што ја претставува. Во (12) аџи Трајко му ја раскажува својата ситуација на чорбаџи Стојко, за кој знае дека има слично мислење како и тој и дека ќе се солидаризира со него. Во (13) авторот ја обопштува својата ситуација за да предизвика разбирање за својата лекомисленост.

(12) ТРАЈКО: Така, туку пак аџијата, да речам, не им чини. Се им е многу лихвата. Комитаџиите ги подбуцнуваат: „Не давајте“! мене ми порачуваат: „Од толку толку лихва повеќе да не земаш“. А од друга страна: „Ќе дадеш толку толку за комитетот… Само за нив да работи **човек**! им се чудам на некои од чаршијата што одат со нив! Што не си ја гледаат работата… („Бегалка“ Васил Иљоски 1950)

(13) Проклет да бидам, тоа така го рече што **човек** мораше да ѝ верува дека пати, дека многу, премногу пати, оти и крвави срцето. („Големата вода“ од Живко Чинго 1984)

Во контекст на совети, препораки и слично, *човек*$_{об}$ се однесува на адресатот (и луѓе во слична ситуација). Во (14) реченицата што следи јасно укажува на тоа дека обопштеното кажување е наменето за адресатот. И во (15) вклученоста на адресатот се подразбира поради претходното директно обраќање.

(14) ТРАЈКО: Рековме, секој има право да почука на девојкина врата, туку пак **човек** треба да гледа каде ќе почука. (Зајадливо). А ти требаше да почукаш на подолна врата! („Бегалка“ Васил Иљоски 1950)

(15) И ти знам исто се чувствуваш.. правиш сѐ за да не се случи она што мора еднаш.. зошто **човек** може да побегне од сѐ... но никогаш од себеси... („Разминувања“ од Виолета Петровска Периќ 2013)

Во зависност од контекстот обопштениот исказ, т.е. *човек*$_{об}$ може да ги вклучува и говорителот и адресатот. Во (16) прашањето се однесува и за говорителот и за соговорникот бидејќи тие се во иста ситуација, па со следното прашање соговорникот е повикан така и да го протолкува. Во (17) авторот сака да го привлече интересот на читателите бидејќи може да научат многу за Конески, импликувајќи истовремено дека и тој научил.

(16) ТРИПКО: Па ќе порачаме, туку чекај малку да поразговараме. Кажи ми ти мене, Шишко, зашто живее **човек**? Зашто живееш ти? („Бегалка“ Васил Иљоски 1950)

(17) Ова, во разговорите со него, се сеќавања, мисли, искази за спомени .... Но, тие се доволно податливи за **човек** да научи многу нешта за животот и творештвото на овој наш великан и евентуално да предизвикаат интерес кон неговите дела,... („Конески: Кажувања“ од Цане Андреевски, https://okno.mk/node/3384)

Во раскажување од аспект на трето лице обопштените искази го вклучуваат третото лице и создаваат услови за солидаризирање со тоа лице. Во (18) *човек*$_{об}$ се однесува на секој човек вклучително и татко му на Трајко, а во (19) на „кој било па и тие“.

(18) Ги врза Трајко добиците и излезе да види дали татко му не се заговорил со некој човек. Обично кога си иде **човек** од пазар го запираат луѓето и го заговоруваат ... („Калеш Анѓа“ Стале Попов)

(19) Крај нив и тие не се чувствуваа сами. Најлошото е да се чувствува **човек** осамотен, без нигде никого. („Калеш Анѓа“ Стале Попов)

3 Руските еквиваленти (анализа на паралелните текстови)

Во руската лингвистика, како и во словенските студии воопшто, обопштено-лично значење се забележува во структури од различни синтаксички типови. Како најтипичен начин на изразување на ова значење се сметаат реченици со предикат во 2 л. еднина (рус. *Напишешь пером – не вырубишь топором,* буквално:‘Тоа што си го напишал со перо не можеш да го исечеш со секира’), кои во обопштено-лично значење об-

ично се користат без лична заменка. Подискутабилна е можноста за обопштено-лично толкување на реченици во 1 л. мн. – како тие без подмет, така и тие со експлицитна подметна заменка (*Чем меньше женщину мы любим, тем больше нравимся мы ей.* ‘Колку помалку сакаме некоја жена, толку повеќе ѝ се допаѓаме.’) (Бондарко 1991; Булыгина, Шмелев 1997; Князев 2014, итн.). Инфинитивните структури исто така можат да се толкуваат со обопштено-лично значење (*Умом Россию не понять* ‘Русија не може да се разбере со умот’ (Ф. Тютчев)). Бидејќи подметот на инфинитивната група не е изразен тој може да се сфати како неопределен или како обопштен. Истото важи и за инфинитивните структури со безлични модални елементи, каде што нема индикација за подметот ни во главниот ни во зависниот предикат: *Разговаривая с потерпевшим, надо проявлять тактичность.* ‘Кога се зборува со жртвата, мора да се биде тактичен’ (Тестелец 2001: 288).

Во сите структурни разновидности на обопштено-личната реченица, секогаш постои субјект кој го генерализира своето лично искуство. Како што забележува Е.В. Падучева, класата на обопштено-лични реченици, и покрај нивната синтаксичка хетерогеност, „е обединета со тоа што нејзиниот имплициран, а понекогаш и синтаксички изразен, подмет не е само ‘сите’, туку ‘Јас и луѓето како мене’“ (Падучева 2012: 28).

Понатаму ќе разгледаме како обопштено-личната употреба на *човек* (*човек*$_{об}$) во македонскиот јазик се рефлектира во руските преводни еквиваленти, со оглед на тоа што во рускиот јазик не постои таков „формален“ индикатор за обопштување. Руската лексема *человек*, меѓу другите значења, може да се јави во генеричка употреба (*Человек всегда тащит с собой своё прошлое* ‘Човекот секогаш го влече своето минато со себе’ (А. Волос)), и, како што ќе видиме подолу, не е секогаш можно да се повлече остра граница меѓу таквата употреба и обопштеното лично значење.

Во главниот анализиран материјал, ексцерпиран од „Паралелниот корпус на словенските јазици“ (ParaSol), преземени се сите реченици во постоечките текстови со македонско-руска паралела во кои се појавува именката *човек,* без разлика на изворниот јазик. Потоа рачно се издвоени македонските реченици во кои оваа именка се употребува со обопштено-лично значење и нивните руски еквиваленти (вкупно 105 паралелни примери). Резултатите се прикажани во Табела 1. Тука се вклучени и случаи во кои употребата на *човек*$_{об}$ тешко може да се издвои од генеричката употреба.

Табела 1. Руските еквиваленти на македонските реченици со *човек*$_{об}$

Безлични и инфинитивни реченици	Форми 2 л. едн.	Форми 3 л. мн.	Форми 1 л. мн.	Неопределени заменки	Лексема *человек*	Трансформи	Вкупно
37	7	6	6	3	24	22	105

Примерите од нашиот корпус покажуваат дека како еквивалент на македонската обопштено-лична именка *човек*$_{об}$ на руски јазик се користи целиот можен инвентар на средства за изразување обопштено-лично значење. Во анализата што следи ќе ги разгледаме забележаните еквиваленти во примерокот од корпусот и накратко ќе ги опишеме условите за избор на една или друга форма.

3.1. Безлични и инфинитивни реченици

Како што се гледа од статистиката прикажана во Табела 1, главниот начин на преведување на реченициите со *човек*$_{об}$ е со безлични структури, вклучително и инфинитивни реченици – независни и зависни. Забележани се неколку типови.

3.1.1. Модално-безличен предикат (*можно* ‘може’, *нельзя* ‘не може, не смее’, *надо* ‘треба’) или безличен модален глагол (*приходится* ‘принуден, мора’, *может* ‘може’, *следует* ‘треба’) проследено со инфинитивна група. Руските модално-инфинитивни конструкции се јавуваат како главен еквивалент на реченициите со *човек*$_{об}$ со модално значење, бидејќи имплицираниот подмет не се изразува ниту во модалниот ниту во инфинитивниот дел од реченицата, а може да се толкува обопштено, како „секоја личност, вклучително и говорителот“ (Тестелец 2001: 288-290).

Во македонскиот јазик, ваквите конструкции одговараат на структури кои содржат модален глагол и *ѓа*-конструкција:

(20) Па тој никого не пушта внатре, ти велеше дека **човек** *не може ни ѓа се јави***.** — Он же никого не пускает к себе, ты говорил, *что ему и позвонить нельзя.*

(21) Забележавме дека бедемот зад кочините беше понизок така што **човек** *можеше_ѓа се наведне* преку него. — Нам сразу бросилось в глаза, что за хлевами крепостная стена резко понижается, так что через *нее можно наклонить* голову.

(22) Ете како **човек** *мора ѓа ја ѝлаѿи* измамата, – зборуваше таа, – и јас повеќе не сакам да лажам. — Вот как *приходится платить* за ложь, – говорила она, – и больше я не хочу лгать.

Сепак, постојат примери во руските преводи каде што во модално-инфинитивни конструкции подметот може да биде неискажан, но

референтен. Значи, руската реченица во (23) најверојатно ќе се толкува како упатување на одредена ситуација во минатото со импликуван агенс:

(23) Во ваков амбиент, **човек** *можеше ѓа ѝ се ѿрепушѿи* на својата фантазија! — И *можно было предаваться* грезам!

Во пример (24), руската реченица воведува обраќање кон соговорникот (*дорогой сосед* ‘драги соседе’), со што очигледно се посочува конкретен референт на импликуваниот субјект:

(24) **Човек** *не ѿреба ѓа се занесува* со големи планови, јас тоа навистина го мислам, драги соседе. — *Не надо задаваться* большими планами, *дорогой сосед*, право.

3.1.2. Немодални именски предикати кои воведуваат инфинитивна реченица

Во овој случај, како еквивалент на македонската реченица со *човек*$_{об}$ во рускиот превод се јавува вградена инфинитивна група, за која немодалниот именски предикат има функција на матричен предикат (со семантика на внатрешна состојба, проценка на погоденост, соодветност на извршување на дејството):

(25) …но зошто тогаш е толку *ѿешко* **човек** *ѓа се ориенѿира во неа*? — Но почему же в библиотеке так *трудно ориентироваться* ?

(26) …многу *ѿосѿокојно би било ѓа ве смеѿа* **човек** за плод на халуцинација. — ….гораздо <u>спокойнее было бы *считать*</u> *вас* плодом галлюцинации.

3.1.3. Зависни инфинитивни реченици воведени од подредени сврзници

Некои инфинитивни конструкции во рускиот јазик може да се воведат со подредени сврзници (Падучева 2018). Во нашиот материјал, како еквиваленти на реченици со *човек*$_{об}$ се јавуваат инфинитивни реченици со целни, *чтоб(ы),* и условни, *если*, сврзници:

(27) Првите години по окупацијата беше достаточно да се купат кои и да било акции на кое и да било претпријатие, и **човек** *беше сигурен* дека ги вложил парите добро и дека во прашање може да биде само големината на печалбата. — В первые годы оккупации довольно было купить любые акции любого предприятия, *чтобы быть уверенным* в надежном помещении денег и думать лишь о размерах процентов.

(28) *Коѓа* **човек** *ќе му се ѿриближи*, така што двата „ѕида на клисурата“ ќе се издигнат стотици метри над авионот, станува јасно дека „трупот на питонот“ е всушност до хоризонтот протегнато пространство на едно толку брзо движење што поприма изглед на пасивно набабрен

цилиндер. — *Если же опуститься* на несколько сот метров, почти к самому дну «ущелья», видно: питон — протянувшаяся до самого горизонта полоса, где плазма движется с невероятной быстротой, отчего и возникает впечатление застывшего цилиндра.

Друга можност за употреба на инфинитивна зависна конструкција е употребата на глаголски прилог со инфинитивна реченица. Таквата конструкција исто така може да се толкува со обопштено-лично значење, бидејќи подметот не е изразен ниту во глаголскиот прилог, ниту во инфинитивната реченица:

(29) А долгиот летен ден над зелената долинка изгледа бесконечен, *та* **човек** *не паметув*а кога се разденило и не помислува дека некогаш ќе се стемни. — А длинный летний день над зеленой долиной кажется бесконечным, *заставляя позабыть*, что когда-то был рассвет и когда-то наступит мрак.

3.1.4. Независен инфинитив

И покрај разновидниот опсег на функции на независниот инфинитив во рускиот јазик и широките можности за негово модално толкување, тој речиси никогаш не се користи како еквивалент на *човек*$_{об}$. Единствената конструкција со независен инфинитив, што во нашиот материјал се јавува како соодветна на македонска реченица со *човек*$_{об}$, е инфинитив со значење на желба, но меѓујазичниот пар даден во примерот подолу, не е семантички еквивалентен. Во рускиот пример, инфинитивната реченица се однесува на говорителот, додека македонската реченица се толкува обопштено:

(30) *Да се умре*, си мислеше Зорка, *да се слизне* **човек** тука од порта в река, како случајно, без писмо и прошка, без признание и понижување. — *Умереть*, – думала Зорка, – *сорваться* с моста в реку, как бы случайно, без письма и прощания, без признания и унижения

3.2. Форми на глаголи во 2 л. еднина и заменки со обопштено значење

Глаголите во 2 л. еднина, иако во рускиот јазик се јавуваат како главно средство за изразување на обопштено-лични значења, во нашите примери се среќаваат како еквиваленти на македонските преводи со *човек*$_{об}$ многу поретко отколку структурите дискутирани погоре. Овој индикативен факт укажува дека исказите со *човек*$_{об}$ и исказите со форми од 2 л. не се блиски синоними, можеби затоа што во рениците со *човек*$_{об}$ инклузивноста на говорителот, карактеристична за 2 л ед. (Золотова, Онипенко, Сидорова 1998: 118) не е толку очигледна. Обопштено-личното *човек* е фокусирано не толку на говорителот, колку на сите луѓе воопшто, вклучително и на говорителот („сите, исто така и јас“).

(31) **Човек** тоа го учи со години, да се фати сѐ во што покусо време. — С годами *привыкаешь* схватывать все на лету.

(32) Еве кај може **човек** *ѓа слуша* внимателно, а ништо поодделно да не одбира, и сето заедно наполно да го сфаќа и правилно да го разбира! — Вроде и *слушаешь* внимательно, и ни единого слова толком *не понимаешь*, а главную-то суть тем временем до косточки *раскусишь*!

Други видови на конструкции со 2 л. ед. бараат посебен контекст кога се јавуваат како еквиваленти на македонските реченици со *човек*$_{об}$. Составот *Не* + свршен глагол 2 л. еднина во рускиот јазик изразува неможност (алетична модалност), што е исто така типично за македонските искази со *човек*$_{об}$ со модален предикат:

(33) Имаше уште многу работи, **човек** *не може ѓа ги запамети*. — Было еще многое, *всего не вспомнишь*.

Исто така, забележуваме форми на квази-императив во еднина (транспозиција на императив), кој делува како подреден дел од сложена реченица со условна семантика:

(34) Ама, без божја волја, безбели, ниту се бере ниту се жние; па *ако сака* **човек** *нека виси* по цел ден над она што го посеал, ништо не му вреди, ако нема божји благослов. — Это уж дело известное, что без божьей воли не уберешь и не пожнешь; *как ты ни дыши* над посевом своим, а если нет божьего благословения, никакого прока не будет.

3.3. Форми на глаголи во 3 л. множина (неопределено-лични реченици)

Речениците со глагол во 3 л. мн. со елиминиран или имплициран агенс се посебен вид на реченици кои имаат сличности, но и разлики со другите средства за изразување на обопштено-лично значение (Падучева 2012). За обопштено-личните реченици е карактеристично тоа што подметот ја проценува ситуацијата, генерализирајќи го своето лично искуство. Оваа вклученост (и неодвоеност) на говорителот претставува важна разлика од неопределено-личните. Со други зборови, постои разидување во фокусот на емпатијата: кај 3 л. секогаш има отуѓување од подметот (*Когда любят – не стыдятся* ‘Кога сакаат – не се срамат’, поглед „однадвор“), а кај 2 л. (*Когда любишь – не стыдишься* ‘Кога сакаш, не се срамиш’) авторот суди „одвнатре и истовремено смета на разбирањето и сочувството на читателот“ (Булыгина, Шмелев 1990: 59-60).

И покрај тоа, неопределено-личните реченици во примерокот од корпусот се јавуваат како еквиваленти на македонските структури со *човек*$_{об}$, бидејќи даваат можност за имлициран агенс:

(35) Во моите краишта, кога **човек** *се шегува*, ќе каже нешто и потоа бучно се смее, така што сите ќе сфатат дека е шега. — У меня на родине, когда *хотят пошутить*, сперва произносят что-нибудь, а потом начинают хохотать, как бы приглашая всех окружающих посмеяться над шуткой.

(36) Таа беше лисеста, силна, двапати поголема од него, и важеше како жена со остар јазик и тешка рака, со која е *подобро да не завлегува* **човек** *во кавга*. — Это была рыжая, сильная, на две головы выше его женщина, снискавшая себе известность острым языком и тяжелой рукой, с ней *предпочитали не связываться*.

3.4. Форми на глаголи во 1 л. множина и заменки со обопштено значење

Во нашиот ексцерпиран материјал подеднакво се присутни и глаголските и заменските форми во 1 л. мн. (обопштено „ние“):

(37) **Човек** никогаш *не може да знае* што да сака, зашто живее само еден живот и никако не може да го спореди со своите претходни животи, ниту да го поправи во следните животи. — *Мы* никогда *не можем знать*, чего *мы* должны хотеть, ибо *проживаем* одну-единственную жизнь и *не можем* ни сравнить ее со своими предыдущими жизнями, ни исправить ее в жизнях последующих.

3.5 Неопределени заменки

Во нашиот материјал се појавуваат 2 вида неопределени (во широка смисла) заменки како еквиваленти на македонските реченици со *човек*$_{об}$: неопределени (*кто-нибудь* ‘кој било’) и генерализирачки (*любой* ‘кој било’, *каждый* ‘секој’). Подолу даваме пример за вториот вид:

(38) Да не е **човек** надарен со ѓаволската доблест наречена сочувство, не може да не го осуди студено тоа што го направи Тереза. — *Любой*, кто не наделен дьявольским даром, называемым « сочувствие», способен лишь холодно осудить Терезу за ее поступок, ибо личная жизнь другою человека – священна, и ящики с его интимными письмами открывать не положено

3.6. Лексемата *человек* како преведен еквивалент на *човек*$_{об}$

Преводите покажуваат дека руската лексема *человек* со генеричка употреба (како претставник на *човечкиот род*), сп. пример (39), или нејзините функционални еквиваленти, пример (40), може да се јават како еквивалент на *човек* во обопштено значење.

(39) Чекам тој да се помрдне; сонот станува тенок кога **човек** во сон ќе се помрдне и тогаш можам да го разбудам, бидејќи нема да му

биде жал. — Я жду , когда он повернется – сон становится тонким, когда *человек* поворачивается, – тогда я смогу его разбудить, и ему не будет жалко , что я помешала ему спать.

(40) Туку ако даде Господ летината да донесе, не ќе му биде кусо на никого, ќе може **човек** и да се раздолжи и пак да се задолжи. — Ну, а если, бог даст, нынешний год урожай доспеет, нечего таить, как-нибудь и старые долги *наш брат* покроет и в новые влезет.

Можноста за нивна еквивалентна употреба, која доста често се наоѓа во паралелни текстови, го покренува прашањето за непостоење на остра граница помеѓу генеричката и обопштено-личната употреба. Нашите набљудувања покажуваат дека кога реченици со именката *човек* се појавуваат во контекст на одредена ситуација, се создаваат услови македонското *човек* недвосмислено да се интерпретира со обопштено-лично значење, како што покажуваат горенаведените примери.

Ако зборуваме за гномски ситуации, општи максими или афоризми (како во 41), и македонската и руската лексема може да имаат двојно толкување – генеричко или обопштено-лично.

(41) Поскапата смеа е онаа кога **човек** ќе се насмее на две или три работи истовремено. — Дороже стоит тот смех, когда *человек* смеется одновременно из-за двух или трех вещей.

Во оваа статија немаме за цел да ги анализираме подетално паровите каде што во рускиот пример се појавува некоја трансформација и/или изоставување на сегменти кои во соодветниот пример на македонски содржат *човек*$_{об}$, како, на пример, во (42).

(42) Сето ова му иде на оцата како кога сонува **човек**. — Все это было похоже на сон.

Покрај тоа, во низа примери на македонската обопштено-лична лексема *човек* ѝ одговараше во примерите на руски јазик специфично референтна именска група. Така, во примерот (43) од научно-фантастичниот роман „Соларис“ од Станислав Лем во рускиот текст се користи референтната заменка *мы*, што упатува на одреден круг лица (членови на екипажот на космичкиот брод), вклучувајќи го и говорителот, додека македонскиот преведувач употребил *човек* со обопштено-лично значење.

(43) Сарториус смета дека, штом „гостинот“ се јавува секогаш само тогаш кога **човек** се буди, тогаш најверојатно тој го извлекува од нас производствениот рецепт во текот на сонот. — Сарториус считает, если „гости“ всегда появляются, когда *мы* просыпаемся, значит, Океан выуживает из нас рецепт производства во время сна.

4. Заклучни забелешки

Македонскиот јазик спаѓа во јазиците во коишто постои специјализиран маркер за обопштено-лично значење – десемантизираната лексема *човек*. За разлика од другите средства за обопштено-лично значење, кај кои изразувањето генерализација претставува секундарно значење (или преосмислување), *човек*$_{об}$ е недвосмислен индикатор за генерализација, кој се карактеризира со специфични структурни особини: нечленувана форма, неможност за комуникативно нагласување, релативна слобода на позиционирање во реченицата, склоност кон појавување во позиција на подмет.

Во врска со последната карактеристика, сакаме да напоменеме дека студиите за формални средства со генерализирано значење на различни јазици се темелат главно на идејата за „формален подмет“. Несомнено, подметот е главната синтаксичка функција на ваквите лексеми. Сепак, прашањето дали обопштено-личното толкување на аргументите што не се приоритетни навистина е исклучено, бара дополнително разгледување (пред се, од типолошки аспект), сп. на пример:

(44) На **човек** му иде да помисли (и тоа најмногу го боли) дека се мачел и пател напразно, дека бил вопшто на погрешен пат, дека се неговите синови и другите „дечишта” во право и дека навистина доаѓаат времиња без мерка и без сметка или со некакви нови мерки и нови смегки; во секој случај, дека неговата сметка се покажа неточна а неговата мерка куса.

Вакви примери не се вклучени во оваа статија, но веруваме дека теоретски нема причина да се ограничи синтаксичката позиција на формалните обележувачи на обопштување.

Како што покажува анализата на македонско-руските парови, како еквиваленти на македонските реченици со десемантизираната именка *човек* во руските реченици се појавуваат разни средства за изразување на обопштено-лично значење: безлични реченици, форми во 1 л. множина и 2 л. еднина, неопределено-лични реченици, неопределени заменки и сл. Главен и функционално најблизок еквивалент на македонските реченици со *човек*$_{об}$ се руските безлични-инфинитивни конструкции, со тоа што нивниот имплицитен субјект (како во главниот така и во инфинитивниот дел), бидејќи не е неискажан, може да се разбере обопштено-лично: „секој човек, вклучително и јас (говорителот)“.

Литература

Бондарко, А.В. 1991. Семантика лица, *Теория функциональной грамматики. Персональность. Залоговость*. Санкт-Петербург: Наука, 5–40.

Булыгина, Т.В., Шмелев, А.Д. 1990. Синтаксические нули и их референциальные свойства. *Типология и грамматика*. Москва, 109–117.

Булыгина, Т.В. Шмелев, А.Д. 1997. *Языковая концептуализация мира (на материале русской грамматики)*. Москва: Языки русской культуры.

ДРМЈ – *Дигитален речник на македонскиот јазик*. http://drmj.eu/

Зализняк, А. 2012. Второе лицо: семантика, грамматика, нарратология. *Логический анализ языка. Адресация дискурса*. Москва: Языки славянской культуры,. 24-40.

Золотова, Г., Онипенко, Н., Сидорова, М. 1998. *Коммуникативная грамматика русского языка*. Москва: МГУ.

Конески, Б. 1966. *Речник на македонскиот јазик (со српскохрватски толкувања)*, Том 3, Скопје: Институт за македонски јазик.

Конески, К. (Ред) 2014. *Толковен речник на македонскиот јазик*, Том 6, Скопје: Институт за македонски јазик.

Князев, Ю. 2014. Обобщенно-личные употребления форм 2-го лица. *Acta Linguistica Petropolitana. Труды института лингвистических исследований*, т. 10, ч. 3, 324–340.

Москова-Еленска, В. 1978. Конструкции с десемантизираното съществително *човек* в българския език. *Български език*, кн. 2, 128–136.

Мургоски, З. 2005. *Речник на македонскиот јазик*. Скопје.

Падучева, Е.В. 2018. *Инфинитив*, http://rusgram.ru/Инфинитив,

Падучева, Е.В. 2012. Неопределенно-личное предложение и его подразумеваемый субъект. *Вопросы языкознания*, № 1, 27–41.

Пановска-Димкова, И. 2014. Македонските еквиваленти на српскиот презент од перфективни глаголи. *Македонски јазик* LXV, 337-348.

Плунгян, В.А. 2004. Предисловие. *Ирреалис и ирреальность. Исследования по теории грамматики*. Москва: Гнозис, 9–25.

Тестелец, Я. Г. 2001. *Введение в общий синтаксис*. М.: РГГУ.

Тополињска, З. 1974. *Граматика на именската фраза во македонскиот литературен јазик – род, број, посоченост*. МАНУ: Скопје.

Тополињска, З. 1997. *Македонските дијалекти во Егејска Македонија. Синтакса.* Том II. Скопје: МАНУ.

Тополињска, З., 2008. *Полско-македонски. Граматичка конфронтација: Развиток на граматичките категории.* Скопје: МАНУ.

Шлуинский, А.Б. 2005. *Типология предикатной множественности: количественные аспектуальные значения*: *дис. на соиск. учен. степ. канд. филол. наук*. Москва.

Deringer, L., V. Gast, F. Haas & O. Rudolf 2015. Impersonal uses of the second person singular and generalized empathy. In Sorlin, S. & L. Gardelle (eds.): *The Pragmatics of Personal Pronouns*. Amsterdam: Benjamins, 311-334.

Gast, Volker & van der Auwera, Johan 2013. Towards a typology of human impersonal pronouns, based on data from European languages. In *Languages Across Boundaries: Studies in Memory of Anna Siewierska*, Dik Bakker & Martin Haspelmath (eds). Berlin: de Gruyter Mouton, 311-334.

Siewierska, Anna & Maria Papastathi 2011. Towards a typology of third person plural impersonals. *Linguistics* 49(3), 575–610.

Siewierska, Anna. 2011. Overlap and complementarity in reference impersonals: 'Man'-constructions vs. third person plural-impersonals in the languages of Europe. In Anna Siewierska & Andrej Malchukov (eds.), *Impersonal Constructions: A Cross-linguistic Perspective*, 57–89. Amsterdam: Benjamins.

Topolinjska Z. 2009. Definiteness (synchrony). Kempgen S., Kosta P, Berger T., Gutschmidt K. (eds) *Die Slavische Sprachen. The Slavic Languages*. Berlin, New York: Walter de Gruyter, 176-188.

Topolińska Z. 2009. Towards the definition of the generic noun phrase. Topolińska Z. *Z polski do macedonii, Studia* językoznawcze, tom 2, 112-116. Lexis: Kraków

von Waldenfels, Ruprecht and Meyer, Roland (2006-). ParaSol, a Corpus of Slavic and Other Languages: Bern, Regensburg. Available at http://parasol.unibe.ch

Елена ИВАНОВА
Лилјана МИТКОВСКА

УПОТРЕБЛЕНИЕ ЛЕКСЕМЫ ‘ЧОВЕК’ В ОБОБЩЕННО-ЛИЧНОМ ЗНАЧЕНИИ В МАКЕДОНСКОМ ЯЗЫКЕ В СОПОСТАВЛЕНИИ С РУССКИМ

Р е з ю м е

Македонский язык относится к тем языкам, где имеется специализированный маркер обобщенно-личного значения – десемантизированная лексема *човек*. В статье рассматриваются основные грамматические признаки этого показателя генерализации, анализируются условия его употребления и функциональные особенности.

На материале параллельных текстов (ParaSol) устанавливаются русские эквиваленты македонских предложений с обобщенно-личным *човек* и выявляются структуры, наиболее адекватно передающие данное значение в русском языке.

Ключевые слова: обобщенноличность, десемантизированная лексема «човек», формальное подлежащее, инфинитив, сопоставительный анализ, переводческие соответствия.

UDC 811.163.3'282'367.625
UDC 811.16'282'367.625

Marek MAJER
Katedra Filologii Słowiańskiej, Uniwersytet Łódzki
marek.majer@uni.lodz.pl

ПОТЕКЛОТО НА ГЛАГОЛСКИТЕ ПРИЛОЗИ ОД ТИПОТ *-НИК*

§1. Вовед[1]

Во двата стандардни источно-јужнословенски јазици глаголскиот (т.е. сегашниот глаголски)[2] прилог се гради од несвршени глаголи со помош на суштински идентичниот суфикс: мак. *-јќи*, буг. *-йки*[3]. Меѓутоа, како што е познато, разновидноста на формите кои се наоѓаат во дијалектите и во стари текстови е далеку поголема[4]. Овој богат и интересен мате-

[1] Оваа студија беше претставена на конференцијата *ГЛАГОЛАТИ 2: Балканската глаголна система в славянски и романски аспект*, Софија, 07.05.2021. Покрај учесниците на таа конференција, би сакал да им се заблагодарам на Хенинг Андерсен, Флоријан Вандл, Роналд Ким, Иван Н. Петров и Рафал Шептињски за нивните корисни коментари. Би сакал да изразам голема благодарност до м-р Андријана Павлова за коригирањето на мојот македонски текст.

[2] Во денешните источно-јужнословенски јазици постои само еден глаголски прилог, така што нема потреба од понатамошна идентификација – за разлика од повеќето словенски јазици, каде што постојат сегашниот/современиот и минатиот/претходниот глаголски прилог: сп. рус. *пиш-á*, пол. *pisz-ąc*, срп./хрв./бос. *pȉš-ūći* ’пишувајќи, writing‘ наспроти рус. *напис-áв(ши)*, пол. *napis-awszy*, срп./хрв./бос. *napísāv(ši)* ’~ имајќи напишано, having written‘.

[3] За формите од типот мак. *-ешкум*, буг. *-ешком* сп. фусн. 20.

[4] Како што е познато, формата на глаголскиот прилог во денешниот стандарден бугарски јазик потекнува од дијалектите од областа на Македонија. Во текот на формирањето на стандардниот бугарски во XIX век биле во употреба неколку конкурентни форми, кои биле како земени од различни народни говори така и позајмени од рускиот јазик. За деталите на овој процес и на конечната победа на формата *-йки* сп. Първев (1958); Rusek (1969).

ријал вклучува неколку постојани проблеми и нуди можности за нови толкувања, како што се открива во некои неодамнешни студии, а – се надеваме – и во овој придонес.

Во оваа студија се занимаваме со прашања од историската морфологија и етимологија, а не функција, синтаксички параметри, прагматична проминентност или прецизно разграничување на глаголските прилози и одглаголските прилози за начин. Фактот дека употребата на глаголскиот прилог во дијалектите е многу разновидна (полна продуктивност; ограничено, но стабилно присуство кај некои групи глаголи; речиси целосна загуба освен лексикализирани остатоци кои се сфаќаат како прилози за начин) е сосема евидентен и одлично документиран во достапната литература. Во принцип, сепак, степенот до кој дадената форма е застапена во жива употреба не би требало да влијае на процедурата на анализа на нејзиниот етимолошки состав. Оттука, освен кога ова е директно релевантно, фокусот во оваа студија ќе биде на формата, а не на функцијата[5].

Така, во македонската дијалектологија на Видоески (1999б: 243) го наоѓаме следниот список на забележани формални типови на глаголски прилог, подредени по структура:

„– *-(е, ј)ќе (-ќем)*,
– *-(е, ј)ќи (-ќим, -ќин)*,
– *-(е, ј)ќу (-ќум, -ќун),*
– *-(е)шѿе (-шѿем, -шѿен)*,
– *-(е)шче (-шчем, -шчен)*,
– *-(е)шѿи (-шѿим, -шѿин)*,
– *-(е)шчи (-шчим, -шчин)*,
– *-(е)шѿу (-шѿум)*,
– *-шѿец*,
– *-шѿимица*,
– *-шком (-шкум),*
– *-ник,*
– *-нички (-ничкум, -ничкум)*.“

Помалку исцрпни списоци на форми од целото источно-јужнословенско подрачје може да се најдат на пр. во Кисева (1931): *-ки*, *-ечи*, *-ешти*/*-ешчи*, *-ким*, *-штим*, *-щец*, *-шчимица*, *-ник*, *-шчем*/*-штем*, *-кьум*/*-кюм*, или Стойков (1993: 249): *-штиц*, *-штим*, *-ешкàта*, *-ешкỳм*, *-ешкỳмата*, *-èечи*, *-èйк'и*, *-àйк'и*, *-èк'и*[6]. Поцелосен, модерен преглед е доста-

[5] Од друга страна, во бројни брилијантни студии за синтаксата и семантиката на глаголскиот прилог се посветува помалку внимание на неговиот формален состав (на пр. Тополињска 1997: 92-95: „[н]ема овде да се занимаваме со морфолошките разновидности на глаголскиот прилог“).

[6] Патем кажано, може да се додаде дека продлабочена, сеопфатна анализа на целиот источно-јужнословенски материјал сè уште недостасува (Тотоманова 2013: 34-35: „за-

пен во Hellgren (1996); богати библиографски ресурси може да се најдат и во Митев (во печат а-г).

Еден интересен тип на глаголски прилог е забележан дури неодамна и не е вклучен во горенаведените прегледи. Станува збор за облиците на *-va*[7] што ги опишува Илиев (2020), на пр. *сед'ȍва* 'седејќи', *гл'ȍдава* 'гледајќи': можно е дека нивното потекло е сосема посебно (в. повеќе во §2). Конечно, за целосна слика, секако мора да се споменат и формите познати од историски текстови, но отсутни од современите источно-јужнословенски дијалекти. Некои од нив се очигледни архаизми (клучната класа се формите на -ѧ, -ѫ, -ъı/-и, в. подолу), додека одредени изолирани типови може да претставуваат вештачки творби[8].

Пред да продолжиме со анализа на специфичните форми што ќе бидат предмет на оваа студија, прво е потребно да се разгледа општото дијахрониско објаснување на источно-јужнословенскиот глаголски прилог, иако последново е секако евидентно и неконтроверзно по својата суштина. Како и во другите словенски јазици, овие глаголски прилози се засноваат на различни форми на активниот партицип на презентот[9], којшто во прасловенскиот имал полна промена по род, број и падеж. Неговата основа била *-ǫt'-/-ęt'-* (соодветно за тврди/меки глаголски основи), но парадигмата ги содржела и карактеристичните пократки облици NOM. SG.M *-y/-ę*, коишто синхрониски гледано ги заменувале основата *-ǫt'-/-ęt'-*[10]. Извадоци од флексијата на овие партиципи во прасловенскиот и во старословенскиот јазик се дадени во Табела 1 (NOM и DAT на еднина и множина, машки и женски род; исклучиво простата промена):

сега никой не е предприел системно проучване на тези форми (...); в обобщителния том „Морфология" на БДА не се предвижда карта за тези облици". Истото може да се каже и за дијахрониската анализа на тие форми (Илиев 2020: 234: „липсва цялостно диахронно изследване, което да ги представя от старобългарския период досега").

[7] Реконструкции, морфолошки типови и сл. се пишуваат во латиница. Облици од стандардниот македонски, бугарски, руски итн., како и од историски текстови, се наведуваат во кирилица. Дијалектни форми се наведуваат точно како што се запишани во цитираните извори.

[8] Препишувачите, копирајќи за нив нејасни падежни облици на постари текстови, можно е да создавале такви форми (Дуриданов 1956: 150; Русек 1966: 481). Донекаде слични процеси не можат да се исклучат дури и кај посовремени автори, особено ако тие употребувале неколку формални варијанти истовремено, искористувајќи материјал како од живи говори така и од новонастаната литературна норма (сп. Тотоманова 2013: 31-32).

[9] Одличен општ преглед на настанокот на глаголските прилози во словенските јазици може да се најде во Wiemer (2014: 1634-1638); особено во однос на источно-јужнословенското подрачје сп. и Гугуланова (2005: 57-60).

[10] Од дијахрониска гледна точка, се разбира, станува збор за рефлекси на пие. **-V-nt-s* во крајната позиција, иако развојот не е секогаш сосема јасен; в. фусн. 13. Кратките форми *-y/-ę* можеле да се употребуваат и за NOM.SG.N.

Табела 1. Промена на активниот партицип на презентот[11]

облик	прасловенски		старословенски	
м	тврди	меки	тврди	меки
NOM.SG	*-*y*	*-*ę*	несъı	молѧ
DAT.SG	*-*ǫt'-u*	*-*ęt'-u*	несѫштоу	молѧштоу
NOM.PL	*-*ǫt'-e*	*-*ęt'-e*	несѫште	молѧште
DAT.PL	*-*ǫt'-etъ*	*-*ęt'-etъ*	несѫштемъ	молѧштемъ
F	тврди	меки	тврди	меки
NOM.SG	*-*ǫt'-i*	*-*ęt'-i*	несѫшти	молѧшти
DAT.SG	*-*ǫt'-i*	*-*ęt'-i*	несѫшти	молѧшти
NOM.PL	*-*ǫt'-ę*	*-*ęt'-ę*	несѫштѧ	молѧштѧ
DAT.PL	*-*ǫt'-atъ*	*-*ęt'-atъ*	несѫштамъ	молѧштамъ

Овие парадигми биле подложени на иновации, коишто почнуваат веќе во старословенската епоха, но се интензивираат потоа[12]. Парадигмата е под влијание на попродуктивни деклинациски класи, на пр. NOM. PL.M -штє → -шти, NOM.SG.F -шти → -шта, додека уникатниот краток NOM. SG.M -ъı се заменува со -ѫ (од меките основи) или -ѫ (од зависните падежи)[13].

Несомнено е дека овие промени одразуваат вистински појави во живиот јазик, така што мора да го претпоставиме постоењето на типови како што се NOM.SG.M **nesę*/**nesǫ*, NOM.PL.M **nesǫt'i*, NOM.SG.F **nesǫt'a* – се разбира, веќе со соодветните рефлекси на *t'* и на носовките – во раните

[11] Како прасловенски се наведуваат облици кои важат за јужнословенското подрачје; се игнорираат дублети како *-*ę*/*-*ě₃*. За целосните парадигми в. Diels (1963: 232-234); Aitzetmüller (1991: 235-237).

[12] Мирчев (1978: 237-238); Харалампиев (2001: 165-166); Русек (1966: 478).

[13] Статусот на оваа наставка е прилично комплициран веќе во старословенскиот јазик. Во сложената промена наместо -ъı понекогаш се среќава наставка со носовка (сп. во Мариинско евангелие, J 6:57: ѣкоже посъла мѧ живѫи ѿтцъ ʼκαθὼς ἀπέστειλέν με ὁ ζῶν πατὴρʻ); во ваквите случаи може да се користи глаголската буква <ѥ> (Vermeer 2016: 5-8; Diels 1963: 233; Lindstedt 1988). Прасловенската ситуација е уште позаплеткана (сп. зсл. -*a*), што важи и за индоевропската позадина; сп. Vaillant (1958: 544-545); Aitzetmüller (1991: 236); Olander (2015: 93-94).

источно-јужнословенски говори. Многу е потешко да се утврди времето на загубата на менливиот активен партицип на презентот во живиот јазик[14], бидејќи во повеќето пишани текстови категоријата продолжува да се употребува, без оглед колку е заситена со морфолошки иновации или текстуални неточности (Мирчев 1978: 238-239, 242; Харалампиев 2001: 165-166). Русек (1966: 481) предлага грубо датирање меѓу XIV и XVI век врз основа на некои текстови пишувани на народен јазик; меѓутоа, веројатно е дека развојот се случил во различни области во различно време, очигледно ширејќи се од исток кон запад (Русек 1966: 478). Било како било, настанокот на неменливиот глаголски прилог бил можен долго пред загубата на менливиот партицип, земајќи предвид дека двете категории коегзистираат во многу современи словенски јазици; патем речено, неменливи прилошки облици на -штє се среќаваат веќе во старословенскиот (в. подолу).

Општо е прифатено дека постоењето на гореспоменатиот широк спектар на облици во источно-јужнословенските дијалекти е предизвикано од фактори како што се различни рефлекси на *ę*/*ǫ* и *ť*, обопштување на една од самогласките (со потенцијални скратувања, метанализи и рекомбинации со глаголски основи), обопштување на одреден облик (род, број, падеж) на стариот партицип и проширување со честици или прилошки морфеми. Контаминација помеѓу посебни типови и аналогно влијание од други видови прилози се дополнителни можни фактори. Основен опис на овие процеси може да се најде во стандардните историски граматики[15]; делови од проблематиката се проучуваат и во редица посебни студии, на пр. Hellgren (1996) или Тотоманова (2013).

Во Табела 2 подолу е прикажан еден обид за структурна типологија на засведочените форми. Треба да се има предвид дека оваа класификација е прилично шематска и намерно поедноставена. Сите елементи што го следат поранешниот облик на партиципот се групираат заедно како ’проширувања‘, без оглед на нивното разновидно потекло, потенцијалната хибридност итн. Исто така, заради едноставност, сите форми освен NOM.SG.M се означуваат како OBL (зависни), иако ова ги вклучува NOM.SG.F и сите облици NOM.PL. Конечно, форми што ја содржат старата основа на *-ǫť-*/*-ęť-* се наведуваат без рефлексот на носовката, бидејќи таа обично влегува во сложени односи со основите на самите глаголи: така, на пример, „*-ťi*“ всушност треба да се сфаќа како „*-ǫťi*/*-ęťi*“ итн. Она што е важно е да се согледа основниот формален состав на типовите:

---

[14] Од овој партицип потекнуваат неколку лексикализирани придавки од типот мак. *ґорешт*, буг. *горéщ*. Создавањето на нови вакви облици во современите стандардни јазици се должи на влијанието на рускиот или на други словенски јазици и нема основа во народни дијалекти (сп. Кисева 1931: 523).

[15] Сп. Мирчев (1978: 242-244); Харалампиев (2001: 169-171); Конески (1986: 180-181), итн.

Табела 2. Поедноставена формална типологија на источно-јужнословенскиот глаголски прилог

тип	главни форми	
1. непроширен NOM. SG. M	***-y*** ***-ę*** ***-ǫ***	само во стари текстови (-ъı/-и, -ѧ, -ѫ); отсутни од современи дијалекти; карактеристична црта: морфемата се состои од една самогласка
2. непроширен OBL	***-t'e***[16] ***-t'i***[17] можеби ***-t'em***[18]	

[16] Спорадично потврдено во функцијата на глаголски прилог веќе во канонскиот стсл. (-штє); дијахрониски толкувано како NOM.PL.N (на пр. Русек 1966: 480; Конески 1986: 181; Харалампиев 2001: 169) или ACC.SG.N (на пр. Тотоманова 2013: 28); амбивалентно на пр. Мирчев (1978: 242); Златанова (1986: 206).

[17] Дијахрониски толкувано како NOM.SG.F (на пр. Русек 1966: 480; Мирчев 1978: 242; Харалампиев 2001: 169), NOM./ACC.SG.M од сложената промена, т.е. всушност *-ťьjь* (на пр. Теодоровъ 1886: 192; Тотоманова 2013: 31), синкретичен NOM.PL (на пр. Конески 1986: 181), INS.PL.M/N (на при. Ивановъ, 1892: 135-136). Според друго објаснување, се работи за прилошката морфема *-i* < *-y* (на пр. Селищев 1929: 372; Видоески 1999б: 247), што би ја поместило оваа форма во тип 3.

[18] Дијахрониски толкувано како DAT.PL *-mъ* (на пр. Теодоровъ 1886: 192; Маждраковъ 1921: 395-396; Младенов 1979: 290; Мирчев 1978: 244; Конески 1986: 181) или поретко INS.SG (на пр. Ивановъ 1892: 136). Ако, сепак, содржи прилошко *-m* (фусн. 23), тогаш во тип 3.

3. проширен OBL	сите од типот **2** наведени погоре (можеби и ***-t'imi***[19]), потенцијално контаминирани со ***-k-***[20], и проширени со елементи како што се ***-c-***[21] (сп. *-шӣец*[22], *-шӣиц*, *-шӣимица*), ***-m***[23], ***-om/-um***[24], ***-n***[25] итн.

[19] Во некои студии (Ивановъ 1892: 136; Тотоманова 2013: 33) се споменува можно толкување како обопштен INS.PL.

[20] Едвај чисто фонетски (*-št'-* > *-šḱ-*; Mazon 1936: 94); секако се работи за морфолошко проширување/контаминација со елемент којшто конвергира со рефлексите на *-ьsk-ъ,* сп. придавки од типот буг. *човéшки* (Mazon & Vaillant 1938: 152; Видоески 1999б: 248; Тотоманова 2013: 33 и особено 2021: 266-271). Слични форми проширени со *-k-* се наоѓаат и во другите словенски јазици: срп./хрв./бос. *stȍjēćke*, пол. дијал. *stojącki*. Од гледна точка на стандардните јазици, облици од типот мак. *-ешкум* (*влечешкум*), буг. *-ешком* (*мълчешкóм*) не се третираат како глаголски прилози во строга смисла (прилошки партиципи) туку како одглаголски прилози за начин (Тотоманова 2013: 28-33): нивната врска со глаголскиот систем е полабава, тие можат да се градат од номинални основи (буг. *слепешкóм*), не земат директни и индиректни предмети итн. Меѓутоа, тие имаат слично потекло како глаголските прилози и дијахрониски може да се третираат како последниве, како што е објаснето во §1.

[21] Анализирано од една страна како проширено со честица *-c* (на пр. Видоески 1999б: 245), а од друга страна како изведено со номиналните наставки *-ec, -ica* (Иванчев 1978: 96; Тотоманова 2013: 32), коишто можат да се додадат и на глаголски придавки (буг. *страдáлец, поражéнец*) и можат да имаат разни нијанси на експресивна употреба (буг. *я́дец!* за изразување неуспех; Тотоманова 2013: 33). Сп. и фусн. 31. Сепак, овој тип на глаголски прилог може да се објасни и со повикување на прилози на *-ica, -ice* (историски и -ицѝ, -ицеѭ итн.; сп. срп./хрв./бос. *-icē*) со можна 'прилошка' апокопа од типот *како* > *как* (на пр. Цонев 1984: 553-554; Младенов 1979: 290; Селищев 1929: 372; Mazon & Vaillant 1938: 152; Тотоманова 2013: 31-33).

[22] Оваа форма е забележителна бидејќи била на пат да биде прифатена во литературниот бугарски јазик, наоѓајќи широка употреба во текстови од XIX век (в. фусн. 4).

[23] Ова е објаснувањето на типот *-t'em* според оние кои го отфрлаат толкувањето со DAT.PL или INS.SG (на пр. Селищев 1929: 372; Видоески 1999б: 245; Дуриданов 1956: 151-152). Во оваа дебата, податоците од историски текстови се двосмислени. Од една страна, во нив се наоѓаат случаи на прилошка употреба на разни скаменети падежни облици – вклучувајќи и DAT, макар и претежно DAT.SG.M на -штоѵ (Дуриданов 1956: 150; Русек 1966: 480; Златанова 1986: 207). Од друга страна, ваквите форми не се чести и исчезнуваат рано, додека типовите *-t'e* и *-t'i* се обопштуваат; оттука може легитимно да се претпоставува дека сите современи дијалектни форми всушност се базираат само на последните два типа.

[24] Како прилошка морфема. Присуството на самогласката *-u-* во формите со крајното *-um* може да има врска со фонетски процеси (лабијализација), сп. Тотоманова (2013: 32), но поверојатна е морфолошка адаптација кон прилозите на *-um* (на пр. Mazon 1936: 93; Конески 1986: 181; Видоески 1999б: 247).

[25] Според Видоески (1999а: 150), овој елемент е пренесен од пасивниот партицип на претеритот на *-n-*; исто така, некои тврдат дека облиците со крајното *-n* настанале под влијание на турските партиципи на *-ken* (дискусија во Селищев 1929: 372; Hellgren 1996: 160).

§2. Нетипични облици: типот *-va*

Списоците претставени на почетокот на §1 содржат и неколку типови кои не се вклопуваат во горенаведената шема, т.е. не може лесно да се изведат од падежни облици на активниот партицип на презентот и генерално не се објаснуваат на таков начин во достапната литература. Еден таков тип се формите на *-va* (*сед'ȍва*, *гл'ȍдава*, итн.), забележани во помачкиот говор на Пулево/Просѝлио[26] близу Мустафчово/Мѝкη, регион Скеча/Ксанти/Ξάνθη; слични форми се наведуваат и од други помачки говори од оваа област (Илиев 2020).

Заради присуството на сегментот *-v-*, Илиев претпоставува дека овие форми се засноваат на стариот активен партицип на претеритот, за кој обично се тврди дека тој не е зачуван во денешните источно-јужнословенски јазици освен неколку лексикализирани придавки и именки. Илиев не ја проучува точната етимолошка структура на овие форми, вклучително и природата на крајното *-a*. Сепак, таа заслужува подетална анализа. Мора да се има предвид дека единствениот облик на активниот партицип на претеритот кој завршувал со *-(v)ъ* бил NOM.SG.M; основата на сите преостанати форми била *-(v)ъš-*. Така, со оглед на тоа што засведочените форми имаат *-va* а не †*-vša* (†*-fša* или сл.), се чини дека овде е зачуван обопштен NOM.SG.M, макар и проширен со некој дополнителен елемент: **ględ-a-vъ* + *-a* → *гл'ȍдава*.

Дури и ако не е сигурна, како што признава и самиот Илиев[27], оваа хипотеза е многу интересна и може да повлекува импликации за проучувањето на други типови, како што ќе стане јасно подоцна.

§3. Нетипични облици: типот *-nik*

Друга, многу пообемна група облици што се чини дека не се вклопуваат во типологијата претставена погоре – и генерално се смета дека имаат друго потекло – се формите од типот *-nik*, *-ničkі* итн. Заради едноставност, во понатамошниот текст овие облици ќе ги нарекуваме „типот *-nik*“, но ова ќе се однесува на сите варијанти на морфемата на глаголскиот прилог со почетно *-n-*.

Глаголските прилози од овој тип се претежно познати од областа што се протега од околината на Горица/Корча/Korçë во Албанија до околината на Кукуш/Κιλκίς во Грција, т.е. главно јужно од македонско-грчката граница; меѓутоа, како што ќе видиме подолу, некои форми од овој

[26] За помали места надвор од Република Северна Македонија и Република Бугарија се наведуваат како словенската така и грчката/албанската варијанта на името. За поголеми градови или попознати места може да се наведува само една варијанта на топонимот.

[27] Прашањето за неочекуваната промена на функцијата останува отворено: „[в] бъдеще предстои да се изясни въпросът [...] дали освен деепричастна семантика те пазят и семантика на минало деятелно първо причастие“.

тип се наоѓаат и надвор од оваа зона. Продуктивноста на типот *-nik* е различна во различни говори; предметните форми често се наоѓаат во конкуренција со други типови, за што ќе се дискутира подоцна во текстот.

Подолу се наведуваат забележаните типови подредени по структура и илустрирани со примери. Прегледот е чисто илустративен и во никој случај не е исцрпен во однос на достапниот материјал; целта е да се претстават засведочените типови:

-nik: Кондороби/Μεταμόρφωση, Костурско: *бараник* (Маленко 1994: 78); Черешница /Πολυκέρασο, Костурско: *п̄лаченик* (Маленко 1994: 78); Цакони/Χρύσα и Пожарско/Λουτράκι, Воденско: *ш̄ăрчан̥ˈик*, *п̄лачинˈик* (Видоески 1999б: 248); Воден: *бе̥г̄анˈик* (Видоески 1999б: 248), *ш̄ѫрчинѝк*, *крип̄инѝк* (Маждраковъ 1921: 432); Гевгелија: *ш̄ърчини́к* (Ивановъ 1932: 93); Кукушко: *вăркан̥ˈик* (Видоески 1999б: 248). Неколку вакви форми се наоѓаат во Кулакиското евангелие од XIX век, напишано на говорот на Кулакија/Χαλάστρα во Солунско: *тăрčаnїkˈ*, *тїрčаnїkˈ* (Mazon & Vaillant 1938: 152; Mazon 1936: 94)[28].

-nikă: Ґумурџина/Κομοτηνή, Западна Тракија: *ш̄ърченѝкъ* (Бояджиев 1991: 96).

-nica: Леска/Leskë, Горичко: *виканица*, *ш̄р̥чаница* (Видоески 1999б: 248); Косинец/Ιεροπηγή, Костурско: *ш̄ăрчаница*, *г̄рабаница* (Маленко 1994: 78); Корешча /Κορέστια, Костурско: *мълченѝца*, *ш̄ърченѝца*, *п̄лаченѝца* (Шклифов 1973: 102-103); Герман/Άγιος Γερμανός, Преспа: *ш̄рчаница* (Маленко 1994: 79; Шклифов 1979: 95). Освен тоа, облици на *-anica*, *-enica* се забележани во Галичник (Mazon & Vaillant 1938: 152). Сп. и формата *бодиня́ница* локализирана во Прилеп (Панчевъ/Геровъ 1908: 28).

-ničkі: Воштарани/Μελίτη, Леринско: *г̄рабанички*, *ме̄ш̄енички* (Маленко 1994: 79; Видоески 1999а: 150).

-ničkim: Бобошчица/Boboshticë и околина, Горичко: *baraníčkˈim*/*bareníčkˈim*, *jedeníčkˈim*, *moleníčkˈim*, *płačeníčkˈim*, *sedeníčkˈim*, *upitvaníčkˈim*, *zborvaníčkˈim* (Mazon 1936: 94); Нестрам/Νεστόριο, Костурско: *п̄лаченичким*, *седеничким* (Маленко 1994: 79; Видоески 1989: 68).

-ničku: Воштарани/Μελίτη, Леринско: *ш̄рчаничку* (Маленко 1994: 79; Видоески 1999а: 150).

-ničkum: Бобошчица/Boboshticë и околина, Горичко: *jedeníčkum*, *pisaníčkum*, *tarčeníčkum*, *zborvaníčkum* (Mazon 1936: 94); Крчишта/Πολυάνεμο, Костурско: *сеченичкум*, *крадечничкум* (Маленко 1994:

[28] Маждраковъ (1921: 435) наведува и облици како *сѣднѝч* (банатско-бугарскиот говор од Бардарски Геран во северозападна Бугарија), *тропнѝч*. Меѓутоа, Стойков (1993: 193) го смета овој тип форми за „изкуствено, създадено по книжовен път деепричастие“.

78); Леринско: *носеничкум*, *сееничкум*, *ѿкаеничкум* (Маленко 1994: 79; Видоески 1999а: 150). Селищев (1929: 373) наведува форми како *беґáничкум*, *нашѿреварáчничкум*, *ѿърчáничкум* од Прилеп.

-ničkom: Кондороби/Μεταμόρφωση, Костурско: *бараничком* (Маленко 1994: 78).

Кон ова можеме да додадеме неколку видови форми, обично со многу ограничена продуктивност, кои најчесто се сметаат за именки со прилошка употреба (Видоески 1999б: 248), иако остро разграничување помеѓу нив и горенаведените глаголски прилози не е возможно; некои автори ги сметаат предметните форми како глаголски прилози (на пр. Маждраковъ 1921: 435). Тука припаѓаат облици на ***-na*** (*мăлчˈенаѿа*, Леска/Leskë, Горичко; Видоески 1999б: 248), ***-nka*** (*кýцканка*, Велес; Маждраковъ 1921: 435), ***-ničuk*** (*молчˈејнчук* < **молченичук*; Жупа, Дебарско; Видоески 1999б: 248). Се чини крајно веројатно дека овие форми имаат заедничко потекло со глаголските прилози од типот *-nik*.

Како што веќе споменавме, формацијата од типот *-nik* во никој случај не покажува исто ниво на продуктивност во сите говори во кои е засведочена. Вистина, за многу говори облиците од типот *-nik* се наведуваат како живи и продуктивни за време на собирањето на податоците: сп. Mazon (1936: 93-94) за јужната Албанија или сп. Маленко (1994: 79) за областа источно од Лерин. Сепак, дури и во говорите каде што облиците од типот *-nik* се продуктивни, тие често конкурираат помеѓу себе (два или повеќе одделни поттипови) и/или со други форми на глаголскиот прилог коишто припаѓаат на ’нормалните‘ типови. На пример, во горенаведениот материјал на Мазон, облиците на *-ničkˈim* и *-ničkum* конкурираат рамноправно со формација на *-ščem* (*barʲáščem*, *farlʲáščem*); двата вида структури се опишуваат како „identiques, à ce qu’il semble, quant à leur emploi“.

Меѓутоа, во многу области каде што типот *-nik* е забележан, неговата употреба е строго ограничена. Овој тип често се среќава само со мал број глаголи, што генерално укажува на лексикализација како одглаголски прилог за начин[29], додека вистинскиот, парадигматски глаголски прилог може да се изразува со друга формација (од ’канонскиот‘ тип заснован на основата *-t’-*) или воопшто да отсуствува. На пример, во материјалот од Костурско (Шклифов 1973: 102-103; Видоески 1999а: 89-125), каде што продуктивните форми се *-шчем* (повеќето од областа) или *-шчум* (Черешница/Πολυκέρασο), се среќаваат и доста бројни примери од типот *-nik* (в. погоре), но само како непродуктивни остатоци. Кисева

[29] Забележително е дека Мазон и Вајан, анализирајќи го системот кој стои во основата на Кулакиското евангелие, зборуваат за „type d’adverbes dérivés de verbes (...) qu’il ne faut pas confondre avec le gérondif“ (Mazon & Vaillant 1938: 152), иако „la valeur est proche de celle du gérondif“ (Mazon & Vaillant 1938: 196). Слично на пр. Шклифов (1979: 95) за долнопреспанските говори.

(1931: 516) опишува слична ситуација за Воден: продуктивно *-шчимица*, маргинално *-ник* ограничено на многу мал број глаголи. Ивановъ (1932: 93) експлицитно наведува дека продуктивните форми во Гевгелија имаат наставка *-ќи*, додека варијантата *-ник* е ограничена на обликот *шърчиниќ*, којшто „се схваща като наречие“ (наспроти, се разбира, правото „деепричастие“ на *-ќи*).

§4. Досегашните дијахрониски објаснувања на типот *-nik*

За потеклото на типот *-nik* не се дискутирало многу[30]. Што се однесува до очигледна основа, т.е. елементот *-n-*, во достапната литература се наоѓа само едно објаснување: дека овие облици се изведенки од пасивниот партицип на претеритот на *-n-*. Сп. следниве изјави: „La [formation] semble se rattacher à des adverbes dérivés de verbes par l'addition de l'élément adverbial *-ičk'i*, *-ičko* à des participes passifs (*báran*, *tárčen*)“ (Mazon 1936: 93); „Il semble que le suffixe adverbial *-ica* (...) ait été ajouté á la forme du participe passif, puis élargi en *-ičkum* par addition du suffixe *-(k)um*, non sans contamination avec les adverbes en *-čki*“ (Mazon & Vaillant 1938: 152); „сите овие форми се образувани од основата на глаголската придавка од несвршени глаголи (*вика-н-ички*, *-ичким*, *-ичкум*, *-ик*)“ (Видоески 1999б: 248); „формата образувана од пасивниот партицип на минатото време на *-нь* на кој е додаден прилошкиот дел *-ички*, *-ичко*“ (Маленко 1994: 77).

Што се однесува до разновидниот морфолошки материјал што го следи елементот *-n-*, јасно е дека ситуацијата е генерално слична како кај 'нормалните' типови разгледани порано, со разни конкурентни прилошки наставки или проширувања. За ова се зборува и во горенаведените цитати. Меѓутоа, елементот *-ik* се издвојува како исклучителен, бидејќи тој не е присутен во ниту еден од типовите засновани на *-ť-*. Во врска со ова, Видоески (1999б: 248) пишува: „Прилошките форми на *-ник* (*викан'ик*) можеле да настанат спрема зборообразувачкиот модел на именките на *-ик* од типот *маченик*. Тие потоа послужиле како деривациона база за прилошките формации на *-ничким* / *-ничкум* со наслон на образувањата од типот *лежечки*, *сѿоечки*, одн. *лежечким* плус формите на *-ум* од типот *викум*, *молкум*, *ничкум*, *силум* или *близум*, *ѿолекум*“. Мазон и

[30] Се чини дека многу автори коишто го опишуваат потеклото на глаголскиот прилог во источно-јужнословенските јазици не ги вклучуваат формите од типот *-nik* во своите анализи. Репрезентативна е изјавата на Харалампиев (2001: 170): „всички съвременни деепричастни форми възхождат към старото сегашно деятелно причастие с форми на -штє и -штн“, што очигледно не се однесува на формите со коишто се занимаваме во оваа студија. Ситуација во Мирчев (1978: 242–244), Златанова (1986: 206-207) или Конески (1986: 181) е слична. Причината за ова може да се бара во фактот што формите од типот *-nik* често не се сметаат за парадигматски глаголски прилози, туку за изведени прилози за начин.

Вајан претпоставуваат обратна насока на образување (Mazon & Vaillant 1938: 152): „le pseudo-substantif en *-ica* (...) qui existait à côté de l'adverbe en *-ičkum* a dû être remplacé (...) par le nom d'agent en *-(n)ík*, *tъrčánica* (Gerov, Belić) par (*hódi*) *tъrčánik* « en coureur », sous une forme invariable". Иако е посложена, оваа последна теорија можеби е подобро мотивирана, бидејќи не е лесно да се сфати како моделот на типот 'маченик' би функционирал директно: додека изведенки од пасивниот партицип на претеритот како што се **mǫč-enъ* 'мачен' → **mǫč-en-ikъ* 'оној што е мачен, т.е. маченик' се добро мотивирани и широко распространети (сп. паралели како **uč-enъ* → **uč-en-ikъ*; Vaillant 1974: 306, 309), не е очигледно како една слична формација би добила функција заснована врз активното значење на глаголот (како горенаведените изведенки да значеа '†мачител', '†учител')[31]. Се чини дека хипотезата на назадно образување што ја предлагаат Мазон и Вајан го отстранува овој проблем.

Далеку попроблематично е централното прашање, т.е. потеклото на сегментот *-n-*. Всушност, многу е дискутабилно дали објаснувањата цитирани на почетокот на оваа секција, со појдовната точка во пасивниот партицип на *-n-*, убедливо и целосно го објаснуваат настанокот на овој тип. Секако, несомнено е дека некаква синхрониска врска со пасивниот партицип е забележлива, како што недвосмислено покажува обликот *pominatiçqim* (на оригиналниот правопис во Mazon 1936: 320; транскрибирано *п҃оминат҃ичким* во Маленко 1994: 78) засведочен во Бобошчица. Со своето *-t-*, формата мора да е заснована на пасивниот партицип на претеритот *п҃оминат҃* од глаголот *п҃омине*. Всушност, оваа синхрониска врска можеби би требало да се бара не непосредно во пасивниот партицип туку во неговата изведенка – глаголската именка на *-n-ьje*, *-t-ьje*. Вредно е да се забележи дека во некои системи облиците како *ш҃ѝрчан'ица* и предлошките фрази како *со ш҃ѝрч'анје* се опишуваат како изофункционални, а некои дијалекти што целосно го загубиле глаголскиот прилог го заменуваат со ваквите синтагми (Видоески 1999а: 103; 1999б: 249; Маленко 1994: 80).

Како и да е, има неколку причини да се сомневаме дека глаголскиот прилог од типот *-nik* навистина потекнува од пасивниот партицип на *-n-* или од неговите изведенки како глаголската именка на *-n-ьje*. (Патем речено, проблематичната природа на ова објаснување можеби била причина за претпазливите зборови на Мазон: „...semble se rattacher...").

Како прво, ова веројатно би бил единствениот случај во целата историја на словенските јазици каде што парадигматскиот глаголски прилог

[31] Од именки што означуваат лица можат да се создаваат прилози за начин; сп. примери како што се пол. *cich-c-em* или *cich-acz-em* 'тајно, кришум' < 'тивок-лице-INS.SG' (со рефлекси на суфиксите *-ьсь* и *-аčь* коишто означуваат лица, сп. мак. *-ец*, *-ач*). Сепак, пасивниот партицип на претеритот не е добра појдовна точка за ваквите изведенки, а настанокот на вистински парадигматски глаголски прилози од прилози за начин во секој случај е тешко замислив (како што се дискутира подолу и во фусн. 33).

ќе настане не од обопштен облик на активен партицип туку од сосема различен извор. Веќе поради овој факт наводното потекло од пасивниот партицип се чини сомнително.

Како второ, дури и кога типот *-nik* навистина би потекнувал од таков нетипичен извор, би очекувале да го најдеме во оние дијалекти каде што морфолошкиот материјал од стариот активен партицип е целосно изгубен. Во таквите услови – т.е. во целосно отсуство на старата основа на *-ť-* – навистина би можело да се замисли дека потребата од постоење форма на глаголски прилог би поттикнала негово создавање од кои било средства што биле на располагање. Меѓутоа, како што видовме погоре, никако не е така: облици од типот *-nik* се често засведочени напоредно со формации за кои е јасно дека потекнуваат од активниот партицип на презентот. Понатаму, во ваквите случаи, формите од типот *-nik* обично имаат многу поограничена употреба, држејќи се единствено кај неколку почести глаголи. Така, тие изгледаат не како резултати на неодамнешна замена (предизвикана од загубата на ’поприроден‘ материјал за глаголскиот прилог) туку како остатоци од една архаична формација, често практички лексикализирана. Оттука, во ниту еден од релевантните дијалектни системи немало мотивација за создавањето на иновациски прилошки облици од пасивниот партицип на претеритот, бидејќи соодветен морфолошки материјал заснован на активниот партицип на презентот бил присутен (и во употреба).

И како трето, како што веќе забележавме, ако појдовната точка се бара во пасивниот партицип, не е јасно кој чекор од изведувањето би бил одговорен за промената во дијатезата (формите од типот *-nik* се секако активни). Претпоставката за посредничката улога на глаголската именка на *-n-ье* или некои други структури[32] може донекаде да помогне, но и покрај тоа прашањето останува неразјаснето[33].

Да резимираме, потеклото на глаголскиот прилог од типот *-nik* сè уште може да се смета за отворено прашање. Врската со пасивниот партицип на претеритот и неговата изведенка, глаголската именка, може да ни даде делумно објаснување, особено на нивото на синхрониските системи; сепак, се чини сомнително дека станува збор за вистински дијахрониски извор. Исто како што, на пример, површинската сличност на глаголските прилози од типот *-nik* со именки од типот *маченик* – непо-

[32] Како на пример перифрастичните конструкции од типот *имам виѳено*, *имам ѿрчано*.

[33] Помалку енигматичен ќе беше развојот од пасивен партицип кон прилог за начин; сп. во словенечкиот јазик типот прилози на *-oma* (*krâdoma* ’тајно, кришум‘, *vẹ̄doma* ’свесно‘), којшто барем делумно потекнува од скаменети облици GEN.SG на стариот пасивен партицип на презентот, образуван со наставката *-(o)m-* (сп. глаголите *krásti kráde* ’краде‘, *vẹ́deti vẹ́* ’знае‘; Snoj 2007: 257). Меѓутоа, ваква анализа не е можна за источно-јужнословенските форми од типот *-nik*, бидејќи – како што споменавме претходно – во многу говори овие облици вршат функција на парадигматски глаголски прилози и оваа употреба *a priori* се чини постара од лексикализираниот прилог за начин.

битна како синхрониски факт и веројатно значајна за говорителите – не може да се смета за вистинско дијахрониско објаснување, така и синхрониската врска помеѓу типот на *-nik* и пасивниот партицип секако може да биде секундарна и заснована на површинската паралелност. Веројатно е прилози од типот *-nik* да водат потекло од некој друг, подобро мотивиран извор, што би бил одговорен за нивната функција.

§5. Ново објаснување за типот *-nik*

Идеален кандидат за таков првичен извор, излишно е да се каже, би бил активниот партицип – основата на сите останати облици на глаголските прилози како на источно-јужнословенското подрачје така и насеканде во словенскиот свет. На прв поглед се чини дека каква било врска меѓу активните партиципи и типот *-nik* е исклучена, затоа што во овој тип глаголски прилози нема рефлекс на елементот *-ť-*. Од друга страна, карактеристичната црта на нашите форми е присуството на назалната согласка *-n-*: сп. *-n-ik*, *-n-ički*, *-n-ica*, *-n-a*, итн. Вреди да се провери дали е можно дека овој сегмент, сепак, настанал во рамките на морфологијата на стариот активен партицип на презентот.

Да се потсетиме дека формалната класификација прикажана погоре во Табела 2 вклучуваше три типа структури: 1) скаменет непроширен NOM.SG.M; 2) скаменет непроширен OBL; 3) скаменет OBL со проширувања или модификации. Јасно е дека тука е отсутна една теоретски можна комбинација, имено: скаменет NOM.SG.M со проширувања или модификации. Ако на NOM.SG.M на *-ǫ/-ę* (формата што го заменила постарото *-y* во раните источно-јужнословенски дијалекти, в. §1) се додадеа ваквите проширувања, каква форма ќе добиевме?

За да одговориме на ова прашање – особено ако се работи за проширувања коишто започнувале со самогласки, давајќи комбинации како *-ę* + *-ik* или *-ę* + *-a* – треба да ги разгледаме неколкуте споредливи случаи каде што имаме слични процеси.

Познато е – макар и неочекувано – дека прасловенските именки од среден род на *-ęt-* можеле да градат изведенки од основата *-en-*. Во рускиот, на пример, ја имаме добро познатата општа замената на типот **telę -ęte* ’теле‘ со изведенки од типот *телёнок* (< **tel-en-ъk-ъ*).[34] Освен тоа, сп. и случаи како **moldę -ęte* ’младенче‘ → **mold-en-ьc-ь*; **dětę -ęte* ’дете‘ → **dět-en-ьc-ь*/**dět-en-ъk-ъ*, укр. прекари/презимиња на *-енко* (< **-en-ъk-o*), топономастички парови од типот слн. *Rádeče* ← **Rad-ęť-an-* : *Radénci* ← **Rad-en-ьc-*[35], итн. Според преовладувачката традиционална анализа, оваа појава е предизвикана од етимолошката сегментација на

[34] Целосно продуктивно; сп. *котёнок* ’маче‘ << псл. **kotę -ęte*; *жеребёнок* ’ждребе‘ << псл. **žerbę -ęte* итн. Слични суплетивни обрасци на пр. и во стчеш. *kuřě* ’пиле‘, PL *kuřenci* (< *-en-ьc-i*); слч. *dievča* ’девојче‘, PL *dievčence* (Sławski ZSP 3: 14).

[35] Фурлан (2010: 226).

суфиксот *-ęt-*: според ова објаснување, изведенките ја одразуваат постарата основа *-en-* (**tel-en-* → **tel-en-ъk-ъ*), додека самата именка е проширена со елемент *-t-* (**tel-en-t-* > **tel-ę* **tel-ęt-e*)[36]. Меѓутоа, ваквата интерпретација е доста проблематична. Индоевропската позадина на прасловенската наставка *-ęt-* едвај ја поддржува ваквата сегментација[37]; а дури и ако таа е точна на длабоко дијахрониско ниво, тешко е да се замисли дека таа би опстоила толку долго, сè до завршувањето на прасловенскиот период. Оттука, многу поверојатно се чини поплиткото, внатрешно објаснување на оваа словенска појава.

Во една неодамнешна студија, Andersen (во печат: 36-37) убедливо покажува дека настанокот на типот *-en-ъk-ъ* итн. немал никаква врска со етимолошката сегментација на *-ęt-*. Базата за ваквите изведенки не била етимолошката основа (видлива во формите на OBL), туку пократката форма на NOM/ACC.SG (како во типовите **kam-y-kъ* 'камен' ← NOM. SG **kam-y*, сп. OBL **kam-en-*; **korę-kъ* 'корен' ← NOM.SG **kor-ę*, сп. OBL **kor-en-*)[38], а назалната самогласка *-ę* неетимолошки е заменета со *-en-* во позиција пред друга самогласка: **tel-ę* + *-ъk-ъ* > **tel-en-ъk-ъ*. Можеме да додадеме дека за нашите цели овде не е важно како настанал овој модел. Можно е дека тој се засновал на чиста површинска аналогија со типот **jьm-ę* **jьm-en-* N 'име' → ADJ **jьm-en-ьn-ъ* (сп. идентичниот NOM. SG на *-ę*)[39], или на фонетски мотивирана замена на назалната самогласка

[36] На пр. Sławski (ZSP 3: 14-18; тука и богат преглед на материјалот за *-ęt-* : *-en-*); Пјанка (2009: 56); Matasović (2014: 32); Фурлан (2010: 24) / Furlan (2016: 28; 2018: 109). Оваа анализа обично се наоѓа и во класичните дијахрониски обработки на јазиците во кои процесов е одразен на системски начин (на пр. Gebauer 1896: 5). Нешто поинаку на пр. Богатова (1958), в. и Петров (2020: 186-187, 133-134). Вредно е да се забележи изолираниот случај на стсл. корѧ -ѧте ← корѧ -ене 'корен' (Тотоманова 2009), иако овде веројатно не се работи за дијахрониски процес *-en-* → *-en-t-*, в. дискусијата во Петров (2017: 108-109) и Boryś (1981: 43; пол. дијал. GEN.PL *korząt*, веројатно вторично).

[37] Овде не можеме да се занимаваме со сложеното прашање за потеклото на прасловенскиот суфикс *-ęt-*. Литературата за таа тема е многу обемна; сп. неодамна Петров (2020). И покрај честите тврдења за спротивното, од индоевропска гледна точка потеклото на оваа словенска наставка е прилично нејасно, бидејќи во другите индоевропски јазици не се наоѓаат формални и функционални паралели (ваква реална проценка на пр. во Birnbaum & Schaeken 1997: 34). Може да се предлагаат различни шпекулативни објаснувања, но не може да се докаже транспарентна анализата **-n-t-*; дури и поверојатно изгледа неразделно пие. **-nt-*, евентуално додадено на тематското **-e-*. Можно е и дека се работи за контаминација (на пр. на пие. **-on-* и **-et-*; според Роналд Ким, од лична комуникација); во тој случај дискусијата за каков било вид на сегментација би била бескорисна.

[38] За последниве помалку познати форми в. Boryś (1981: 43-44). Формата **korę-kъ* е посредно засведочена во срп./хрв./бос. *koréčak*, стпол. *korzączec*; за непосредни рефлекси на типот *-ę-kъ* сп. чак. *rièmȇk*, буг. дијал. *ре́мек* 'ремен' < **rem-ę-kъ*. За NOM. SG како деривациона база в. и Polański (1976: 293-295).

[39] За можноста за ваквиот процес зборува и Петров (2020).

ę [ɛ̃] со *-en-* [ɛn] во позиција пред друга самогласка, или на некоја друга причина[40]. Може да забележиме дека полниот облик на суфиксот *-ęt-* секако бил достапен во зависните падежи, така што пред сѐ би можеле да се очекуваат изведенки од типот **tel-ęt-ъk-ъ/o*. Ваквите изведенки, се разбира, се исто така широко засведочени[41]. Сепак, и изведенки од типот *-ę + -V- > -en-V-*, засновани на NOM.SG (можеби одредена улога одиграле и некои други облици каде што основата *-ęt-* била поедноставена во *-ę-*[42]), се доста бројни и сочинуваат упадлив тип.

Андерсен претпоставува дека сличен процес лежи и во основата на создавањето на формата **koldenьcь* ’извор, кладенец, бунар‘[43]. Таа традиционално се анализира како вкрстување на синонимите **koldęzь* (од своја страна позајмено од некој од германските јазици, во облик **kaldinga-*) и **studenьcь* (од словенско потекло, од придавката ’студен‘)[44]. Андерсен ја демонстрира слабоста на ова објаснување, покажувајќи дека хронологијата и географијата на предметните лексеми не зборуваат во прилог на хипотезата дека **koldenьcь* настанало според моделот на **studenьcь*. Понатаму, тој нагласува дека во германските јазици не постоел никаков збор **kaldinga-* ’извор, бунар‘ кој би можел да биде позајмен како псл. **koldęzь*[45]. Единствената навистина засведочена лексема од која можат да потекнуваат словенските термини за ’извор, бунар‘ од типот **koldęzь*/**koldenьcь* е **kaldin-* (одразено во стнорд. *kaldi* ’извор, бунар‘). Андерсен смета дека оваа лексема била адаптирана непосредно како **kaldin* ⇒ рано-псл. **kaldin* > псл. **koldę*; последниов облик подоцна бил проширен со наставката *-ьc-ь*, што конечно ја дало формата **kolden-ьc-ь*. Тука, се разбира, може да се забележи погоре споменатата замена на *-ę* со *-en-* во позиција пред друга самогласка. (Варијантата

[40] Замислива е и деривација од NOM/ACC.SG **-ent* во фазата по загубата на крајното **-t* но пред **-en* > **-ę*.

[41] чеш. *telátko*, пол. *cielątko* итн.

[42] На пр. стсл. INS.SG отрочѧмь (во медицинските листови од Синај) наместо вообичаеното -ѧтьмь/-ѧтємь. Ако не се работи за грешка на препишувачот, овој облик може да претставува или архаизам (*-ęt-mь* > *-ę-mь*) или аналоглна иновација (слични облици има и во подоцнежните словенски јазици, на пр. укр. *-ям*); в. дискусијата во Wandl (2019: 270).

[43] Буг. *кла́денец*, мак. *кладенец*, срп./хрв./бос. *klȁdenac*, слн. *kladę́nəc* (ЭССЯ 10: 123–124); сп. и рус. топоним *Колоденка* (Andersen во печат: 36).

[44] Така на пр. ЭССЯ (10: 124); Pronk-Tiethoff (2013: 86). Варијантата **koldęzь* директно се одразува во стсл. кладѧзь, укр. *коло́дязь*.

[45] “N-Gmc. *-ing* remains transparent as a patrial suffix, cf. Da. *islænd-ing* ‘Icelander’, *samsing* ‘Samsø islander’, No. *narvik-ing, risør-ing* ‘person from Narvik, Risør’. In econyms it is a fossilized plural, e.g., the cited Sw. *Käll-ing-e* literally means ‘(the place of) the people at the (*källa* =) spring’. Sw. *Källing(-e)* would be a morphological parallel to PPS *kalding-a- only if the latter econym meant ‘the person or people at the spring’. But it never had nor has that meaning. It just means ‘spring’ and was never formed as an inhabitant name.”

koldęzь, од друга страна, според Андерсен настанала под влијание на други позајмици од германските јазици коишто го имале етимолошкиот суфикс *-inga-*, на пр. **kun-inga-* ⇒ рано-псл. **kun-inga-* > псл. **kъpęzь* ’кнез‘; **wīk-inga-* ⇒ рано-псл. **wīt-inga-* > псл. **vitęzь* ’витез‘).

Како што ќе му биде јасно на читателот, на сличен механизам може да се повикаме и за да ги појасниме глаголските прилози од типот *-nik*. Скаменетите партиципски облици NOM.SG.M на *-ę* и *-ǫ* – чијашто еволуција кон глаголски прилози е добро документирана во стари текстови од источно-јужнословенското подрачје (-ѧ, -ѫ – сп. §1) и наоѓа одлични паралели во другите словенски јазици – можеле да се заменат со *-Vn-* во позицијата пред проширувања со почетна самогласка, како што се *-ica*, *-ik*, *-ički*; оттука, првичното **plač-ę* + *-ica* дало **plač-en-ica*, итн. Сите погоре споменати механизми се прикажани во Табела 3:

Табела 3. Деривациски процеси засновани на NOM.SG *-ę

форми на основниот збор			извор на деривациона база		изведенка
NOM.SG основа OBL	***jьm-ę*** ***jьm-en-***	→	етимолошка основа	→	***jьm-en-ьn-ъ***
NOM.SG (основа OBL	***tel-ę*** **tel-ęt-*)	→	неетимолошка замена пред самогласка	→	***tel-en-ъk-ъ***
NOM.SG (основа OBL	***dět-ę*** **dět-ęt-*)	→	неетимолошка замена пред самогласка	→	***dět-en-ьc-ь***
NOM.SG (< **kaldin*)	***kold-ę***	→	неетимолошка замена пред самогласка	→	***kold-en-ьc-ь***
	слично и:				
NOM.SG (основа OBL	***plač-ę*** **plač-ęt’-*)	→	неетимолошка замена пред самогласка	→	***plač-en-ica*** итн.

Овој процес би бил многу природен доколку крајното *-ę* би го задржало фонетскиот статус на назална самогласка. Ова се вклопува добро во источно-јужнословенската зона, каде што назалните вокали се задржале подолго отколку на другите подрачја (освен, се разбира, лехитските јазици)[46]. Треба да се истакне дека многу раната [47] замена на назалните вокали со секвенци од типот *VN* што се случила во позиција пред согласка во некои од најјужните говори (типот **čędo* > *čendo*) не морала да влијае на фонетската реализација во крајната позиција, како што покажува на пр. развојот на назалните самогласки во полскиот јазик. Без оглед на сето ова, дејствувањето на горенаведениот механизам било можно дури и по губењето на фонетската назалност во рефлексот на крајното *-ę*: сè додека биле достапни обрасците од типот **dět-ę* : **dět-en-ьc-ь*, говорителите можеле да апстрахираат правило според кое деривацијата од номинални форми со крајното *-e* треба да се врши преку вметнувањето на елемент *-n-* (во овој случај елементот *-n-* всушност би можел да се сфати како морфолошки условено средство за отстранување хијат)[48].

За природата на разните елементи што ја следат согласката *-n-* во глаголските прилози од типот *-nik* не може да се каже многу. Тие се сигурно хетерогени и наликуваат на проширувањата кои се додаваат на скаменетите облици на OBL, т.е. тип 3 во Табела 2. На пример, со оглед дека елементот *-ica* очигледно можел да се додава на скаменетите облици на OBL (сп. конгломерати од типот *-шшумица*), тој можел и да се додаде на скаменетиот NOM.SG.M *-ę* во истата функција и да ја даде формата *-enica*. Точната траекторија на настанокот на секој вид проширување не може да се реконструира (проширувањата би требало да се споредуваат пред сè со продуктивните прилошки морфеми во одделните говори). Тешко е да се одреди кои проширувања со почетна самогласка биле додадени како први и го предизвикале настанокот на ’основата‘ *-Vn-*. Можеби најверојатниот кандидат е *-ica*, земајќи предвид дека овој елемент се додавал и на скаменетите облици на OBL (со основа *-ť-*) и има јасна функција во општиот систем на прилози (в. фусн. 21). Што се однесува до проширувањето *-ik*, како што веќе споменавме во §4, хипотезата на назадно образување на *-n-ik* од *-n-ica* (како што предлагаат Мазон и Вајан) не е неверојатна. Можно е дека некоја улога одиграла и асоцијацијата со наставката *-nik* што означува лица, иако веројатно не се работи за формациите на *-ikъ* од типот **mǫč-en-ikъ* (сп. §4), туку за оние

[46] Мирчев (1978: 111-112); Харалампиев (2001: 59); Конески (1983: 37-38, 44).

[47] Lindstedt (2016); Friedman (2018).

[48] Оттука, овој процес не треба да се поврзува со други примери на *-n-* апстрахирани од рефлексите на назалните самогласки коишто добиле нови морфолошки функции (на пр. иновациските наставки за множина на среден род од типот *-nta* преку метанализа на рефлексот на *-ęt-a*; сп. Видоески 1999б: 183-184).

на *-ьnikъ*, без врска со пасивните партиципи[49]. Варијантите како *-n-ički* итн. лесно може да се добијат од *-n-ica* и/или од *-n-ik*; вистина, и овој тип проширување не се среќава кај скаменетите форми на OBL со основа *-ť-*, но тука тој можеби се избегнувал поради фонотактичките ограничувања (сп. †*-štički*, †*-ḱički*). Што се однесува до поретките типови *-na* и *-nka*, овде е можен одреден степен на влијание од други прилошки форми[50], но треба да имаме на ум дека ваквите облици обично се сметаат за именки (сп. §3); можно е дека тие настанале по пат на назадно образување како оној вид „pseudo-substantif" за кој зборуваат Mazon & Vaillant (1938: 152). Треба уште еднаш да нагласиме дека не може да се открие точното потекло на секоја варијанта; она што е важно е дека на горенаведениот начин може да се објасни настанокот на типот на глаголски прилози на *-n-* како целина.

Без оглед која форма првобитно го предизвикала настанокот на типот на *-n-*, тој брзо станал синхрониски поврзан со пасивниот партицип на претеритот на *-n-*, како што веќе споменавме во §4. Многу е веројатно дека облиците на *-a-nik* (*-a-nica*, *-a-ničkі* итн.) градени од глаголите со основа *-a-* се во голема мера засновани на конвергенција со пасивниот партицип на *-a-n*. Сепак, тешко е да се открие кој би бил 'органскиот' рефлекс на *-a-ję* → *-a-jen-ik* итн., земајќи ги предвид разните морфолошки фактори кои влијаеле врз структурата како на глаголските основи така и на самата морфема на глаголскиот прилог. Така, додека пасивниот партицип на претеритот секако одиграл значајна улога во формалното создавање на глаголските прилози од типот *-nik*, признавањето на овој факт сè уште не е еднакво со објаснување на целата формација од типот *-nik* како изведенка на овој партицип – што, како што веќе истакнавме во §4, не е задоволително.

Фактот што нашето објаснување се повикува на скаменети облици на NOM.SG.M повлекува неколку импликации. Како прво, како што веќе споменавме, обично се смета дека глаголски прилози засновани на NOM.SG.M не се зачувани во современите источно-јужнословенски говори[51]

[49] Навистина е жално што не може да се споредат активните партиципи / глаголски прилози на *-nd-ik* во јидиш (*zingendik* 'пеејќи') што настанале по пат на проширувањето на првичното *-nd* (сп. герм. *singend* 'пеејќи'; Timm 2005: 124-125). Како посериозна забелешка, но сепак далеку од сферата на реалната можност, можеме да го отфрлиме потенцијалното објаснување според кое типот *-nik* би настанал по пат на метатеза од *-ḱi-n* (за елементот *-n* в. фусн. 25). Патем речено, Hellgren (1996: 160) наведува облик *tărăčiniḱ* (Гевгелија), очигледно со меко *-ḱ*; меѓутоа, во изворот на којшто тој се повикува (Ивановъ 1932: 93) се наоѓа единствено формата *търчини́к*.

[50] Сп. дијал. *така́на*, *така́нка* 'така' (БЕР VII: 759).

[51] Облиците како *гледая* 'гледајќи' или *включая* 'вклучувајќи', кои се среќаваат во литературниот бугарски од XIX век (и подоцна), се градат по модел на рускиот јазик (Rusek 1969: 477), каде што тие одразуваат скаменет NOM.SG.M (макар и под силно влијание од црковнословенскиот јазик).

(иако тие се добро познати од стари текстови и од други словенски јазици); нашето објаснување би ја променило оваа слика. Како друго, како што видовме во §2, глаголските прилози на *-v-a* коишто ги проучува Илиев исто така изгледаат како остатоци од скаменет проширен NOM. SG.M (макар и на партиципот на претеритот): **ględ-a-vъ* + *-a* → *гл'ѐдава*, што би претставувало точна формална паралела за нашето објаснување. Како трето, истакнавме погоре дека во бројни системи облиците од типот *-nik* се потиснуваат од улогата на продуктивен глаголски прилог; тие често се лексикализирани како одглаголски прилози за начин, додека правиот парадигматичен глаголски прилог се гради со една од морфемите засновани на основа *-t'-*. Може да забележиме дека многу слична ситуација постои во словенечкиот јазик, којшто зачувал два формални типа на глаголскиот прилог: на *-e*, заснован на скаменет NOM.SG.M, и на *-oč*/*-eč*, од основата на OBL. Првиот често се користи како прилог за начин, додека вториот обично зачувува многу повеќе обележја на глагол: на пр. *sedē* (< NOM.SG.M **sěd-ę*) 'седечки, во седечка положба' наспроти *sedèč* 'седејќи', глаголскиот прилог од *sedẹ́ti* 'седи' (<< OBL **sěd-ęt'-*); *hotē* (< NOM.SG.M **xot-ę*) 'намерно, свесно, доброволно' наспроти *hotèč* 'сакајќи', глаголскиот прилог од *hotẹ́ti* 'сака' (<< OBL **xot-ęt'-*)[52].

§6. Заклучоци

Во овој труд аргументиравме дека дијалектните источно-јужнословенски форми на глаголскиот прилог од типот *-nik* (етикета што ја користевме и за другите слични облици со почетно *-n-*: *-nica*, *-ničkі(m)*, *-ničku(m)*, *-na* итн.) не може да се сведат на изведенки од пасивниот партицип на претеритот на *-n-*, како што традиционално се смета. Ваквото потекло, истакнавме, би било сосема исклучително, без паралели ниту во источно-јужнословенските ниту во кои било други словенски јазици. Освен тоа, ваквата иновација би била неприродна, бидејќи предметните говори имале на располагање 'конвенционален' материјал за градење глаголски прилог.

Оттука, предложивме дека синхрониските врски со пасивниот партицип на претеритот (или можеби поверојатно со неговата изведенка – глаголската именка на *-nje*) треба да се сметаат како секундарни, засновани на подоцнежна асоцијација и конвергенција; вистинското потекло на типот *-nik*, меѓутоа, треба да се бара во скаменетите облици на NOM. SG.M на активниот партицип на презентот. Ваквите облици се одлично засведочени како глаголски прилози во стари текстови од источно-јуж-

[52] Сп. Toporišič (2000: 403). Вистинската продуктивност на двата типа на форми варира и генерално е прилично ограничена, особено надвор од високиот стил или фиксни изрази. Глаголски прилози коишто потекнуваат од скаменет NOM.SG.M *-ę* понекогаш се лексикализираат/граматикализираат како честички или предлози, на пр. *kǫ̑maj* 'едвај' < **komaję* (Snoj 2007: 252) или *gledē* 'со оглед на' < **ględę*.

нословенското подрачје (-ѧ) и во другите словенски јазици. Кога овие форми се проширувале со елементи од типот *-ik* или *-ica*, кои почнувале со самогласка, доаѓало до неетимолошка замена на крајното *-ę* со *-en-* (како што е познато од типот **tel-ę* → **tel-en-ъk-ъ* или **dět-ę* → **dět-en-ьc-ь*). Добиените облици (**plač-ę* → *plač-en-ik* итн.) потоа претрпеле процес на понатамошна диверзификација предизвикана од додавањето на други наставки или проширувања; нивното потекло често не може точно да се утврди (како и кај 'обичните' глаголски прилози засновани на *-t'-*). Глаголските прилози од типот *-nik*, засновани на стариот NOM. SG.M, често се сведувале на лексикализирани прилози за начин, препуштајќи им ја парадигматската улога на формите засновани на *-t'-* (како во словенечкиот јазик). Сепак, ова не се случило насекаде; во некои говори типот на *-nik* го задржал парадигматскиот статус.

Ако ова објаснување на типот *-nik* е точно, формалната типологија претставена погоре во Табела 2 треба да се дополни како што е прикажано во Табела 4:

Табела 4. Дополнета поедноставена формална типологија на источно-јужнословенскиот глаголски прилог

тип		главни форми	
1	**непроширен NOM. SG.M**	***-y***	само во стари текстови (-ы/-н, -ѧ, -ѫ); отсутни од современи дијалекти; карактеристична црта: морфемата се состои од една самогласка
		-ę	
		-ǫ	
2	**проширен NOM. SG.M**	***-n-ik***	преку неетимолошка замена на назалната самогласка, на пр.: *-ę + -ik → -en-ik*
		-n-ica	
		-n-a	
		итн.	можни понатамошни проширувања/наставки (на пр. *-n-ič-ki*)
3	**непроширен OBL**	***-t'e***	
		-t'i	
		можеби ***-t'em***	
4	**проширен OBL**	сите од типот **3** наведени погоре (можеби и ***-t'imi***), потенцијално контаминирани со ***-k-***, и проширени со елементи како што се ***-c-*** (сп. *-шт҃ец, -шт҃иц*, -штимица), ***-m***, ***-om/-um***, ***-n*** итн.	

Кратенки

буг.	бугарски	ADJ	придавка
герм.	германски	GEN	генитив
зсл.	западнословенски	DAT	датив
мак.	македонски	F	женски род
пие.	праиндоевропски	INS	инструментал
пол.	полски	M	машки род
псл.	прасловенски	N	среден род
рус.	руски	N	(назална согласка)
срп./хрв./бос.	српски/хрватски/босански	NOM	номинатив
слн.	словенечки	OBL	зависни падежи (в. над Табела 1)
слч.	словачки		
стнорд.	старонордиски	PL	плурал
стпол.	старополски	SG	сингулар
стсл.	старословенски	V	(самогласка)
стчеш.	старочешки		
укр.	украински		
чак.	чакавски		
чеш.	чешки		

Литература

БЕР = Георгиев, В. и др. (ур.) 1971-2017: *Български етимологичен речник*. Т. I-VIII. София: Издателство на БАН.

Богатова, Г. А. 1958: „Из истории древнерусских существительных со старой основой на -*ęt*-“. *Вестник московского университета. Историко-филологическая серия* II, 55-72.

Бояджиев, Т. 1991: *Българските говори в Западна (Беломорска) и Източна (Одринска) Тракия*. София: УИ „Св. Климент Охридски“.

Видоески, Б. 1989: „Говорот на селото Нестрам (Костурско)“. *Прилози* XIV/2, 47-78.

Видоески, Б. 1999а: *Дијалектите на македонскиот јазик*. Т. 2. Скопје: МАНУ.

Видоески, Б. 1999б: *Дијалектите на македонскиот јазик*. Т. 3. Скопје: МАНУ.

Гугуланова И. Т. 2005: *Българските причастия и деепричастия в славянски контекст*. София: УИ „Св. Климент Охридски“.

Дуриданов, И. 1956: „Из историята на причастията в българския език“. *Български език* VI/2, 148-152.

Златанова, Р. 1986: „Исторически развой на българския език“. Буюклиев, И., Златанова, Р. & Дункова, Т. *Увод в изучаването на южнославянските езици*. София: Издателство на БАН, 134-215.

Иванчев, С. 1978: „Опит за изясняване същността на българските деепричастни форми на *-щец/-щиц/-щимица*“. Иванчев, С. *Приноси в българското и славянското езикознание*. София: Наука и изкуство, 95-97.

Ивановъ, М. 1892: „За спрѣжението въ новобългарски езикъ“. *Сборникъ за Народни Умотворения, Наука и Книжнина* VIII, 82-136.

Ивановъ, Д. 1932: *Гевгелийскиятъ говоръ*. София: П. Глушковъ.

Илиев, И. 2020: „Интересни (дее)причастни форми в говора на село Просилио (Пулево), Ксантийско“. *Dunărea-Nistru / Дунав-Днестър. Годишник* VII, 234-240.

Кисева, Н. 1931: „Остатъци отъ старобългарското сегашно действително причастие в българскитѣ народнни говори“. *Известия на Семинара по славянска филология при Университета въ София* VII, 502-523.

Конески, Б. 1981: *Историја на македонскиот јазик*. Скопје: Култура.

Маленко, Б. 1994: „Глаголскиот прилог во југозападните македонски дијалекти“. Видоески, Б. & Иванова, О. (ур.), *Македонските дијалекти во Егејска Македонија. Научен собир, Скопје, 23-24 декември 1991*. Скопје: МАНУ, 77-80.

Маждраковъ, Т. 1921: „Обстоятелствени думи (нарѣчия) въ българскитѣ народни говори“. *Известия на Семинара по славянска филология при Университета въ София* IV, 394-512.

Мирчев, К. 1978: *Историческа граматика на българския език*. 3. изд. София: Наука и изкуство.

Митев, М. (во печат а): „Деепричастието в българистичната езиковедска литература (първите 50 години на изследванията)“. (https://independent.academia.edu/MilenMitew).

Митев, М. (во печат б): „Деепричастието в българистичната езиковедска литература от края на 19-ти век“. (https://independent.academia.edu/MilenMitew).

Митев, М. (во печат в): „Деепричастието в българистичната езиковедска литература от първата третина на 20 век“. (https://independent.academia.edu/MilenMitew).

Митев, М. (во печат г): „Деепричастието в българистичната езиковедска литература от втората третина на 20 век“. (https://independent.academia.edu/MilenMitew).

Младенов, С. 1979: *История на българския език*. София: Издателство на БАН.

Панчевъ, Т. 1908: *Допълнение на българския рѣчникъ отъ Н. Геровъ*. Пловдивъ: Трудъ.

Петров, И. П. 2017: Рецензија на: И. Христова-Шомова 2016. *Съпоставително езикознание* XLII/2, 107-110.

Петров, И. П. 2020: *Праславянските nt-основи: предистория и наследство*. Велико Търново: Фабер.

Пјанка, В. 2009: „Типологија на словенските презимиња“. *Македонски јазик* LX, 39-64.

Първев, Х. 1958: „Установяване на деепричастието в съвременния книжовен език“. *Български език* VIII/2, 122-139.

Русек, Й. 1966: „Бележки върху развоя на причастията в българския език“. *Български език* XVI/5, 477-490.

Селищев, А. М. 1929: *Полог и его болгарское население*. *Исторические, этнографические и диалектологические очерки северо-западной Македонии*. София: Изд. Македонского научного института.

Стойков, С. 1993: *Българска диалектология*. 3. изд. София: Издателство на БАН.

Теодоровъ, А. 1886: „Западнитѣ български говори“. *Периодическо списание на Българското книжовно дружество въ Срѣдецъ* V/19-20, 146-213.

Тополињска, З. 1992: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија*. Кн. 1. Синтакса. II дел. Скопје: МАНУ.

Тотоманова, А.-М. 2009: „Проблеми на имената с *nt*-основа в старобългарски език“. *Из историята на българския език. Сборник статии*. София: ПАН, 124-130.

Тотоманова, А.-М. 2013: „Някои щрихи към развоя на деепричастията и отглаголните наречия“. *Български език* LX/приложение, 28-36.

Тотоманова, А.-М. 2021: „Некоторые наброски к истории неличных глагольных форм в болгарском языке. Действительные причастия“. Ладыженский, И. М. & Пузина, М. А. (ур.) *Sub specie aeternitatis. Сборник научных статей к 60-летию Вадима Борисовича Крысько*. Москва: Азбуковник, 266-277.

Фурлан, М. 2010: „Еще раз о праславянском **govę* м. р., вин. п. **govenь* ‘bos’“. *Этимология* 2006/2008, 220-226.

Харалампиев, И. 2001: *Историческа граматика на българския език*. Велико Търново: Фабер.

Цонев, Б. 1984: *История на българския език*. Т. II. София: Наука и изкуство.

Шклифов, Б. 1973: *Костурският говор. Принос към проучването на югозападните български говори*. София: Издателство на БАН.

Шклифов, Б. 1979: *Долнопреспанският говор. Принос към проучването на югозападните български говори*. София: Издателство на БАН.

ЭССЯ = Трубачёв, О. Н. и др. (ур.) 1974-2020: *Этимологический словарь славянских языков. Праславянский лексический фонд*. Т. 1-41. Москва: Наука.

Aitzetmüller, R. 1991: *Altbulgarische Grammatik als Einführung in die slavische Sprachwissenschaft*. 2. изд. Freiburg i. Br.: Weiher.

Andersen, H. (во печат): „The Slavic expansion. Streams, springs, and wells". (https://ucla.academia.edu/HenningAndersen).

Birnbaum, H. & Schaeken, J. 1997: *Das altkirchenslavische Wort. Bildung, Bedeutung, Herleitung*. Frankfurt a. M.: Peter Lang.

Boryś, W. 1981: „Geneza formacji typu sch. *kamek*, *kamečak*, bułg. *kamek*". *Zbornik za filologiju i lingvistiku* XXIII(2), 37-45.

Diels, P. 1963: *Altkirchenslavische Grammatik*. 2. изд. Heidelberg: Winter.

Friedman, V. 2018: „Reflexes of Common Slavic nasal vowels in Southwest Macedonian dialects revisited. An areal and Balkanological account". Bethin, C. (ур.) *American Contributions to the 16th International Congress of Slavists, Belgrade, August 2018*. Vol. 1. Linguistics. Bloomington: Slavica, 121-138.

Furlan, M. 2016: *Prispevki k slovenski in slovanski etimologiji*. Ljubljana: Založba ZRC, ZRC SAZU.

Furlan, M. 2018: „Slovanska razmerja tipa **самьсь* : **samica* – funkcija in nastanek besedotvornega vzorca". *Slavistična revija* LXVI/2: 108-127.

Gebauer, J. 1896: *Historická mluvnice jazyka českého*. Díl III. Tvarosloví. I. Skloňování. V Praze a ve Vídni: Nákladem F. Tempského.

Hellgren, T. 1996: „The gerund forms in Bulgarian and Macedonian dialects". *Scando-Slavica* XLII/1: 150-164.

Koneski, B. 1983: *A Historical Phonology of the Macedonian Language*. Heidelberg: Winter.

Lindstedt, J. 1988: „Nasal vowels in the Cyrillo-Methodian language and in dialects of Southeast Macedonia". *Studia Slavica Finlandensia* V, 69-86.

Lindstedt, J. 2016: „South Macedonian decomposed nasal vowels are not an archaism but an early Balkanism". Реферат изнесен на: 11th Meeting of the Slavic Linguistic Society, Toronto, 24-26.09.2016.

Matasović, R. 2014: *Slavic Nominal Word-Formation. Proto-Indo-European Origins and Historical Development*. Heidelberg: Winter.

Mazon, A. 1936: *Documents contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud*. Paris: Libraire Droz.

Mazon, A. & Vaillant, A. 1938: *L'évangéliaire de Kulakia. Un parler slave du Bas-Vardar*. Paris: Libraire Droz.

Olander, T. 2015: *Proto-Slavic Inflectional Morphology. A Comparative Handbook*. Leiden: Brill.

Polański, K. 1976: „Uwagi o rozwoju prasłowiańskiej deklinacji atematycznej". Safarewicz, J. и др. (ур.) *Opuscula polono-slavica. Munera linguistica Stanislao Urbańczyk dedicata*. Wrocław: Zakład narodowy im. Ossolińskich, 291-295.

Pronk-Tiethoff, S. 2014: *The Germanic Loanwords in Proto-Slavic*. Amsterdam/New York: Rodopi.

Rusek, J. 1969: „Z historii imiesłowów przysłówkowych w języku bułgarskim. Imiesłowy przysłówkowe czasu teraźniejszego“. *Sprawozdania z Posiedzeń Komisji Naukowych Oddziału PAN w Krakowie* 12/1, 476-478.

Sławski ZSP = Sławski, F. 1974-1979: „Zarys słowotwórstwa prasłowiańskiego“. Cz. 1-3. [Во првите три тома на SP.]

Snoj, M. 2007: „Izvor slovenskih prislovov na -*oma*“. *Razprave. Razred za filološke in literarne vede* 20: 251-262.

SP = Sławski, F. и др. (ур.) 1974-2001: *Słownik prasłowiański*. T. 1-8. Wrocław: Zakład Narodowy im. Ossolińskich.

Timm, E. 2005: *Historische jiddische Semantik*. Tübingen: Max Niemeyer.

Toporišič, J. 2000: *Slovenska slovnica*. 4. изд. Maribor: Obzorja.

Vaillant, A. 1958: *Grammaire comparée des langues slaves*. T. II. Morphologie. Deuxième partie. Flexion pronominale. Lyon/Paris: IAC.

Vaillant, A. 1974: *Grammaire comparée des langues slaves*. T. IV. La formation des noms. Paris: Klinksieck.

Vermeer, W. 2016. „The anomalies of glagolitic: introductory overview“. (https://leidenuniv.academia.edu/WillemVermeer).

Wandl, F. 2019: „On the Slavic word for ‘morning’: **(j)u(s)tro*“. *Scando-Slavica* LXV/2, 263-281.

Wiemer, B. 2014: „Umbau des Partizipialsystems“. Gutschmidt, K. и др. (ур.) *Die slavischen Sprachen. Ein internationales Handbuch zu ihrer Struktur, ihrer Geschichte und ihrer Erforschung / The Slavic Languages. An International Handbook of their Structure, their History and their Investigation*. Halbband 2. Berlin/München/Boston: De Gruyter, 1625-1652.

Marek MAJER

THE ORIGIN OF VERBAL ADVERBS OF THE -*NIK* TYPE

S u m m a r y

The East South Slavic gerundive (= verbal adverb, transgressive, etc.; Mac. *гла-голски прилог*, Bg. *деепричастие*) displays great formal diversity in the modern vernacular dialects. Almost all variants can be derived from fossilized case forms of the old present active participle in -*ǫť-/-ęť-*, often followed by diverse 'extensions' (nominal suffixes, adverbial markers, particles, etc.). However, certain variants cannot be explained in this way. One such problematic type are forms with initial -*n-* (-*nik*, -*ničkі*, -*nica*, -*na*, etc.) mostly known from the southernmost dialects. It is usually assumed that this type is based on the past passive participle in -*n-* with influence from the personal suffix -*(n)ik*. Such an unexpected diachronic source for a gerundive seems problematic for several reasons. In this study, it is suggested that gerundives of the type -*nik* arose from the old NOM.SG.M of the present active participle in -*ę* (a well-known source of gerundives across Slavic) followed by adverbial 'extensions' such as -*ica*, by means of unetymological nasal vowel resolution as in the type **telę* **telęte* 'calf' → **tel-en-ъkъ*; thus also **plač-ę* 'crying' → **plač-en-ica* etc.

Keywords: verbal adverb, -*ник*, -*нички*, -*ница*, participle, historical morphology.

UDC 811.163.3'373.611:811.162.1'373.611
UDC 811.162.1'373.611:811.163.3'373.611

Kazimiera M. SOLECKA
Instytut Języka Polskiego, PAN, Kraków

ВЕРОДОСТОЈНО СВЕДОШТВО НА МИНАТОТО. ОСОБЕН ПАР: *ДВИЖ-* : *RUCH-/RUSZ-*

Во рамките на студиите посветени на македонско-полската конфронтација – пред сè граматичката, но во последно време и семантичката (Марковиќ, Тополињска 2019) – продолжуваме со следење на развојот на прасловенските корени во двата јазика, иако овој пат малку поинаку. Досега анализиравме како еден прасловенски корен, еволуирајќи во различни услови, ги зачува или ги модифицира појдовните семантички компоненти.

Од големо значење е фактот дека тие надворешни фактори и импулси во случај на овие два јазика многу се разликуваат во секој поглед (од природните, преку општествените до цивилизациските). Тие претставуваат два словенски пола. И покрај нивната оддалеченост примарната семантика на одредени прасловенски корени се зачувала. Интересно е во која мера семантичката деривација на тој корен оди во ист правец, а каде се разотидува. Посебно интересно е постоењето на паралелни резултати на таа семантичка и формална деривација.

Ќе го разгледуваме реалниот, физички простор на материјалните предмети, на чело со човекот. Нашата цел е да го „реконструираме“ светот на почетоците на човековиот јазик, во неговата „предметафорична“ фаза. Тргнуваме од најважниот, за нас, момент во еволуцијата, т.е. од примарните прасловенски корени и ќе ја следиме, по можност, нивната судбина.

Ќе се обидеме да проследиме како два различни прасловенски корена со различни семантички компоненти можеа да станат лексички еквиваленти во двата конфронтирани јазика. За нашата цел, разгледувањето на другите словенски јазици не е неопходно, иако би било корисно. Започнуваме со кратко потсетување на прасловенската состојба

(евентуелно на индоевропската подлога) на глаголските корени за кои ќе дискутираме, со посебен осврт на нивниот развој во полскиот и во македонскиот јазик.

Еден од корените има „скромна“ глаголска репрезентација и едноставна семантика (според Sławski 1974/5: 121-128):

***dvidzati, dvidzaj**ǫ* ipf ‘пренесува нешто погоре, крева нагоре нешто тешко со напор’; (на слов. запад и југ) ‘крева некого од лежечка/хоризонтална позиција, причинува некој да стане‘, (на слов. исток) ‘мрда нешто, помрднува со нешто’: пол. јазик: *dźwigać, dźwigam* – мак. јазик: *ѓиг̄а;*

Рефлексивната форма: ***dvidzati sę** ipf (запад и југ) ‘се крева, на пр. магла, дим и сл’.; ‘се крева погоре, нагоре’, ‘станува од лежечка/хоризонтална позиција, од кревет’, (на исток) ‘се мрда’: пол. јазик: *dźwigać się* – мак. јазик: *ѓиг̄а се;*

***dvignǫti, dvignǫ** pf ‘ крене горе, нагоре нешто тешко со напор’: пол. јазик : *dźwignąć, dźwignę* – мак. јазик: *ѓиг̄не;*

***dvignǫti sę** pf (запад и југ) ‘се крене горе, погоре, стане на нозе, од кревет’, ‘стане за излез/излегување’, (на исток) ‘се мрдне, се помрдне’;

***dvikti, dvigǫ** ipf – слабо засведочена форма, архаична, со нејасна етимологија: (југ) ‘крева, качува горе, пренесува повисоко, погоре’. Можеби македонската именка *ѓвиг̄аш̄ел* 1. е единствена трага по/на овој глагол, иако има и други опции: 2. е дериват од *ѓвиг̄а* пред метатезата (→ *вѓиг̄а*) и пред губењето на *в-*; 3. е заемка, изолирана во македонскиот јазик, со техничко или главно со фигуративно значење; во *Корп̄усот̄* на *Диг̄ит̄ален речник на македонскиот̄ јазик* има само преносни употреби.

И најпосле ***dvižati, dvi**žǫ* ipf, карактеристичен за југ и исток; во мак. јазик: *ѓвижи се, е во ѓвижење*.[1]

Наредниот споредуван корен е побогат и во варијанти и во значења (според Długosz-Kurczabowa 2008).

За македонското ***руш-***, полското ***ruch-/rusz-*** и другите варијанти на коренот, основата е индоевропскиот корен ***ru-***. Во полскиот јазик тие коренски варијанти се: ***ry-/ rw-/ ryw-/ row-/ ru-***. Нив ќе ги споредиме со македонската состојба, додека ***ruch-/rusz-*** засега ќе ги оставиме на страна.

Праслов.***ryti, *rъjǫ*** ipf : пол. *ryć, ryję* – мак. *рие,* имаат наследено значење ‘некој/нешто со алатка прави дупки, бразди, копа ровови и сл.’, иако во пол. јазик дополнително се јавува и значењето ‘со остар предмет (на пр. *rylec* ‘длабало’) реже, длаби надписи, шари и сл.’

rovъ: пол. rów/rowy: мак. *ров* имаат исто значење ‘тоа што е изриено, ископано’

[1] Има доста преносни значења, но ги оставаме на страна да не ни ја затемнуваат сликата на физичкиот простор на материјалните предмети, иако може да се каже дека тие не се одлалечуваат многу од основната наследена семантика. Притоа сите ја задржуваат таа нагорна, позитивна ориентација.

***rъvati** ipf : пол. *rwać(się) – *rywać;* итеративната форма *u-rywać(się)* ipf од *u-rwać(się)* pf се појавува допрва со префиксите; нас нѐ интересира само еден префикс *u-* ; значењата на полски се ‘кине (се), откинува (се), скинува (се); корне (се); поткопува (се)’. Нема соодветен македонски глагол без префикс, но префиксна форма, со квалификатор и без него, се среќава кај Конески (1986: 1542-1544): *урва (се)* ipf dial., види *урива (се),* каде што покрај 10 значења последното е дијалектно ‘откинува, бере’; *уривање* кон дијалектно значење ‘откинување, берење’; *урви (се)* pf dial. со истото значење како главно, додека *урне (се), урнува (се),* како и *урниса (се) – урнисува (се)* го нема веќе тоа значење, кое очигледно е загубено. Наредни деривати од истиот корен им одговараат токму на тие дијалектни, загубени значења: *урвеш* ‘стрмен (пол. stromy)’, *урва* ‘провалија, стрмнина (пол. stromizna)’, *урвокос* ‘пакост, зло’: *колку за урвокос* (без квалификатор dial.). Истите зборови ги има и кај Мургоски (2011: 1366-1367): *урва* ‘стрмна клисура; драга’, *урвеш* ‘стрмен’ со квалификатор dial., *урвокос* дури arch. ‘пакост’. Значењата на глаголите се современи, стандардни. Дигиталниот речник ги бележи дијалектните зборови *урива (се), урви (се)* (овој со значење ‘набере, скине’) со примери од уметничката литература (во *Корпусот*, на пр. кај Стале Попов, Петре Наковски, Ванчо Николески и др.). На именката *урва* без квалификатор, со пример којшто го потврдува значењето ‘клисура’, ѝ се придружува *урвина* ‘стрмнина’: *се спушти по урвината,* засведочена со примери од Стале Попов.

Во полскиот јазик постојат буквални или многу блиски паралели на повеќето од горните примери.

Urwa во неколку речници (види на пр. Długosz-Kurczabowa 2008: 564-571, со квалификатор – стар) ‘откинат дел од карпа, грутка, одломка; клисура, провалија, амбис’; *urwisko* ‘многу стрмна страна од карпа/планина, стрмнина; провалија, амбис’; *urwisty* ‘урвест, стрмен’; *urywek* ‘одломка, фрагмент’; *urwipołeć* – старо значење ‘крадец (сложенка = откини + парче месо)’, но денес *urwipołeć*, заедно со *urwis* значат ‘палавник, пакосник’. Меѓутоа во Речникот на Линде, *urwa* и изразите како *na urwę/na urwisz* (од истиот корен и со значење ‘повремено, привремено, нередовно’, на полски ‘do**ryw**czo, z prze**rw**ami’), немаат квалификатор: *„URWA, y, ż, miejsce, skąd się ziemia u**rw**ała, prze**rw**a, przepaść: [...] U**rw**a, sztuka ziemi, skały, od prze**rw**y abo u**rw**y stojącej odpadła; [...] Ogromna skały u**rw**a, strącona z góry wierzchu, **ru**nie z gromem do dołu. [...] Na u**rw**ę,* na *u**rw**isz, byle co u**rw**ać, okpić, wydrwić, za**rw**ać: [...] Robić nie chcą, jeno lekko albo na u**rw**ę, by się radzi żywili bez pracy [...] Na doświadczeniach im nie schodzi; w rzeczy samej, patrzą tylko na u**rw**isz.[...] Panicze na u**rw**isz tylko dybią u kobiety. [...]“* (извадокот е малку скратен и преработен од авторката, в. Linde 1994/6/2: 166).

Индоевропскиот корен ***ru-*** проширен со ***-s-*** во прасловенско време прима облик ***ruch-*** и зависно од фонетското соседство е континуи-

ран како ***ruch-*** или ****ruš-***: пол. *ruchać* (*się*) и *ruszać* (*się*). Старополското ***ruchać*** (***się***) ги има значењата **1**. ‘прави движења, движи се, **2**. ‘допира, гиба, **3**. ‘руши, разрушува, уништува’. Постоеле многу деривати од тој глагол – дел од нив функционираат досега, некои се архаични, заборавени. Меѓутоа еден понов именски дериват (XVII век): ***ruch,*** не само што редовно се употребува туку и стана база за поголем број нови деривати. Низ вековите варијантата ***ruchać*** (***się***) постепено се повлекува од стандардната употреба (добива вулгарно значење коешто постои до денес), иако дел од нејзините деривати остануваат. Ја заменува глаголот ***ruszać*** (***się***) со значења **1**. ‘прави движења, движи се’, **2**. ‘допира, гиба’. Македоскиот глагол ***руши (се)*** го има токму тоа отфрлено **3.** значење (види погоре) ‘уништува, разрушува’ и од тој момент двата глагола (односно истиот глагол во двата јазика) тргнуваат на разни страни, се разотидуваат. Полскиот глагол ***ruszać (się)*** ipf – ***ruszyć (się)*** pf станува семантички пар за ***ѓвижи (се)***, откажувајќи се од поранешната негативна, надолна ориентација. Меѓутоа во префиксните деривати таа се враќа и во реалните значења во физичкиот простор и скоро, исклучиво во преносните употреби во општествениот, менталниот простор; на пр. пол. *naruszyć spokój* и мак. *наруши мир*.

Треба уште да го задржиме нашето внимание врз глаголот којшто во полскиот јазик не се зачува (**ruchnąć*), заменет со редуцираната форма ***runąć,*** засведочена од XVI век со досега актуелни значења: ‘падне од повисоко со цела тежина, свали се, урне се; нагло тргне од место, се фрли напред’; карактеристични современи изрази: *runąć na kolana = paść na kolana* (споредi словачкото: *padnut’ na kolena*) кои значат ‘падне на колена/коленици (да моли прошка, милост и сл.)’, за разлика од *klęknąć* ‘клекне (обично клекнување без вонредни, драматични околности)’. Глаголот е непродуктивен, префиксните деривати во полскиот јазик не се зачувани. Меѓу нив се среќавало ***zrunąć*** (Linde 1994/6/2: 1152). Во современите словенски јазици, само во српскиот постои потполно иста форма: *срунути* pf ‘свалити се, срушити се’: ... *он као ѿоткоѿан ѓирек сруну на креветаш и јаукну* (Стевановић 1973/5: 978).

Примарната полна форма ја потврдува рускиот јазик: *рухнуть* (Mirowicz 1970/2: 1129) и бугарскиот: *рухвам – рухна* (Sławski1987/2: 957) со исто значење.

Има основа да претпоставиме дека македонскиот глагол *зѓрувне* ‘клекне’ и зборчето *зѓрув*, изолирани во јазикот и со навидум нејасна етимологија, се егземплификација на таа примарна префиксна форма и се сведоштво на нејзиното постоење на македонската почва. Објаснувања во трите користени речници се приближни:

(Конески Б., 1986: 257) ***зѓрув*** м. покрет кој учини играч у кољу када клекне; ***зѓрувне*** pf учинити здрув;

(Мургоски З. 2011: 389) ***зѕрув*** м. клекнување на танчер при играње оро заедно со придружните движења на телото; ***зѕрувне*** pf ***зѕрувнува*** ipf **(**најчесто за танчер од оро) направи здрув;

(*Диѓиш̄ален речник*) ***зѕрув*** м. движење што го прави оној што игра во оро кога ќе клекне; ***зѕрувне*** pf направи здрув, клекне. Во овој речник постои една многу полезна работа – *Корп̄ус*, каде што има цитати од современите автори, коишто се од голема помош при нејасните случаи. Ова е еден од нив.

Во Корпусот се наоѓа само еден пример, но од огромно значење: *Одиме ноѓа за ноѓа, кроце, како ѕа ѕемнеме арамија, п̄а наеднаш ќе се свр̄шиме и ќе речеме „зѕрув!“* („Пирej“, П. М. Андреевски). Овој пример ја прави ситуацијата разбирлива и нѐ доближува до откривање на етимологијата на тие зборови. Има основа да претпоставиме дека станува збор за глаголската префиксна форма **зрухне* (и за регресивен дериват, именката **зрух*, како *ruch* на полски и на словачки, само со префикс) со значење ‘падне, урне се’, заедничко за сите погоре наведени јазици. Гласот ***х*** во ваква позиција редовно преминува во ***в***, значи добиваме **зрувне* и **зрув*. Бидејќи се гледа дека зборовите немале поддршка, биле изолирани, нејасни, па затоа, или од некои други причини, биле проширени со вметнат глас ***ѕ***. Има слични случаи, и тоа пошироко, на пр.: *зрак, зрачи (се) – зѕрач, зѕрачи се, зѕрачка* dial. (Конески 1986: 267, 256); *zraka – zdraka* (Frančić 1987/2: 1278, 1260); *зрак/зрака – зѕрака* (Стевановић 1967/2: 331, 291); гласот ***ш̄***: пол. *sroka*, рус. *сорока*; на југ, да се одбегнат вулгарни асоцијации имаме *сш̄рачка, сш̄рач* (Мургоски 2011: 1275); гласот ***в***: *svraka* (Frančić 1987/2: 931); *сврака* – и сепак *срака* dial. (Стевановић 1973/5: 702, 956). Причините може да бидат различни: естетски, игра на зборови (види Конески 1986: 256: *зѕрач т* dial. 1. praskozorje, 2. sumrak) или недоразбирање. Можеби *зѕрув* бил третиран како ономатопеја, бидејќи им служел на играорците како команда (слична на војничките команди, потребни за прецизно, синхроно исполнување наредби: *сш̄ој!, збор!* и сл.) за точно истовремено клекнување. Примерот од П. М. Андреевски јасно покажува дека се работи за извик, односно повик, сите во исто време, синхроно да клекнат (нешто како *клекни!, ѕолу!, п̄аѕни!* (како командата: *padnij!* во полските војнички, спортски и сл. вежби). Со овие примери, зачувани благодарение на негуваната народна уметност, македонскиот јазик – можеби како единствен – ја засведочува полната нередуцирана префиксна форма на овој глагол.

Одглаголските именски деривати од старополското *ruchać* (и старословенското) се: *rucho* (XIV в.) arch. ‘облека, фустан; дел од женска облека итн.’– мак. arch. *рухо, руво* (сп. срп. *рухо*, хрв. *ruho*, буг. *рухо*, слов. *rucho*); пол. *rucha* (XV в.) arch.‘марама, шамија’; подоцнежната (XVII в.), зачувана до денес и многу фреквентна именка *ruch* ‘движење’

(споредi слов. *ruch,* Stano 1988: 611), деривациона база за многу зборови, некои веќе заборавени, а другите современи и фреквентни.

Прасловенската именка**ru-no*: мак. *руно* – пол. *runo*, се зачува во обата јазика со исто значење (Długosz-Kurczabowa 2008: 575-576) и со по неколку деривати.

Завршуваме со прегледот на оставнината на прасловенските корени. Ги наведовме повеќето именски деривати од анализираните корени, засведочени во нашите два јазика до денеска, или како стандардни, или како дијалектни, без разлика, бидејќи претставуваат сведоштво на прасловенската/старословенската состојба, со многу паралели, формални и семантички, во обата јазика.[2]

Се гледа дека сите глаголи деривирани од пие. корен **** ru-*** соджат – повеќе или помалку – „разурнувачки ген". Таа негативна семантика ја има, исто така, латинскиот глагол ***ruo, ruere*** од истиот пие. корен, со значење 'паѓа, опаѓа, пропаѓа; се урнува; уништува, гине, итн.', како и именката ***ruina,*** којашто сложно сме ја позајмиле од истиот извор со потполно исто значење (Kumaniecki 1965: 440 – 441). Именките *урнашина, рушевина,* ја надополнуваат сликата со македонските деривати од другите варијанти на истиот корен.

***

Резимирајќи: од двата анализирани прасловенски корена еден репрезентира позитивни значења, активност ориентирана позитивно (нагоре): подигање, кревање, качување, а другиот – активност ориентирана негативно (надолу): кинење, риење, уривање, паѓање, рушење итн. Ако сакаме да го претставиме графички заемниот однос меѓу нив, би требало да се нацртаат два круга, коишто фукционираат независно/автономно еден покрај друг, со спротивна насока и цел (еден подига, а другиот руши), и коишто едвај се допираат само во една точка во која правците, нагоре и надолу, не се веќе битни, штом нивните вектори се неутрализирани/поништени. Иако потеклото на разгледуваните корени не им дозволува поголема блискост, сепак доаѓа до средба на двата генетски различни, семантички спротивни корени. Еден од нив функционира на словенските југ и исток, другиот – на запад (без чешкиот јазик). Тие создале хетероген пар семантички споредливи (со ограничувања, секако) лексички единици: *ѓвижи (се) : ruszać (się) – ruszyć (się)*.

Што ги поврзува? Како функционираат? Многуте семантички дефиниции на другите глаголски корени содржат движење како основна, најбитна компонента; на пр. за прасловенскиот корен **met-* главната семантичка компонента е 'движење на раката во сите правци' (Марковиќ 2019: 143). Можеме да продолжиме со слично набројување: 'движење со

[2] Се разбира, наведените деривати се само дел од вкупно засведочените во речниците и другите материјали, меѓутоа во врска со пандемијата и разни заштитни мерки, нема до нив достапност; овде се користат тие со коишто располагам приватно.

рацете и нозете во сите правци' – *ӣреӣа*; со мали замени на пр. мавта; 'движење со нозете со употреба на сила, насочено против некого/нешто' – *клоца*; 'движење со некој дел на телото' – *мрда*, но – 'движење со главата' – *клима* или *кима*, итн. Како што се гледа, може вака да континуираме, наоѓајќи нови глаголски корени коишто во својата семантичка дефиниција мора да ја содржат таа константна компонента, надополнувана со другите, променливи. Слично е и во полскиот јазик, иако дополнителните компоненти можат да бидат поинаку распределени, на пр.: *machać* 'движење со рацете и нозете во сите правци', но *wierzgać* '(примарно за животно) движење само со нозете во сите правци'; *merdać* 'движење на куче со опашот – исклучиво', бидејќи во полскиот јазик наидуваме на многу тесно селективно ограничување за разлика од македонскиот јазик, каде што *мрда (се)* нема ограничувања и може да го заменува *движи (се)*.[3]

Бидејќи некој/нешто се движи и кога *се ӣресе, ӣреӣери, ... кружи,...* и кога *оди, марширa, ӣрча,...* (како и кога *меӣе, коӣа, иг̄ра, ...*), очигледно е дека тие активности – иако не се споредливи – сепак имаат заедничка константна компонента. Штом поимот *движење* се појавува како основната компонента во толку многу дефиниции, треба да го разгледаме повнимателно.

Ако ги споредиме речничките статии на *движи (се)* (Корубин 1992/1: 383-385) и *ruszać (się) – ruszyć (się)* (Polański 1990/4: 242-243), ќе забележиме дека во нивните речнички дефиниции се појавува доста чест пропуст на еднојазичните толковни речници, т.е. дефинирање *idem per idem*, односно *circulus vitiosus.* Авторите ги оправдува донекаде тоа што тие глаголи се навистина проблематични за дефинирањето. Видовме погоре дека во аналитичките семантички (метајазични всушност) дефиниции на многуте глаголи, по подлабока и детална анализа, движењето зазема позиција на основна семантичка компонента. Секако, во обичните толковни речници толку длабоко не навлегуваме, но овде тоа е неопходно. Стигнавме до нашиот пар глаголи и треба да ги анализираме доследно, темелно, т.е. да ги најдеме нивните појдовни, примарни семантички компоненти – или да признаеме дека самите тие се последна алка во семантичката низа. Дали е тоа можно? И веднаш можеме да си одговориме дека тоа е малку веројатно, со оглед на тоа дека *движи (се)* и *ruszać (się) – ruszyć (się)* опфаќаат толку многу/премногу разновид-

[3] При што полското ограничување отвора интересна можност, т.е. метафоричка употреба, како резултат на опсервација и наоѓање аналогија: со замена на селективните ограничувања (со анимализација) може да добиеме: *Przestań merdać ogonem przed szefem, miej trochę godności.* '(за човек) се умилкува, понизно се однесува спрема некој поставен повисоко во хиерархијата'. Не знам речник, кој би ја регистрирал таа варијанта, очигледно *ad hoc* употребена, меѓутоа ја имам чуено. Најпосле не сите метафори ѝ припаѓаат на книжевноста. Има и такви, незабележливи и незабележани. Секојдневно се раѓаат нови, но не сите оставаат по себе трага во речниците.

ни, неспоредливи активности на толку различни учесници, вршители, причинители. Ако земеме енигматична реченица: *Таму некој/нешто се ѓвижи* (полската ситуација е аналогна), ќе видиме дека таа се однесува на скоро неограничен број реални ситуации, активности, самостојни или предизвикани (од причинител), без разлика, бидејќи дури широкиот контекст, информации за семантичките ограничувања на сите учесници со физичкиот простор заклучно, ќе ни дозволат да го откриеме значењето на глаголот, да го пополниме со содржината како празен сад.

Во македонскиот јазик има два глагола коишто нешто поконкретно ја приближуваат анализираната физичка стварност: а) *преместува (се)* – добиваме информација дека некој/нешто (жив или не) не мирува на едно место, дека самостојно или не, менува место од – до; б) *мрѓа (се)* – добиваме информација дека некој/нешто не мирува, но дадена активност, самостојна или не, се одвива без менување место.

Во полскиот јазик соодветните глаголи, секако, постојат; *przemieszczać (się)* (Polański 1990/4: 28) функционира аналогно на македонското *преместува (се)* (/Корубин/, Велковска 2001/4: 256-258), но пол. *merdać* никако не зема учество во таа игра, бидејќи е строго семантички ограничен (во речникот на Пољански тој воопшто не е ни поместен). Во сите позиции на македонското *мрѓа (се)* ipf (/Корубин/, Велковска 2000/3: 82-83) на полски се појавува *ruszać (się)* ipf.

Гледаме дека тој полски глагол има многу поширока употреба. Неговото присуство уште повеќе расте во полскиот текст во врска со непостоењето на свршената беспрефиксна форма од *ѓвижи (се)* на македонски, додека таа во полскиот јазик не само што постои: *ruszyć* (*się*) pf, туку и врши важна улога и има висока фреквенција; на македонски ѝ одговара еден друг, повикан овде на помош, глаголски корен: *тргне* pf – *тргнува* ipf (за преместување од – до) или свршената форма *мрѓне (се)* pf (без преместување).

Што тогаш се крие во семантиката на тие глаголи, ако претпоставуваме дека тие не се последна алка во метајазичната анализа? Од горекажаното јасно се гледа/произлегува дека таа последна семантичка компонента-константа содржи **негација**. Ако некој/нешто **се движи** = не мирува, не е статичен. *Таму некој/нешто се ѓвижи*, т.е. во еден дел од физичкиот простор којшто мирува/е статичен (на пр.: *Świat stanął w miejscu/~ zamarł*), некој/нешто не мирува/не е статичен. Се појавила некаква **промена**; и сега може да редиме стотици разни можни ситуации, но едно е сигурно: таму каде што владеел потполн мир сега го нема. Зборот: **промена**, самиот се наметнува, а сè другото е последица на таа најдлабока константна компонента: промена на место/на местоположба/на статична состојба итн.

На што укажува опозицијата: мирување *vs* движење, соодветно: bezruch *vs* ruch. *Status quo*, сеедно каков, е прекинат, а глаголите *ruszać(się)- ruszyć(się)* го регистрираат тоа *in statu nascendi.* Се работи

за: прв скок/чекор/замав/трепет..., којшто го прекинува мирувањето и од кој започнува еден нов *status quo,* а глаголите го засведочуваат токму тој миг на промената.

Се гледа дека тие два глагола (т.е. *ѕвижи (се)* и *ruszać (się) – ruszyć (się)*) не се доволно среќно склучен пар. На реченици̇те (Polański 1990/4: 242, забележливо сменети или надополнети од мене): *Jutro/za pięć minut/... ruszamy w drogę/ do pracy. – Po krótkim odpoczynku ruszyliśmy naprzód/w kierunku gór. – Zmęczone konie niechętnie ruszyły z miejsca. – Ze startu/ze stacji ruszyliśmy z małym opóźnieniem.,* на македонски им одговараат: *Утре/за пет минути тргнуваме на пат/на работа. – По краток почивка тргнавме напреѕ/накај планините. – Изморените коњи нераѕо тргнаа оѕ место. – Оѕ стартот/оѕ железничката тргнавме со мало заѕоцнување.* На *ruszać- ruszyć od-do* формално би требало да им соодветствува не глагол, туку конструкција: *почнува/почна ѕа се ѕвижи*, што понекогаш е и можно. Сепак, горенаведената конструкција не е еквивалентна и не го изразува тоа (моментност) што *тргне – тргнува*, и затоа се појавува во играта нов прасловенски корен. Тоа не е случај на глаголите *мрѕне – мрѕнува*.

Предлагам една игра. Да се поставиме на местото на еден внимателен, прониклив опсерватор на реалниот свет, на физичкиот простор што го окружува, и којшто има пред очите некоја слика. Светот мирува. Наеднаш во таа слика се забележува мала промена; тоа може да биде лет на птица/трепет на лисје... итн. Еден *status quo* е прекинат. Промената е забележана *in statu nascendi* и започнува еден нов *status quo* или наредна нова промена; сè зависи од карактерот на тие промени. Според основите на психологијата е познато дека покрај објективниот простор, во којшто има реални предмети и објективни просторни релации меѓу нив, постои уште психолошкиот простор на човековата перцепција, којашто не е објективна (односно, може да е објективна до тој степен, до кој ни дозволуваат нашите сетила и нашиот јазик). Начинот на којшто зборуваме за реалниот, физичкиот простор и реалните, материјалните предмети зависи – покрај јазикот – и од културата во која функционираме, а пак таа има, секако, своја специфика (Solecka 1983: 13-16, *et passim*).

Објективниот свет/простор специјалистите од разни егзактни научни области го опишуваат со помош на стриктни теории и термини, прецизни научни методи; располагаат со голем број на разни единици за мера и инструменти за мерење и мерат сè и сешто; целата физичка материја детално ја анализираат, разглобуваат на атоми. А со што располага обичен опсерватор, во својот психолошки простор на човековата перцепција, со своите неколку погрешливи сетила наспроти целиот научен инструментариум, и со човечкиот јазик како средство за опишување и објаснување на тој свет. И да замислиме уште дека тој не е современ образован човек, туку на пр. еден човек од времето на прасловенскиот период.

Континуирајќи ја играта, предлагам да воведеме единица за мера на човековата перцепција. Значи 1 промена = основна единица за мерење на човековата перцепција на физичкиот простор/светот што нè окружува. Во конкретна примена на нашата нова единица, тоа е на пр. поединечен чекор/скок/лет..., трепет... и сл. Од тоа произлегува дека основната семантичка константна компонента на движењето (коешто, пак, е основната компонента на повеќето дефиниции на останатите анализирани глаголски корени) била промената: поединечна, моментна, или линеарно подредена секвенца од повеќе промени, или множество на определен начин средени промени, или хаотичен збир промени, итн.; со други зборови: изразена како моментност или линеарност, т.е. растегнатост или разни стадиуми на среденост. Звучи како шега и помалку е тоа, но... само малку.

Нашата перцепција има главно визуелен карактер поради видот, нашето главно сетило; меѓутоа располагаме и со слух, и со сетило за мирис итн. Лесно може да го замениме светот којшто мирува: *Świat stanął w miejscu/~ się zatrzymał/ ~ zastygł.*, со светот којшто молчи: *Świat zamilkł. Zapanowała martwa cisza*. Без проблеми може да ја повториме истата игра: Владее молк/тишина, но одеднаш се слуша на пр. поединечен звук/крик... или песна/мелодија..., или врева/викотници на улица и сл. Нашата единица за мера на човековата перцепција била универзална, по сè изгледа. Во секој случај е во состојба успешно да помага во објаснувањето и опишувањето на светот што нè окружува. Барајќи метафорична аналогија, таа е за изразување на човековата перцепција како атоми за опишување на физичката материја.

Треба да помниме дека нашата перцепција е пред сè визуелна, како и тоа дека нашата визија на материјалниот, физичкиот свет е својствена за нашата индоевропска јазична заедница и не сме во состојба да се ослободиме од таа заедничка мисловна праматрица. Во светот имало неколку илјади живи (и исто толку непознати или мртви) јазици и тие имале сопствена, поинаква концепција за физичкиот простор и времето. Патем кажано, интересно е кога во главата на еден (пра)човек никнала апстрактна идеја за времето. Физичкиот простор, реалниот настан гледан како моментна промена, или линеарно подредена секвенца, или множество на одреден начин средени промени,... итн. ; тоа е многу почетно сфаќање, првобитно, примитивно во позитивната смисла на латинскиот збор *primitivus* = ‘почетен’.

Благодарение на движењето го забележуваме и доживуваме времето, така обично мислиме. Меѓутоа, изгледа дека не движењето, туку промената била првобитна, почетна. Движењето е само една од можните форми/облици на промената. Благорание на промената стануваме свесни за постоењето на времето, коешто инаку е апстактна категорија. Времето се раѓа во човечката свест, бидејќи во физичкиот простор на материјалните предмети е присутна промена на нивното место, на нив-

ната состојба, активност итн. Во моментот на промената завршува мирувањето. Ако промените се нижат линеарно една по друга, од едно место до/кон другото низ просторот, станува збор за преместување (движење со преместување), бидејќи таквиот вид движење е вектор со почетна и завршна точка. Ако наредните промени настапуваат несредено, не менувајќи го местото, имаме мрдање (движење без преместување). Ако промената е поединечна (моментност), имаме прекин на мирувањето, на пр. тргнување кон...[4]

Додека не забележиме некоја промена како форма на постоење на еден материјален предмет – во случајов: прв чекор/скок/замав... – немаме осет за времето. Кога мирувањето – *status quo* – во просторот го прекинува една таква промена, евентуелно множество на такви поединечни промени, стануваме свесни за постоењето на времето. Ако нема промена (на пр. движење или звук, или мирис...) – го нема ни времето. Пак таа го раѓа, односно потврдува, верификува неговото постоење. Времето, кое е физичко-филозофска апстрактна идеја, во сфаќањето на обичен човек – постои, главно тече (употребуваме аналогија со реката: *времето тече* – *czas płynie*), понекогаш застанува (типични метафори/анимизации), бидејќи тоа го овозможуваат реалните физички промени на разни материјални предмети, коишто – зависно од нивниот карактер – добиваат соодветни карактеристики, дефиниции и лексични називи.

Според тоа, движењето не е примарна категорија. Тоа се опишува со помош на попрвобитна, почетна категорија – промената. Ја доживуваме/забележуваме пред да се определиме што точно гледаме, слушаме итн.; најпосле звуците, мирисите, итн. исто така се дел од физичкиот свет.

Од гледна точка на човековата перцепција се занимававме со физичкиот простор и материјалнот свет, базата за општествениот и менталниот простор и апстрактните предмети, коишто бараат друг приод и третман, бидејќи во нивниот свет владее, пред сè, метафората и други ментални, интелектуални средства. Благодарение на тоа во овој нефизички свет основните карактеристики, појдовните семантички компоненти на прасловенските корени влегуваат во нови комбинацци, релации, збогатувајќи ја лексиката.

Разгледувајќи ги македонските и полските еквиваленти на прасловенските глаголски корени имавме работа со континуациите на истите корени, со еволуцијата на истите или сродните појдовни семантички компоненти, т.е. со оние коишто остануваа, фигуративно кажано, во „крвно сродство“. Парот *(се) движи – ruszać (się)/ ruszyć (się)*, континуирајќи ја метафората, претставува класичен пример на „сродство по

[4] Јасно е дека сега се наоѓаме во психолошкиот, менталниот простор на човекот и поимите: простор, време, момент... ги третираме интуитивно како просечен роден говорител на даден човечки јазик. Физичкиот простор и времето, како научни објекти, се опишуваат со помош на егзактните методи.

сватовство“: се согласиле да бидат заедно и, во принцип, го почитуваат договорот имајќи допирни точки и заеднички цели, но, во пракса, се случуваат недоразбирања.

Литература

Дигитален речник на македонскиот јазик, http://www.makedonski.info
Конески, Б. 1986. *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања.* Скопје: Македонска Книга.
Корубин, Б., Велковска, С. (уред.) 1992-2001. *Интенционално-синтакстички речник на македонските глаголи,* 1-6. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.
Марковиќ, М., Тополињска, З. 2019. *Македонски-полски: семантичка деривација на одбрани прасловенски корени.* Скопје: МАНУ.
Мургоски, З. 1997. *Толковен речник на современиот македонски јазик.* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.
Стевановић, М. (уред.) 1967-1976 (фототипско издање 1982). *Речник српскохрватскога књижевнога језика,* 1-6. Нови Сад – Загреб: Матица Српска – Матица Хрватска.
Długosz-Kurczabowa, K. 2008. *Wielki słownik etymologiczno-historyczny języka polskiego.* Warszawa: PWN.
Frančić, V. 1987. *Srpskohrvatsko-poljski rječnik.* Warszawa: PW „Wiedza Powszechna”.
Kumaniecki, K. 1965. *Słownik łacińsko-polski.* Warszawa: PWN.
Linde, S. B. 1994-1995. *Słownik języka polskiego*, 1-6 (reprint 1807-1814). Warszawa: Wydawnictwo „Gutenberg-Print”.
Mirowicz, A. (red.) 1970. *Wielki słownik rosyjsko-polski*, 1-2. Warszawa – Moskwa: PW „Wiedza Powszechna”.
Polański, K. (red.) 1980 – 1992. *Słownik syntaktyczno-generatywny czasowników polskich*, 1-5. Wrocław- Warszawa – Kraków - Gdańsk: Ossolineum, Instytut Języka Polskiego PAN.
Sławski, F. (red.) 1974 – (во тек). *Słownik prasłowiański*, 1-8 (во тек). Kraków: Ossolineum, Zakład Słowianoznawstwa PAN.
Sławski, F. 1987. *Podręczny słownik bułgarsko-polski z suplementem*, 1-2. Warszawa: PW „Wiedza Powszechna”.
Solecka, K.M. 1983. *Semantyka czasowników ruchu w języku macedońskim.* Katowice: Uniwersytet Śląski.
Stano, M., Buffa, F. 1988. *Pol'sko-slovensky, slovensko-pol'sky slovnik.* Bratislava: Slovenske pedagogicke nakladatel'stvo.

Казимера М. СОЛЕЦКА

ДОСТОВЕРНОЕ СВИДЕТЕЛЬСТВО ПРОШЛОГО. ОСОБАЯ ПАРА: *ДВИЖ- : RUCH-/RUSZ-*

Р е з ю м é

Статья состоится с двух частей: во первой, следя за развитем двух генетически различных прасдовянских корней, доходим до современных глаголов движения: *ѕвижи (се) : ruszać* (*się),* которые соответствуют себе в македонском и польском языках. Следовательно, во второй части мы искали ответа /поставили вопрос: что является самым главным, основным семантическим компонентом этих глаголов, благодаря которому они стали парою. Этим компонентом оказалась – перемена.

Ключевые слова: прасловянские корни, сопоставление, глаголы движения, македонский язык, польский язык, перемена.

UDC 811.133.1'367.633:811.163.3'255

Ирина БАБАМОВА
Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје
irina_babamova@yahoo.com

ПРОСТОРНИТЕ ЗНАЧЕЊА НА ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ *PAR* И НИВНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Од бројните употреби во кои може да се сретне фрацускиот предлог *par* кога воспоставува релација меѓу зборови или синтагми во една реченица, **предмет** на нашиот интерес во овој труд е неговата употреба за искажување просторно значење. Се определуваме за просторното значење, или поточно за просторните релации што може да ги искаже предлогот *par* (Stosic 2002) зашто ги сметаме за примарни, во согласност со забелешката на Конески според која „првобитното значење на предлозите е пространствено […]. Но од него по пат на пренесување се развиле и ред други значења […]“ (1987: 507). Дека е оваа забелешка со универзален карактер, применлива и за значењата на предлогот *par* во францускиот јазик, јасно може да се види од прегледот на електронската верзија на речникот *Le Trésor de la langue française* кој овозможува најпрвин увид во просторното значење на овој предлог, а потоа и во други негови изведени значења и функции.[1]

Како **општа теориска основа** ќе ни послужи теоријата на семантичките локализации, онака како што ја претставува Предраг Пипер (Piper, 1997) која, меѓу другото, го зема предвид локалистичкиот пристап на

[1] Прегледот на значењата на предлогот *par* во *TLFi* овозможува, меѓу другото, увид во следниве негови значења и функции: временско значење (*Par une belle après-midi d'été…* = мк. *(Во) Едно убаво летно попладне...*), дистрибутивно значење (*Il se voient deux fois par an* = мк. *Се гледаат двапати годишно*), инструментално значење (*Appeler les choses par leur nom* = мк. *Нарекувајте ги нештата со нивното име*), причинско значење (*Faire qqch par intérêt* = мк. *Прави нешто од интерес*), функцијата на воведување вршител на дејство (*L'exploitation de l'homme par l'homme* = мк. *Експлоатирањето на човекот од човек*).

Вајнсберг (Vajnsberg 1973, според Piper 1997, Марковиќ 2012), како и семантичките пристапи кон анализата на просторните значења на *par* на Шародо (Charaudeau 1992) и на Стошиќ (Stosic 2002).

Пипер ја поддржува тезата за условеноста на типот на јазична структура со животниот простор на говорните претставници на даден јазик (Piper 1997). Според него, во системите на многу јазици, ако не и во системите на сите природни јазици, постојат јазични потсистеми чии единици се употребуваат за денотирање на просторните односи, а меѓу тие единици ги вбројува предлозите (Piper 1997: 12). Пипер го прифаќа терминот *локализам* како синонимна терминолошка ознака за сите теории на семантичка локализација, односно за интерпретирањето на јазичните појави како појави кои, во основата, се од просторна природа, доведувајќи го во врска со антропоцентричната концепција на јазикот. Сфатен во потесна смисла на зборот, локализмот претставува варијанта на падежната теорија (Piper 1997: 13, 15).

Поимите кои се во основата на повеќето локалистички конципирани хипотези и теории се семантичките падежи за место, правец и насока, а трите задолжителни елемнети на ситуацијата означена со изразот со значење на локализација се: *објектот на локализирањето*, *локализаторот* (како средство на локализирањето) и конкретизаторот на односот меѓу објектот на локализирањето и локализаторот, за кого Пипер го употребува терминот *ориентир* (*orijentir*) (1997: 21). Релевантен за нас е односот ориентир - локализатор кој, според Пипер, може да се третира како постојан, статичен, или, пак, како динамичен, при што објектот на локализирањето го менува својот однос кон ориентирот и локализаторот. Примерите што ги дава Пипер го претставуваат локализираниот објект не само како локализиран, *Čovek je na mostu* (релација на локативност), туку и како објект кој станува локализиран, *Čovek dolazi na most* (релација на адлативност) или кој престанува да биде локализиран, *Čovek odlazi s mosta* (релација на аблативност). Објектот на локализирањето може да биде локализиран и на начин при кој за релевантна се зема промената на неговиот однос кон крајните гранични точки на ориентирот, *Čovek ide preko mosta* (релација на перлативност) (Piper 1997: 24). Во нашиов труд ќе биде интересна за разгледување последнава релација, релацијата на перлативност, ако се знае дека перлативот во лингвистиката е граматички падеж кој искажува место преку кое, покрај кое или долж кое се минува.

За трите задолжителни и неопходни елементи за искажување локализација во просторот, две нешта и просторна релација што се воспоставува меѓу нив, постојат поинакви терминолошки решенија во литературата на француски јазик. Во когнитивните пристапи често се употребува терминологијата на Клод Ванделоаз, поточно терминот *cible* (*цел*) за да се означи објектот на локализирањето во просторот и терминот *site* (место) за да се означи референтниот објект, т.е. локализаторот (Vandeloise 1986,

според Spang-Hanssen 1993: 22). На когнитивистите им се припишува и заслугата за посочувањето на асиметричноста на просторните релациите што ги искажуваат предлозите. Така, предлогот најчесто служи за просторно ситуирање помал или поподвижен објект, *cible*, во однос на поголем, постабилен или попознат објект, *site* (место). Ова може да се илустрира со пример што се смета за вообичаен, *La bicyclette est devant l'église* (= *Велосипедот е пред црквата*), наспроти пример што се смета за невообичаен, **L'église est derrière la bicyclette* (= **Црквата е зад велосипедот*) (Spang-Hanssen 1993: 22). Просторните релации кои ги доведуваат во врска *целта (cible)* и *местото (site)* може да бидат од статична и динамична природа при што статичните релации (релација на локативност) ја одредуваат местоположбата во даден момент на објектот-*цел* (*cible*) во однос на референтниот објект што е избран за *репер* (*site*, т.е. *место*) (*La table est dans la chambre* = (мк.) *Масата е во собата*). Се оди и подалеку во прецизирањето на локализирањето во просторот, па така во рамките на статичните просторни релации се изделуваат: релации на внатрешна локализација при што објектот-*цел* ја споделува, макар и делумно, истата местоположба со референтниот објект (*site*) (*Le livre est sur/dans l'armoire* = (мк.) *Книгата е врз/во шкафот*), како и релации на надворешна локализација при што објектот-*цел* е локализиран во дел од просторот кој е надвор од референтниот објект, но сепак поврзан со него (*La voiture est derrière /près de/à deux pas de la maison* = (мк.) *Автомобилот е зад / близу до / на два чекора од куќата*). Динамичните просторни релации, пак, овозможуваат определување на локализацијата на објектот-*цел* кој е во движење и зафаќа различни местоположби во последователни моменти поради што покрај строго просторна димензија имаат и временско-аспектна димензија (Stosic 2002: 15). Движењето има свој почеток (преминување од статична состојба кон состојба на движење), свој крај (преминување од состојба на движење кон статична состојба) и своја меѓуфаза што ја сочинува текот на менувањето на местоположбата. За означување на овие три просторно-временски определби се користат обично термините: почетна фаза (*phase initiale*), средна фаза, или меѓуфаза, (*phase médiane*) и крајна фаза (*phase finale*). Во рамките на овие три фази се зборува за ***source*** (***извор***) (*Paul sort du magasin* = мк. *Пол излегува од продавницата*), ***trajet*** или ***parcours*** (***траекторија*** или ***патека на движење***) (*Paul a coupé par le jardin* = мк. *Пол пресече преку градината*) и ***but*** (***цел***) (*Paul entre dans la maison* = мк. *Пол влегува во куќата*) (в. Stosic 2002: 16).[2]

Ќе го споменеме и семантичкиот пристап и терминологијата на Шародо (Charaudeau 1992) кој во својата *Grammaire du sens et de l'expression*, ги дефинира трите потребни елемента за да може да се изрази локали-

[2] Преводот на термините и на примерите од француски на македонски јазик е на авторот на овој текст.

зирањето во простор со помош на јазични средства: *објект* (***être***), материјален/нематеријален, или *процес* (***processus***) сфатен како настан или како дејство што треба да се постави во просторен контекст; *референтен објект* (***être***) во однос на кој ќе се постават засегнатиот *објект* или *процесот*; *гледна точка* (***point de vue***) од која потекнува перцепирањето на овие *објекти* и *процеси*, како и на нивниот меѓусебен однос. Гледната точка е по правило онаа на говорниот субјект кој, според Шародо, е мајстор (***maître d'œuvre***) на концептуализирањето на просторот и на средствата со кои тоа се изразува. Гледната точка на говорниот субјект го создава „начинот на визуелизирање" (***mode de vision***) на локализирањето преку одредување на точката од која тргнува перцепирањето и преку воспоставување просторен сооднос меѓу *објектот* и *референтниот објект* (Ibid.: 414). Начинот на визуелизирање, според Шародо, може, меѓу другото, да биде од *антрополошки* карактер (положбата на човекот е гледната точка од која тргнува перцепирањето), од *социокултурен* карактер, при што организирањето на просторот зависи од заедницата која живее на тој простор и која може да го перцепира на сопствен начин (Ibid.: 415). Релевантна за нас е забелешката на Шародо дека е ова јасно видливо при споредување на јазиците[3] (Ibid.: 416).

Со оглед дека локализирањето во просторот е тесно поврзано со движењето, Шародо ги изделува следниве типови движење: *le mouvement d'approche* (*движење на доближување*), кое го опфаќа движењето во правец кон референтниот објект (локализаторот) и кое може да го претставиме како адлативна релација, *le mouvement d'éloignement* (*движење на оддалечување*), кое подразбира оддалечување од референтниот објект и кое може да го претставиме како аблативна релација, и *le movement de parcours* (движење на (пре)минување), кое подразбира промена на местоположбата во рамки на внатрешноста на референтниот објект или преминување на рефентниот објект при што се опфаќа и просторот што е пред него, и просторот што е зад него. Ова движење може да го претставиме како перлативна релација.Тоа е карактеристично за глаголите кои искажуваат линеарна промена (*déplacement linéaire*) и нелинеарна

[3] Шародо го поткрепува овој став со пример за разликата во концептуализирањето на *улицата* и на *патот* во францускиот и во шпанскиот јазик, како и за употребата на различни предлози за локализирање во простор во двата јазика: (фр.) *Marcher* ***dans*** *la rue* и *Marcher sur la route*, наспроти (шп.) *Andar* ***por*** *la calle/la carretera*. (Charaudeau 1992: 416). За да се локализира дејството во однос на *улицата*, францускиот јазик го употребува предлогот *dans* (мак. *во*) зашто таа се концептуализира како внатрешност на простор кој е ограден со градби, а во примерот со *патот* се употребува предлогот *sur* (мак. *врз, на*) зашто патот се концептуализира како површина во простор кој не е ограден со градби. Ваквата двојна концептуализација се неутрализира во шпанскиот јазик кој, пак, *улицата* и *патот* ги концептуализира како *место на минување* и го употребува предлогот ***por*** (мак. *по*) и во двата случаја (Charaudeau 1992 : 416).

промена на местоположбата и се комбинираат со предлогот *par* во францускиот јазик (Charaudeau 1992: 419).

Предлогот *par* во својата основна просторна употреба означува минување од една до спротивна на неа точка во однос на локализаторот. Неговите значења се опфатени во граматики на францускиот јазик (Grevisse 1988), во лексикографски изданија (*TLFi*), во монографски студии за предлозите во францускиот јазик (Melis 2003) како и во споредбени студии од кои ги изделуваме оние што ги спротивставуваат францускиот и српскиот јазик во однос на предлогот *par* (Stosic 2002, Stosic & Aurnague 2002, Станковић 2016). Релевантно за нас е проучувањето на употребата на предлогот *par* со просторно значење на Стошиќ при кое тој извршил класификација на просторните релации што може да ги искаже предлогот *par,* нагласувајќи дека просторното значење не овој предлог не искажува секогаш ист тип просторна релација (Stosic 1999, 2002: 48). Така тој изделува четири типа просторни релации : првата релација е од типот *trajet* (*траекторија)*, на пр. : *Max est arrivé à l'université* ***par le jardin public***, втората е од типот на *localisation imprécise* (*непрецизна локализација*), на пр:. *Les soldats se sont dispersés* ***par toute la ville***, третата е од типот на *zone d'affectation* (*зона на зафатеност со дејство*), на пр.: *Il m'a saisi* ***par le cou***) и четвртата е од типот на *procès inchoatif* (место на *почеток на дејство*), на пр.: *Les cerisiers fleurissent* ***par le haut***. (*Ibid*. 2002 : 71)[4].

Методолошки гледано, оваа класификација на просторните релации што ги генерира предлогот *par* во францускиот јазик ќе ја примениме во нашата анализа која ќе има за цел да ги утврди неговите еквиваленти во македонскиот јазик. Еквивалентите што се наведени во француско-македонскиот речник (Атанасов et al. 1992) даваат, до некаде, потврда за претпоставката дека изразувањето на просторното значење на предлогот *par* не се врши само со еден апсолутен еквивалент во македонскиот јазик, туку со повеќе еквиваленти и тоа главно со предлозите: *преку, по, низ, на*. Нашата **цел** ќе биде да ги анализираме и да ги утврдиме еквивалентите во македонскиот јазик со кои се формализира секој од четирите типа просторни релации според погоренаведената класификација на Стошиќ. Корпусот што ни служи за анализата го сочинуваат примери од книжевни дела на француски јазик, преземени делумно од базата Франтекст (Frantext), заедно со нивни објавени преводи на македонски јазик, како и со наши преводни решенија на македонски јазик во кои преку алтернативен приказ на (не)употребата на можните еквиваленти на *par* ја посочуваме најприфатливата варијанта за македонскиот јазик. За потребите на нашата анализа, примерите ги групираме според

[4] Преводот од француски на македонски јазик на терминолошките решенија со кои Стошиќ го именува секој од четирите типа просторни релации е на авторот на овој текст.

предлогот што се употребува во преводните еквиваленти на примерите со *par* во францускиот јазик.

1. Просторна релација од типот *trajet* (*траектација / патека на движење* при промена на местоположбата на локализираниот објект).

Станува збор за динамична просторна релација со која се означува *местото на минување* сфатено како посредна комуникациска зона меѓу други ентитети во просторот (Stosic 2002: 70). Меѓу еквивалентите на македонски јазик за оваа перлативна релација изделуваме:

1.1. Еквиваленти со предлогот *преку* :

1) *Le Mongolia faisait régulièrement les voyages de Brindisi à Bombay* ***par*** *le canal de Suez.*

VJ: 23

(мк.) *Монголија редовно патуваше од Бриндизи до Бомбај* ***преку/*низ/*по*** *Суецкиот канал.*

2) *Hong-Kong devait nécessairement vaincre Macao dans une lutte commerciale, et maintenant la plus grande partie du transit chinois s'opère* ***par*** *la ville anglaise.*

VJ: 100

(мк.) *Хонг Конг мораше задолжително да го победи Макао во една трговска битка, па сега најголем дел од кинескиот транзит се врши* ***преку/*низ/*по*** *англискиот град.*

3) V*ers neuf heures,* ***par*** *la vallée de Carson, le train pénétrait dans l'état de Nevada.*

VJ: 151

(мк.) *Околу девет часот, возот влегуваше во државата Невада преку /*низ /*по Карсоновата долина.*

4) *... abrégeant ainsi de moitié l'ancienne route de l'Angleterre aux Indes* ***par*** *le cap de Bonne-Espérance.*

VJ: 23

(мк.) *... скратувајќи го на тој начин за половина стариот пат од Англија до Индија* ***преку /*по/*низ*** *'рт Добра надеж.*

5) *Mais le portrait de son père, les fauteuils, la cave à liqueurs, les bouquins, la pendule, tous les objets précieux furent mis dans une voiture de déménagement qui s'acheminerait* ***par*** *Nonancourt, Verneuil et Falaise.*

FG: 12

(мк.) *Ама портретот на неговиот татко, фотелјата, ликерите, купот книги, часовникот [...] беа сместени во една кола за селење, која ќе патува* ***преку(*низ/*по)*** *Нонанкур, Вернеј и Фалез.*

ФГ: 20

6) *Pécuchet y parvint hors d'haleine, ne vit personne, puis retourna en arrière pour gagner les champs* ***par*** *une « valleuse » que Bouvard avait prise, sans doute.*

FG: 65

(мк.) *Пекише стигна таму сиот задишан, не виде никого, потоа се врати назад за да се упати кон полето,* ***преку (* низ / *по)*** *еден ендек по кој, без сомневање беше пошол Бувар.*

ФГ: 78

Анализата на примерите од 1) до 6) во кои е употребен предлогот *par* со значење на *trajet* (*траекторија/патека на движење*) покажува дека во македонскиот јазик му се дава предност на предлогот ***преку*** во однос на предлозите ***по*** или ***низ*** како на еквиваленти на просторната релација искажана со предлогот *par*. Преводните примери посочуваат и извесна регуларност при селектирањето на еден од овие три предлога зашто тоа не се врши на произволен начин, туку во директна зависност од особини на локализаторот. Кога локализаторот во еквивалентите се воведува со предлогот ***преку***, честопати се работи за географски поим (Суецки канал, англискиот град, Карсоновата долина....) кој во дадениот контекст претставува место на минување и се концептуализира како простор чии оски по вертикала и хоризонтала не се во преден план, т.е. како транзитен простор што се преминува. Поточно, местото на минување се концептуализира како транзитна точка која лежи на патеката на движење што ја опишува локализираниот објект при „преминувањето […] од едната на спортивната страна“[5] (Конески 1987: 530) на локализаторот. Дури и при метафоризирана просторна релација, како во примерот 7), локализаторот може да се претстави како транзитна точка во рамки на динамичната релација претставена со предлогот *par* во францускиот, односно со предлогот ***преку*** во македонскиот јазик. Во ваков

[5] Во врска со пространствените значења на предлогот ***преку***, Конески изделува, меѓу другите, едно кое „означува преминување по предметот од едната на спротивната страна: *мина преку Вардар*...“ (Конески 1987: 530). Ова значење одразува динамична просторна релација, а преминувањето што го спомнува Конески може да се сфати како линеарна промена на местоположбата зашто ѝ одговара на една траекторија, или на една патека на движење што ја опишува локализираниот објект при промената на својата местоположба. Локализаторот *Вардар*, како географски поим, овозможува прецизно утврдување на местото преку кое се врши преминувањто, т.е. промената на местоположбата на локализираниот објект, претставувајќи се како транзитна точка која ѝ припаѓа на опишаната патека на движење.

контекст, употребата на предлозите *по* и *низ* се чини блокирана исто како и во преводните еквиваленти од 1) до 6):

7) […] *la banque d'Angleterre n'avait plus qu'à passer cinquante-cinq mille livres* ***par*** *le compte de profits et pertes.*

VJ: 12

(мк.) […] *на англиската банка ѝ преостана само уште ѕа префрли 55000 фунти* ***преку /*по /* низ*** *сметката за ѕобивки и загуби.*

1.2. Еквиваленти со предлогот *по*:

Анализата на примерите со *par* и на преводните еквиваленти на македонски јазик во кои се употребува предлогот *по* овозможува нотирање на една особина што ја споделуваат локализаторите во обата јазика. Станува збор најчесто за *места на минување* кои овозможуваат комуникациско поврзување на две точки во просторот и при чија концептуализација доаѓа до израз, пред се, оската по хоризонтала за сметка на оската по вертикала. Локализаторите се претставени со именките: *allée, escalier, voie, le bord (de l'eau), la Seine, route*, односно со *алеа, скали, пат, кеј, Сена (река), ѕрум*, и сите овозможуваат комуникациско поврзување во просторот. Динамичната просторна релација што ја означува *par* во ваков контекст наоѓа свој еквивалент во предлогот *по* кој е употребен со просторното значење што Конески го определува како „управеност во една посока по некоја површина: *по скала, по река*, […]. (1987: 520). Употребата на предлозите *преку* и *низ* во ваков контекст се чини блокирана.

8) *La calèche allait et revenait vingt fois* ***par*** *les mêmes allées.*

GEGJ: 188

(мк.) *Кочијата ѕеше и се враќаше ѕваесет пати* ***по /*преку/ *низ*** *истите алеи.*

9) *Il ne faisait pas une enjambée de trop, allant toujours* ***par*** *le plus court.*

VJ: 6

(мк.) *Не правеше ниту чекор повеќе, ѕејќи секогаш* ***по /*преку/*низ*** *најкусиот пат.*

10) *Il disparaît* ***par*** *l'escalier secret.*

JA: 50

(мк.) *Исчезна* ***по /*преку/ *низ*** *тајните скали.*

11) *... il doit entrer dans son plan de débarquer à Suez, afin de gagner* ***par*** *une autre voie les possessions hollandaises ou françaises de l'Asie.*

VJ: 27

(мк.) *... во својот план треба да го внесе истоварувањето во Суец за да може* ***по /*преку/ *низ*** *друг пат да стигне до холандските или до француските поседи во Азија.*

12) *Ils allèrent jusqu'à l'Arc de Triomphe, revinrent* ***par*** *le bord de l'eau, dépassèrent Notre-Dame.*

FG: 9

(мк.) *Тие отидоа до Триумфалната порта, се враќаа* ***по (*преку/*низ)*** *кеј, ја поминаа Богородичната црква.*

ФГ: 16

13) *Le parsi se jucha sur le cou de l'éléphant, et à neuf heures l'animal, quittant la bourgade, s' enfonçait* ***par*** *le plus court dans l' épaisse forêt de lataniers.*

VJ: 54

(мк.) *Чиракот се искачи на вратот на слонот, а во девет часот, животното, напуштајќи го градот, завлегуваше* ***по /*преку/*низ*** *најкусиот пат во густата шума.*

14) *Les instruments de jardin, les couchettes, les matelas, les tables, les chaises, un caléfacteur, la baignoire et trois fûts de Bourgogne iraient* ***par*** *la Seine, jusqu'au Havre,...*

FG: 12

(мк.) *Алатите за бавчата и градината, постелите, душеците, столовите, масите, една греалка,кога и трите буренца бургоњско вино ќе одат* ***по (*преку / *низ)*** *Сена до Авр, ...*

ФГ: 20

15) *Le valet, au contraire,* ***par*** *excès de zèle, avait d'abord couru à la maison, à l'église, puis chez Monsieur, et était revenu par l'autre route.*

FG: 26

(мк.) *Момокот пак, од претерана ревност, прво истрчал до оштината, до црквата, а потоа до Господиот, а беше се вратил* ***по (*преку / *низ)*** *другиот пат.*

ФГ: 35

16) *... et des hommes bras dessus bras dessous, débouchèrent* ***par*** *la route de Caen, poudreux, en sueur, dépenaillés.*

FG: 11

(мк.) *...и луѓето, држејќи се под рака, избија* ***по (*преку /*низ)*** *друмот од Каен, прашливи, потни, во парталі.*

ФГ: 136

17) *C'était difficile* ***par*** *l'escalier*.

FG: 166

(мк.) ***По (*ӣреку /*низ)*** *скалиѿе ѿешко ќе оӡеше*.

ФГ: 190

18) *Ils s'en revinrent* ***par*** *la cavée, sous une avenue de hêtres.*

FG: 16

(мк.) *Се враѿија* ***ӣо (*ӣреку /*низ)*** *засенчениоѿ ӣаѿ, ӣоӡ ӡрворе ӡоѿ ӡабови.*

ФГ: 24

1.3. Еквиваленти со предлогот *низ*:

Анализата на преводните примери на македонски јазик ја регистрира употребата на предлогот *низ* кога предлогот *par* е употребен за да означи динамична просторна релација при што *месѿоѿо на минување* на локализираниот објект ја зафаќа внатрешноста што ја опишуваат границите на локализаторот. Релевантно за нашата анализа е значењето што го определува Конески како „провирање во еден предмет: *леѿнала низ баӡа, куршумоѿ минал низ месо, излезе низ враѿа, низ иглени уши*“ (1987: 523). При ваква употреба, сметаме дека е релевантно да укажеме дека внатрешноста на локализаторот, како што впрочем покажуваат и примерите на Конески, може да биде од материјална природа што се пробива при минувањето на локализираниот објект (*куршумоѿ минал низ* ***месо***... и го пробил), но и од нематеријална природа. Во вториов случај, местото на минување претставува простор без материјална препрека сличен на отвор, поточно претставува дел од просторот што го опишуваат внатрешните ѕидови на локализаторот (*конецоѿ се ӣровира низ* ***иглени уши***).[6] Во преводните примери од 19) до 25), се работи за место на минување кое

[6] Во врска со значењето „провирање во еден предмет“ што го спомнува Конески, као и во врска со нашата забелешка дека локализаторот може да биде од материјална природа, као што е *месоѿо* во примерот „*куршумоѿ минал низ месо*“, но и од нематеријална природа, забележуваме дека во примерот „*излезе низ враѿа*“, локализаторот врата се доживува првенствено како *оѿворена враѿа*, т.е. како отвор што е ограничен со рамката на вратата. Според тоа, дејството на локализираниот објект не се врши низ затворена *враѿа*, како цврста материја, пробивајќи ја истовремено. За да го дознаеме поконкретниот начин на кој се извршило дејството не е доволен само предлогот *низ* туку се потребни и дополнителни контекстуални информации. На слично толкување упатува и Шародо кога ја посочува разликата помеѓу предлозите *par* и *à travers*: « Ainsi, ”*Passer* ***par*** *la porte*” décrit un simple passage par une *limite ouverte*, alors que ”*Passer* ***à travers*** *la porte*” laisserait supposer que ”la porte est fermée” et que le passage s'est fait en traversant l'épaisseur du bois de la porte. » (Charaudeau 1992 : 420). Разликата во однос на македонскиот е што во францускиот јазик треба да се употребуваат предлозите *par* и *à travers* за да се означи минување низ отворена, односно низ затворена врата.

претставува некаков отвор без материјална препрека, вкучувајчи го тука и примерот 20) во кој се претпоставува дека е во прашање отворен прозорец. Како прифатлив еквивалент во македонскиот се јавува предлогот *низ*, а употребата на предлозите *преку* и *по* се чини блокирана:

19) *Ses orteils se montraient* ***par*** *les trous de ses bottes*.

FG: 121

(мк.) *Прстите на нозете му suркаа* ***низ (*преку/*по)*** *дупките на чизмите*.

ФГ: 140

20) *Celui-ci passa la tête* ***par*** *les carreaux et reconnut Pécuchet...*

FG: 5

(мк.) *Овој ја провлече главата* ***низ (*преку/*по)*** *прозорчето и го познаа Пекише...*

ФГ: 12

21) *C'était leur vieille bonne qui, les espionnant* ***par*** *une fente de la cloison, ...*

FG: 156

(мк.) *Тоа беше нивната стара слугинка која, демнејќи ги* ***низ (*преку /*по)*** *пукнатината на вратата...*

ФГ: 179

22) *Une petite fille, les pieds nus dans des savates, et dont le corps se montrait* ***par*** *les déchirures de sa robe,...*

FG: 18

(мк.) *Едно моме, со боси нозе во влечки, чие тело се насираше* ***низ (*преку /*по)*** *дупките на фустаноѓ,...*

ФГ: 26

23) *Sept coutres, disposés en bas, ouvraient parallèlement des raies fines, dans lesquelles le grain tombait* ***par*** *des tuyaux descendant jusqu'au sol*.

FG: 18

(мк.) *Седум цртала, распоредени надолу, паралелно отвораа тенки линии, во кои зрното паѓаше* ***низ (*преку/*по)*** *цевките кои се спуштаа до земјата.*

ФГ: 27

24) *Il faisait doux, le café m'avait réchauffé et* ***par*** *la porte ouverte [18] entrait une odeur de nuit et de fleurs.*

CA: 13

(мк.) *Времето беше меко, кафето ме имаше згреано, а* ***низ (*преку /*по)*** *отворената врата навлегуваше мирис на ноќ и цвеќе.*

25) *Cependant les bourgeois de Chavignolles désiraient les connaître : on venait les observer* ***par*** *la claire-voie.*

FG: 16

(мк.) *Жителите на Шавињол, мегутоа, сакаа да ги запознаат: доаѓаа да ги посматраат* ***низ (? преку / *по)*** *решетките.*

ФГ: 24

Доколку внатрешноста на локализаторот е сочинета од материја која се одликува со транспарентност и која овозможува (визуелен) контакт со просторот од едната до спротивната страна на локализаторот, тогаш дејството на провирање низ него може да се сфати и преносно, како во примерите од 26) до 28) во кои локализатори се *les vitres* и *les fenêtres*, односно *стаклото* и *прозорците*, за кои, пак, се претпоставува дека се затворени. Ваквата материјална особина на локализаторот ја прави евентуално можна и не сосема невообичаена, како што е посочено во предложените алтернативи во заградите, употребата на предлогот *преку* со неговото просторно значење на преминување од едната до спротивната страна на локализаторот:

26) *Ils examinèrent les serres chaudes* ***par*** *les vitres, et frémirent en songeant que tous ces feuillages distillaient des poisons.*

FG: 7

(мк.) ***Низ (?преку/*по)*** *стаклото, ги разгледаа топлите леи и се растреперија при помислата дека сите тие лисја лачат отрови.*

ФГ: 14

27) *...tous les deux ronflaient sous le clair de la lune, qui entrait* ***par*** *les fenêtres.*

FG: 14

(мк.)*...и двајцата ‘ркаа под месечината која влегуваше* ***низ (?преку/*по)*** *прозорците.*

ФГ: 22

28) *Le lendemain, vers deux heures, il se promenait dans le corridor et regardait de temps à autre* ***par*** *la fenêtre ;*

FG :109

(мк.) *Утредента, околу два часот, додека шеташе низ ходникот и гледаше одвреме – навреме* ***низ (?преку / *по)*** *прозорецот,...*

ФГ:126

Кога внатершноста на локализаторот е од нематеријална природа и кога тој се концептуализира како дел од простор без материјална препрека или како отвор, може да се насети одредено колебање при изборот на *преку* и на *низ*, па дури и алтернативна употреба на едниот или на другиот предлог. Во преводните примери 29) и 30), локализаторот е од нематеријална природа (под услов да е прозорецот отворен), а преводните решенија што ги понудил ист преведувач во кои *преку* и *низ* се употребени алтернативно, можеби сведочат, доколку не се работи за превид во смислата, за извесно доближување на значењата на овие два предлога? Подеталната анализа на динамичната просторна релација што ја означува *преку* укажува на преминување од едната на спротивната страна по долната рамка на отворениот прозорец, а онаа што ја означува *низ*, на поминување низ непрецизно локализирана точка во отворот.

29) *Pécuchet trouvait pour chacun une excuse nouvelle, jusqu'au dernier qu'il jeta* ***par*** *la fenêtre...*

FG: 38

(мк.) *Пекише наоѓаше ново оправдување за секоја, сè до последната, која ја фрли* ***преку (низ / *по)*** *прозорецот ...*

ФГ: 31

30) *Il s'approcha du lit, et jeta l'assiette* ***par*** *la fenêtre, en s'écriant : C'est un véritable meurtre !*

FG :51

(мк.) *Тој приј*ое *до кревет*от *и ја фрли чинијата* ***низ (преку /*по)*** *прозорецот извикувајќи: -Ова е вистинско убиство!*

ФГ: 62

2. Просторна релација од типот *localisation imprécise (непрецизна локализација).*

Според Стошиќ (Stosic 2002: 71), кога се работи за релација од типот на „непрецизна локализација", локализираниот објект (*cible*) се наоѓа / ја менува својата местоположба во внатрешноста на една целина, каква што е локализаторот. Динамичната просторна релација му одговара на предлогот *низ* кога тој означува „движење или растуреност по сите страни на една површина: […] *се врт*ка *низ* дв*ор, низ куќи*" (Конески 1987: 523). Просторната релација може да биде и статична, како во примерот на Конески: *Селата расфрлени* ***низ*** *Пелагонија* (Ibid.) При релација на непрецизна локализација во просторот, локализаторот ја губи својата улога на транзитна точка каква што има во релацијата од типот *trajet* (траекторија / патека на движење) и се сведува на површина со изразени оски по хоризонтала. Анализата на преводните примери, од 31) до 34)

покажува дека алтернативната употреба на предлозите *по* и *низ* е прифатлива со што се потврдува забелешката на Конески за доближувањето на значењата на овие два предлога, особено кога *по* означува „движење или растуреност по сите страни на една површина: […] *по село, по соба, по куќа*“ (Ibid.: 528). Употребата на предлогот *преку* како еквивалент на просторната релација што ја искажува *par* е блокирана во примерите во кои се искажува релација од типот на непрецизна локализација, било да се работи за динамична или статична просторна релација.

- Непрецизна локализација при динамична просторна релација:

31) *Voici donc Mrs Aouda, Phileas Fogg et Fix flânant* ***par*** *les rues.*
VJ: 143

(мк.) *Еве ги Ауда, Филеас Фог и Фикс како талкаат* ***низ (по / *преку)*** *улиците.*

32) *Il n'avait rien de mieux à faire que […] d'aller à l'aventure* ***par*** *les rues de la ville.*
VJ: 125

(мк.) […] *да тргне во авантура* ***низ (по /*преку)*** *градските улици.*

33) *A trois heures, les voyageurs se promenaient donc* ***par*** *les rues de la cité,*
VJ: 158

(мк.) *Во три часот, патниците шетаа* ***низ (по / *преку)*** *улиците на градот.*

- Непрецизна локализација при статична просторна релација:

34) *Les mètres de cailloux se succédaient, les fossés étaient pleins d'eau, la campagne s'étalait* ***par*** *grandes surfaces d'un vert monotone et froid,* […]
FG: 12

(мк.) *Долго се протегаше патот посипан со чакал, ендеците беа полни со вода, полињата распослани* ***низ (по/*преку)*** *големите површини на еднолично то и студено зеленило* […]
ФГ: 21

Во пространствените значења на предлогот *par* спаѓа и она кога тој влегува во состав на скаменетиот израз ***par terre*** кој според своето локативно значење може да се смести во вторава класа примери, оние кои искажуваат релација на непрецизна локализација, концептуализирајќи го локализаторот по хоризонтална оска, односно како рамна површина. Најчест преведен еквивалент на македонски јазик (примери од 35) до 37)) е предлошката синтагма со адвербијална функција, *на земја*.

35) *Des femmes portant des chapeaux de paille, [...] soulevaient avec des râteaux le foin laissé* ***par*** *terre;*

FG: 18

(мк.) *Жените, кои носеа сламени шапки, [...] го креваа сеното оставено* ***на*** *земја.*

ФГ: 26

36) *Puis la meule s'écroulait* ***par terre*** *en un large brasier,* […]

FG: 26

(мк.) *Потоа пластот се уриваше* ***на земја*** *како огромно жариште* […]

ФГ :36

37) *Elles se cassaient, glissaient, tombaient* ***par terre***; […]

FG: 48

(мк.) *Иглите се кршеа, се лизгаа, паѓаа* ***на земја***; […]

ФГ: 59

Во некои случаи на слободно преведување (38), предлошката синтагма *на земја* може да се компензира и имплицитно да се содржи во семантиката на глаголот (на пр. *се струполи*):

38) *Comme le chaperon ne pouvait se tenir suspendu, il en était résulté une brèche énorme, avec des ruines* ***par terre****.*

FG: 32

(мк.) *Биодејќи лакот не можеше да виси, сè* ***се струполи*** *од огромната тежина, со цел куп парчиња земја.*

ФГ: 41

3. Просторна релација од типот *zone d'affectation* (зона на зафатеност со дејството на субјектот).

Кога се работи за релација од типот на зона на зафатеност со дејството, просторната релација искажана со *par* ги посочува делот од просторот или зоната од објектот што е опфатена со дејството на субјектот (Stosic 2002: 72). Од преводните примери на македонски јазик (од 39) до 46) може да се забележи дека искажувањето ваква просторна релација се постигнува со употреба на предлогот ***за*** со значење на „фаќање […], држење […] за нешто“ (Конески 1987: 515). Ваквата употреба е релевантна за нас од аспект на информацијата за локативна релација на локализација во просторот воведена со предлогот *par*. Како еквиваленти во македонскиот јазик може да се јават предлошки синтагми со *за* кои ја посочуваат зоната на зафатеност со глаголското дејство:

39) […] *les garçons de l'établissement, le prenant* ***par les pieds*** *et* ***par la tête,*** *le portaient sur le lit de camp....*

VJ: 101

(мк.) […] *момчињаша од зградаша, фаќајќи го* ***за нозеше*** *и* ***за главаша****, го носеа на полскиош кревеш.....*

40) *Puis, prenant Passepartout* ***par la ceinture*** *et l'enroulant de sa trompe, il l'enleva jusqu' à la hauteur de sa tête.*

VJ: 102

(мк.) *Пошоа, фаќајќи го Паспарту* ***за ременош*** *и обвишкувајќи го со сурлаша го крена до висината на својаша глава.*

41) *Pécuchet en surprit un, et s'écria, en le poussant dehors* ***par les épaules****:* […]

FG: 36

(мк.) *Пекише фаши еден од нив и, шуркајќи го надвор* ***за раменаша****, извика:* […]

ФГ: 30

42) *Elle le prit à deux mains* ***par les flancs****, – et la tête renversée, comme en adoration.*

FG: 135

(мк.) *Таа го фаши со двеше раце* ***за бедраша****, со зафрлена глава, како во обожавање.*

ФГ: 155

43) […] *et Bouvard, en le retenant* ***par la main****, jouissait de sentir dans la sienne ces doigts d'enfant robustes et vigoureux.*

FG: 202

(мк.) […], *а Бувар, задржувајќи го* ***за рака****, уживаше во својаша дланка да ги сеши ише детски прсши, развиени и јаки.*

ФГ: 231

44) *Bouvard l'interpella, le secoua* ***par les épaules****;...*

FG: 158

(мк.) *Бувар го викна, го прошресе* ***за раменаша****;...*

ФГ: 180

45) […] *Pécuchet avançait pas à pas, tenant la baguette* ***par les deux branches****, la pointe en haut.*

FG: 157

(мк.) […] *Пекише одеше чекор по чекор, држејќи го сшапчешо* ***за двааша крака****, со врвош наГоре.*

ФГ: 180

46) *Victorine abusait de Marcel, montait sur son dos, le tirait* ***par les cheveux.***

FG: 216

(мк.) *Викшорина го злоупошребуваше Марсел, му се качуваше на грб, го влечеше* ***за коса****.*

ФГ :247

Во други случаи, при слободен превод (47), може да се употреби и прилошка определба за место:

47) *Quand le vent soufflait soit de la côte d'Asie, soit de la côte d'Afrique, le Mongolia, long fuseau à hélice, pris* ***par le travers****, roulait épouvantablement.*

VJ : 37

(мк.) *Кога вешрошу дуваше било од азискиошу било од африканскиошу брег, зафаќајќи ја Монголија* ***сшранично****, го ошежнуваше движењешо на долгиошу брод со елиси.*

4. Просторна релација од типот *procès inchoatif* (зона на почеток на дејството).

При релација од ваков тип и со учество на предлогот *par*, врската со локализирањето во просторот се задржува преку додатокот за место чиј референт е зоната од која почнува реализирањето на еден континуиран процес кој може да доведе до модификација било на формата, било на градбата, било на двете, на објектот што е зафатен со процесот. (в. Stosic 2002: 72). Употребата на предлогот *par* во ваквов контекст не отсликува типична релација на локализација, ниту пак сугерира промена на местоположба зашто отсуствуваат погореспоменатите три задолжителни елементи за една просторна релација. Преводните примери од 48) до 51) потврдуваат дека како еквиваленти во македонскиот јазик може да се јават предлошки синтагми со различни предлози со просторно значење (*при, на*...), а во послободни преводи и други предлошки синтагми со информација за зоната на почеток на дејството или прилошки определби за место (*одозгора* итн.):

48) *Un pantalon à grand-pont, qui godait* ***par le bas*** *sur des souliers de castor...;*

FG : 1

(мк.) *Панталоните на преклопување кои малку се ширеа* ***при дното****, над чевлите од кожа од дабар,...;*

ФГ: 8

49) *Des favoris rouges élargissaient son visage surmonté d'un toupet frisant* ***par la pointe****.*

FG: 5

(мк.) *Црвените зулуфи го шириа неговото лице над кое се спушташе едно перче, кадраво* ***на крајот****.*

ФГ: 11

50) *Tout à coup le sol lui parut tressaillir et la falaise, au-dessus de sa tête, pencher* ***par le sommet****.*

FG: 64

(мк.) *Одненадеж, му се стори дека почвата се покренува и карпата над неговата глава се наведнува* ***со врвот****.*

ФГ: 77

51) *Bouvard le dégagerait* ***par le haut****, tandis que Pécuchet, en dessous, démolirait la roche pour le faire descendre doucement, sans l'abîmer.*

FG: 61

(мк.) *Бувар ќе ја одделе* ***одозгора****, додека Пекише ќе ја подрива карпата одоздола, за да ја спуштат бавно, не уништувајќи ја.*

ФГ: 73

Заклучни согледувања: разноликоста на просторните релации што ги генерира употребата на предлогот *par* во даден контекст ја потврдуваат претпоставката дека тие може да се изразат во македонскиот јазик не со еден, туку со повеќе предлози и различни адвербијални решенија со информација за локализирање во просторот. За секој од четирите типа просторни релации посочени во овој труд, се употребуваат соодветни еквиваленти. Најчести еквиваленти во ситуација на перлативна релација, поточно кога се искажува релација од типот на *trajet* (*траектација* или *патека на минување*) се предлозите *преку, низ* и *по*; кога се искажува релација од типот на *localisation imprécise* (непрецизно локализирање) најчести еквиваленти се предлозите *низ, по* и *на*; при релација од типот *zone d'affectation* (зона на зафатеност со дејството на субјектот) како најчест еквивалент се јавува предлошка синтагма со *за*; при релација од типот *procès inchoatif* (зона на почеток на дејството) преводни еквиваленти на македонски јазик може да бидат предлошки синтагми и адвербијални решенија кои го посочуваат местото на почеток на дејството. При понатамошни анализи би било корисно за македонскиот јазик да се разгледа лексичкото окружение на секој од овие предлози и да се испитаат неговите поконкретни семантички особености кои ја условуваат употребата на предлозите *преку, низ, по*.

Скратеници за ексцерпирани книжевни дела

CA – CAMUS, Albert. *L'Étranger*. https://www.anthropomada.com/bibliotheque/CAMUS-Letranger.pdf
GEGJ – GONCOURT Edmond de GONCOURT Jules de, *Madame Gervaisais*, 1869. (Frantext)
VJ – VERNE, Jules, *Le Tour du monde en quatre-vingts jours*, 1873. (Frantext)
JA – JARRY, Alfred, *Ubu Roi*, 1895. (Frantext)
FG – FLAUBER, Gustave. *Bouvard et Pécuchet*. https://www.vousnousils.fr/casden/pdf/id00274.pdf
ФГ – Флобер, Гистав. 2012. *Бувар и Пекише*. (превод на македонски јазик: Маргарита Маленкова). Скопје. Три.

Користена литература

Атанасов, П., Попоски, А., Димовска-Калајлиевска, Љ. 1992. *Француско-македонски речник*. Скопје: Македонска книга, Просветно дело.
Конески, Б. 1987. *Граматика на македонскиот литературен јазик*. Скопје: Култура.
Марковиќ, М. 2012. „За некои функции на предлогот *за* во македонскиот јазик". *XXXIX Научна конференција на XLV Меѓународен семинар за македонски јазик , литература и култура. Лингвистика.* Охрид, 20-21 јуни, 165-172.
Станковић, С. 2016. *Француско-српске лингвистичке паралеле*. Ниш: Филозофски факултет Универзитета у Нишу.
Aurnague, M. Stosic, D. 2002. „La préposition par et l'expression de déplacement. Vers une caractérisation sémantique et cognitive de la notion de trajet". *Cahiers de Lexicologie* 81/2, 113-139.
Charaudeau, P. 1992. *Grammaire du sens et de l'expression*. Paris: Hachette Éducation.
Grevisse, M. 1988. *Le bon usage*. Paris: Duculot.
Laur, D. 1993. « La relation entre le verbe et la préposition dans la sémantique du déplacement. » *Langage (La couleur des prépositions)* n°110, juin, 47-67.
Melis, L. 2003. *La préposition en français.*Paris : Ophrys.
Piper, P. 1997. *Jezik i prostor*. Biblioteka XX vek, knj.91. Beograd: Čigoja štampa, http://elibrary.matf.bg.ac.rs/bitstream/123456789/992/PredragPiperJezikIProstor.pdf?sequence=1
Spang-Hanssen, E. 1993. « De la structure des syntagmes à celle de l'espace; essai sur les progrès réalisés dans l'étude des prépositions depuis une trentaine d'années » *Langage (La couleur des prépositions)* n°110, juin, 12-26.

Stosic, D. 1999. *Etude de la préposition par en français: sens spatial*. Mémoire de DEA, Université de Toulouse-Le Mirail, Toulouse.
Stosic, D. 2002. *"Par" et "à travers" dans l'expression des relations spatiales: comparaison entre le français et le serbo-croate.* Thèse de doctorat. Toulouse: Université de Toulouse-Le Mirail. https://tel.archives-ouvertes.fr/file/index/docid/272907/filename/stosic_these-pdf.pdf
TLFi -Trésor de la langue française informatisé, http://www.atilf.fr/tlfi, ATILF - CNRS & Université de Lorraine.

Irina BABAMOVA

LES EMPLOIS SPATIAUX DE LA PRÉPOSITION FRANÇAISE *PAR* ET LEUR EXPRESSION DANS LA LANGUE MACÉDONIENNE

Résumé

Nous nous proposons dans cet article d'aborder l'emploi spatial, ou plutôt, les emplois spatiaux de la préprosition *par* et d'en déterminer les équivalents dans la langue macédonienne. Le cadre théorique général est celui de la théorie des localisatons sémantiques approfondie et concrétisée dans les travaux de Piper, ainsi que dans les approches de Charaudeau et Stosic. En partant de la classification typologique des emplois spatiaux de la préposition *par* établie par Stosic, et en se basant sur un corpus d'examples tiré d'ouvrages littéraires en français et traduits en macédonien, nous essayons de déterminer les équivalents macédoniens de chacun de ces emplois. L'analyse de notre corpus nous permet de confirmer que l'expression des relations spatiales établies par la préposition *par* ne prend pas la forme d'un équivalent unique dans la langue macédonienne, mais de plusieurs équivalents parmi lesquels figurent les prépositions macédoniennes *ѿреку, ѿо, низ, на,* ainsi que certains compléments adverbiaux.

Mots clés: préposition *par*, relation spatiale, langue française, langue macédonienne, prépositions *ѿреку, низ, ѿо, на*, grammaire contrastive

Македонски јазични теми

UDC 811.163.3'373.611

Марјан МАРКОВИЌ
Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје
markovic@ukim.edu.mk

АНАЛИЗА НА ФОРМАЛНАТА И СЕМАНТИЧКА ДЕРИВАЦИЈА НА ПРАСЛОВЕНСКИОТ КОРЕН **VЪRT-* ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Семантичката деривација претставува процес во јазичната еволуција преку кој може да се набљудува системскиот пренос на информации од семантичкиот континуум во лексиконот на јазикот. Семантичката деривација овозможува анализа на хронолошкиот развој на семантичките компоненти вградени во лексичките единици. На тој начин можеме да утврдиме како од појдовната семантика (значење) на дадениот корен до значењето на анализираниот назив нараснуваат, поттикнати од амбиенталното окружување, асоцијативни низи во кои се содржани основните семантички компоненти.

Во текот на јазичната еволуција основните семантички компоненти претставуваат нераскинлива врска со формалните деривати од соодветниот корен. Овој став ќе го поткрепиме потпирајќи се на антропоцентрично-спацијалната теорија за јазикот, односно ќе се обидеме да ги верификуваме поставките дека низ процесите на семантичка деривација може да се набљудуваат асоцијативните низи кои често водат потекло од основните човечки дејства, состојби и движења. Тие асоцијативни низи ги задржуваат основните семантички компоненти пренесувајќи се од човекот, просторот, времето, што го претставуваат реалниот свет, па сè до мисловното, апстрактното, метајазичното, претставувајќи го менталниот свет.

Семантичката деривација е во постојана интеракција и со „хаотичниот“ сегмент на јазичната еволуција, овозможувајќи влез на лексички единици неповрзани со заеднички семантички компоненти, при што тука, пред сè, главна улога имаат природните, културните, општествени-

те и цивилизациските влијанија кои претставуваат главен извор на асоцијативно поврзување. Овие лексеми влегуваат директно во лексиконот и не се меѓу себе поврзани со заеднички семантички компоненти. Од друга страна, дел од лексемите навлезени под влијание на околината/амбиентот си го наоѓаат своето место на дендритите на семантичката деривација преку поврзување на семантичките компоненти.

Доколку се набљудува јазичната еволуција на македонскиот јазик, може да се забележат две тенденции: едната оди во правец на зачувување и континуирање на наследените словенски карактеристики (како во граматичкиот, така и во лексичкиот систем), а другата тенденција оди во правец на постојана адаптација на јазичната структура мотивирана од непосредниот контакт со другите балкански јазици. Граматичкиот систем се модификува и се појавуваат потранспарентни граматички показатели за оние семантички категории кои се најважни за воспоставување поеднозначна и појасна комуникација. Лексичкиот систем постојано се надополнувал со нови елементи и се прилагодувал на непосредните културни и општествени влијанија, а особено во периодот на интензивниот меѓујазичен контакт во рамките на балканската јазична заедница.

При анализата на лексичките средства кои пренесуваат информација од семантичкиот континуум, доаѓаме до заклучок дека голем дел од прасловенските глаголски основи кои се однесуваат на прототипните човекови позиции, движења и активности со рака, најдобро го покажуваат овој процес и овозможуваат хронолошко следење на нивната формална и семантичка деривација. Тој процес овозможува да се набљудуваат и анализираат деривациските дендрити кои во себе ги задржуваат основните (одликувачки) семантички компоненти.

Семантичката компонента ’преместување (на човекот) во просторот’ на словенската територија се реализира на различен начин, а почетоци на таа диференцијација ги наоѓаме веќе на етапа на прасловенската јазична заедница. Формалните показатели на предикатот ’(се) движи’ се доста различни во словенските јазици, но, сепак, сите тие во себе ја носат истата семантичка компонента ’преместување во просторот’ – прототипно поврзана со човекот, а потоа преку процесите на семантичка деривација пренесена и во менталниот свет на човекот.

1. Етимолошка анализа

Прасловенскиот глаголски корен ***vьrt-*** е еден од оние глаголски корени коишто го означуваат преместувањето на човекот во просторот, со основно значење на ‘кружно движење (околу својата оска), менување на правецот’. Тие значења на некој начин се надоврзуваат на значењата на другите глаголски корени кои се однесуваат на основното преместување на човекот во просторот, што го содржат предикатите од типот

‘оди’, ‘движи (се)’, ‘трча’... Во таа група спаѓаат и предикатите од типот ‘паѓа’, ’станува,’ ‘седнува’, ’води’, ’следи’, каде што покрај семантичката компонента ‘основно човеково преместување во просторот’ е вграден и правецот на просторната оска: кон долу, кон горе, кон напред, зад ’првиот човек’ и слично (Марковиќ, Тополињска 2019). Во однос на етимолошкото потекло, од глаголската коренска основа се развива глаголската форма **vьrteti, vьrtjǫ* со основно значење на ’кружно движење (околу својата оска)/промена на правецот’ (Skok 1971: 631). Етимолошки, прасловенскиот корен ****vьrt-*** е поврзан со индоевропскиот корен **wert-* (лат. v*ertere*), а се јавува и во балтичките јазици: лит. *versti*, лет. *verst* (Buck 1949: 664, Mallory & Adams 2006: 378). Прасловенскиот глаголски корен ****vьrt-*** се јавува и со превојната форма ****vort-***, кој по пат на метатеза на ликвидите ги дава основните глаголски форми *враши, враќа* (мак.)*, враћити* (срп.)*, воротить* (рус.)*, wrócić* (пол.)... (Skok 1971: 633).

2. Формална деривација на глаголскиот корен **vьrt-*

а) **vьrt-*

Оваа глаголска основа во македонскиот јазик дала голем број деривати. Таа основа станала продуктивна како за образување свршени, така и за образување несвршени глаголи. Од оваа глаголска основа се развила основната непрефиксирана глаголска форма *(се) врти.* Од неа, пак, се развиле глаголски деривати кои со помош на префиксите и суфиксот *-ува* образувале видски парови: *(се) врти, вртка, сврти – свртува, заврти – завртува, доврти – довртува, изврти – изврту́ва, исповрти – исповрту́ва, испреврти – испреврту́ва, наврти – наврту́ва, одврти – одврту́ва, поврти – поврту́ва, подврти – подврту́ва, поодврти – поодврту́ва, подзаврти – подзаврту́ва, поразврти – поразврту́ва, преврти – преврту́ва, дозаврти – дозаврту́ва, доизврти – доизврту́ва, проврти – проврту́ва, разврти – разврту́ва...* Продуктивноста на оваа глаголска основа е доста голема во македонскиот јазик и го покрива семантичкото поле коешто во дел од словенските јазици го покриваат (и) други предикати: *окрета́ти* (срп.), *obracać, kręcić się* (пол.), *točit, otáčet* (чеш.)... Во рамките на именските и придавски деривати, би ги издвоиле следниве: *вртеж, вртлог, осврт, пресврт, вртелешка, вртелка, врталиште, сврталиште, вртлив, превртлив,* како и сложенките*: вртоглавица, вртоглав, вртивера, вртикапа, вртоперка, вртикуќа, вртимушка, вртипот...* Со суфиксот за перфективизација **-н-** се образувани глаголските форми *осврне – осврнува, обрне – обрнува...*

б) **vort-*

Овој превоен степен на прасловенскиот глаголски корен ****vьrt-*** исто така е продуктивен и дава бројни деривати во македонскиот јазик. Основниот

глаголски пар е *врати – враќа*, а изведените глаголски деривати се следниве: *возврати – возвраќа, заврати – завраќа – завратува, наврати – наврака – навратува, одврати – одвраќа – одвратува, повратн – повраќа, сврати – сврака,...* Од именските и придавските деривати, би ги навеле следниве: *врат, наврат, неврат, неповрат, превврат, поврат, повратник, развврат, одвратен, повратнички, неповрашен...* Со испуштено -в- се среќаваат глаголските форми *обрати – обраќа, преобрати – преобраќа*, *обрне – обрнува*, а од именските и придавските деривати би ги издвоиле *обрат, обратно, преобратен*. Вреди да се спомнат уште два стари деривати, а тоа се *вретено* (Skok 1971: 622) и *време*, според семантичка компонента ‘вртење/циклус на сезоните’ (Buck 1949: 955).

3. Семантичка деривација на глаголскиот корен **vьrt-*

Како и кај повеќето прасловенски глаголски корени кои се однесуваат на основните човекови позиции, движења и активности со рака, така и кај прасловенскиот глаголски корен ****vьrt-*** одликувачката вградена семантичка компонента прототипно е поврзана со човекот и неговиот однос/активност во рамките на просторот. Во овој случај се однесува на ***човековото преместување во просторот.*** Токму поради прототипната поврзаност со човекот и неговото преместување во просторот, основната семантичка компонента вградена во коренот лесно може да се пренесе низ материјалниот свет, потоа преку општествено-цивилизацискиот, па сè до менталниот свет. Доколку ја развиеме прототипната вградена семантичка компонента, можеме да забележиме дека таа може да се раздели на две семантички нишки од кои секоја е преставена со различен превоен степен на коренот ***vьrt-***. Имено, основниот глаголски корен ***vьrt-*** ја води семантичката нишка на ’кружно движење (околу својата оска) и/или промена на правецот на движење’, додека превојниот степен ****vort-*** во себе ја нема семантичката компонента ’кружно движење околу својата оска’, туку доминантна е семантичката нишка на ’преместување во просторот со менување на правецот (и доаѓање до почетната точка)’.

3.1. **vьrt-*

Основната (одликувачка) семантичка компонента содржана во прасловенскиот глаголски корен ****vьrt-*** би можеле да ја сведеме на две поврзани семантички нишки: ’кружно движење во просторот околу својата оска’ и ‘промена на правецот на движење’, првично поврзани со човековото совладување на просторот, а потоа преку процесите на формална и семантичка деривација пренесена и во материјалниот и менталниот човеков свет.

Примери[1]:

а) реален свет

1. ***Се врти*** *на другата страна.*
2. *Одеа по главниот пат, па потоа* ***свртеа*** *лево.*
3. *Тие таму* ***вртат*** *за дома.*
4. ***Се исповрте*** *да видат што се случува.*
5. *Грнчарот го* ***врте*** *колцето со нога.*
6. *Го* ***заврте*** *воланот за цел круг.*
7. *Ги* ***врти*** *страниците од книгата.*
8. ***Се заврти*** *кон црквата и се прекрсти.*
9. *Ги* ***одврти*** *последните страници на книгата.*
10. *Песот* ***изврти*** *околу нас неколку пати.*
11. *Ја* ***испреврти*** *собата и не го најде документот.*
12. *Го* ***одврти*** *чепот на бочвата и виното истече.*
13. *Ја* ***преврти*** *тортата врз чинијата.*
14. *По цел ден* ***се врти*** *во кујната.*
15. *Моторот имаше голем број* ***вртежи****.*
16. *На метро до брегот, матицата на реката прави* ***вртеж****.*

б) ментален свет

1. *Во таа работа* ***вртат*** *голем капитал.*
2. *Ги* ***врти*** *зборовите како што му одговара.*
3. *Таа го* ***врти*** *како што сака.*
4. *Смеата* ***се врти*** *на плачка.*
5. *Расправата* ***се врти*** *околу платите.*
6. ***Свртеа*** *на играње.*
7. *Времето* ***заврте*** *на снег.*
8. *Новинарите ги* ***извртеле*** *моите зборови.*
9. *Им се* ***навртија*** *со лоши зборови.*
10. *Таа не* ***обрна*** *внимание на неговиот гест.*
11. *Таа го* ***преврти*** *неговиот живот.*
12. *Дојде до* ***пресврт*** *во економскиот развој.*
13. *Тој критички се* ***осврна*** *на новите изданија.*
14. *Краток* ***осврт*** *на јазичните особености.*
15. *Дојде до* ***пресврт*** *во економскиот развој.*

Примерите покажуваат дека во реалниот свет доминантна е семантичката компонента ’кружно движење во просторот околу својата оска’ и ‘промена на правецот на движење’ (*Се врти на другата страна; Одеа по главниот пат, па потоа свртеа лево.*), која од човекот и неговото ’преместување во просторот’ се пренесува и на другите сегменти од

[1] Македонските примери се преземени од *Дигиталниот речник на македонскиот јазик* (http://www.makedonski.info/).

реалниот свет (*Грнчарот го вртеше колцето со нога; Ги врти страниците од книгата.)*. Кај примерите кои се однесуваат на менталниот свет, семантичка компонента се воопштува и ја губи компонентата ’простор’ што овозможува поголема метафоризација на семантичкиот концепт ’движење/преместување/менување’.

3.2. **vort-*

Како што спомнавме погоре, основната (одликувачка) семантичка компонента содржана во превојниот степен ****vort-*** е ’преместување во просторот со менување на правецот (и доаѓање до почетната точка)’, додека семантичката компонента ’кружно движење околу својата оска’ овде не е застапена, што се огледа во сите деривати, како во материјалниот, така и во менталниот човеков свет.

Примери:

а) реален свет

1. *Лазејќи, пак* ***се врати*** *во постелата.*
2. ***Се врати*** *од фронт.*
3. *Ми рече дека ќе ме* ***врати*** *дома.*
4. *Ги* ***вратиле*** *нивните стројници.*
5. ***Врати*** *ми одговор на писмото.*
6. *Ми ги* ***врати*** *паричите.*
7. *Утре ќе* ***навратиме*** *кај тебе.*
8. *Селаните ја* ***одвратија*** *реката за да не им ги поплави насадите.*
9. *Само што излезе, таа го* ***повратн***.
10. ***Свратив*** *само да те видам.*
11. *На секој* ***повратн*** *дома, стражарот ме загледуваше.*

б) ментален свет

1. *По лекувањето, говорот му* ***се врати***.
2. *На Струга ѝ* ***се врати*** *спокојот.*
3. *Јас не* ***возвратив*** *на нејзините наредби.*
4. *Пак* ***се навратија*** *на истото прашање.*
5. *Таа ме* ***одврати*** *од намерата да заминам.*
6. *Го понудија со ракија, да* ***се повратн***.
7. *Му* ***се обрати*** *на момчето со висок тон.*
8. *Во текот на работата настана неочекуван* ***обрат***.
9. ***Се обрати*** *во друга вера и замина од градот.*
10. *На неколку* ***навратн*** *им испраќаа помош.*
11. *Доби помош без* ***повратн***.

Како што може да се види од примерите, во првиот блок примери (реален свет) доминантна е семантичката компонента ’преместување во просторот со менување на правецот (и доаѓање до почетната точка)’, при

што префиксираните глаголи носат мала семантичка модификација во однос на правецот (*на-, оǫ-, по- с-*) на преместувањето. Од друга страна пак, при преносот на основната семантичка компонента од реалниот во менталниот свет, се губи просторната компонента, но таа останува како општ концепт ’движење > промена – до почетната точка’, за што сведочат и горните примери.

Заклучок

Од спроведената анализа на формалната и семантичка деривација на прасловенскиот глаголски корен ***vьrt-*** може да се заклучи дека оние глаголски корени кои во себе носат вградени семантички компоненти прототипно поврзани со човекот и неговиот однос кон просторот (позиција, движење, преместување во просторот, активности со рака) имаат најголем потенцијал преку метафоризација и асоцијација да се пренесат од реалниот човеков свет до менталниот/апстрактен свет.

Основните глаголски предикати изведени од овој прасловенски глаголски корен (*врѿи* и *враѿи*), по својата прототипната семантичка компонента ’човеково преместување во просторот’ може да ги приклучиме кон предикатите од типот ‘оди’, ‘движи (се)’, ‘трча’, паѓа’, ’станува,’ ‘седнува’ ’води’ ’следи’, и др., кои, исто така, во себе ја имаат вградено таа основна семантичка компонента. Како што веќе споменавме, покрај основната, во некои од нив се вградени и семантички компоненти во однос на правецот на просторната оска: кон долу, кон горе, кон напред, зад ’првиот човек’. Кај дериватите изведени од прасловенскиот глаголски корен ***vьrt-***, тие семантички компоненти се однесуваат на ’кружно движење (околу својата оска)’ и ’преместување во просторот со менување на правецот (и доаѓање до почетната точка)’.

Во реалниот свет и двете семантички компоненти се цврсто вградени во соодветните глаголски, именски и придавски деривати, додека во менталниот свет концептот за ’простор’ се губи и на површина избива семантичката компонента ’движење/преместување/промена’ во најопшта метафорична смисла.

Сето ова, од една страна ни ја потврдува антропоцентрично-спацијалната поставеност на човековиот јазик, а од друга страна ни покажува во колкава мера македонскиот јазик го вградил во својот лексички систем богатото прасловенско наследство и механизмите на формалната и на семантичката деривација. Исто така, низ оваа анализа можеме да проследиме како македонскиот јазик ги искористил и наследените а и сопствените механизми (за видска и формална деривација) за да може уште подлабоко да ја истакне семантичката диференцијација притоа обидувајќи се што поверно да ја отслика концептуализацијата на светот, а притоа постојано адаптирајќи се во однос на влијанијата од непосредната околина.

Литература

Велева, С. 2006. *Тенденции во зборообразувањето во македонскиот јазик*, Скопје.

Видоески, Б. 1994. „Модели на имперфективни глаголи“, *XX научна дискусија на меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 30.VII - 13.VIII. 1993 година*, 29-44, препечатено во *Дијалектите на македонскиот јазик,* том 3, изд. МАНУ, 1999.

Голомб, З. 1970. „За ‘механизмот’ на словенско-романските односи на Балканскиот полуостров“, *Македонски јазик* XXI, 115-132.

Конески, Б. (ред.). 1986. *Речник на македонскиот јазик со српско-хрватски толкувања.* Скопје: Македонска книга.

Конески, Б. 1981. *Граматика на македонскиот јазик*. Скопје: Култура.

Конески, К. 2003. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик,* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески”.

Марковиќ, М., Тополињска, З. 2019. *Македонски ~ полски : Семантичка деривација на одбрани прасловенски корени*, 2019, Скопје: МАНУ,

Мургоски, З. 2011. *Толковен речник на современиот македонски јазик.* Скопје.

Тополињска, З. 2017. „Derywacja sematyczna“, *Путевима речи, Зборник радова у част Даринки Гортан Премк*, Београд: Универзитет у Београду, 341-344.

Фасмер, М. 1986. *Этимологический словарь русккого языка*. Москва.

Фридман, В. 2011. *Македонистички студии*. Скопје: МАНУ.

Boryś, W. 2006. *Słownik etymologiczny języka polskiego.* Kraków: Wydawnictwo Literackie.

Buck, C. D. 1949. (reprinted 1988). *A Dictionary of Selected Synonyms in the Principal Indo-European Languages*. Chicago: University of Chicago Press.

Friedman A.V., 1977. *The Grammatical Categories of the Macedonian Indicative*. Columbus, Ohio: Slavica Publishers, Inc.

Kittila, S., Vasti K., Ylikoski J. (ed.). 2011. *Case, Animacy and Semantic Roles*. Amsterdam/Philadelphia: John Benjamins Publishing Company.

Lyons, J. 1977. *Semantics.* Volumes I, II. Cambridge, England: Cambridge University Press.

Mallory J.P, Adams D.Q. (ed.). 1997. *Encyclopedia of Indo-European Culture*, London and Chicago: Fitzroy Dearborn Publishers.

Mallory J.P, Adams D.Q. (ed.). 2006. *The Oxford Introduction to Proto-Indo-European and the Proto-Indo-European World*, New York: Oxford University Press.

Markovikj, M. 2017. „Околу реструктуирањето на глаголскиот систем во македонскиот јазик (во балкански контекст)“, *Balkanistica: Macedonia past and present : proceedings from the Ninth Macedonian - North American Conference on Macedonian Studies* Vol. 30, issue 2, University, MS : South East European Studies Association, pp. 175-185.

Miklosich, F. 1886. *Etymologisches Wörterbuch der Slavischen Sprachen*. Wien.

Shields, K. C. 1992. *A History of Indo-European Verb Morphology*. Amsterdam /Philadelphia: John Benjamins.

Skok, P. 1971. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*. Zagreb: Jugoslavenska akademija znanosti i umjetnosti.

Sławski, F. 1974. *Słownik prasłowianski I.* Warszawa: Ossolineum, Wydawnictwo Naukowe DWN.

Solecka, K.M. 1983. *Semantyka czasowników ruchu w języku macedońskim*. Katowice: Uniwersytet Śląski.

Topolińska, Z., 1996, “Anthropocentric Language Theory as Organizing Principle of the Slavic Case System,” *Biuletyn Polskiego towarzystwa językoznawczego*,” 52, pp. 57-72.

Topolińska, Z. 2014. *Anthropocentric Case Theory: How are Humans coded in Doscourse?*, The Kenneth E. Naylor Memorial Lecture Series in South Slavic Linguistics, No. 6, Beech Stave Press, New York, USA.

Topolińska, Z. 2015. “Kręte drogi prasłowiańskiego dziedzictwa“, *Zmiana Perspektywy* 95-133, Kraków: PAU.

Topolińska, Z., Markovikj M. 2016. “An insight into the history of Balkan Slavic languages. Macedonian perspective”. *Linguistica Copernicana, Vol. 13,* Toruń. pp. 35-65.

Vidoeski, B. 1997. “Morphological Patterns of Imperfective Verbs in Dialects of the Macedonian Language”, *Balkanistica 10*, pp. 411-429.

Wierzbicka, A. 1972. *Semantic Primitives.* Frankfurt/M., Germany: Athenäum Verlag.

Marjan MARKOVIKJ

FORMAL AND SEMANTIC DERIVATION OF THE PROTO-SLAVIC VERBAL ROOT **VЬRT-* IN MACEDONIAN LANGUAGE

S u m m a r y

The subject of analysis in this paper is verbal root **vьrt-* whose formal and semantic development can be traced from a proto-slavic period. The research is based on anthropocentric-spatial language theory which helps to analyze how the basic semantic component embedded in some verbal roots representing basic human positions, movements and activities with hand, can transfer and rise through evolution of the conceptualization (of the material and mental world). The author analyzes the derivatives of the protoslavic verbal root **vьrt- / *vort-* with embedded basic semantic component 'human relocation in space' and with specific semantic components 'rotation/motion around an axis' and 'relocation in space with changing the direction (and coming back to the source)'. The author also analyzes how the formal verbal and nominal derivatives carry this semantic information through language evolution, both in real and in mental world.

Keywords: Anthropocentric-spatial language theory, Semantic derivation, Macedonian language, Semantics, Verbal roots.

UDC 811.163.3'367.625'37

Станислава-Сташа ТОФОСКА
Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје
stofoska@yahoo.com / stofoska@flf.ukim.edu.mk

ЗА СЕМАНТИКАТА И СИНТАКСАТА НА ГЛАГОЛОТ *МИСЛИ* ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Целта на овој труд е преку анализа на семантиката и синтаксата (синтаксичката реализација на предикатско-аргументската структура) на глаголот **мисли** да ги разграничи неколкуте негови основни значења, т.е. да се изделат одделните предикати претставени преку оваа лексема. При семантичката анализа на примерите со *мисли*, како една од клучните компоненти во диференцијацијата на одделните значења, покрај конкретното лексичко значење на одделните предикати се наметна и видското значење[1], т.е. внатрешната временска организација на ситуацијата претставена со предикатот, односно, типот на ситуацијата означена со *мисли*.

1. Вовед. Појдовни теориски поставки

Глаголот **мисли** е еден од основните глаголи во семантичката класа на глаголи на мислење и спознавање (verba cogitandi), односно глаголите со кои се изразуваат менталните состојби или процеси карактеристични за човекот. Според семантичката класификација на предикатите кај Тополињска (Topolińska 2015, 2017, Тополињска 2018) глаголот **мисли** спаѓа во предикатите од втор ред, кои уште се нарекуваат и *ментални предикати*. Со предикатите од втор ред се информира за внатрешните ментални ставови на човекот (интелектуални, емоционални, волитивни) со кои тој го оценува светот што го опкружува и/или информира за неговата сетилна перцепција на тој свет. Такви се глаголските предикати како *знае, мисли, верува, оценува,вредну*ва, *се восхитува, се радува, се*

[1] Според семантичката теорија за видот на Ст. Каролак: (Каролак 2000, Karolak 1996, 2001).

плаши, сака итн. (Тополињска, ibid). Семантички, прв аргумент кај овие предикати е човекот (или друг персонификуван објект), додека референт на вториот пропозиционален аргумент е некоја ситуација/ настан (Karolak 2002, Topolińska 2015). Тие ситуации/ настани можат да бидат реални или виртуелни.

Менталните предикати се голема семантичка класа глаголи која не е хомогена. Многу истражувачи (филозофи, логичари, семантичари, синтаксичари, лексикографи итн.) тргнуваат од различни критериуми во диференцирањето на глаголите што спаѓаат во оваа класа и прашање е дали воопшто може да се дојде до една класификација во која нема да има преклопувања или пресекувања. Во трудот на Киклевич *Russian mental verbs as a Semantic Class* (Kiklewicz 2017), се претставени различни истражувања и класификации на руските ментални глаголи од повеќе руски лингвисти кои тргнуваат од различни критериуми и сите се согласни дека нехомогеноста на класата доведува до тешкотии во определување на подгрупи со јасно изделени граници меѓу нив. Во своето истражување тој презентира анализа на 543 единици што спаѓаат во класата на руските ментални глаголи, супкатегоризирајќи ги во неколку групи, употребувајќи појдовно два критеруми: 1.природата на менталната функција и 2. временската организација на ситуацијата што ја означуваат ("*time schemata, i.e. type of activity*") (Kiklewicz 2017: 12). И Даниелевичова (Danielewiczowa 2002), во својата продлабочена анализа на глаголите што изразуваат епистемични состојби во полскиот јазик, ги определува менталните глаголи како глаголи што означуваат *состојби, процеси* и *операции* во умот на човекот (Danielewiczowa 2002: 21). Глаголот *myśleć (мисли)* со едно од своите значења (*myśleć_że*) спаѓа во епистемичните глаголи што означуваат ментални *состојби* (Danielewiczowa 2002:121), што кореспондира со нашето диференцирање на различните значења на *мисли* во македонскиот јазик.

Глаголот **мисли** (think), според Вјежбицка (Wierzbicka 1996), спаѓа во четирите универзални ментални предикати што претставуваат семантички примарни единици (semantics primitives), покрај *знае, сака* и *чувствува.* Според неа, тие се толку основни и интуитивно се разбираат сами по себе (како концепт) што секое нивно толкување односно дефинирање само повеќе го компликува нивното разбирање. Тоа лесно се докажува со разгледување на нивните дефиниции во речниците, во кои овие лексички единици се објаснети со најнепосакуваните лексикографски дефиниции што претставуваат „затворен круг". Таа наведува пример од еден речник на англискиот јазик (The American Heritage Dictionary of the English Language), во кој при толкување на глаголот *to think* (мисли) се користи именката изведена од него − *thought* (мисла), а во дефинирањето на именката се користи партиципот *thinking* итн. На пр. to ***think***: to have a thought; a ***thought***: the act or process of thinking, cogitation; и ***cogitation*** – 1. the thoughtful consideration; 2. a serious thought. (Wierzbicka 1996: 48).

Слично важи и за толкувањата на глаголот *мисли* во речниците на македонскиот јазик (Толковниот речник на македонскиот јазик – ТРМЈ, Дигиталниот речник на македонскиот јазик –ДРМЈ и Речникот на македонскиот јазик од Зозе Мургоски – РМЈ) во чии дефиниции на одделните значења се среќаваат именките *мисла* и *мислење* или од него изведениот синонимен глагол *размислува*. Така, на пр. во ТРМЈ и ДРМЈ меѓу значењата на глаголот **мисли** се среќаваат следните: 1. *Со работа на разумот формира мисли, поими, судови;* 2. *Смета, проценува, има мислење.* и др., а во РМЈ, во првото значење на мисли е наведено толкувањето 1. *е на мислење дека...* итн. Од друга страна, при дефинирањето на именката **мисла** се користи глаголската именка *мислење,* па така *мисла* се дефинира како: 1. производ на мислење, идеја, претстава итн. А именката мислење е дефинирана како 1.процес на размислување, умствена активност; 2. способност или моќ за размислување итн.; Во едно од значењата на глаголот **размислува** во РМЈ се среќава именката *мисла/-и*: 1. разгледува во мислите, особено со цел да донесе решение; посветува внимание на...(РМЈ, Мургоски) итн.

Анализирајќи ја семантиката на глаголот *мисли* во македонскиот јазик, дојдов до заклучок дека една од клучните работи во изделувањето на неговите основни значења е типот на ситуацијата што ја означува и нејзината внатрешна временска организација (т.е. видското значење, според семантичката теорија за видот од Станислав Каролак (Karolak 1996, 2001; Каролак 2000). Во овој труд ќе се осврнам на основните значења на ***мисли*** разграничувајќи ги со користење на овие два критериуми 1. лексичката семантика на предикатот, поконкретно карактерот на менталната функција на субјектот и 2. видската семантика на предикатот, односно временската организација на ситуацијата и типот на ситуација претставена со глаголскиот предикат. Кај секое од овие значења, односно, одделни предикати, ќе биде претставена и синтаксичката реализација на нивните предикатско-аргументски структури.

Основната поделба на типовите ситуации се врзува со карактеристиката *динамичност*, широко прифатена како една од основните карактеристики на категоријата вид (аспект) според која глаголските предикати се делат на такви што означуваат *статични* и *динамични* ситуации. За статичните ситуации е општоприфатен називот *состојби* и тие означуваат ситуации кои покажуваат мала или никаква промена во текот на времето (Chung S., Timberlake A., 1985: 214, Падучева 1996: 86, Апресян 2000 б: XLI). За динамичните ситуации е карактеристично дека се менуваат со текот на времето, односно не се еднакви во сите фази од нивното траење (сп. Comrie 1993: 48-51). Понатаму *динамичните* ситуации се делат на такви кои немаат внатрешна граница/ логичен крај и такви кои имаат. Во мојата поделба на типови на ситуации, овие 2 типа ситуации се именуваат како *активности* (континуативни динамични ситуации без внатрешна граница) наспрема телични ситуации – *процеси* и *акции*

(динамични ситуации со внатрешна граница). Основната разлика меѓу активностите и теличните ситуации е во хомогеноста на ситуацијата и постоењето на внатрешна граница. *Активностите* се динамични и хомогени ситуации без внатрешна граница (*се смее, плаче, оди, трча* итн.), а *теличните ситуации* се динамични и нехомогени, односно ситуации кои во текот на своето траење поминуваат низ серија од последователни фази кои не се исти и се насочени кон некоја внатрешна граница (сп. Wierzbicka 1967, Orešnik 1994, Падучева 1996, Апресян 2000 и др.).[2]

2. Анализа на глаголот *мисли* во македонскиот јазик

МИСЛИ е формално несвршен глагол и соодветно на тоа континуативната доминанта (несвршеноста) е надредена во сите негови значења. Разликата се појавува во различните типови ситуации што може да се изразат со *мисли*, поконкретно дали со него се означува состојба, активност (со просто контиунативно значење) или теличен процес/акција (сложено видско значење со континуативна доминанта)[3]. Сметам дека како прв критериум за изделување на основните значења на ***мисли*** може да се земе дали ситуацијата изразена со него е статична или динамична,т.е дали се работи за ментална *состојба* на субјектот или некакво ментално *дејство* (ако под терминот *дејство* ги опфаќаме сите динамични ситуации). Понатаму, менталното дејство може да се издиференцира како ментална *активност* или ментален *процес/акција*[4] (како термин за активност на субјектот која е свесна и насочена кон некоја цел, т.е. резултат). Во таа смисла, ги изделувам:

- ***мисли1*** што означува ментална **состојба** којашто претставува статична ситуација и е карактеристика на субјектот (трајна или привремена), непроменлива во текот на периодот за кој се информира (пр. *Ана мисли дека Бог не постои.; Ана мисли дека тој е добар човек.; Порано мислев дека сите луѓешто ги знам се чесни*);
- ***мисли2*** што означува менталната **активност** којашто е динамична ситуација, се менува низ времето, но е сепак хомогена затоа што нема

[2] Повеќе за поделбата на типови ситуации врз основа на различни критериуми в. Tofoska 2015: 525, Тофоска 2017б: 355-356.

[3] Повеќе за простите и сложените видски значења в. Tofoska 2015, Тофоска 2017а, 2017б.

[4] Во моите претходни текстови во кои се разгледуваат теличните глаголи, теличните ситуации ги разделувам на *акции* и *процеси* во зависност од тоа дали развојот на ситуацијата зависи или не зависи, т.е. е под контрола на субјектот или не (Tofoska 2015, Тофоска 2017а, 2017б). Овде, го користам терминот ментален *процес*, како пошироко употребуван во анализите и класификациите на менталните глаголи и како потранспарентен во однос на развојот на теличната ситуација и насоченоста кон резултат, а не тргнувајќи од тоа дали субјектот ја контролира ситуацијата или не.

последователни фази и развој, и не е насочена кон некоја крајна граница, т.е. цел (пр. *Седи и мисли на децата, на мајка си, на иднината*.);

- ***мисли3*** што означува (теличен) ментален **процес/акција** – динамична ситуација насочена кон некоја граница, кон достигнување до некој резултат. Поконкретно, со *мисли3* се означува интелектуалната активност на субјектот (човекот) којашто тој ја презема со некаква цел (пр. *Мислеше долго што да прави и на крај смисли – ќе му ја каже вистината*.).

И Даниелевичова (Danielewiczowa 2002: 28-29), ги разликува менталните активности/дејства (czynności mentalne) наспрема менталните, односно епистемичните состојби (stany epistemyczne), како што таа ги нарекува. Според неа, кај глаголите што изразуваат ментални *активности* клучно е присуството на компонентата што носи информација дека се работи за свесно интелектуално дејство, контролирано од страна на субјектот, односно дека субјектот *прави* нешто. Затоа, според неа, некои темпорални карактеристики на ситуацијата може да се појават кај активностите, а не кај состојбите. Па така, на прашањето *Што прави Петар во моментот?* логичен одговор може да биде реченицата – *Во моментов Петар седи и мисли на мајка си и на својот дом.* (мисли2 – активност), а неможен или нелогичен е одговорот со мисли1 (состојба) – **Во моментов Петар седи и мисли дека нема правда/ дека Бог не постои*. Би можело да се додаде дека семантичката улога на субјектот е различна кај активностите/дејствата наспрема состојбите. Кај првите, субјектот е агенс односно вршител на активноста/дејството, а кај вторите е доживувач или носител на состојбата.

Земајќи ги предвид гореспоменатите два критериума, лексичката семантика на глаголот и временската организација на ситуацијата што ја означува, може да се предложат следните основни значења на глаголот *мисли* во македонскиот јазик.

МИСЛИ 1

Глаголот *мисли1* означува (континутативна) ментална **состојба** на човекот со која тој изразува свој став, вредносен суд, за нешто или некого (во светот околу него). Во ова значење мисли, т.е. **мисли1** е синонимен со предикатите *смета, верува, е убеден во нешто.*

пр. *Сите во групата* ***мислат*** *дека Бог не постои.* (‘Сите во групата *сметаат/ веруваат/ се убедени* дека Бог не постои’)

Му кажав што ***мислам*** *за него.* (‘Му го кажав мојот став/ мојот вредносен суд за него’)

Оваа состојба може да се смета за привремена или трајна состојба на умот на субјектот: Тој отсекогаш *мислел дека Х е паметен*. Тој то-

гаш *мислел шака*, сега *мисли поинаку. Не беше толку паметен колку што мислев. (дека е паметен)*

Семантички, како и кај сите т.н. ментални предикати како прв аргумент се јавува човекот како единствено (за нас познато) суштество коешто има способност со умот да формира ставови. Вториот аргумент е пропозиционален и го изразува ставот што човекот го има за некого или за нешто (предмет на мислењето). Тој став или вредносен суд, оцена на субјектот може да се однесува на постоењето на нешто (постои/не постои) - *Мислам дека Бог не постои. Мислам дека нема поубаво место од Охрид.;* на некоја квалитативна или параметриска карактеристика на нешто/некого (добар, лош, убав, квалитетен, сериозен, голем, висок итн.) - *Мислам дека тој е паметен, убав, добар, отмен, голем, висок итн..;* вистинитоста на нешто (некој настан) во минатото или во сегашноста - *Мислам дека се случило два-три пати некој да си замине порано. Мислам дека во минатото се живеело поквалитетно. Мислам дека сега е право време за одмор.*

Кога ставот, убедувањето на субјектот се однесува на тоа дали нешто ќе се случи или нема да се случи во иднина, *мисли* има значење на претпоставка, но сепак, тоа е моменталната ментална состојба на субјектот (што се заснова на неговото претходно знаење, искуство или сл.), односно претставува негова процена за можноста да се случи таа идна ситуација: *Мислам дека ќе врне. Мислам дека тие ќе дојдат утре.*

Наведувам и неколку примери од литературата[5]:

пр. *Ма, глупости се тоа...“ „**Мислиш** дека не постои такво шише? –*

*Јас **мислам** дека и душите на животните одат на небото и продолжуваат да живеат таму.*

*Само улавите **мислат** дека се видовити.*

*Потоа Клара самоуверено ќе ја измазнеше косата, ќе си пратеше бакнешче во огледалото, се разбира, упатено кон нејзиниот лик, за кој таа **мислеше** дека е крајно отмен, и во цврст од, сигурно ќе закаскаше кон излезната врата.*

*Ќе стане поинтересно. Барем Марија така **мислеше**. И јас така тогаш мислев.*

синтаксичка реализација
1а.мисли дека некој/ нешто е некаков;
1б. мисли + директен говор;
2. мисли нешто за некого/нешто;
3а. мисли некого некаков;
3б. мисли некого за некаков.

[5] Сите примери од литературата се преземени од од корпусот на Дигиталниот речник на македонскиот јазик (http://drmj.eu).

1а. мисли ***дека*** некој/ нешто е некаков

Синтаксички, реализацијата на вториот пропозициален аргумент е најчесто во форма на комплементарна реченица воведена со сврзникот ***дека.***

пр. *Па како го пуштате да шета слободно... -* ***Мислевме*** *дека е излечен... - рече отец Иларион со јад во душата.*

Приспособи се, божем имаш улога во фарсата! А да не ***мислиш*** *дека нам не ни е здодевно и постојано ни е до смеење?*

Мислеше *дека цимерката уште му е лута за неговата неуслужливост, па се инаети и скита некаде.*

Тој отсекогаш ***мислел*** *дека знае што треба да правиме.*

1б. мисли + директен говор

Друга можна синтаксичка реализација на вториот аргумент во ваков случај е директниот говор на субјектот, во кој се содржи предметот, содржината на мислењето, ставот, оцената.

„Сите мандолини се квалитетни“, рече продавачот, „ ***мислам*** *за почетници одговараат.*

Јас ***мислам*** *најдобро е сега да свртиме накај црквата. Таму нема никој.*

Можно е и асиндетонско поврзување (без сврзникот *дека*) на главната реченица со конститутивниот предикат *мисли* со подредената комплементарна реченица, како и кај директниот говор. Обично на таков начин се постигнува поголема живост и емоционалност на исказот.

пр. ***Мислев*** *твоите дождови ме измиваат но овде и тие погубни булки родилки, како мајка сина си ми го отфрлаат телото.*

Се разболев со голема температура и ништо не јадев, само вода пиев, главата ме стегаше, ***мислев*** *ќе умрам.*

2. мисли ***нешто*** за некого/нешто

Според Тополињска (2017: 113), пропозиционалните аргументи чии референти се настаните, често на површината на текстот, преку синтаксички и морфолошки процедури, може да се формализираат како предметни аргументи и тогаш претставуваат кондензирани, семантички (и формално) осиромашени пропозиции, соодветно адаптирани за новата улога (на предметни аргументи). Кај *мисли*, како номинализирана трансформа на целата пропозиција во рамки на друга реченица се појавуваат заменките *тоа, нешто* и сл. или супстантивизираните придавки како *истото, спротивното* итн. пр. *Му кажав дека мислам дека е будала*

>Му кажав шшо ***мислам*** *за него. Ти го* ***мислиш*** *шоа, а јас го* ***мислам*** *спросшивносшо.*

Примери:

Сешо шоа шшо го ***мислев*** *во шој миг ми изгледаше и како возможна висшина и како најобична глупосш.*

Кога влеговме во нашиош двор, шаа засшана и ми го рече она шшо го ***мислеше*** *цело време: - Сакам да посадиме во дворош жива елка!*

Тоа шшо го ***мислиш*** *никогаш не влегува докрај во зборош.*

Кловношш шоа го ***мисли****, шоа сака да го каже, само не може.*

Се надевам дека и вашаша ценеша сопруга го ***мисли*** *исшошо?*

Како и кај другите ментални предикати, на површината на текстот може да се извлече и т.н. *шема* на мислењето, ставот/оценката (според Вјежбицка, „психолошка тема/топик“) којашто синтаксички се реализира со предлогот ***за*** + именска група.[6] Најчесто, оваа реализација на *мисли1* се јавува во прашања со кои се бара став, оцена (мислење) од некого ***за*** нешто (темата на мислењето), односно авторот на текстот сака да знае каква е оцената на субјектот за карактеристиките на нешто/некого (предметот на мислењето). Но, таква реализација, иако поретко (освен во разговорниот јазик) се среќава и во исказни реченици, како на пр. *За него* ***мислам*** *сè најдобро/ само добри рабошши* итн.

пр. *Шшо* ***мислиш*** *за онаа елегија?*

Пошоа ме погледна како да сум негде далеку и рече: - Шшо ***мислиш*** *за шој човек?*

Шшо ***мислиш*** *за мојаша нова фризура?- Мислам дека ши е одлична.*

3а. мисли ***некого*** *некаков*; 3б. мисли ***некого*** *за некаков*

Постои уште една синтаксичка реализација на *мисли1* најчесто кај комплементарните квалификативни реченици, односно кај речениците со кои се искажува став за нечија квалитативна карактеристика, а имено, тоа е кога темата на ставот (тој за кого се искажува мислењето/ ставот/ оценката) се „промовира“ во директен објект:

пр. *Мислам дека* ***шој*** *е паметен. Мислам* ***за него*** *дека е паметен.>* ***Го*** *мислам* ***него*** *паметен >* ***Го*** *мислам него* ***за*** *паметен.*

Во овој тип реченици уште повеќе доаѓа до израз синонимноста на предикатот *мисли1* со предикатот *смешша*, кај кој една од типичните син-

[6] In addition to the complements some mental predicates open a slot for what we might call a “psychological topics” for ex. “to think ABOUT something and to know ABOUT something. These psychological topics co-occur with the psychological complements to *think* **stg** ABOUT *stg*, respectively to know **stg** ABOUT *stg* (Wierzbicka 1996:120).

таксички реализации е ‘некој некого смета за некаков’: *Смешам дека е пашешен. Го смешам пашешен. Го смешам за пашешен*. Често, овој тип реализација се појавува во реченици со кои авторот на текстот соопштува дека претходно имал одреден став/оценка за некого, кој потоа се покажал како погрешен*: Го* ***мислев*** *(за) пашешен, а шој исшадна будала. Сише го* ***мислеа*** *чесен, а шој излезе најголем измамник.* Покрај овие примери во кои пропозиционалниот аргумент (Мислев/сметав дека *шој е пашешен*) се кондензира до придавката (*пашешен*, *чесен*), се среќаваат и други примери во кои пропозиционалниот аргумент на *мисли1* се кондензира до партиципот како конститутивен член на соодветната пропозиција. *Сише* ***мислеа*** *дека шој е излезен. Сише го* ***мислеа*** *излезен, а шој сшиеше; Те* ***мислев*** *заминаш, а ши шука си бил!*

МИСЛИ2

Мисли2 означува таква ***меншална акшивносш*** на човекот кога тој станува свесен за некои факти, случки, искуства, луѓе и го насочува своето внимание на нив. Насочувањето на вниманието на нешто/некого, секако значи дека во умот на субјектот „поминуваат“ многу оформени и неоформени ставови, идеи, желби во врска со различни претходни или идни ситуации поврзани со објектот на вниманието. Притоа, менталната активност на субјектот не претставува последователна низа на потситуации (фази од ситуацијата) и таа нема крајна граница. Пр. *Цел ден* ***мислам*** *на него. Таа* ***мисли*** *на децата, мисли за животот, мисли за проблемот што треба да го реши.* Токму затоа што со *мисли2* не се укажува на внатрешната структура на активноста претставена со него и на предметот (содржината) на мислењето, туку фокусот е „објектот“ на вниманието (човек, настан, идеја итн.), вториот аргумент е предметен и со него се искажува темата на активноста (*мисли2*). Синонимен на *мисли2* е предикатот *размислува* (за нешто/некого).

синтаксичка реализација 1.мисли ЗА/НА + (некого/ нешто)
2. мисли ЗА/НА тоа што

Синтаксички, вториот аргумент најчесто се реализира како ИГ со предлогот ***за*** или ***на*** со која се укажува на кого/ на што е насочено вниманието. Најчесто ИГ е претставена преку именка што ја претставува темата на менталната активност. На пр. *мисли на/за животот, смртта, иднината, тебе, твоите очи, мечките* итн.). Но, доколку темата на „мислењето“ е дел од друга реченица, тогаш пропозиционалната содржина може да се реализира и како предметен аргумент, при што нејзината идентификација се реализира преку составот од показна и релативна заменка, за *тоа... што* и сл., којшто ја извршува функцијата на оператор на референција (*shifter*).(сп. Тополињска 2017: 113). На пр. ***Мислам*** *за/на тоа што ми го рече вчера.*

Примери:

1.мисли + ЗА/НА некого/ нешто

пр. *Така си **мислам** за смрта, ама си **мислам** и за домашните. Може затоа и ми се суши устата.*

*Благоја лежи неподвижно и **мисли** за животот на простиот човек за кого коњот значи колку и судбата на неговата челад.*

*Постојано **мислев** на дедо ми, кој, како што рече татко ми, „се враќа во своето детство“.*

*Денес останав жив можеби затоа што постојано **мислев** на тебе.*

2. мисли + ЗА/НА тоа што...

пр. *Овде сум вистинскиот Арсо, лежам и **мислам** за тоа што не било и не може да биде. **Мислам** за тоа што ќе се случи утре.*

*Не зборуваа за тоа на што **мислеа** и двајцата. Очекуваа.*

МИСЛИ3

Мисли3 означува (теличен) ментален **процес**/акција – таква насочена ментална активност на човекот што тој ја врши со одредена цел, која ако се достигне, ќе дојде до резултат – нова ситуација (по дефиниција ова е телична ситуација). Целта на менталната активност, т.е. на процесот може да биде донесување одлука, решение во врска со некое прашање што субјектот си го поставува или проблем што го има, односно, оформување став, вредносен суд за нешто или за некого итн. И *мисли3* е синонимен со предикатот *размислува,* но со тоа негово значење кога вториот аргумент се реализира како пропозиција (*размислува* + зависнопрашална реченица итн.).

пр. ***Мислев** што треба да направам следно. Сите **мислевме** како да се спасиме од неволјата во која се најдовме. Веќе цела година таа **мисли** каде да студира. **Мислеше** дали е паметно да му се претстави. **Мислам** кој пат да го фатам/ кој пат е подобар.*

Овој тип на ситуација (телична) претставена со *мисли3* логично завршува со доаѓање до заклучок, до некој резултат (се разбира, ако ситуацијата дојде до својот крај). пр. *Долго **мислев** што да правам, но на крај смислив. **Мислев, мислев** и дојдов до три хипотези. **Мислев, мислев** и ништо не решив.*

Основната разлика меѓу *мисли2* и *мисли3* е во отсуството/присуството на *цел* на менталната активност (***Мислам** за смислата на животот.* vs ***Мислам** како да му дадам смисла на животот.*), односно, непостоењето/постоењето на крајна граница на ситуацијата, по која ќе настане нова ситуација Друга разлика меѓу *мисли2* и *мисли3* е во задолжител-

ното присуство на волја и свесно преземање на активноста кај *мисли3*. Така, кај *мисли2* активноста може да почне и независно од волјата на субјектот: *Одеднаш, пак почнав да* ***мислам*** *за животот досега, за иднината, за смртта. Шумовите во собата го тераа да* ***мисли*** *на Јана и да ја сонува...* Од друга страна, кај *мисли3* субјектот свесно и со волја ја презема активноста токму поради поставената цел која се стреми да ја достигне/оствари: сп. *Без да сакам, пак* ***мислам*** *за животот досега и за иднината* (мисли2) : **Без да сакам,* ***мислев*** *што треба да направам следно.* (мисли3)

Семантички, и овде како прв аргумент може да се јави само човекот, додека вториот аргумент ја содржи пропозицијата којашто е предмет на мислата, односно причината поради која субјектот ја врши таа активност. Синтаксички, вториот аргумент се реализира како зависноп-рашална реченица со прашалните зборови (заменки или партикули) што се однесуваат на тоа *дали* нешто треба да се направи, *што* треба да се направи, *кој* треба да направи нешто, *како, кога, каде* итн. треба да се направи и сл.

синтаксичка реализација: 1.мисли + зависноп-рашална реченица (со прашалната партикула *дали* и заменските зборови *што, кој, како, каде, кога* итн.)

Примери:

Мислил *што да учини, да се курТулиса от тој плен.*

Думал, ***мислел*** *Силјан, како да прави, дали да им се јави, дали назад да се врати...*

Се раѓам јас и сите застанале да ***мислат*** *како да ме одбранат од лошите наречници.*

Мислев *како да го наведам разговорот на жената што дојде со тетка Рајна, но ништо не ми доаѓаше на памет. -*

Многупати ноќум се будев и ***мислев*** *кој камен каде да се стави, каде да се поткрши, каде не.*

Како други значења на глаголот *мисли*, се изделуваат и оние во кои покрај интелектуалната, се вклучува и некоја друга компонента карактеристична за менталните предикати воопшто, поконкретно волитивната и емоционалната. Таквите значења на мисли овде ги претставувам преку предикатите *мисли4* и *мисли5*.

МИСЛИ4

Мисли4 е едно од деривираните значења од *мисли2* кое се издвојува по тоа што во неговата семантика е вклучена волитивната компонента присутна кај субјектот, во насока на тоа дека тој има намера да прави/

направи нешто. Вториот аргумент кај ова значење на *мисли* е пропозицијата во која е претставена содржината на таа идна ситуација којашто е желба на субјектот и која тој планира да ја оствари. За разлика од желбата (како кај *сака1*, в. Тофоска 2018), намерата подразбира поголема решеност и идеја, план за спроведување на идната, замислена акција или состојба. *Мисли4* е синонимен со предикатите како *планира ѓа, има намера ѓа,* па дури и со *сака ѓа.*

Во синтаксичката реализација на *мисли4*, вториот аргумент е обично комплементарна реченица со глагол во субјунктив (да-конструкција).

синтаксичка реализација: 1. мисли – да-конструкција

Примери:

*„**Мислеше** ѓа ме измамиш“, рече тој. „Тоа ти беше глупаво.*

*А ти, Костадине, колку **мислиш** ѓа лежиш?*

*Не **мислев** ѓа те расплачам, Мими, премногу си чувствителна, ајде, насмевни се!*

*А он па, библиотекар ѓопрва **мисли** ѓа станува..*

*А јас баш **мислев** ѓа те прогласам за ударник.*

*Кога ќе му ѓојдеа пријатели дома, ќе им речеше гаволесто: „Денеска **не мислев** ѓа пијам баш - но ќе се кандисам за атерот ваш...“*

МИСЛИ5

Како уште едно деривирано значење од *мисли2* може да се издвои тоа кога со *мисли* се означува ментална активност на човекот во која фокусот на вниманието е некој или нешто за кого тој има позитивни емоции и се грижи, односно сака да му биде добро и да му се случуваат позитивни работи. Во ова значење, *мисли* (*мисли5*) е синонимно со значењето на глаголскиот предикат *се грижи (за нешто или некого).* Емоционалната компонента присутна во семантиката на овој предикат предизвикува вториот аргумент од неговата предикатско-аргументска структура да биде предметен, и тоа е најчесто човекот кон кого субјектот ги чувствува позитивните емоции или кон некој сегмент од неговиот живот кој е важен за него. Пр. *Иако ѝ беше тешко, мајката немаше намера ѓа се откаже оѓ работата, **мислејќи** на ѓецата. Цел живот **мислеше** само за него, никогаш за себе.*

синтаксичка реализација: 1.мисли – на/за + ИГ
2. мисли - некого

1.мисли – на/за + ИГ

пр. *Иако ранет, во ниеѓен момент не се загрижи за себе, **мислеше** само на Јана.*

Ако ***мислиме*** *на иднината наша заедничка, твојо брак со тој човек ќе биди многу поволен за целата фамилија.*

Чанга, великиот Чанга, и во прегратките на смртта ***мислеше*** *на нас, своите козармаалци, на децата, на мајките, на старците!*

Од друга страна пак – немаше кому да му се поплаче, ни кому да му се налути. Му остануваше самиот да си ***мисли*** *на себе.*

2. мисли – некого

Во оваа синтаксичка реализација на *мисли5* темата на мислењето и грижата „се качува“ повисоко во хиерархијата на предикатско-аргументската стуркутра, односно се реализира како директен објект. *Цел ден* ***мислев*** *како помина по пат. >Цел ден те* ***мислев*** *како помина по пат.*(‘се грижев за тебе, и моите мисли беа насочени кон тоа како помина по пат’)

пр. *Цел ден те* ***мислев****. Што направи, како помина на интервјуто?*

Мајка ми многу ме ***мисли*** *секогаш кога патувам. Морам да и се јавам веднаш штом стигнам.*

Стигна ли на време, да не те ***мислам****.*

Го ***мислеа*** *сите домашни, како ли ќе се снајде сам во туѓина.*

3. Заклучни согледувања

Глаголот *мисли* е основниот глагол од семантичката класа на глаголи на мислење и спознавање, една од примарните семантички единици од тоа поле, кои полесно се разбираат интуитивно, а потешко се дефинираат. Неговата примарност во означувањето на начините на кои човекот го спознава светот околу себе и ги оформува своите ставови, оцени, судови, е причината тој да се реализира со повеќе значења поврзани со процесот на мислење, начинот на обликување на мислите, нивното изразување и сл. Основни критериуми од кои се тргнува во разграничувањето на значењата на *мисли* во македонскиот јазик во овој труд се: 1. лексичката семантика која се однесува на карактерот на менталната функција на човекот и 2. видската семантика која се однесува на внатрешната временската структура на ситуација што ја означува.

Во таа смисла, како основни значења на *мисли* се изделуваат: ***мисли1*** – ментална состојба, ***мисли2*** – ментална активност и ***мисли3*** – ментален (теличен) процес. Разликата меѓу менталната состојба и менталната активност е во статичноста/динамичноста на ситуацијата, а меѓу активноста и процесот е во постоењето на крајна граница или цел кон која води таа динамична ситуација и во нејзината хомогеност (*активност* – хомогена динамична ситуација без определена крајна граница; *теличен* процес – нехомогена динамична ситуација насочена кон крајна граница/

цел). Ваквото разграничување врз основа на внатрешната временската структура на ситуација означена со *мисли1, 2* и *3* може да придонесе и за определување и на морфолошката видска деривација со определени префикси. Па така, од *мисли1* којшто означува ментална состојба вообичаено нема видски деривати, од *мисли2* – ментална активност се можни деривати со префиксот ***по-*** со кој се означува лимитација – поминување извесен период во вршењето на таа активност (*Тој помисли некое време па одговори на прашањето.*) и со префиксот ***раз-*** со кој се означува исто така одреден период на вршење на активноста, но со дополнителни семантичка модификација (*Откако размисли малку, донесе одлука. Треба да размислиш повеќе*). Од *мисли3* што означува теличен процес можни се резултативни деривати со различни префикси и внесување на дополнителни лексички значења (***с-****мисли* план/ што да прави итн.; ***из-****мисли* нешто 'создаде со мислење' – машина, лек, збор, приказна, лага итн.).

Покрај овие три значења, се издвојуваат уште две други значења во кои покрај интелектуалната се вклучени и волитивната и емоционалната компонента од менталната состојба/активност на субјектот – *мисли4* (планира, има намера да прави/направи нешто) и *мисли5* (се грижи за некого и го насочува своето внимание кон него и настаните/ситуациите што му се случуваат).

Анализата на глаголот *мисли*, како и проучувањето на сите други глаголи од семантичкото поле на глаголи на мислење и спознавање, односно т.н. ментални предикати е многу компликувана и бара длабоко вникнување во нивната семантика, широка и опсежна семантичка и синтаксичка анализа, врз основа на различни критериуми. Целта на овој труд не е да се определат сите значења на глаголот *мисли* во македонскиот јазик, тука да се разграничат основните и тоа со вклучување на критериумот за внатрешна временска организација на ситуациите што ги означуваат, покрај анализата заснована на лексичко-семантичките компоненти. Сметам дека со земањето предвид на оваа компонента се осветлува важна диференцијација меѓу основните значења/ одделните предикати претставени со *мисли*, што овозможува и понатамошни појасни и попрецизни толкувања.

Литература

Апресян, Ю.Д. 2000. Структура словарной статьи словаря. Лингвистическая терминология статьи словаря. In: Апресян, Ю.Д. и др. (ред.): *Новый объяснительный словарь синонимов русского языка*. Moskva, VIII-XLV.

Каролак, С. 2000. „За семантиката на видот“, *Инхоативна видска конфигурација во македонскиот јазик. Slavia meridionalis 3,* pp. 15-83.

Падучева, Е.В. 1996. *Семантические исследования (Семантика времени и вида в русском языке; Семантика нарратива)*. Москва: Языки славянской культуры.

Тополињска, З. 2018. „Основна поделба на предикатите во функција на конститутивни членови на пропозиции (семантика > форма)“, *Folia Philologica Macedono-Polonica,* т. 9-10, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 29-33.

Тофоска, Ст. 2017а. *Од проблематиката на глаголскиот вид: Семантика на теличните глаголи во македонскиот јазик*, Скопје 2017.

Тофоска, Ст. 2017б. „Функцијата на префиксите во определување на видското значење на глаголите во македонскиот јазик“. In: *Balkanistica* 30:2 (2017), The University of Mississippi Printing Services of University (Oxford), Mississippi, 351-372.

Тофоска, Ст. 2018. „Глаголот САКА и неговите полски еквиваленти (chcieć, lubić, kochać)“, *Folia Philologica Macedono-Polonica,* т. 9-10. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 51-61.

Chung, S., and A. Timberlake. 1985. “Tense, Aspect and Mood,” *Language Typology and Syntactic Description. 3. Grammatical Categories and the Lexicon*. Shopen, T. (ed.): Cambridge: Cambridge University Press, pp. 202-59.

Comrie, B. 1993: *Aspect. An Introduction to the Study of Verbal Aspect and Related Problems*. Cambridge: Cambridge University Press.

Danielewiczowa M.2002. *Wiedza i niewiedza. Studium polskich czasowników epistemicznych.* Warszawa: Uniwersytet Warszawski, Katedra lingwistyki formalnej.

Karolak, S. 1996. “O semantyce aspektu. (w 20 rocznicę publikacji rozprawy F. Antuinucciego i L. Gebert ‘Semantyka aspektu czasownikowego’),” *Biuletin polskiego towarzystwa językoznawczego* LII, ss. 9-56.

Karolak, S. 2001. *Od semantyki do gramatyki.* Warszawa:Instytut slawistyki PAN.

Karolak S. 2002. *Podstawowe struktyry skladniowe, jezyka polskiego*. Warszawa: Slawistyczny osrodek wydawnyczy.

Kiklewicz, A. 2017. “Russian mental verbs as a semantic class”. *Јужнословенски филолог*, LXXIII, св. 3-4, 7-26, Београд.

Orešnik, J. 1994. *Slovenski glagolski vid in univerzalna slovnica*. Ljubljana.

Topolińska, Z. 2015. *Zmiana perspektywy.* Krakow: PAU.

Topolińska, Z. 2017. „Predykat vs argument (semantyka i forma)“, *Rocznik Slawistyczny LXVI*, 109-115. Wroclaw.
Topolińska, Z. 2018. „Organizacja treści w gramatyce pisanej wg formuły: treść > forma)“, *Rocznik Slawistyczny LXVII*, 119-128, Wroclaw.
Tofoska, S. 2015, “Telicity as Semantic Aspectual Category,” *Verbal Aspect: Grammatical Meaning and Context*, *Die Welt der Slaven*. Munich: Verlag Otto Sagner, pp. 519-29.
Wierzbicka, A., 1967. “On the Semantics of Verbal Aspect in Polish,” *To Honour Roman Jakobson, Essays on the Occasion of His Seventieth Birthday*, *Volume 3*. The Hague-Paris: Mouton, pp. 2231-249.
Wierzbicka, A. 1996. *Semantics: primes and universals*. Oxford University Press .

Консултирани речници

Диѓитален речник на македонскиот јазик, /https://www.drmj.eu/
Речник на македонскиот јазик, Зозе. Мургоски 2006, Скопје.
Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014. /https://makedonski.gov.mk/

Stanislava-Stasha TOFOSKA

ABOUT THE SEMANTICS AND SYNTAX OF THE VERB *МИСЛИ* IN THE MACEDONIAN LANGUAGE

S u m m a r y

The aim of this paper is to distinguish different meanings of the polysemic verb *мисли* (‘to think’), one of the basic mental predicates in Macedonian language. Two main criteria are used for primary distinction: the nature of the mental function of the subject and the internal temporal organization of the situation represented, i.e. lexical and aspectual meaning of the verb. According to these criteria, three basic meanings of *мисли* are distinguished: *мисли1* -mental state (‘to have opinion, belief or idea for stg/someone), *мисли2*- mental activity (‘to direct someone’s mind to someone or stg.’) and *мисли3* -mental process (‘to use someones mind to decide about some situation or to solve a problem) . Other meanings are derived from these, but there are volitional (*мисли4*) and emotional (*мисли5*) components included in their semantics.

Keywords: mental predicates, verb *мисли* (‘to think’), Macedonian, semantics, syntax, verbal aspect

UDC 811.163.3:811.18
UDC 811.18:811.163.3

Веселинка ЛАБРОСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје
labroska_v@yahoo.com

МАКЕДОНСКИТЕ И АЛБАНСКИТЕ (ОД)ГЛАГОЛСКИ ИМЕНКИ ВО ОГЛАСИТЕ НА ИНТЕРНЕТ

Инспирација за темата на овој прилог беше еден оглас напишан на албански јазик на една зграда во Чаир што гласи: BANESA NE SHITJE ‘станови за продавање / на продажба’. Бидејќи вообичаените огласи за продавање напишани на албански јазик во западниот дел од Македонија обично ја содржат рефлексивната (медиопасивната) форма *shitet* ‘се продава’ за сег. време 3 л. еднина од глаголот shes, shitem (сп. Mindak-Zawadzka, Sawicka 2012: 192), како во примерите: *vendi shitet* (се продава место), *placi shitet* (се продава плац), *shitet shtëpinë*[1] (се продава куќа) (МАР 2016), овој натпис даден на почетокот на текстот, со сличноста на одглаголската именка *shitje* со македонската глаголска именка *продавање* и посебно со глаголските именки што се сретнуваат во нашите југозападни дијалекти[2], ме поттикна да се осврнам на огласите на интернет на македонски и на албански јазик.

Резултатите до кои се дојде со пребарување на само две албански одглаголски именки, *shitje* и *zbritje*, и соодветните огласи на македонски јазик ќе бидат тема за анализа во овој прилог.

---

[1] Вакви огласи постојат и на интернет, но главно се работи за огласи од територијата на Р Албанија и во помал број од нашите градови, додека на косовскиот интернетски простор доминираат огласите со одглаголски именки.
Сп.: https://www.facebook.com/Shitet-Apartament-104326188048678/ (пристапено на 20.5.2021)

[2] Има целосно формално поклопување на овие албански одглаголски именки со глаголските именки од костурскиот говор: *орање, ранање, женење, врнување*, кои се вклучени во системот на именската промена со помош на наставката *-je* (Конески 1996: 179-180).

Балканскиот јазичен сојуз со македонскиот јазик како централен и „најбалканизиран“ словенски јазик, е предмет на интерес на многу лингвисти и во минатото и денес. Притоа, без разлика на кое рамниште ги анализираме балканизмите, општата констатација е дека интерференцијата на јазиците што се долго време во контакт, резултира со слични формални начини за изразувањето на семантичките категории и за именувањето на предметите и појавите од светот што нѐ опкружува. Притоа, како што нагласува Марјан Марковиќ, еден од сегментите при „пренесувањето на информацијата од семантичкиот континуум е и потребата за постигнување јасна и поеднозначна комуникација меѓу говорителите, при што показателите на семантичките категории кодирани во јазикот постојано се менуваат со цел да постигнат повисока транспарентност. Токму од нивната транспарентност зависи успешноста на комуникацијата“ (Марковиќ 2020: 59). Притоа, формалните маркери на семантичките категории се пресликуваат од еден во друг јазик за да бидат јасни начините на пренесување на информацијата во соседните јазици. Оттаму е и високиот степен на аналитизам во сите балкански јазици и појавата на комбинации на лексеми и соодветни предлози и партикули или изразити зборообразувачки форманти за да се заменат старите синтетички форми (веќе изгубени или во фаза на губење), било да се работи за именување на нештата или пак на дејствата / состојбите од објективната стварност, односно и во номинацијата и во предикацијата.

Еден од тие механизми за јасно формално именување на дејствата е појавата на глаголската именка во македонскиот јазик со нејзината повеќефункционалност и постоењето на нејзини еквиваленти во другите балкански несловенски јазици, на што посочува Блаже Конески во својата *Историја на македонскиот јазик* (Конески 1996: 186). Тополињска, пак, анализирајќи ги глаголските именки на синтаксичко рамниште, истакнува дека глаголската именка „спаѓа меѓу морфолошките формации со двојна природа: таа ги чува функционално-семантичките глаголски карактеристики, додека формално-синтаксички се однесува како именска лексема“ (Тополињска 1995: 148). Оваа двојна природа на (од)глаголските именки придонесла во македонскиот јазик тие да имаат навистина голема употреба, и како кондензирани реченични трансформи, и како поименчени именувања на предмети и апстрактни поими односно „опредметена апстрактна сушност“ (Конески 1954: 183). Она што е предмет на интерес во нашиов прилог е употребата на (од)глаголските именки како кондензирани реченични трансформи со значење ‘цел’ во македонскиот и во албанскиот јазик. Пример: **Станови за продавање** (на продажба) / **Banesa ne shitje.**

Кога се споредуваат два јазика кои не се генетски сродни, како во овој прилог, ќе тргнеме од формалната сличност на анализираните синтагми (Đorđević 2004: 75), составени од неопределена именка во множина + предлог + именка добиена од глагол и ќе ја анализираме информацијата

што ја даваат. Информацијата се дава на ист начин, со кондензирана реченична трансформа. Но дали навистина е така и колку елементите на синтагмите што ги анализираме имаат иста семантика?

Првиот елемент во македонската синтагма е именката *сѿанови,* која претставува множинска форма на именката од машки род *сѿан* и соодветниот преведен еквивалент на албански е лексемата *banesa* како множинска форма од именката од женски род *banes/*ë со значење ‘стан’. И на македонски и на албански јазик именките се нечленувани односно се неидентификувани, зашто целосната идентификација на предметите кои се именуваат, е дадена на страницата подолу.

Вториот елемент на македонската синтагма е еден од предлозите *за* или *на*. И двата овие предлога имаат и целно значење односно можат да поврзат именки што ја означуваат целта, намената на дејството (в. Мургоски 2005: 203, 425). Вториот елемент на синтагмата на албански јазик е зборчето *пе* кое формално е многу слично на нашиот предлог *на*. Но, ако се побара превод на овој збор во речниците, може да дојде само до забуна бидејќи *пе* на албански е заменка и значи ‘ние’, а овде се работи всушност за предлог што се пишува со темен глас: **në.** Од моите студенти[3] бев информирана дека во прашање е погрешно пишување на предлогот, без знакот за темен глас. Ваквите погрешно напишани огласи се чести во македонскиот интернетски простор на албански јазик, а се работи за генерална појава на необележување на надредни знаци и на албански и на македонски. Лексемата *пë* во Речниците на албанскиот јазик (МАР: 111), се јавува со две значења: **në[1]** ‘предлог со значење *во* (или *на*)’ и **në[2]** ‘сврзник за условни реченици со значење *ако*’. Предлогот *пë* е еден од предлозите што се употребува со акузативот (Mindak-Zawadzka, Sawicka 2012: 48–49; МАР: 207), а во големиот електронски речник на албанскиот јазик *Fjalor e gjuhes e sotme shqipe* помеѓу 24-те значења дадени за овој предлог, има и значење на ‘цел’[4].

Третиот елемент на синтагмите се именки добиени од глаголи, и во двата јазика. Во македонскиот јазик се работи за глаголска (*ѿродавање*) или за одглаголска именка (*ѿродажба*), а глаголските именки знаеме дека се сметаат како нелични глаголски форми во официјалните граматики (Конески 1954: 181–187). Во албанскиот јазик, пак, според истражувања на Марина Спасовска (2015: 213) не постои ваква нелична глаголска форма во официјалните граматики. Овој заклучок е поткрепен со преводи од уметничка литература од македонски на албански стандарден јазик, при што сите македонски глаголски именки се преведени

[3] Сите информации за состојбата во разговорниот албански јазик ги добив од моите студентки на катедрата за македонски јазик и книжевност на Тетовскиот универзитет: Фатмире Билали, Хадиса Алити и Вјолца Азизи, за што срдечно им благодарам.

[4] 12. Qëllimin përse bëhet diçka; për. Në shenjë kujtimi (nderimi, miqësie). Në dobi të dikujt a të diçkaje. Në përgjigje të thirrjes. Në luftë kundër zakoneve prapanike. (http://www.fjalori.shkenca.org/) (пристапено на 30.5.2021)

на албански главно со обични именки. Сепак, во обично прелистување на албански текстови на интернет, можат да се регистрираат повеќе примери со именки добиени од глаголи со суфиксот *-je*[5]. За ваквиот тип именки во *Албанската академска граматика* (*Gramatika e gjuhës shqipe 1* 2002: 59), пишува дека се образуваат со суфиксите *-im* и *-je* и се сметаат како продуктивна и активна зборообразувачка категорија[6], но тие не се вбројуваат во партиципните нелични глаголски форми.

Според информациите од моите студентки од Тетовски универзитет, во албанскиот разговорен јазик во секојдневна употреба се користат повеќе именки добиени од глаголи со суфиксот *-je,* меѓу кои и следниве: *blerje* 'купување', *shkuarje* 'одење', *ardhje* 'доаѓање', *pritje* 'чекање', *rritje* 'растење', *fjetje* 'спиење', *marje* 'земање', *dhënje* 'давање', *përputhje* 'совпаѓање', *shprehje* 'изразување'. Колку овие одглаголски именки имаат функција на реченични трансформи како и македонските глаголски именки треба подетално да се истражи.

За македонскиот јазик е познато дека вакви конструкции на кондензирани реченици изразени со предлог + нефинитна глаголска форма, се многу чести и изразуваат различни релации. Предлогот *за,* но исто така и предлогот *на*, којшто го сретнуваме почесто во овие огласи, изразуваат најчесто релација на 'цел' (в. Тополињска 1997: 101, 103), како во овде разгледуваните примери: *сшанови за продавање, книги на пошусш* и сл.

Овде ќе наведеме дел од примерите што можат да се најдат на интернет, на страниците за огласи на албански јазик со соодветниот превод на македонски: *banesa në (ne) shitje*[7] 'станови на продажба', *ofrohet* ***për*** *shitje banesa*[8]... 'се нудат станови за продажба', *banesa ne shitje ne Gostivar Maqedoni*[9] 'станови за продажба во Гостивар, Македонија'; *motor të ri dhe të përdorur në shitje*[10] 'на продажба нови и половни мотори'; *biciklete të reja dhe të përdorura në shitje*[11] 'на продажба нови и половни велосипеди'; *veshje dhe këpucë të përdorura për femra në shitje*[12]

[5] Blerje Online te shpejta dhe te sigurta ne Qendren; blerje online rroba… (Брзо и безбедно интернет купување во Центарот; купување облека преку Интернет); shtyhet afati për shkuarje në… (рокот за одење во…) и др.

[6] „Tipat prodhimtarë mund të jenë veprues (p.sh. emrat e mbiemrat me prapashtesën *-(ë)s*, emrat prejfoljorë me prapashtesat *-im* e *-je*, mbiemrat me parashtesën *pa-* etj.), ose joveprues (p.sh. emrat dhe mbiemrat me prapashtesën *-më*)". (*Gramatika e gjuhës shqipe 1* 2002: 59)

[7] https://www.njoftimefalas.com/5/banesa-ne-shitje-ne-shkup/ (пристапено на 30.5.2021)

[8] https://mirlir.com/shpallje/Prishtine/Apartment-Banesa/Ofrohet-per-Shitje-Banesa-ne-Aktash-2955456/ (пристапено на 30.5.2021)

[9] https://www.njoftimefalas.com/en/5/banesa-ne-shitje-ne-gostivar-maqedoni/ (пристапено на 30.5.2021)

[10] https://www.merrjep.al/njoftimet/automjete/motocikleta/shitet (пристапено на 31.5.2021)

[11] https://www.merrjep.al/njoftimet/q-Biciklete (пристапено на 31.5.2021)

[12] https://www.merrjep.com/shpalljet/sport-rekreacion/veshje-kepuce/per-femra (пристапено на 31.5.2021)

‘користени облека и обувки за жени на продажба’ и др. Од приложените примери се гледа дека имаме пример и со предлогот ***për*** употребен пред именката *shitje* (*ofrohet* ***për*** *shitje banesa*), но се работи за перифрастичен предикат (*ofrohet* ***për*** *shitje* ‘се нуди за продажба’), којшто со исти формални средства постои и во македонскиот јазик. Предлогот ***për,*** кој на македонски главно се преведува со ‘за’ (в. МАР 2016: 122), исто како и предлогот ***në,*** има повеќе различни функции, но кај овој предлог токму првата функција е ‘цел, намера’, што може да се види и од даденото толкување во големиот електронски речник на албанскиот јазик, што го даваме во фуснота [13], а каде што во последниот маркиран пример предлогот е употребен токму пред една (од)глаголска именка **(**Ishin gati për mbrojtje ‘Тие беа подготвени за одбрана’).

Побаравме примери и со именката *zbritje* ‘попуст, намалување’ добиена од глаголот *zbres, zbritem* (‘слезе, слегува’, в. МАР 179) и овде ќе посочиме дел од нив: *tortet në zbritje* ‘торти на попуст’, *patika ne zbritje* ‘патики на попуст’, *fustana ne zbritje* ‘фустани на попуст’, *telefona ne zbritje* ‘телефони на попуст’ и др. Од примериве може да се заклучи дека формалната идентичност е повеќе од очигледна.

Во огласите на македонски јазик има или комбинација на предлогот *на* и одглаголската именка *продажба* или комбинација на предлогот *за* и глаголската именка *продавање*: *продажба на куќи*[14], *продажба на станови, станови за продавање*[15], *куќи за продавање*[16], *продажба на обувки, продажба на велосипеди*[17] и сл. Одглаголската именка *попуст* се појавува само во комбинација со предлогот *на: патики на попуст, алати на попуст, попуст на торти.*[18]

Заклучок. Интерференцијата меѓу македонскиот и албанскиот јазик во моментов е навистина силна, а во оваа прилика се осврнавме на начините на изразување на глаголски дејства со именски форми на глаголот.

---

[13] 1. Qëllimin a synimin e një veprimi; qëllimin a sendin përse shërben a duhet diçka; frymorin ose sendin, në dobi a në dëm të të cilit bëhet diçka; objektin mbi të cilin shtrihet një veprim a një gjendje. Lufta për çlirim. Puna (përpjekjet) për ndërtimin e socializmit. U hodhën në sulm për hapjen e tokave të reja. Ardhshi për gaz!
Ju ardhshim për të mirë! Erdhën për urim. Shkoi për ujë (për dru). **Ishin gati për mbrojtje**. … http://www.fjalori.shkenca.org/ (пристапено на 1.6.2021)

[14] https://novelestate.com/estate_list.html?serviceType=selling&estateType=house (пристапено на 31.5.2021)

[15] http://kapitalohrid.mk/index.php?option=com_hotproperty&view=types&layout=properties&id=2&Itemid=1&limitstart=20&limit=20&ordering=Property.price&ordering_dir=asc (пристапено на 31.5.2021)

[16] https://propertyone.mk/ (пристапено на 31.5.2021)

[17] https://velosiped.mk/ (пристапено на 31.5.2021)

[18] https://kupinapopust.mk/deal/tag/%D0%90%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B8 (пристапено на 31.5.2021)

Образувањето именки од глагол и во двата јазика, кои потоа изразуваат различни глаголски функции во реченицата со различни предлози, е процес што е актуелен, а за што дадовме примери само со две (од)глаголски именки. Притоа, наш став е дека во минатото влијанието за појавата и ширењето на употребата на глаголските именки одело од правецот на албанскиот и другите несловенски балкански јазици кон македонскиот, но денес сметаме дека правецот е обратен, односно дека македонскиот јазик со своите јазични модели влијае на албанскиот, посебно во неформалната комуникација, каде што текстовите не поминуваат на јазична лектура. Поопсежна контрастивна анализа и на други (од)глаголски именки и нивната употреба не само во огласи, туку и во други јазични појави, ќе ни даде уште поширока слика за тоа до каде е напреднат овој процес на конвергенција. Во моментов, можеме само да заклучиме дека аналитизмот е сè поизразен и во македонскиот и во албанскиот јазик. Тој процес, иако се потпира на моделите што и претходно постоеле, би требало да го анализираме и во поширок социолингвистички контекст, а особено во контекст на влијанието на англискиот јазик, како јазик за меѓународна комуникација и како јазик на виртуелна комуникација, што зеде замав последниве неколку години. Но, она што е очигледно за еден лингвист од овие балкански простори, тоа е дека двата јазика, македонскиот и албанскиот, на синтаксичко рамниште се сè поблиски и поблиски, и тоа е уште една причина повеќе што побрзо да се пристапи кон изработка на една констрастивна македонско-албанска граматика.

Литература

Конески, Б. 1954. *Граматика на македонскиот литературен јазик: Дел 2: За формите и нивната употреба.* Скопје: Култура.

Конески, Б. 1996. *Историја на македонскиот јазик*. Скопје: Детска радост.

Лаброска, В. 2008. „За глаголската именка во кичевскиот говор (механизми на номинализација)“, *Научен собир „Македонскиот јазик, минато, сегашност, иднина“, реферати од научниот собир по повод 50-годишнината од основањето на Институтот*, Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“, 241–246.

МАР: *Македонско-албански и албанско-македонски речник,* (В. Лаброска, Б. Сулејмани, Х. Имери-Бина, П. Атанасов), Скопје: Нансен дијалог центар, 2016.

Марковиќ, М. 2020. „Македонскиот јазик – комплексен адаптивен систем“, *Погледи за македонскиот јазик*, Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“, МАНУ, Совет за македонски јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 59–89.

Мургоски, З. 2005. *Речник на македонскиот јазик.* Скопје: Зозе Мургоски, Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Спасовска, М. 2015. *Изразување минатост со глаголските форми во македонскиот и во албанскиот јазик*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“ (одбранета докторска дисертација).
Тополињска, З. 1995. *Македонските дијалекти во Егејска Македонија, Синтакса I дел*, Скопје: МАНУ.
Тополињска, З. 1997. *Македонските дијалекти во Егејска Македонија, Синтакса II дел*, Скопје: МАНУ.
Gramatika e gjuhës shqipe 1 2002. Tiranë: Akademia e shkencave e shqiperise institute i gjuhësisë.
Đorđević, R. 2004. *Uvod u kontrastiranje jezika,* Beograd: Filološki fakultet Univerziteta u Beogradu.
Mindak-Zawadzka, J., Sawicka, I. 2012. *Zarys gramatyki języka albańskiego,* Warszawa: Instytut Slawistyki Polskiej akademii nauk, Wydawnictwo Agade Bis.

Veselinka LABROSKA

MACEDONIAN AND ALBANIAN (DE)VERBAL NOUNS IN ONLINE ADVERTISMENTS

S u m m a r y

The subject of analysis of this article are the (de)verbal nouns used in online advertisements in the Macedonian and Albanian language. The usage of the same formal means of expressing the action in the advertisements was a motivation for analysing advertisements of the type: *станови за продавање / banesa ne shitje* (flats for sale), which serves as a motive for further contrastive research of the two languages, Macedonian and Albanian.

Keywords: (de)verbal nouns, Macedonian language, Albanian language, advertisements, Internet, interference

UDC 811.163.3'367.6

Елена ПЕТРОСКА
Montana State University, Billings
elenapetroska@gmail.com

ЗБОРОВИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ СПРОТИВСТАВЕНОСТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК[1]

Предмет на анализа во оваа статија се зборовите *напротив, спротивно* и *обратно,* кои маркираат спротивственост. Целта е да се претстават нивните специфики на синтаксичко-семантички план, да се утврди нивното значење и функционирање или како прилог и/или како метатекстуална јазична единица[2]. Ќе се покаже дека *напротив* функционира како метатекстуална јазична единица, *обратно* како прилог, а и како метатекстуална јазична единица, а *спротивно* како прилог во македонскиот јазик, а ќе се наведат и нивните полски еквивалент. Може да се каже дека овие изрази спаѓаат и во малата селектирана група лексеми, наведена од Тополињска (2009), во чија семантничка структура е вграден предикатот на негација, а не содржат показател на негација во својата формална структура[3]. Оние што се употребуваат како метатекстуални единици што изразува спротивственост наликуваат на некој начин на експонентите за адверсативна релација[4].

Се тргнува од становиштето дека помеѓу прилозите и метатекстуалните единици постои разлика на синтаксичко-семантички и на прозо-

[1] Оваа статија е напишана во чест на професорката Тополињска, како благодарност за нејзината силна инспирација и огромна поддршка во продлабоченото опишување на македонскиот јазик.

[2] Терминот метатекстуална единица е адаптиран од Kisiel 2018.

[3] Тополињска (2009: 138) како пример за прилози со вградена негација ги наведува мак. *наопаку*, pol. *naopak*, или мак. *обратно*, pol. *na odwrot*.

[4] Пошироко за адверсативната релација види Тополињска 2009.

диски план: прилозите се врзуваат со глаголите и обично следат по глаголот и го пополнуваат рематскиот дел од реченицата и можат да бидат негирани, а метатекстуалните единици не се врзуваат за јазичните единица со кои се јавуваат, т.е. индиферентни се кон нивните синтаксички и семантички карактеристики, најчесто се јавуваат во иницијална или во парентетска позиција и претставуваат коментари на тематско-рематската структура на реченицата. Со анализата на примерите со *напротив, спротивно* и *обратно* целта е да се даде нивен опис со доследно раздвојување на предикативните и метатекстуалните значења. (сп. Kisiel 2018).

Во сите речници на македонскиот јазик, според традиционалната граматика, *напротив, обратно* и *спротивно* се опишани како прилози. За *напротив* е дадено следното објаснување: „спротивно, обратно, не така, ами спротивно од тоа“ (ОДРМЈ и ДРМЈ), за *обратно*: „Во спротивен правец од досегашниот“; „Спротивно, на поинаков начин“ (ДРМЈ). За *спротивно* нема наведени објаснувања, а како што гледаме „спротивно“ е составен дел од објаснувањата на значењата на *напротив* и *обратно*. Од тие причини тука ги разгледуваме трите. Јазичниот материјал врз кој се темели анализата е, пред сè, од од *Електронскиот корпус на македонските книжевни текстови* (ЕКМКТ).

1. Изразите на спротивственост и нивната функција: прилози – метатекстуални единици

Метатекстуалните единици се карактеризираат со следното: формално, (морфолошки) личат на прилози; можат (иако не мора) да се јавуваат во позиција предвидена за прилог; и како изрази на спротивственост укажуваат на разлики помеѓу две нешта. Разликата помеѓу прилогот и метајазичната единица е универзална, како и проблемот на нивното диференцирање[5].

1.1. *Напротив* и неговата функција

Сите наведени примери со *напротив* во ОДРМЈ и ДРМЈ го покажуваат неговото функционирање како метатекстуална единица:

(1) Во песната тие зборови не звучат лошо, *напротив* тие прават едно убаво поетично единство.

(2) Сакаше со тоа да го поправи впечатокот, *напротив* излезе уште полошо.

Напротив во овие примери е самостојна единица, не се врзува со глаголите, не следи по нив и не го пополнува рематскиот дел од

[5] Контрастивното истражување на метајазичните единици, според Kisiel (2018), како на пр. податоците извадени од Полско-руско-бугарскиот паралелен корпус (PKPRB), ја докажува таа теза.

реченицата. Се однесува на ремата и тоа не како нејзин дел, туку како нејзин коментар. Укажува на разликите, спротивставеноста помеѓу она што е кажано во ремата (тие прават едно убаво поетично единство; излезе уште полошо) и она што претходно е кажано.

Наведените примери може да се каже дека наликуваат на некаков тип адверсативна релација затоа што во длабинската структура двата пропозициски аргументи се спротивставуваат еден со друг, а специјализирана метатекстуална единица-предикат *напротив* е показател на таквата релација. Од семантички аспект се работи за предикат што прифаќа само пропозициски аргументи и го одразува начинот на нашето размислување. Со *напротив* се коментира дека она за што сега ќе стане збор му се спротивставува на претходно кажаното, ако не целосно, тогаш во некои аспекти го негира. Така, во примерите (1) и (2) она што се негира може да се парафразира како „не е вистина дека тие зборови звучат лошо“ и „не е вистина дека го поправи впечатокот“.

Од анализираните примери со *напротив* во ЕКМКТ се гледа дека во повеќе од половината *напротив* има почетна позицијата. Една од главните карактеристики на метатекстуалните единици, т.е. нивната јасна предиспозиција е да ја заземаат почетната позиција (3)–(7) или, евентуално, да се употребат парентетски (8), а не ја исклучуваат и крајната позиција (в. Тополињска 2009).

(3) Турците, како и стопаните дотогаш, не ги злоставуваа. *Напротив*, ги заштитуваа од вонредните порези…

(4) И ништо не стивна. *Напротив*, имав чувство дека, оние исти пламења што ми разгорија жарови на битолското шеталиште среде липите, разбеснаа сега вдвоени…

(5) Тоа ми е редовен апеж, предизвикан од моите сопствени вошки.
– Не ви пречи?
– Не. *Напротив*, ми причинува задоволство.

(6) Никогаш, досега, не се прашав, зошто тој не се противеше на таа задача? *Напротив*, ја реши докрај.

(7) Немав лошо детство – раскажува Илија. – *Напротив*, многу среќно.

(8) Но тоа никогаш не беше горчливо сеќавање на овој ден, *напротив*, тоа беше секогаш радосно навраќање кон овој одамнешен празник на пролетта…

Во примерите (3)-(8), исто како и во (1) и (2) *напротив* се однесува на ремата и тоа не како нејзин дел, туку како нејзин коментар. Со *напротив* се коментира дека она за што сега станува збор му се спротивставува на претходното, ако не целосно, тогаш во некои аспекти го негира. Она што се негира може да се парафразира како „не е вистина: дека ги злоставуваа

/ ништо не стивна / дека ми пречи / дека се противеше на таа задача / дека имав лошо детство“.

Напротив и во иницијалната позиција секогаш е показател на релација, која не е маркирана на површината со срзничко стедство, и по него следува втората по ред аргументска дел-реченица, а првиот аргумет е скриен во претходниот текст.

Во корпусот (ЕКМКТ) доминираат примерите во кои првиот аргумент на површината има показател на негација (3)–(8), како и (1). Тоа покажува дека овој тип на адверсативна релација ‘Не... напротив’ личи на ‘Не…, туку’ (8), кое според Тополињска (2009: 93) претставува универзална шема на ‘спротивставување’ во македонскиот јазик. Во самата адверсативна релација има вградена негација што открива некаква релевантна разлика меѓу двете пропозиции, т.е. ситуации. Таа разлика на површината најлесно се изразува со показателот на негација, а не е исклучено да се изрази и со различни содржини на пропозицијата, како во (2). Самата негација многу појасно ја изделува разликата како спротивност. Во (9) се работи за основен израз на спротивставување со специјализиран сврзник-предикат *туку* со кој се поврзуваат две аргументски дел реченици. Во (8а) со метатекстуалната единица-предикат *напротив* се маркира/нагласува спротивставеноста со претходната пропозициска содржина. Примерите (9а) и (9б) се синонимни, а тоа значи дека *напротив* може да се замени со изразот *спротивно на тоа*, кој како целина има иста функција (*тоа* упатува на претходниот дел од реченицата). Во (9в) се употребени и скрзникот *туку* и метатекстуалната единица *напротив* за да се нагласи спротивставеноста помеѓу двата пропозициски аргументи. Со тоа, авторот на текстот во процесот на размислување и заклучување сака да ја нагласи соротиставеноста, која можеби и не е толку видлива (спротиставеноста: „го исклучив“ – „го замолив да се повлече“ не е толку силна како „имав лошо детство“ – „имав среќно детство“).

(9) Не го исклучив, *туку* го замолив да се повлече.
(9а) Не го исклучив, *напротив*, го замолив да се повлече.
(9б) Не го исклучив, *спротивно на тоа*, го замолив да се повлече.
(9в) Не го исклучив, *туку напротив,* го замолив да се повлече.

Од книжевниот корпусот (ЕКМКТ) се гледа дека на *напротив,* како во (8в), често му претходи *туку* (во околу 15 проценти од примерите). Спротивставеноста е нагласена со *напротив*, а поврзаноста, спротивставена релацијата со *туку*.

(10) ...но мене тоа не ми пречеше, туку *напротив,* го сфаќав тоа како сигнал кој ми ветува...

(11) …уште во почетокот сакаше да му стави на знаење на Таушан дека не се работи за ништо сериозно и страшно. Туку, *напротив*, дека станува збор за нешто сосем излечливо.

Во корпусот има добар дел примери (околу 12 проценти) каде што *напротив* е сведен на реченица (во елиптична форма). Во овие примери и првиот и вториот аргумент „се скриени“ во претходниот и во текстот што следи. Првиот аргумент е некаде претходно во текстот, а вториот следува веднаш по *напротив*:

(12) Мислам дека ќе седне до мене, на каучот. Има доволно место. *Напротив*. Седнува полека во фотелјата, наспроти мене.

(13) Не беше во прашање никакво мое учество во Заговорот, уште помалку во кражбите и во палењето на Гимназијата, најмалку во убиството. *Напротив*. Јас бев измислен и додаден во процесот, како зачин, подоцна.

1.2. *Спротивно* и неговата функција

Спротивно е јасно дека функционира како прилог. Во реченици*те* (14) и (15), прилошката природа на *спротивно* се гледа преку неговата јасна врска со глаголот. Тоа го покажуваат и следниве прашања и одговори: *Како гласаа? - Спротивно на волјата на народот; Како се врти девојчето? Спротивно од правецот на стрелките*; негацијата: „не гласаа по волја на народот“, „не се врти во правец на стрелките на часовникот“; може да се засили со *сосем, токму* итн. *Спротивно* како прилог е дел од ремата, т.е. го пополнува рематскиот дел од реченицата. Во однос на честота на употреба во книжевните текстови (ЕКМКТ) *спротивно* се среќава два и пол пати поретко од *напротив*.

(14) Мнозинството пратеници гласаа *спротивно* на волјата на народот.

(15) Девојчето се врти *спротивно* од стрелките на часовникот.

1.3. *Обратно* и неговата функција како прилог и како метатекстуална единица

1.3.1. *Обратно* како прилог

За разлика од *напротив* и од *спротивно*, *обратно* може да функционира и како прилог и како метатекстуална единица. Примерите од македонските речници (ДРМЈ) (17) и (18) ја претставуваат неговата прилошка употреба.

(16) Го заврти тркалото *обратно*.

(17) Се случи *обратно* од предвиденото.

Тоа го потврдуваат и следниве прашања и одговори: *Како го заврти? – Обратно. Како се случи? Обратно од предвиденото*; негацијата: “не го заврти како што се очекуваше”, “не се случи така како што се предвидуваше”; може да се засили со *сосем*, *токму* итн. *Обратно* како

прилог е дел од ремата, т.е. го пополнува рематскиот дел од реченицата. И во примерот (18) (заклучок од лекарски извештај), *обратно* функционира како прилог. Како и секој прилог, од семантички аспект, претставува предикат што на својот појдовен аргумент му припишува некоја особина („бубрегот е поставен обратно“, т.е. „бубрегот е поставен во спротивна позиција, а таа позиција не е очекувана“).

(18) Катерина има *обратно* поставен бубрег.

Во ЕМКТ, околу половина од вкупниот број примери со *обратно* се со прилошка употреба. Она што е различно со *спротивно* е не неговата функција, туку допрецизирањето на типот спротивставеност. Во (19) толкувањето е „бродот возел во правец на објект што е поставен во спротивна позиција од онаа што е очекувана“. Ова значење, како доквалификација на типот на спротивставување се среќава и кога позицијата не е физичка (20).

(19) Бродот за кој станува збор воопшто не возел волна, туку оружје, и не во правец на Трст, туку *обратно*, од Трст кон Цариград.

Примерот (20), се чини, го дава патот по кој прилогот лесно може, со испуштање на глаголот да профункционира и како метатекстуална единица[6]. Пропозициската содржина на реченицата што претходи и на таа што следи го креира тој контекст на релација на спротивставеност. Па така, сосем нормална би била и варијантата:

(20) Аристотел бара да им всади хеленски дух, потоа тие самите ќе бидат совладани од самите себе. Александар *обратно*, тој сака светското царство да биде устроено спрема целината на светот.

1.3.2. *Обратно* како метатекстуална единица

Од анализираните примери во книжевниот корпус (ЕКМКТ) се покажува дека *обратно* како метатекстуална единица се употребува во контексти како и *напротив* (т. 1.1.), но многу поретко. Вкупниот број на примери со *обратно* во ЕКМКТ е половина во однос на оние со *напротив*, а од нив помалку од половина функционираат како метатекстуални единици.

Обратно во оваа функција се среќава во иницијалната позиција, но многу ретко.

(21) А, нека извини: ако е тој луд, јас не сум. *Обратно*, јас се чувствувам здрав и силен, како никогаш.

[6] Според Żabowska (2019), еден од основните механизми на деривација (семантичка и формална) што доведува до создавање на одделна класа на метатекстуални единици е лексикализацијата на определени прилошки изрази.

Почесто се среќава во примери каде што му претходи *шуку*. И тука, како и со *напротив*, (в. т. 1.1.) спротивставеноста е нагласена со *обратно*, а поврзаноста, спротивставената релацијата со *шуку* (22) и (23).

(22) Прифаќањето на традицијата за него не значело потчинување, туку *обратно*, преку контактот со неа се ослободувале неговите сопствени творечки потенцијали.

(23) …мажот и жената не пристигнуваат во еден свет напуштен од Бог, туку, *обратно,* дека приминувајќи во овој наш свет тие не доаѓаат во некој животен пекол и не паѓаат во некој животен очај…

И во овие примери (22)–(23) типот на спротивставување е потесно определен, што се должи на самото значење што го внесува *обратно*.

2. Сличности и разлики меѓу *напротив, обратно* и *спротивно*

Во следниве примери е претставена прифатливоста на *обратно* наспроти *напротив* и *спротиво* во наведените одговори, врз основа на карактеристиките на пишаните текстови[7]. Се тргнува од претпоставката, заснована на претходно утврдената метатекстуална функција на *напротив* и прилошката функција на *спротивно* и функцијата на двата хомографи на *обратно*. Во (24) и (24а) *обратно* функционира како *спротивно*, а во (24б) *обратно* функционира како *напротив.*

(24) - Таа нема да дојде.
- Мислам *обратно / спротивно / *напротив*.

(24а) - Таа нема да дојде.
- *Обратно / Спротивно / *напротив* мислам, дека има голема желба да дојде.

(24б) - Таа нема да дојде.
- *Обратно / *Спротивно / Напротив*, има голема желба да дојде.

2.1. Сите овие изрази ги обединува некакво значење на спротивставеност. Главната разлика меѓу *обратно* и *спротивно* е дека *обратно* го определува она што води кон превртена (огледална) слика на предметот, т.е. вниманието е насочено кон самиот предмет и неговата позиција, а *спротивно* укажува на тоа дека случувањето доведува до појава на нешто на другиот крај на скалата, т.е. е во корелација со позицијата на нешто друго. Сето тоа зависи и од семантиката на глаголите, што излегува од рамките на оваа анализа. Ако во приметот (15) го зземиме *спротивно* со *обратно* ќе нагласиме дека спротивставеноста е како превртена слика, која дава само две можности за вртење (вистинската слика е вртењето

[7] Во говорниот дискурс може да се очекува нивна поширока прифатливост, а тоа не е предмет на овој труд.

како стрелките од часовникот, а огледалната (превртена) слика е вртењето во спротивен правец). Со *спротивно* тоа не се нагласува.

2.2. Разликата во значењето помеѓу *обратно* и *напротив* е слична со разликата помеѓу *обратно* и *спротивно*. Со *напротив* се коментира дека она за што станува збор му се спротивставува на претходно кажаното. Со *обратно* се нагласува врската помеѓу две нешта, т.е. две страни, од кои едната е како превртена слика (инверзија) на другата. Така, во примерот (21), покрај коментарот дека *јас се чувствувам зорав и силен,* кој му се спротивставува на претходно кажаното, се нагласува дека тие две спротивставени страни се превртена слика една на друга „јас не сум луд“ и „јас сум луд“. Кога во примерот би се употребило *напротив,* спротивставените страни се сместени некаде на скалата и не се превртена слика една на друга. Авторот на текстот го одразува начинот на своето размислување и заклучување за да ја изрази спротивставеноста, а тој однос бира како да го нагласи и допрецизиран.

3. Полските еквиваленти на *напротив, спротивно* и *наводно*

Во сатијата за полските изрази на спротивставување (Kisiel 2018) авторката ја претставува разликата помеѓу прилогот и метајазичната единица, што е прифатено и во овој труд, и докажува дека таа разлика е универзална, додека постоењето на метатекстуални хомографи на соодветните прилози е специфично за секој јазик. Според анализата на полските примери во споменатата статија и наведените паралели со други словенски јазици може да се додадат и македонските еквиваленти. Полскиот еквивалент на *напротив* е *przeciwnie*$_{meta}$, а на *спротивно* е *przeciwnie*$_{adv}$ (во полскиот јазик *przeciwnie* претставува хомограф). Полскиот еквивалент на *обратно*$_{meta}$ е *odwrotnie*$_{meta}$, а на *обратно*$_{adv}$ е *odwrotnie*$_{adv}$ (и во двата јазика метатекстуалната единица е хомограф на прилогот).

4. Она што ги обединува *напротив, спротивно* и *обратно* е способноста да изразат спротивставеност. Според својата функција, *напротив* и *обратно*$_{meta}$ се изделуваат како метајазични единици, а *спротивно* и *обратно*$_{adv}$ како прилози. Во однос на нагласувањето на типот спротивставеност *обратно* се изделува во однос на *напротив* и *спротивно.*

Извори

ЕКМКТ – *Електронскиот корпус на македонските книжевни текстови,* http://drmj.manu.edu.mk/електронски-корпус-на-македонски-кни/
ДРМЈ – *Дигитален речник на македонскиот јазик,* http://drmj.eu
ОДРМЈ – *Официјален дигитален речник на македонскиот јазик,* https://makedonski.gov.mk

Литература

Конески, Блаже 1996. *Граматика на македонскиот литературен јазик*. Скопје: Детска радост.

Минова-Ѓуркова, Лилјана 1994. *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*. Скопје: Радинг.

Тополињска, Зузана 2009. *Полски~македонски: граматичка конфронтација 9. Негација*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Bogusławski, Andrzej. 1977. *Problems of the Thematic-Rhematic Structure of Sentences*, Warszawa

Kisiel, Anna 2018. "Wyrażanie przeciwieństwa. Między przysłówkiem a metatekstem", *Z Polskich Studiów Slawistycznych*; Vol. 13; iss. 2; pp. 113–124.

Liu, Dilin 2008. *Linking adverbials.* "An across-register corpus study and its implications" *International Journal of Corpus Linguistics* 2008, 13(4), s. 491–518.

Witosz, Bożena 2017."Metatext in the Discourse of the Theory of Text, Stylistics and Pragmalinguistics*", *Forum Lingwistyczne*, 4.

Żabowska, Magdalena 2019. „Dla odmiany – fraza przysłówkowa i komentarz metatekstowy (na tle konstrukcji dla + NP)" *LINGUISTICA COPERNICANA*, 16.

Elena PETROSKA

ON WORDS EXPRESSING CONTRARINESS IN MACEDONIAN

S u m m a r y

The purpose of this article is to present the differences and similarities of words that express contrariness in Macedonian: *напротив, спротивно* and *обратно*. The analyses of their use are based on The Electronic Corpus of Macedonian Literary Texts. By confirming the differences between adverbs (they conjoin verbs; they fill a rhematic part of a sentence) and metatextual units (they don't conjoin; they serve as a comment to (parts of) thematic-rhematic structure), this work presents *напротив* as a metatextual unit, *спротивно* as an adverb and *обратно* as a homograph (as an adverb and as a metatextual unit). They are all related to negation, and used as metatextual units (*напротив* and *обратно*) they create an adversative relation. This work also discusses their meanings, where *обратно* separates itself from *напротив* and *спротивно*.

Keywords: Metatextual unit, adverb, contrariness, contrast marking.

UDC 811.163.3'367.332.7

Елени БУЖАРОВСКА
Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје
elenibuzarovska@t.mk

Лилјана МИТКОВСКА
ФОН Униврзитет, Скопје
liljana55@yahoo.com

ДА-КОНСТРУКЦИИТЕ ВО КОМПЛЕТИВНА ФУНКЦИЈА

1. Вовед

Темата на оваа статија е инспирирана од извонредно богатиот и разновидниот научен опус на академик Зузана Тополињска, кој проникнува во суштинските принципи на строежот на јазикот. Важен дел од нејзините научни интереси е проучувањето на контактните појави во јазикот, со фокус на јазичните промени во македонскиот јазик под влијание на балканската јазична средина. Една од тие појави е и *да*-конструкцијата која го заменила инфинитивот во словенските балкански јазици. Во оваа статија поаѓаме од нејзините ставови за природата на *да*-конструкциите и подлабоко ја испитуваме реченичната комплементација со *да*-реченици во стандардниот македонски јазик.

Комплементацијата ја сфаќаме како синтаксичка појава која се јавува кога аргументот на предикатот се реализира како комплетивна (односно комплементарна) реченица (Noonan 2007: 52). Формата на комплетивната дел-реченица „зависи од лексичката и категоријалната (граматикализирана) семантика на надредениот предикат“ (Тополињска 1995: 255). Во трудот ги разгледуваме глаголските предикати со реченично дополнение во форма на *да*-реченица (*да* + финитен глагол со презентска основа) и на нејзината варијабилност со други реченични дополненија.

Да-конструкцијата предизвикувала и сè уште предизвикува жив научен интерес како ареален феномен, посебно поради фактот што се вбројува во балканизми. На историските и типолошките аспекти на *да*-конструкцијата е посветена обемна литература (Gołąb 1964, Joseph 1983, Илиевски 1988, Večerka 1996, Асенова 2002, Ammann and Auwera

2004, Грковић-Мејџор 2004, Lindstedt 2010, Фридман 2011 меѓу другите). Се изделуваат делата на Тополињска, која ги проучува *ѓа*-конструкциите како типолошка и контактна појава (2008а, 2008б, 2009, 2014), но исто така детално ја испитува нивната дистрибуција во јужните македонски дијалекти (1995).

Во стандардниот македонски јазик *ѓа*-конструкциите имаат широка дистрибуција во синтаксички независни и зависни реченици. Во првите вршат низа прагматички функции како на пр. поставување на поларитетни прашања (*Да си оѓам?*), давање наредби (*Да оѓиш сега!*), предлози (*Ај ѓа оѓиме заедно*) и желби (*Да си жив и здрав!*), и сл.

Зависните *ѓа*-конструкции се употребуваат во комплетивна и модификациска функција во македонскиот јазик. Во првата тие функционираат како дополнение на глаголски или именски предикати од втор ред во објектна (*Сакам ѓа ѿи кажам нешѿо*) или субјектна позиција (*Да ѿризнаеш не е лесно*). Исто така се употребуваат во протазата на условни реченици (*ѓа* + презент/имперфект), како аргумент на предикат од трет ред (*Да му кажам, ќе ѓојде. Да му кажев, ќе ѓојдеше*).

Како модификатор, *ѓа*-конструкцијата се јавува во две функции: прилошка определба и релативна дел-реченица. Во адвербалната позиција со неа се реализира неаргументскиот член на настанот со семантика на целна (*Оѿиде ѿаму (за) ѓа му каже нешѿо*) и начинска прилошка дел-реченица (*Се вџаши како ѓа виде ѓух*).[1] Во адноминална позиција *ѓа*-конструкцијата функционира како релативна реченица што ја модификува именката-центар која посочува на неопределен референт (*Барам жена ѓа чува сѿарец*).[2]

Нашата главна цел е утврдување на функцијата на *ѓа*-конструкцијата во системот на комплетивни дел-реченици во стандардниот македонски јазик во споредба со конкурентните форми на индикативните комплетивни реченици со сврзникот *ѓека, шѿо* и *како* (*Се надевам ѓека не заѓоцнив, Видов ѓека заѓоцнив, Жалам шѿо заѓоцнив, Гледам како влегуваш*). Тие дел-реченици се дополненија на глаголски предикати од неколку семантички полиња поврзани со човековата ментална активност. За таа цел се испитува значењето импликувано во комплетивните *ѓа*-реченици зависно од семантиката на главниот предикат и варијабилноста меѓу комплетивните *ѓа*-реченици и други типови комплетивни реченици, посебно со ист предикат.

2. *Да*-конструкцијата: потекло и карактеристики

Во македонската лингвистика прифатен е ставот дека *ѓа*-конструкцијата е експонент на аналитички субјунктив односно подреден начин со кој се

[1] Преглед на употреби на зависните *ѓа*-реченици е даден кај Георгиевски (2009).

[2] Примерот е од интернет. Повеќе за такви реченици види кај Бужаровска и Томиќ (Bužarovska, Tomic 2009).

маркира потчинување на еден предикативен израз кон друг (Тополињска 1995: 255). Таа подреденост се појавува во семантичка и синтаксичка зависност од главниот предикат.

Од дијахрониска перспектива, аналитичките субјунктивни конструкции во балканските јазици (во кои спаѓа и *ѓа*-конструкцијата) се појавуваат како замена на инфинитив (Joseph 1983, Асенова 2002).[3] Нивното ширење, паралелно со истиснувањето на инфинитивот, поминува низ слични фази: прво овие конструкции се појавуваат во контексти со изразена модална семантика (целни реченици, па со волитивни предикати), а најдоцна навлегуваат во состави со немодални глаголи како на пр. *ѝочнува* (сп. Joseph 1983: 107, Цыхун 1981: 151).

Претпоставуваме дека модалноста на *ѓа* се должи на нејзиното наследено значење. Се смета дека *ѓа* потекнува од аблативната форма на индо-европската демонстративна заменка **do/*to* со значење ‘оттука натаму’ (Грковић-Мејџор 2004). Веројатно честицата *ѓа* поседувала имплицитно значење на насока, движење кон посакуваната цел, што послужило како семантичка основа за навлегувањето на *ѓа* во целни дел-реченици (кои изразуваат нереализирани идни настани). Грковић-Мејџор (2004) го објаснува развитокот на партикулата *ѓа* од најстарите старословенски пишани текстови во комплетивен оператор во старосрпскиот (13-14 век) со реанализа и генерализација на *ѓа* меѓу две прости реченици во јукстапозиција (прво со волитивните глаголи и глаголи за говорење, често заколнување). Ѓуркова (2015) ги покажува паралелите (но и отстапувањата) во развојот на хипотактичкото *ѓа* во македонските црковнословенски текстови.

За Тополињска *ѓа* е формант на субјунктивот кој го дефинира како „врзан/потчинет начин“ (2008б: 56) што има морфосинтаксички, а не морфолошки карактер (2000: 132). Тој се формализира во две варијанти: *subjunctivus praesentis* (*ѓа* + презент) и *subjunctivus praeteriti* (*ѓа* + имперфект). Како нов глаголски начин[4] тој „претставува средство за суспензија на информацијата за фактивниот карактер на настанот“ со предикати кои изразуваат ментална активност на човекот (Тополињска 2009: 255). Нефактивноста се сигнализира со модалната партикула *ѓа*[5] која има временска футурна перспектива.

Крамер (1986: 38) пак смета дека *ѓа* е немаркирана модална честичка која го добива значењето зависно од контекстот. Во независните реченици честичката *ѓа* се употребува во оптативната и императивната

[3] Оваа јазична промена настанала поради јазичен контакт, пред сè со грчкиот јазик (Илиевски 1988: 194) и тенденцијата на балканските јазици кон аналитизам.

[4] Субјунктивот и кондиционалот му биле непознати на наследениот словенски дијасистем (Тополињска 2008б: 239).

[5] Според Тополињска (2000: 89), треба да разликуваме три вида *ѓа* во македонскиот јазик: партикула за потврдување, приглаголска модална партикула и сврзник за конјукција (маргинално застапена во некои македонски дијалекти).

функција уште во старословенскиот јазик. Постои хипотеза дека таквото *ѓа* потекнува од друг историски извор.[6] Се приклонуваме кон тезата дека независната употреба на *ѓа*-конструкцијата ѝ претходи на зависната (Асенова 2002: 182) со оглед на фактот дека во јазикот хипотаксата се развива од паратаксата. Независните *ѓа*-конструкции послужиле како основа за развој на функции во хипотактички *ѓа*-реченици при замена на инфинитивот.

Што се однесува до значењето на *ѓа*-конструкцијата во македонскиот јазик, Тополињска (2008а: 56) смета дека тоа е нефактивноста. Категоријата фактивност ја дефинира како „временска референција на една финитна глаголска конструкција“ (2008б: 231), и затоа „нефактивните настани имаат идна или миното-идна временска перспектива“ (ibid, 232) припаѓајќи во нереалниот свет (irrealis). Нефактивноста (односно тоа што не е факт/вистина) корелира со граматичките категории начин: субјунктив и кондиционал (Topolińska 2009).

Меѓутоа, терминот ‘фактивност’ се употребува во лингвистиката со друго значење, што може да доведе до забуна. Според „класичната“ дефиниција (Kiparsky, Kiparsky 1970), фактивните предикати ја пресупонираат вистинитоста на своите реченични дополненија, а тоа се проверува со нивна негација. На пр. во *Жалам/не жалам ѓека ѿи ѿомог̄нав*, фактивниот глагол *жали* пресупонира дека ти помогнав, за разлика од нефактивното *смеѿа* во *Смеѿам/не смеѿам ѓека ѿи ѿомог̄нав.* Се чини дека терминот ‘фактивност’ е сфатен широко во предметната литература за словенски и балкански јазици[7] и се изедначува со ‘фактуалност’. Фактуелноста е субјективна категорија која се однесува на степенот на убеденоста на говорителот во тоа што го тврди (асертивност), а фактивноста е импликувана во семантиката на предикатот. Терминот ‘нефактуалност’ се користи паралелно со ‘ иреалност’ (irrealis) во типолошката литература (Mauri, Sansò 2016).

Употребата на негација ја намалува асертивноста на исказот и на тој начин ја суспендира фактуелноста на исказот (не се тврди дека нешто е факт). Некои предикати дозволуваат нефактуалноста да се сигнализира не само преку негација на матричниот предикат (*Не се наѓевам ѓека ќе се виѓиме*), но дополнително и со формата на дополнението *(Не се наѓевам ѓа се виѓиме*).

Врз основа на гореизнесените ставови наведуваме неколку главни својства на *ѓа*-конструкцијата. Тоа се:

---

[6] Тополињска (2000: 132) го прифаќа ставот на Голомб (Gołąb 1964) дека модалното *ѓа* потекнува од императивна форма на **dati*, додека сврзникот *ѓа* – од индоевропската демонстративната заменка **do*. Балканскиот субјунктив историски е повразан со оптативот (заеднички оптативно-субјунктивен начин), поради модалноста.

[7] Истото го тврди и Ницолова (2008: 409) за бугарскиот јазик.

а) изразување на евентуални настани: семантички гледано, *ѓа*-реченицата не кодира пропозиции туку нереализирани дејства со идна проекција, односно „желби, наредби, забрани, претпоставки, со еден збор, нечиј субјективен став кој може да се оствари во иднината“ (Тополињска 1995: 138). Тоа се проицирани ситуации (*states of affairs*) кои не припаѓаат на реалноста и за разлика од пропозициите не подлежат на верификација вистинитост/невистинитост.[8]

б) нефактуалност: *ѓа*-конструкцијата сигнализира нефактуалност, својство што произлегува од онтолошкиот статус на т.н. евентуални настани. Во *Сакам/сакав ѓа ши помогнам* посакуваното дејство припаѓа на светот на желбите (*irrealis*), а не на реалниот свет.

в) темпорална нереференцијалност: настанот во *ѓа*-реченицата не е лоциран во времето и се одредува од времето на матричниот глагол (*Сакам/сакав ѓа одам*). Тоа се поврзува со фактуалноста, која е одлика само на финитните реченици бидејќи настаните што ги изразуваат имаат определена временска рамка (Evans 2007, Nikolaeva 2013).

г) непосредна последователност: *ѓа*-конструкцијата има импликација дека дејството што го кодира следи непосредно по главното. Така може да се објасни идната темпорална проекција вградена во семантиката на *ѓа*-конструкцијата.

д) синтаксичка кохезија: значењето на *ѓа*-конструкцијата произлегува од нејзината т.н. конструкциска семантика – заемодејството меѓу семантиката на модалната честица *ѓа* и глаголот во презентска форма. Меѓу *ѓа* и глаголот постои тесна синтаксичка врска која оневозможува вметнување на друг конституент освен негативниот маркер *не* и кратките заменски клитики (*Да не му кажуваш*).

е) темпорално ограничување: полнозначниот глагол всушност претставува „врзана форма“– тој синтаксички зависи од проклитличното *ѓа* кое не дозволува по него да се употреби глагол во аорист и футур. Тоа укажува дека *ѓа* не е сврзник во „класичното“ разбирање на овој поим.

3. Теориска основа: реченична комплементација

Комплетивните реченици изразуваат настани кои се поврзани со главниот настан, а тоа поврзување може да биде посилно или послабо. Степенот на интеграцијата меѓу главниот и зависниот настан/ситуација зависи од семантиката на матричниот предикат. Посилна семантичката интеграција меѓу настаните доведува до потесна синтаксичка интеграција меѓу двете реченици и обратно (Givón 2001, Cristofaro 2003). За објаснување на оваа појава ја користиме т.н. хиерархијата на семантичката интегра-

[8] Евентуална ситуација/настан претставува всушност опис на дадената ситуација бидејќи не е лоцирана во времето.

ција од Кристофаро (Cristofaro 2003: 122)[9] која претставува една скала (*continuum*) на која се „наредени“ семантичките класи на предикатите според нивото на интеграција на предикациските единици (види Слика 1). Степенот на интеграцијата на настаните се рефлектира на синтаксичко ниво. Потполна интеграција во едноречeнична структура имаат фазните, модалните и манипулативните глаголи: тие немаат своја аргументска структура и се еден вид помошни глаголи. На крајот на скалата се предикатите што слабо или воопште не се интегрираат со своите дополненија.

посилна интеграција	**послаба интеграција**
Фазни >Модални >Манипулативни >Волитивни	Сетилни >Когнитивни >Путативни >Зборување

----------→

Слика 1. Скалата на семантичко-синтаксичка интеграција

Силна семантичко-синтаксичка интеграција на комплетивните реченици се манифестира во темпорална и референцијална зависност од главната реченица. Таквата зависна *ѓа*-реченица се одликува со котемпоралност и кореферентност, што доведува до намалување на нивната финитност. Овие признаци на нефинитна, номинализирана синтакса се маркираат со синтаксички средства (Noonan 2007) како што е формата на комплетивната дел-реченица која влије врз изборот на сврзничкиот оператор.

Се поставува прашање од што зависи синтаксичката интеграција меѓу главната и зависната предикација. Сметаме дека таа зависи од две семантички опозиции кои меѓусебно се испреплетуваат.

(а) опозиција меѓу пропозиција и „евентуален“ (нереален) настан што го кодира комплетивната дел-реченица

Во примерот *Знам/мислам ѓека утре ќе заврне, ѓека*-реченицата изразува пропозиција и затоа подлежи на оценување вистина/невистина. Соговорникот може да не се согласи со: *Не, грешиш.* Но *ѓа*-реченицата во *Сакам утре ѓа заврне* не подлежи на оценување вистина/невистина: соговорникот не може да даде потврден или негативен одговор на искажаната желба.

(б) опозиција меѓу фактуалност и нефактуалност

Да-реченицата, поради темпоралната нереференцијалност, е погодна глаголска форма за реализација на нереални, евентуални настани

[9] Таа се базира на хиерархијата на Гивон (Givón 1984/2001).

кои не можат да се оценат како вистинити/невистинити (на пр. *Сакам да застане автобусот тука*). За разлика од *да*-реченицата, финитната *дека*-реченица, зависно од семантиката на предикатот, кодира пропозиција која говорителот ја проценува како факт или нефакт. Таа може да се модификува со епистемички прилози *сигурно, веројатно* и сл. (Wiemer, во печат).

Фактивното и фактуелното *знае* секогаш пресупонира дека содржината на дополнението е вистинито. Во *(Не) знаев дека автобусот застанува тука* пресупозицијата е дека автобусот застанува тука. За разлика од нив, когнитивните предикати што изразуваат став (т.н. путативни), независно дали се негирани или не, изразуваат епистемичка резерва, односно помал степен на асертивност. Во реченицата (*Не*) *мислам/верувам дека автобусот застанува тука* не е сигурно дали автобусот застанува тука или не.

Некои предикати дозволуваат варијабилност во изборот на дополнението ако содржат волитивна компонента во нивната семантичка структура или ако се негирани. Кај некои глаголи дистанцирањето од вистината на кажаното, односно нефактуалноста, се сигнализира со субјунктивно дополение (*Не верувам дека ќе застане/да застане* или *Се надевам дека ќе дојдам/да дојдам*).

Постои корелација меѓу фактуалноста, изборот на сврзничкиот оператор[10] и семантичко-синтаксичката интеграција на сложената реченица. Таа е послаба кај тие предикати чија подредена предикација посочува на пропозиција па таа се концептуализира посебно од главната. Кај одреден тип матрични предикати чии втори аргументи посочуваат на нереални ситуации кодирани со *да*-реченица постои тесна поврзаност меѓу главниот и подредениот настан (волитивни и манипулативни предикати).

4. Преглед на комплетивните реченици во македонскиот јазик

Во ова поглавје ги разгледуваме комплетивните *да*-реченици со надградени глаголски предикати од аспект дали се врзуваат само со *да*-реченица или покрај *да*-реченица дозволуваат комплетивни реченици воведени со сврзниците *дека*/*што*/*како*. За да се открие семантичката разлика која се сигнализира во формата на дополнението, *да*-реченициите се споредуваат со другите типови комплетивни реченици при истите глаголски предикати. Поради горенаведените својства *да*-реченицата корелира со

[10] Според Вимер (Wiemer, во печат), во стандардниот македонски јазик фактивен сврзник е *што*, фактуален (епистемички неутрален) е *дека*, а нефактуален е *да*. Фактивните и фактуалните се употребуваат со пропозициски дополненија, а нефактуелните со непропозициски. Како фактивни предикати се сметаат глаголите *жали, се жали*, како и предикатите за емоција: нивните дополненија претставуваат каузатор на емоцијата и затоа се блиски до причинските (*Се радувам што дојде/биде/ќи дојде*).

предикати кои се одликуваат со висок степен на интеграција на настаните (како што се фазните, модалните и волитивните глаголи). Нашата хипотеза е дека таму каде што таа алтернира со индикативни сврзници се работи за варијабилност во семантиката на глаголот и дека со употребата на *ѓа*-реченица се потенцира модалната или волитивната компонента.

Сметаме дека употребата на *ѓа-конструкцијата* може подобро да се сфати преку разгледување на предикатите кои дозволуваат алтернација меѓу субјунктивната и индикативната комплетивна реченица. Тоа се постигнува со споредба на значењата на исти лексикограматички реченици (односно градени со ист глагол) со *ѓа* и *ѓека*-дополнение.

4.1. Силна интеграција меѓу главната и зависната предикација

4.1.1 Фазни и модални глаголи

Овие глаголи не се полнозначни па како еден вид помошен глагол целосно се интегрираат, дури се фузионираат со *ѓа*-конструкција формирајќи еден предикат.

Фазни: Во оваа затворена семантичка класа спаѓаат глаголите *почне, продолжи, престане* и *заврши*. Сите освен глаголот *заврши* се дополнуваат со *ѓа*-конструкција. Овие глаголи не се полнозначни: не означуваат дејство туку определуваат во која фаза се наоѓа проицираното дејство кодирано во *ѓа*-конструкцијата. Глаголите *почне, продолжи, престане* сигнализираат дека дејството не е реализирано односно комплетирано до крај (кај *престане* е прекинато), додека *заврши* имликува дека дејството е реализирано и затоа има дополнение во форма на номинализација.

(1) *Почна/продолжи/престана ѓа зборува.*

(2) *Заврши со зборување/*ѓа зборува.*

Модални: Глаголите *мора, може, треба, смее, има* во стандардот се употребуваат за изразување сите видови модалност. Нивната функција е да изразуваат (субјективен) став на говорителот спрема тоа што го кажува. Во деонтичките и динамичките значења модалните глаголи се обележани по лице (освен *треба*), но во некои употреби може да бидат неменливи (*морам/мора ѓа одам*). Полнозначниот глагол е котемпорален со модалниот.

(3) *Морам/можам/треба/смеам/има ѓа влезам без покана.*

(4) *Морав/можев/требаше/смеев/имаше ѓа влезам без покана.*

Во епистемичките употреби на овие глаголи интеграцијата со *ѓа*-конструкцијата е послаба, што дозволува глаголот во *ѓа*-конструкцијата

да има независна временска референција. Модалниот глагол е неменлив (немаркиран по лице и број).

(5) *Мора/треба/може да влегле/?влегоа без покана.*

(6) *Мора да знаеја дека вратата е отворена.*

4.1.2 Катенативни глаголи (за напор и успех на дејството)

Оваа поголема група глаголи составена од *успее, стаса, стигне, се осмели, се обиде, проба, се подготви, се спреми, се труди, се мачи* има задолжителни дополненија во форма на *да*-реченици. Меѓу главниот глагол и *да*-конструкцијата постои висок степен на реченична интеграција. Претпоставуваме дека и тие се фузионирале во една реченица (со кореферентни субјекти и зависна временска референција) бидејќи не може да се концептуализираат како два одвоени настана. Времето на целниот настан се поклопува со времето на матричниот предикат.

Семантички, овие глаголи се двојат на две поткласи кои се разликуваат по тоа дали импликуваат реализиција на настанот во зависната предикација. Глаголите *се обиде, проба, се подготви, се спреми, се труди, се мачи* не се импликативни (Kartunen 1971), а глаголите *успее, стаса, стигна, се осмели* се импликативни бидејќи ја претпоставуваат вистинитоста на нивното дополнение. Во *Се трудев да стигнам на време (но не стигнав)* не се импликува реализирањето на настанот, за разлика од *Успеав да стигнам на време*, каде стигнувањето на време го пресупонира успешното реализирање на дејството. При негација таа импликација се губи: *Не успеав да стигнам на време.*

4.1.3 Глаголи на волиција и емоција

Дополненија во форма на *да*-реченици среќаваме и кај глаголите за волиција: *сака, мечтае, копнее, се стреми* и метафоризираните значења на *сонува* и *планира*. Тие изразуваат намера на говорителот сам или некој друг да го изврши дејството. Во првиот случај тоа води кон кореферентност на субјектите во главната и подредената предикација (7). Ако дејството се налага врз некој друг се добива некореферентност, која не ја блокира употребата на *да*-дополнението (8).

(7) *Сонувам/сонував да се вратам/вратиш.*

(8) *Планирав да станам рано/децата да станат рано..*

Што се однесува до емотивните предикати, глаголите *сака, мрази, се допаѓа,* и некои поекспресивни глаголи со слично значење (на пр. *обожава, копнее, се грози*) се дополнуваат со *да*-реченици. Тие се одликуваат со кореферентност и темпорална зависност од главната реченица. Во

(9) се работи за „евентуален“ настан, генеричен без темпорална референција, а во (10) нереализираниот настан кодиран со *ѓа*-реченица непосредно следи или дури се фузионира со главниот. Всушност, тој настан е изворот на емоцијата и *ѓа*-реченицата нуди објаснување за неа.

(9) *Мразам ѓа одам по снег.*

Некои глаголи за емоции (*се срами, се чуди, се горѓее*) се фактивни глаголи и дозволуваат синтаксичка варијабилност со фактивната (пресупонирана) *што*-реченица ако настанот што го кодира е веќе реализиран, независно дали постои кореферентност меѓу субјектите.

(10) *Се срамам/срамев ѓа влезам во салата.*

(11) *Се срамам/се чудам што влегов/влезе во салата.*

Варијабилноста на *ѓа*- и *што*-конструкциите во овој случај е поврзана со временската релација меѓу чувството и настанот на кој се однесува: постериорноста повлекува *ѓа*-реченица, а антериорноста – *што*-реченица која може да алтернира со *ѓека*-реченица.

Варијабилноста меѓу субјунктивното и индикативното дополнение е карактеристична за повеќе глаголи што се на граница меѓу волитивни/емоционални глаголи и когнитивни. Тие глаголи имаат сложена семантичка структура во која покрај волитивната се содржи емотивна и когнитивна компонента (*се надева, се плаши*) или когнитивна (*реши, одлучи*), што е причина за алтернација меѓу комплетивните *ѓа*- и *ѓека*-реченици. Таквата варијабилност има свои законитости и зависи не само од желбата на говорителот кое значење да го истакне туку и од (не)кореферентноста. *Да*-дополненијата се употребуваат кога во семантиката на таквите глаголи преовладува волитивната компонента која наметнува поголема контрола на матричниот субјект над зависното дејство (12).[11]

Суспензија на фактуалноста при негација исто така повлекува употреба на *ѓа*-реченица (13), појава забележана од Тополињска (2008а: 231) дека предикатот на негација (‘не е вистина дека’) се надградува над фактуалните[12] предикати и ги претвора во нефактуални.

(12) *Искрено се надевам работите ѓа се сменат/ѓека работите ќе се сменат.*

(13) *Не се надевам ѓа ѓојѓат.*

Дека-реченица се употребува кога во значењето на глаголот повеќе е истакната когнитивната компонента. Тоа овозможува независна временска референца на зависната предикација како со кореферентни

[11] Повеќе за тоа види кај Бужаровска и Митковска (2014).

[12] Тополињска го употребува традиционалниот термин ‘фактивен’ за овие ситуации во кои ние го предлагаме терминот ‘фактуален’.

така и со некореферентни субјекти. Ова особено важи за глаголот *се надева* (15).

(15) *Се надевам дека стигнав/стигнавте/ќе стигнете на време.*

И глаголот *се плаши* спаѓа во семантички двокомпонентни глаголи чија структура се состои од ‘непријатно чувство + (не) сакам нешто да се случи’. Со *да*-реченицата до израз доаѓа волитивната компонента: кореферентниот субјект не сака да се случи некој последователен настан (и затоа стравува од него), додека *дека*-реченицата се јавува кај некореферентни субјекти кога волитивната компонента е повлечена на втор план а домирира когнитивната компонента. Таквото *се плаши* е когнитивен глагол со избледнето емоционално значење кое може да се парафразира ‘мислам дека нешто несакано ќе се случи’.

(16) *Се плашам да му кажам за тоа. Се плашам дека ќе му кажат за тоа.*

Како и во другите случаи, комплетивните *дека*-реченици со *се плаши* сигнализираат послаба интреграција на двете предикации па затоа тие се одликуваат со независна временска рамка од матричната предикација (17). Истото се забележува и кај негираните комплетивни *да*-реченици, што укажува на фактот дека тука се работи за посебен вид комплетивни *да не*-реченици со апрехенсивна семантика (18). Сметаме дека јукстопозиција на две модални честици *да* + *не* предизвикала граматикализиција на овој состав во модален сврзник што ја прекинала рекцијата на *да* врз синтаксички зависниот полнозначен глагол. Тоа дозволува негова независна временска референција (односно употреба на минати времиња) и вметнување и честицата *не* за негирање на предикацијата (Mitkovska et al. 2017).

(17) *Се плаши дека ќе го видат/го видоа/виделе.*

(18) *Се плаши да не го видат/видоа/виделе.*

Други глаголи кои се одликуваат со алтернација во изборот на стратегиите за комплементација се *реши* и *одлучи*. *Да*-реченицата се употребува со кореферентни субјекти кога волитивната компонента е истакната за сметка на когнитивната. Во некои контексти *да*-реченицата импликува дека намерата на субјектот е посилно изразена за ситуации кои навестуваат моментална промена (19), т.е. минимален временски расчекор меѓу двата настана, со што се зголемува нивната интеграција. За разлика од тоа, поголемата временска дистанца, како во (20), дозволува да се импликува и вербализација на решението кое се искажува со *дека*-реченица.

(19) *Денес решив да останам дома.*

(20) *Решивме дека догодина ќе патуваме сами.*

Дека-реченицата со кореферентни субјекти и со негиран зависен предикат не создава импликација за непосредна последователност туку сигнализира дека субјектот дошол до одлуката по претходно размислување (21) за разлика од *ѓа*-реченицата во ист контекст (22).

(21) *Цврсшо решив ѓека нема ѓа йијам. (веќе)*

(22) *Цврсшо решив ѓа не йијам. (шаа вечер)*

4.1.4. Манипулативни глаголи

Манипулативните глаголи изразуваат вербално наметнување на говорителот врз соговорникот (или трето лице) со цел да го изврши бараното дејство. Класата на овие глаголи е бројно поголема од претходните семантички класи и делумно се преклопува со глаголи на зборување (освен глаголот *(на)шера*). Главниот глаголски предикат е каузален бидејќи каузаторот (матричниот субјект) предизвикува дејство преку манипулирање со погодениот субјектен референт на зависната предикација. Глаголите во оваа класа изразуваат различен степен на манипулација, а тоа влијае на изборот на дополнението, кое може да се реализира како *да*- или *дека*-реченица.

Да-речениците се јавуваат кога субјектот на глаголот изразува поголема контрола односно манипулативност[13] врз подреденото дејство: *ѓозволи, забрани, замоли/йраша, нареѓи, нашера, оѓби, йреѓуйреѓи, йрейорача, йокани, йонуѓи.* Манипулираниот референт може да зафаќа две позиции во надредената реченица: индиректен објект (23) и директен објект (24).

(23) *Му нареѓија ѓа ѓојѓе.* (> не е јасно дали тој дојде)

(24) *Го нашераа ѓа ѓојѓе.* (> тој дојде)

Интересно е дека несвршениот вид на глаголот креира имплицитно значење дека дејството не се реализирало (*Го шераа ѓа ѓојѓе, ама шој не ѓојѓе*).

Манипулативниот предикат е во тесна врска со зависниот предикат, што се гледа во изборот на комплетивната *ѓа*-реченица. *Да*-дополненијата сигнализираат поголема инволвираност на каузаторот-субјект кој се наметнува врз соговорникот (зависниот субјект), па затоа најчесто се работи за некореферентни субјекти. Меѓу главната и зависната предикација има хронолошки редослед што се одразува во зависна темпорална референција на комплетивните *ѓа*-реченици, додека *ѓека*-реченици не се прифатливи (25).

[13] Каузаторот поседува различен степен на манипулативност (*coercive power*, според Givon 2001: 44) со која го контролира наметнатото дејство.

(25) *Му забранивме ѓа ѓојѓе.* (**ѓека ѿреба ѓа ѓојѓе*)

Глаголите што изразуваат помала манипулативност (*инсисѿира, рече, совеѿува, убеѓи, се закани, се обврзе, се соѓласи, веѿи*) дозволуваат синтаксичка варијабилност меѓу комплетивните *ѓа*- и *ѓека*-реченици. И кај овие глаголи несвршениот вид импликува нереализирање на настанот во зависната реченица (спореди во 26).

(26) *Му рековме/кажувавме ѓа ѓојѓе/ѓека ѿреба ѓа ѓојѓе.*

Каузалното значење во такви случаи е послабо бидејќи ситуацијата во зависната реченица е претставена како понезависна, а не како директен резултат на каузација од матричниот предикат. Тие не бараат задолжителна последователност и затоа импликуваат поголема временска дистанца.

4.2. Слаба интеграција меѓу главната и зависната предикација

Во следните поглавја ја објаснуваме комплементацијата на глаголските предикати кои наметнуваат слаба интеграција: глаголи за перцепција и когнитивни глаголи. Глаголите за зборување (*забележи, изјави, објасни, рече, соопѿиѿи, ѿврѓи*) не се интегрират со своите дополненија и затоа тие имаат форма на *ѓека*-реченица (*Тој рече / ѿврѓи/ изјави ѓека...*). Овде нема да ги обработуваме бидејќи не покажуваат варијабилност во комплементацијата.

4.2.1. Глаголи за перцепција

Синтаксата на глаголите за перцепција (вид, слух, мирис, допир и вкус) е диктирана од семантиката. Нивното однесување зависи од заемодејство на две опозиции: (а) директна – индиректна перцепција зависно од тоа дали човекот перцепира некој настан или доаѓа до сознание за тој настан посредно преку дедукција; (б) агентивност – неагентивност на глаголите, која се определува од семантичката улога на перцепторот: или е агенс кој сам го иницира перцепирањето (*ѓлеѓа, слуша*), или е доживувач кој е изложен на сетилна дразба без негова волја (*виѓи, чуе*).

Директната перцепција во македонскиот јазик се кодира со *како*-реченица со агентивни и неагентивни глаголи во главната реченица (27), додека индиректната со *ѓека*-реченица (28).[14]

(27) *Глеѓав како Марко заминува. Виѓов како Марко замина.*

(28) *Виѓов ѓека Марко замина.*

Кај директната перцеппција *како*-дополнението укажува на реален настан лоциран во времето. Тој е симултан со самото перцепирање што

[14] За повеќе види Бужаровска, Митковска (2016).

се одразува во тоа што глаголот во *како*-реченицата има релативно време (29). Тоа укажува на извесна редукција на финитноста на *како*-реченицата.

(29) *Осетив/почуствував како нешто ми лази по ногата.*

Поради котемпоралноста и прагматичката потреба на агенсот што перцепира да го истакне перцепираниот учесник (субјект на втората предикација) подредениот субјект може синтаксички да се авансира во реченичната рамка на главниот предикат. Тоа доведува то потесна семантичко-синтаксичка интеграција на двете реченици.

(30) *Го видов како Марко заминува. Го видов Марко како замина.*

Во разговорниот јазик глаголите за перцепција дозволуваат алтернација на *како*-дополнение со *да*-дополнение во модални контексти: при негација, поставување на поларитетно прашање (31) или изразување на силен емоционален став (со иницијални прилошки изрази *прват, никогаш* и сл) како во (32). Тие се често придружени со авансирање на подредениот субјект. Тоа укажува дека *да*-реченицата се употребува за кодирање не само на нефактуални ситуации, туку и на фактуални но субјективно оценети настани.

(31) *Не видов да влезе. Не го видов да влезе. Го виде ли да влезе?*

(32) *Прват го гледам да влегува без чукање. Прват видов таа да направи такво нешто.*

Индиректната перцепција се реализира со неагентивен глагол во главната реченица и комплетивна *дека*-реченица. Дополнението посочува на пропозиција: таа не е темпорално ограничена бидејќи не посочува на настан туку кодира знаење за тој настан во умот на перцепторот. Затоа глаголот во зависната реченица има апсолутно време.

(33) *Слушнав дека Марко се вратил/ ќе се врати/ се враќа.*

4.2.2. Когнитивни: ментални и путативни предикати

Во оваа група спаѓаат два вида когнитивни глаголски предикати: ментални, кои означуваат когнитивни процеси поврзани со знаење (*се сети* и *заборави*) и т.н. путативни глаголи кои изразуваат епистемички став на субјектниот референт кон кажаното: *мисли,*[15] *смета, верува*.

Менталните глаголи *се сети* и *заборави* се одликуваат со варијабилност меѓу *дека*- и *да*-дополненија која не е поврзана со негација. *Дека*-реченица се употребува со независна временска референца (34),

[15] Глаголот *мисли* спаѓа и во волитивни предикати кога изразува намера со комплетивна *да*-реченица: *Мислам да заминам утре.*

додека *ѓа*-реченицата се јавува во контексти со идна проекција и кореферентност (35).

(34) *Се сетив/заборавив ѓека ја затворив вратата.*

(35) *Се сетив/заборавив ѓа ја затворам вратата.*

Путативните глаголски предикати се однесуваат слично како сетилните неагентивни глаголи (на пр. *виѓи, чуе*) што изразуваат знаење. Двете реченици не се обединети со иста темпорална и референцијална рамка бидејќи помеѓу нив нема семантичка интеграција и содржински се концептуалицираат одвоено. Затоа бараат индикативно дополнение во форма на *ѓека*-реченица, која се употребува со независна временска референција.

(36) *Мислам/верувам ѓека знаеш/?ѓа знаеш.*

(37) *Мислам/сметам/верувам ѓека Ана ѓоаѓа/ѓошла.*

Овие глаголски предикати се осетливи на негација, која дозволува да бидат дополнети со комплетивна *ѓа*-реченица во разговорнот јазик.[16] Тоа дури е возможно со фактивното *знае* при тесна семантичка интеграција кога се авансира подредениот субјект во рамките на главната предикација (*Не знам некој ѓа користел такви методи*). Употребата на *ѓа*-реченица со негирани путативни предикати сигнализира дека говорителот изразува извесна резерва за вистинитоста на подредената пропозиција.

(38) *Не мислам/верувам ѓека знае.*

(39) *Не мислам/верувам ѓа знае.*

5. Заклучни белешки

Во разгледувањето на глаголските предикати кои задолжително бараат дополнение во форма на *ѓа*-реченица и на предикатите што дозволуваат варијабилност меѓу *ѓа*- и *ѓека*-дополнение се потврдува заклучокот дека *ѓа*-речениците претставуваат редуцирани номинализирани дополненија без темпорална референција. Тие се употребуваат со предикати што семантички корелираат со постериорни ситуации кои се временски блиски или може да се преклопуваат. Тоа импликува идна проекција од која произлегува импликација на нефактуалност. Според тоа, употребата на *ѓа*-конструкцијата во комплетивна функција сигнализира висок степен на семантичка и синтаксичка интергација меѓу матричниот и зависниот предикат како резултат на котемпоралност и кореферентност со главната реченица. Кај фазните, модалните, волитивните и манипулативните гла-

[16] Повеќе за алтернацијата на *ѓека*- и *ѓа*-речениците со глаголот *верува* види во Mitkovska, Bužarovska (2015).

голи тие се експоненти на субјунктивна комплементација. Употребата на *ѓа*-реченици со негирани сетилни и путативни глаголи укажува дека *ѓа*-реченските се прошириле во епистемичка функција. Делумно заземајќи ја функционална зона на *ѓека*-реченици тие внесуваат модална опозиција (факт–не факт) во индикативната комплементација.

Меѓутоа, остануваат неколку дилеми поврзани со навлегувањето на финитни глаголски форми во зависната *ѓа*-конструкцијата: со епистемички модални глаголи (*Мора ѓа знаеја ѓека врашата е отворена*) и во апрехенсивни конструкции со *ѓа не* (*Се плашевме ѓа не згрешивме нешто*). Ние изнесовме хипотеза (Бужаровска, Митковска 2015) дека модалното *ѓа* во комбинација со други модални честици претрпува граматикализација во нова честици. Тие процеси довеле до прекинување или слабеење на рекцијата со глаголот во *ѓа*-реченицата што придонело глаголот да се здобие со темпорална референцијалност во таквите *ѓа*-конструкции (можен е аорист и перфект). Тука пред сè спаѓаат апрехенсивните конструкции (*Се плашам ѓа не отишол сам*), како и независните *како ѓа*-конструкции[17] (*Како ѓа чув нешто*) и *ѓа не*-прашања (*Да не чувте нешто?*).

Библиографија

Асенова, П. 2002. *Балканско езикознание: Основни проблеми на балканския езиков съюз*. Фабер: Велико Търново.

Бужаровска, Е., Митковска, Л. 2014. „Семантиката на глаголот *се наѓева*: изразување емоција или став?“ *Македонски јазик* LXV, 203–218.

Бужаровска, Е., Митковска, Л. 2015. „Негираните независни *ѓа*-конструкции“, *Субјунктив: со посебен осврт на македонските ѓа-конструкции*, Тополињска, З. (уредник), Скопје: МАНУ, 23–46.

Бужаровска, Е., Митковска, Л. 2016. „Дополненија на глаголите за визуелна перцепција“, *Македонски јазик* LXVII, 109–122.

Георгиевски, Г. 2009. *Да-реченицата во македонскиот јазик*. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков.“

Грковић-Мејџор, Ј. 2004. „Развој хипотатактичког *ѓа* у старосрпском језику“, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 471/2, 185–203.

Ѓуркова, А., 2015. „Сврзникот *ѓа* во македонските црквенословенски текстови во споредба со другите јужнословенски редакции на црквенословенскиот“, *Slovo* 65, 1–20.

Илиевски, П. Х. 1988. *Балканолошки лингвистички студии*. Скопје: ИМЈ.

[17] Повеќе за тоа види кај Bužarovska (2006).

Ницолова, Р. 2008. *Българска граматика. Морфология*. София: Университет Св. Климент Охридски.

Тополињска, З. 1995. *Македонските дијалекти во Егејска Македонија. Синтакса.* Скопје: МАНУ.

Тополињска, З. 2000. *Полски-Македонски граматичка конфронтација. Студии од морфосинтаксата*, Скопје: МАНУ.

Тополињска, З. 2008а. *Полски-Македонски граматичка конфронтација. Развиток на граматичките категории (8)*, Скопје: МАНУ.

Тополињска, З. 2008б. „Семантичката категорија нефактивност во словенските јазици“, *Z Polski do Macedonii. Studia językoznawcze, tom 1: Problemy predykacji.* Topolińska, Z. (ed.). Kraków: Lexis, 231–240.

Тополињска, З. 2009. „Балканското во граматичката структура на словенските балкснки јазици“, *Z Polski do Macedonii. Studia językoznawcze, tom 2: Problemy nominacji*. Topolińska, Z. (ed.). Kraków: Lexis, 303–312.

Тополињска, З. 2014. „Организација на нефактивната зона на вербалниот систем во македонскиот и во полскиот јазик“, *Субјунктив со посебен осврт на македонските да-конструкции*. МАНУ: Скопје, 218–229.

Фридман, В. 2011. „Типологијата на употребата на *да* во балканските јазици“, *Македонистички студии*. Скопје: МАНУ, 43–52.

Цыхун, Г. А. 1981. *Типологические проблемы балконославянского языкого ареала.* Минск: Наука и техника.

Ammann, A., van der Auwera, J. 2004. “Complementizer-Headed Main Clauses for Volitional Mood in the Languages of South-Eastern Europe—A Balkanism?” *Balkan Syntax and Semantics*, Mišeska Tomić, O. (ed.). Amsterdam: John Benjamins, 293–314.

Bužarovska, E. 2006. “Pathways of semantic change: from similarity to sensory evidential”, *Slavia Meridionalis. Studia Linguistica et Balcanistica* 6. Warszawa: IS PAN, 185–211.

Bužarovska, E., Mišeska Tomić, O, 2009. “Subjunctive Relative Clauses in Macedonian and Bulgarian”, *Investigations in the Bulgarian and Macedonian Nominal Expressions*, Dimitrova-Vulchanova M., Mišeska Tomić, O. (eds.). Trondheim: Tapir Academic Press, 204–229.

Cristofaro, S. 2003. *Subordination*. Oxford : OUP.

Evans, N. 2007. “Insubordination and its uses”, *Finiteness: Theoretical and Empirical Foundations*. Nikolaeva, I. (ed.). Oxford: OUP, 366–431.

Givon, T. 2001/1984. *Syntax: An Introduction*, Vol 2, Amsterdam: John Benjamins.

Gołąb, Z. 1964. “The problem of verbal moods in Slavic languages”, *International Journal of Slavic Linguistics and Poetics* 8, 1–36.

Joseph, B. D. 1983. *The Synchrony an Diachrony of the Balkan Infinitive*. Cambridge: CUP.

Kartunen, L. 1971. “Implicative Verbs”, *Language* 47/2, 340–358.
Kramer, C. E. 1986. *Analytic Modality in Macedonian*. München: Otto Sagner.
Kiparsky, P., Kiparsky, C., 1970. “Fact”, *Progress in linguistics*. Bierwisch, M., Heidolph. K., (eds.). Hague: Mouton, 143–173.
Lindstedt, J. 2010. “Mood in Bulgarian and Macedonian”, *Mood in the languages of Europe*, Rothstein, B., Thieroff, R. (eds.). Amsterdam: John Benjamins, 409–421.
Mauri, C., Sansò, A. 2016. “The linguistic marking of (ir)realis and subjunctive”, *The Oxford Handbook of Mood and Modality*. Nuyts, J., van der Auwera. J., (eds.). Oxford: OUP, 166–195.
Mitkovska, L., Bužarovska, E., Ivanova, E. 2017. “Apprehensive-epistemic *da*-constructions in Balkan Slavic”, *Slověne* 2017/2, 57–83.
Mitkovska, L, Bužarovska, E. 2015. “Variation in Clausal Complementation: Macedonian and Bulgarian Predicates *Hope* and *Believe*”, *Dimenzije značenja*. Belaj, B. (ed.): Zagreb: Zagrebačka slavistička škola, 189–242.
Nikolaeva, I. 2013. “Unpacking finiteness”, *Canonical Morphology and Syntax*.Brown, D., Chumakina M., Corbett, G.G. (eds.). Oxford: OUP, 99–122.
Noonan, M. 2007. “Complementation”, *Language Typology and Syntactic Description*, Vol. II, Shopen, T. (ed.) Cambridge: CUP, 52–150.
Večerka, R. 1996. *Altkirchenslavische (Altbulgarische) Syntax. Die innere Satzstruktur Die innere Satzstruktur*. *Vol. 2*. Freiburg: U.W.Weiher.
Topolińska, Z. 2008. “Factivity as a Grammatical Category in Balkan Slavic and Balkan Romance”, *Z Polski do Macedonii. Studia językoznawcze, tom 1: Problemy predykacji*. Topolińska, Z. (ed.). Kraków: Lexis, 173–184.
Wiemer, Björn. (во печат). “A general template of clausal complementation and its application to South Slavic: theoretical premises, typological background, empirical issues.” *Clausal complementation in South Slavic*, B. Wiemer, B. Sonnenhauser (eds.) Berlin: Mouton de Gruyter.

Eleni BUŽAROVSKA
Liljana MITKOVSKA

DA-CONSTRUCTIONS IN COMPLEMENT CLAUSES

Summary

In this paper we discuss the properties of dependent *da*-constructions in standard Macedonian drawing on Zuzanna Topolińska's extensive work on this topic. These constructions, being void of temporal reference, typically express situations that belong to the irrealis domain. Following Topolińska, we treat the *da*-construction (*da*+present verbal form) as an exponent of the analytical subjunctive mood which marks dependency relation between the matrix predicate and its clausal complement. The main goal of the paper is to determine the functional zone of *da*-constructions in the system of complementation. For this purpose, we examine predicates that obligatorily choose *da*-complements and those that allow variability between subjunctive and indicative complements. The former types of verbal predicates exhibit the highest degree of semantic and syntactic integration with their *da*-complements due to coreferentiality and cotemporality with the main predication. The latter types of verbs are characterized with weak clausal integration reflected in the choice of indicative *deka/kako/što*-complements. However, some verbs belonging to these semantic classes allow subjunctive complementation. We argue that complement variability may be attributed to several factors which correlate with the semantics (and pragmatics) of the matrix predicate in a systematic way: (a) loss of its factuality under negation, (b) prevalence of a volitive semantic component in its semantic structure, (c) speaker's subjective attitude to the utterance.

Keywords: complementation, complement variability, clausal integration, dependent *da*-constructions.

UDC 811.163.3'282'373.21'34(497.714)

Елка ЈАЧЕВА-УЛЧАР
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје
elka.jaceva.ulcar@gmail.com

ДИЈАЛЕКТНИ РЕФЛЕКСИИ ВО ТИКВЕШКИОТ ТОПОНОМАСТИКОН

0. Во топонимите од Тиквешкиот Регион се одразуваат сите фонетско-фонолошки, морфонолошки и морфосинтаксички особености кои се карактеристични за говорите во Тиквешко. Според дијалектната диференцијација на македонскиот јазик, тиквешките говори спаѓаат во поголемата група тиквешко-мариовски говори (Видоески 1998: 22), кои влегуваат во рамките на југоисточното македонско наречје.

Тиквешко-мариовските говори се карактеристични за територијата јужно од Централна Македонија, зафаќајќи го просторот ограничен меѓу реките Вардар и Црна Река. Јужната граница е планинскиот венец Кожуф – Ниџе што ги одделува овие планини од долновардарските говори. На исток тиквешко-мариовските говори граничат со штипско-струмичките говори при што границата оди нешто поисточно од Вардар, приближно по Конечка Планина и долниот тек на р. Брегалница. Тиквешко-мариовските говори на запад граничат со централните говори, а границата се спушта нешто позападно од Црна Река преку областа Клепа.

Зафаќајќи ја територијата на границата меѓу југоисточното и западното наречје, тие јасно носат белези на преодни говори, што значи дека во нив, освен јазичните особености карактеристични за југоисточните македонски говори, се среќаваат и дел од дијалектните белези на западното македонско наречје.

1. ФОНЕТСКО-ФОНОЛОШКИ ДИЈАЛЕКТНИ РЕФЛЕКСИИ

1.1. Акцент

Акцентот во тиквешко-мариовските говори е ограничено слободен. Основна тенденција на акцентот во овие говори е да се фиксира на пенултимата, така што ограниченоста на акцентот по место, главно, се изразува со тоа што акцентот не може да стои на последниот слог, освен во некои сложени зборови од типот: *црно'ок, белол'ик, тврдогл'ав* итн. Покрај ова, акцентот не може да се најде ни подалеку од третиот слог од крајот на зборот. (сп.: *Ант'овци, Бал'аца, Бал'ија, Влеч'алка, Грама́да, Л'уткар'ица, Смрдлив'ица* итн.). Кај зборовите што имаат наследен акцент на третиот слог од крајот на зборот, ваквиот тип на акцент, главно, се задржува и ретко се менува на пенултимата, сп. *ј'абака – јабака* (сп. во топонимите: *Ар'аковец, Бал'ајковец, Арам'идерец, Ман'ишица* итн). Кај зборовите што имаат наследен акцент на четвртиот слог од крајот на зборот, обично акцентот поминува на пенултимата, а ваквиот акцент може и да се избегне со разбивање на повеќесложниот збор на две ритмички целини, така што се појавува секундарен акцент, сп. *к'укавица – к'укав'ица*, *М'итревица – М'итрев'ица* итн.

Во топонимискиот материјал од Тиквешкиот Регион може да констатираме дека акцентот во однос на местото може да се јави на четвртиот слог од крајот на зборот, на антепенултимата, на пенултимата и на ултимата. Така, во ограничен број примери, акцентот го среќаваме на ултимата: *Бозел'от, Бозотл'ик*, потоа на пенултима како во топонимите: *Бегув'ица (< Беговица), Буфтов'ица, Грнчар'ица, Дервишн'ица* итн., на антепенултима како во *Балаб'аница, Гро'ивица, Кант'урица* итн., но и на четвртиот слог од крајот како во *'Асковица, Г'азлевица, Г'азливица, Ал'аб'аковата Кур'ија* итн. Според нашето мислење, ваквата нехомогеност во однос на местото на акцентот во топонимијата во прв ред се должи на карактерот на топонимите, кои, како најконзервирани и најконзервативни јазични форми, во принцип, тешко ги следат новите тенденции во јазикот. Местото на акцентот би можел да биде своевиден индикатор за староста на топонимот. Воопшто, не треба да нè збунува тоа што кај ојконимите од Тиквешкиот Регион акцентот, во најголемиот број случаи паѓа на антепенултима (сп.: *Б'есвица, П'рждево,Ег'отино* итн.). Ваквата акцентуација, веројатно, се должи на фактот што ојконимите од овој тип во најголем број случаи претставуваат супстантивизирани придавски синтагми, чија атрибутска компонента е образувана со придавските суфикси *-ов* и *-ин*, кај кои акцентот и денеска во говорот паѓа на третиот слог од крајот (сп.: *м'ајчина, м'ајчини, б'уково, б'укова*).

Па сепак, и покрај тоа што во топонимскиот материјал забележуваме дека акцентот може да се јави на различно место во зборот, сепак стремежот за фиксација на акцентот на пенултимата е евидентен и сè по-

присутен акцентски модел и во топонимијата; ваквата забелешка го надминува досегашното мислење дека топонимите во Тиквешкиот Регион не го менуваат местото на акцентот (Конески 1986: 114). Ова дотолку повеќе што и во топонимијата, што е впрочем случај, воопшто, со јазикот, може да се детектираат постари и понови слоеви, а со тоа и поархаични и понови тенденции во процесот на именувањето на местата.

Стремежот за второсложен акцентски систем, особено маркантно е изразен кај двокомопонентните топонимиски состави од придавка и именка, односно уште поконкретно кај оние топонимиски состави чијашто придавска компонента е изразена со двосложна придавка. Имено, кај двосложните придавки, кај кои акцентот во формите за машки род паѓа на пенултима, во формите за женски и среден род, како и во множинските облици и старите определени форми од придавките за машки род, акцентот не се поместува кон антепенултима, туку останува на вториот слог од крајот. На пр. *Г'олем Рит*, но *Гол'ема Кр'уша*, *Гол'ема Стр'ана* или *Ц'рвен К'амењ*, но *Црв'ена Пешт'ера, Црв'ена Стена, Црв'ена Ч'ука, Црв'ено Брдо, Црв'ени Шум'ари, Црв'ени Брек, Црв'ени Рит* итн. Ваквиот акцентски модел се формирал под влијание на двосложните именки коишто имале стар акцент на вториот слог, односно на пенултимата: *д'евер, ј'авор, к'амен, г'уштер*, кај кои акцентот се поместил во множината за еден слог назад со цел да се зачува симетричноста со веќе постојниот модел: *д'евер – дев'ери, ј'авор – јав'ори*. Потоа овој акцентски модел се проширил и кај другите именки (*зет – зет'ови, брег – брег'ови, дроб – дроб'ови*), но и кај другите зборовни групи, како што експлицитно беше прикажано кај придавките.

Како што веќе посочивме погоре, кај некои четирисложни и повеќесложни топоними постои изразита тенденција акцентот да се помести кон пенултимата. Сп.: *Калуѓер'ица, Палик'ура* итн. Во некои делови од Тиквешкиот Регион, особено во оној што граничи со централните подрачја на Македонија, акцентот на четвртиот слог се избегнува и со разбивање на полисилабичната лексема на две ритмички целини, со што се појавил секундарен акцент. Ваквата тенденција се забележува и кај некои сложени зборови во говорот: *ӣ'устик'уќа*. За разлика од говорот, во топонимијата сите топонимиски сложенки се акцентираат на пенултима или на антепенултима, сп.: *Гол'иг̄ас, Голом' е(ј)а (< Гола Ме(ј)а), Сет'ивӑрчи (< Свети Врачи); Свет'илија (< Свети Илија); Тиш'олос (< Тишов Лос (< Лаз))* итн.

Во топонимискиот материјал од Тиквешкиот Регион членските морфеми што се јавуваат во низа топоними не влијаат врз местото на акцентот. На пр. *'Анче : 'Анчето, Амб'ари : Амб'арте, Вик'ало : Вик'алто (< Викалото), Пад'ина : Пад'инта (< Падината)* итн.

1.2. Редукција

Во тесна врска со акцентот е и редукцијата на ненагласените самогласки, појава што е карактеристична за сите југоисточни говори.

Како резултат од редукцијата, вокалот /*а*/ во зависност од неговата оддалеченост од акцентот може да се реализира како затворен алофон [*ạ*]), но и да се неутрализира со [*ă*] иако во науката постои мислење дека во тиквешко-мариовските говори вокалот /*а*/ со редукција не го достига корелатот [*ă*]. Топоними во кои неакцентираниот вокал /*а*/ се јавува како затворен алофон [*ạ*] се следниве*: Аг'укаѿа, Ал'аб'аковаѿа Кур'ија, Бучаѿ, Врѿ'ешкаѿа, Галаба́рникоѿ, Галаб'ица, Гал'абова Нерез'ина, Г'аѿароѿ, Г'ацоваѿа Корија, Горн'ичкаѿа, Добр'аваѿа Чешма, Јас'енова Паѳ'ина, Каѿра(ј)н'ицѿа (< Каѿраницаѿа), Коњарн'ицаѿа, Кош'араци, Леков'иѿаѿа Вода, Лескаѿа, Маслинкаѿа, Паѳарн'ицаѿа (< Паѳарницаѿа), Паѳарн'ицăѿа (< Паѳарницаѿа), Сак'овиѿе, Ск'ркаѿа, Ск'ркаѿа, Слифкаѿа, Сѿровир'ачкаѿа, Сѿаѿич'арникоѿ, Трскаѿа, 'Уѿкаѿа, Цуц'улкаѿа, Часѿ'оњово Мало, Чукаѿа* и *Ша́ѿкаѿа*.

Неакцентираниот вокал /*а*/, кој поради дејствувањето на законот за редукција преминал во [*ă*], пак, го евидентираме во овие топоними: *Бубăкишѿе (< Бубакишѿе), Вал'ав'ицăѿа (< Валавицаѿа), Вăгленăрише, Варн'ицăѿа, Горн'ицăѿа (< Горницаѿа), Гăрв'илица (< Гавралица), Лăкч'иња́ѿа (< Лакчињаѿа), Сулишѿе Орницăѿа* итн.

Редукцијата на вокалот од заден ред /*о*/ во [*у*] ја следиме во следниве топоними: *Бегув'ица (< Беговица), Вуден'ица (< Воденица), Гул'емиоѿ Риѿ (< Големиоѿ), Г'улубец (< Голубец), Ѓулевиѿе (< Ѓолевиѿе, Житулуѿ (< Житолуѿ), Кулибиѿе (< Колибиѿе), Курија < Корија, Кур'илово (< Корилово), Куриѿел' (< Кориѿел'), Кулибишѿеѿо (< Колибишѿеѿо), Куриѿ'иња́ѿо (< Кориѿиња́ѿо), Кур'иѿѿа (< Кориѿаѿа), Куц'ивиоѿ Сек (< Коцевиоѿ), Кушоварица (< Кошоварица), Луѿ'аца // Луѿ'аѿца (< Лоѿаѿица), Милуиѿе (< Меловиѿе), Муѿичани (< Моѿичани), Пуланаѿа (< Поланаѿа), Пул'ици (< Полици); Пучива́ло (< Почивало), П'ишуви Нушки (< Пушови), Сујн'цăѿа (< Осојницаѿа), Сул'ишѿа (< Солишѿа), Сул'ишѿаѿа (< Солишѿаѿа), Сулишѿеѿо (< Солишѿеѿо), Угр'аиѿе (< Оградиѿе), Ур'аиѿе (< Ораиѿе < Оревиѿе), Уреи (Ореи < Ореви), Ур'изари (< Оризари), Уриз'арцкиѿе Груб'ишѿа (< Оризарскиѿе Гробишѿа), Урн'ицѿе (< Орницѿе), Урн'ицăѿа (< Орницаѿа), Ускр'ишишѿе (< Оскорушишѿе)* итн.

Редукцијата на вокалот од преден ред /*е*/ е послабо изразена и овде се јавува во три правци. Имено, неакцентираниот вокал /*е*/ може да премине во [*и*], во [*ạ*], најчесто во позиција покрај сонанти, или, пак, во [*ă*], најчесто пред членската морфема. Редукцијата /*е*/ – [*и*], ја евидентиравме во топонимиве што следуваат: *Горнаѿа Пишѿера (< Пешѿера), Дановоѿо Пишѿ'ерче (< Пешѿерче), Диб'ели Риѿ (< Дебели), Дибелѿа Бука // Дебелѿа Бука (< Дебелаѿа), Диб'елѿа Шума (< Дебелаѿа), Ди-*

мир'ица (< Демирица), 'Емдова Пиштера (< Пештера), Иѓавица (< Еѓавица), Изер'ињата (< Езерињата), Изир'ињата (< Езерињата), Илимов Рит (< Елимов), Илимица (< Елимица < Елиница), Илимска Црква (< Елинска), Илимско Гробиште (< Елимско), 'Имито, Индирина в. Ендерина, Енуица в. Ину'ица; Иски Брусник (< Ески Брусник), К'апишот (< Капеш), Крстиц (< Крстец), Л'убиш (< Љубеш) итн. Редукцијата, пак, *е* во *ạ* само во еден топоним: *Орạл (< Орел)*, а редукцијата *е* во *ă* во топонимите *Грлцăто* (< *Грлцето*) и *Водених'иштăто (< Воденичиштето*).

Вокалите во краен отворен слог не подлежат на редукција со што се избегнува затемнувањето на изразноста на морфемите.

1.3. Елизија

Иако редукцијата на неакцентираните вокали во тиквешко-мариовските говори не е изразена во голем степен, сепак, како резултат од редукцијата на неакцентираните вокали се јавува и појава на елизија на неакцентираните вокали, што се забележува и во нашиот топонимиски материјал. Елизијата се врши во повеќесложните зборови кај именските форми, особено пред членската морфема каде што морфолошката функција ја презема членот, па оттаму слогот непосредно пред членот престанува да биде морфолошки знак за дадена морфолошка категорија. Покрај ова, врз елизијата влијае и фонетската опкруженост, односно нејзиното спроведување зависи од тоа дали по извршената елизија би се добила консонантска група тешка за изговор. Поради ова, елзија на вокалот најчесто се врши кога тој се наоѓа меѓу два еднородни консонанти, или во позиција кога пред него се наоѓа сонант, а зад него дентал. Ако, пак, по елизијата на вокалот би се создала консонантска група тешка за изговор, односно неможна, според законот за дистрибуција на консонантите за овој говор, – не доаѓа до испуштање на вокалот.

Елизија на вокалот /*а*/ следиме во следниве топоними: *Б'арта (< Барата), Б'елта Вода (< Белата), Б'елта Земја, Б'елта Земја, Б'елта Лоза (< Белата), Б'елта Нива (< Белата), Б'елта Прс (< Белата), Б'елта Стена, Белта Чешма, Б'укта (< Буката), Гар'инта (< Гарината), Гарта, Горн'ицта (< Горницата), Гол'емта Тумба (< Големата), Кап'инта (< Капината), Макл'инта (< Маклината), Отвор'ента Пишт'ера (< Отворената Пештера), Пад'инта (< Падината), Пефч'инта (< Пефчината), Пол''анта (< Полјаната), Провлите (< Провалиите), Пресеч'ента Круша (< Пресечената), Расцепента Стена (< Расцепената), Руш'ента Стена (< Рушената), Слат'инта (< Слатината), Слафк'инта Нива, Смрд'ента Вода (< Смрдената), Сол'ента Вода (< Солената), Сол'ента Земја (< Солената), Ст'ента (< Стената), Стр'анта (< Страната), Студ'ента Вода (< Студената), Студ'ента Чешма (< Студената), Студ'ето Кладенче (< Студеното), Црв'ента Вода*

(< Црвената), Црв'ента Земја (< Црвената), Црв'ента Кал (< Црвената), Црв'ента Стена (< Црвената), Црв'ето Ритче (< Црвеното), Шар'ента Чешма (< Шарената) итн.

Елизија на вокалот /*о*/ забележуваме во топонимите: *Б'елто Чешм'иче (< Белото), Буч'алто (< Бучалото) Б'учто (< Бучето), Вик'алто (< Викалото), М'алто Присојче (< Малото), Печк'алто (< Печкалото), Пркопија (< Прокопија), Скин'атто (< Скинатото), Сйалзг'алто (< Сползгалото), Ст'арто Гумно (< Старото), Студ'ето Кладенче (< Студеното), Тав'илто (< Тавилото) Тимјан'ичто (< Темјаничето), Тимн'ичто (< Темничето), Тур'ето (< Туреното), Црв'ето Ритче (< Црвеното), Црквичто (< Црквичето), Чеш'алто, Чешм'ичто (< Чешмичето)* итн.

Елизијата на вокалот /*и*/ ја констатираме во следните примери: *Аг'инте Рез'ини (< Агините Нерезини), Б'елте Камења (< Белите), Бујчан'ците (< Бујчаниците), Варн'ците (< Варниците, Водених'ињта (< Воденичињата), Гарв'анте (< Гарваните), Гол'емте Мил'ови (< Големите Мелови), Донк'инте Капини (< Донкините), Изгор'енте Копи (< Изгорените), Меш'анте Реки (< Мешаните), Нерез'инте (< Нерезините), Пад'инте (< Падините), Ст'енте (< Стените), Стр'анте (< Страните), Урнос'инте (< Урносините), Цеп'енте Камења (< Цепените)* итн.

Кај сложените топоними чија прва компонента е изразена со придавка од машки род во својата определена форма, гласовната група *-иот*, по елизијата на вокалот *и* се скратила во *-от*. Ова придонесува да се сфати дека членската морфема се додава директно на неопределениот вид на придавката од машки род *-от*, што зборува за извесна морфологизација на односнава појава. На пр. *Гол'емот Лак (< Големиот), Горнот Влек (< Горниот), Горнот Крај (< Горниот), Донот Лук (< Долниот), Стр'едот Рит (< Средниот), Рамнот Камен (< Рамниот), Рамнот Рит (< Рамниот), Г'орнот М'одрак (< Горниот); Модрот Камењ (< Модриот); Црв'ењот Камењ, Г'ол'јот Рит (< Голиот), Ретокот Камењ, З'ол'јот Осој, К'апанот К'амењ (< Капаниот < Скапаниот), Крс'ењот Камењ (< Крстениот), Рал'овот Камен (< Раловиот), Стамковот Прелок (< Стам-ковиот), Стр'ошливот Камењ (< Строшливиот)* итн.

Кај неколку топоними од Тиквешкиот Регион се забележува и елизија на иницијален вокал. Такви се топонимите: *Ѓупска Пешт'ера (< Егупска); Мазн'икови П'инци (< Опинци); Сма'илица (< Исмаилица), Сојницана (< Осојницана), Сујн'ицйта (< Осојницата), Танаица (< Танасица < Атанасица)*.

Во овој контекст ќе ги наведеме и оние топоними кај кои доаѓа до елизија на цел слог. Такви топоними се следниве: *Јанате Камења (< Јан'ашите Камења < Јавнатите), Купите Камења (< Куповите Камења), Папр'ива Пад'ина (< Папратова), Ст'ановйрница (< Станова Варница), Тенќежица (< Тенеќциилница), Трл'ивата Пад'ина (< Тревливата Падина), Цул'есто Камче (< Цуцулесто)* итн.

1.4. Вокали

Како континуанти на прасловенската носовка од заден ред *ǫ, врз основа на топонимискиот материјал од Тиквешкиот Регион, можеме да ги наведеме следниве вокали:

а) *ǫ – /а/, што е евидентно низ следниве топоними: *Ґаԫаб'арникоѿ, Ґаԫаб'ица, Д'абјаѿа, Дабовец, Д'абово, Дабоѿ, Даѿч'ињаѿа, Дабец, Даб'ина, Дабниша, Забоѿ Дабрава, Даброво, Краѿиреѿ, Лакавица, Лака, Лакаѿа, Лакиѿе, Л'акѿа (< Лакаѿа), Л'акѿе (< Лакиѿе); Беґн'ишки Паѿ, Бун'арски Паѿ, В'ешкиоѿ Па́ѿ, Даброво Брǫо Диб'окиоѿ Паѿ (< Длабокиоѿ), Доԫни Паѿ (< Долни), Дрв'арцки Паѿ (< Дрварски), Ґуѿцко Паѿче, Јан'инѿо Паѿче (< Јаниноѿо), Маркова Рака, Маркова Сѿаѿалка, Насѿово Паѿче, Пржǫ'ефски Паѿ, Раǫња́нски Паѿ, Ра́мен Паѿ, Росома́нски Паѿ, Росоманцкоѿ Паѿ (< Росоманскиоѿ), Сԫк'овиѿе (: ст.сл. сѫкъ ‘сува гранка, прачка’) *Сиркофски Паѿ, Соѿоѿски Паѿ, Сѿр'еѿ Паѿ (< Среǫ), Сѿрмашефски Паѿ, Т'анко П'аѿче, Темјан'ички Паѿ* итн.

б) *ǫ – /у/: *Бубуќишѿе (< Бубаќишѿе); Г'олубец // Г'улубец, Дубрава, Дуброво, Куќине, Куќиѿе; Арам'цкаѿа Куќа, Горни Куќи, Долни Куќи, Малиминови Куќи, Малинови Куќи, Рабаԫ'иови Куќи, Росол'инови Куќи, Тр'иѿе Куќи, Цвеѿкови Куќи, Шес Куќи (< Шесѿ).*

в) *ǫ – /о/: *Бобаќишѿа, Добец, Доб'ичкиѿе, Добрава*.

Од топонимискиот материјал може да се заклучи дека во извесни делови од регионот коишто гравитираат кон запад, дошло до т.н. мешање на носовките, што како појава е карактеристична за западното наречје, а во источните делови од регионот оваа појава не се одразила. Сп.: *Зајачарчеѿо, Зајчар, З'ајчароѿ, З'ајчоф К'амењ, Зајч'ароф К'амењ вс. Заечар, Заечкаѿа, За'ечково, Зеч Камен // Заечки Камен*.

*Пред рефлексот на иницијалната носовка од заден ред *ǫ наместо протетичкото *ј* се јавува лабиоденталот *в*, што е една од карактеристиките на југоисточното македонско наречје. Сп.: *Вăґлен'ариѿе*.

г) Како континуант на носовката од преден ред *ę се среќава вокалот од преден ред /е/, каков што е и случајот на пошироката македонска јазична територија: *Говеǫ'арникоѿ, Говеǫарница, Гр'еаѿа (< Греǫаѿа), Р'еǫишоѿ, Ч'есѿи Бр'есја, Ч'есѿиѿе Буки, Чесѿи Трње* и др.

д) Прасловенскиот вокал *ě се рефлектирал во /е/: *Брес (< Бресѿ), Бр'есјаѿа; Бр'есѿин Дол, Р'исѿофѿе Бресја (< Рисѿовиѿе), Ч'есѿи Бр'есја, Ч'илев Брес, Шљуѿкови Бресје, Шехов Брес, Ш'иков Брес (< Бресѿ); Б'ела В'оǫа, Бела Грамаǫа, Бела Земја, Бела Лоза, Бела Плоча, Бела Пол'ана, Бела Прс, Б'елаѿа Воǫа, Белаѿа Земја, Бели Камен, Белиоѿ Риѿ, Бели Песок, Бели Поѿок, Бело Камење, Б'елѿа Воǫа (< Бе-*

лаѿа), Б'елѿа Земја (< Белаѿа), Б'елѿа Л'оза (< Белаѿа), Б'елѿа Нива (< Белаѿа), Б'елѿа Прс (< Белаѿа), Б'елѿе Камења (< Белиѿе), Б'елѿо Чешм'иче (< Белоѿо); Дедо Башовиоѿ Арґач, Дедов Дол, Дедо Најдово Гроб, Дедова Осојница, Дедово Езеро, Дедовоѿ Вир (< Дедовиоѿ), Дрен, Др'еновец, Дрен'овица, Дреново, Дреноѿ, Дрења, Др'ењаѿа, Дрењеѿо, Дренов Дол, К'оев Дрен, Сѿáри Дрен; Плешовец итн.

Вокалот **ě* зад сонантот /*р*/ во топонимискиот материјал, но и во говорот, се рефлектира во /*а*/ во следниве топоними: *Оравоѿ, Ор'аиѿе, Ор'аиѿе, Ораиѿе, 'Ораоѿ, Орашец, Орашје, Орашовец; 'Оралоѿ (< Орелоѿ)* и др.

ѓ) Полувокалот од преден ред **ь* се вокализирал во /*е*/: *Божиковец, Б'озовец, Желковец, Жилавец, Лесковец, Тимн'ичѿо (< Темничеѿо),* додека во првата компонента од топонимот *Тáнко Пáѿче* – редуцираниот вокал од преден ред во коренската морфема преминал во /*а*/.

е) Вокалот од преден ред /*е*/ е континуант и на секундарниот вокал *ъ* кој се вметнал во консонантската група **-tr-*. Сп.: *Веѿероѿ , Веѿерникоѿ*. Секундарниот вокал поминал во /*о*/ во консонантската група **-tl-*: *К'оѿолоѿ*, но и во /*а*/ во *Пакалец* (< пекол).

ж) Редуцираниот вокал од заден ред **ъ* се вокализира во полниот вокал од заден ред /*о*/, во сите позиции: коренска, суфиксна и префиксна. Така, вокализација **ъ* во /*о*/ во коренска морфема ја следиме во топонимиве: *Б'озовец*, *Бозојніца*, *Бозоѿлúк; Бозел'оѿ, Бозелоѿ; Боз'елов Дол; Б'очваѿа, Бочниціѿе и др.* Во суфиксните морфеми *-ъкъ- > -ок: Камчокиѿе, Смрдолок, Пеѿ'очна В'ода;* во членската морфема *-ъѿъ- > -оѿ: Баздуникоѿ, Бозел'оѿ, Памеѿникоѿ* и др.; како и во префиксните*: Собирал'иштеѿо.*

з) Вокалното л̥ во тиквешкиот говор ги дало следниве резултати:

• л̥ – /ă/: *Јаб'ăчкоѿ; В'ăкова В'ода, В'ăковоѿ З'авој, Вăчак, Вăч'арникоѿ, Вăчи Дол; Вăнишѿа, Галабовиѿе Јабăка, Дăґаѿа Нива, Д'ăґаѿа Нива, Ж'ăѿѿа Вода* итн.

• л̥ – *ăл*: *В'ăлчак*, *Д'ăлґаѿа Н'ива*, *Сѿăлзґ'алкаѿа; Сѿ'ăлзґал (< Сѿолзґал), Сѿă лзґ'алѿо (< Сѿолзґалоѿо)*; и

• л̥ во коренската морфема ****dъlb-*** дало *диб-*: *Дибошница; Дибока Пресека, Диб'оки Дол (< Длабоки Дол), Диб'окиоѿ Паѿ (< Длабокиоѿ), Диб'око Буњ'ишѿе (< Длабоко), Диб'окѿа Прсека (< Длабокаѿа Пресека)* и др. Ваквиот резултат на вокалното *л* од горенаведената консонантска група се толкува како резултат настанат по аналогија или поради мешање на придавките *висок* и *широк* (Видоески 1962: 56; Бојковска 2003, 38).

s) Врз основа на топонимискиот материјал од Тиквешијата можеме да заклучиме дека вокалното р се зачувало на пошироката територија од овој регион. Потврда за ова̊ претставуваат следниве топоними: *Брзај, Врвоѿ, Грбавец, Крс, Крсѿ, Крсѿ'алоѿо, Крсѿ'аѿа, Крсѿеви, Крсѿоѿ, Пржал, Пржалѿа, Пржолоѿ, П'ржнила, Црква, Црквaѿа, Црквиѿе; Арнославска Црква, Барова Црква, Бар'офцка Ц'рква, Врв'иѿи Дол, Горна Црква, Граѳишка Црква, Дреновска Црква, Ел'ени Врф, Илимска Црква, Кај Црквaѿа, Маркова Црква, Соѿишка Црква, Сѿара Црква, Црквaрска Чешма, Црква Св. Сѿас, Црквишкиоѿ Присој, Црквенско Мало, Црквенцкоѿо Мало, Црквʼишко Граѿче, Црк'овна Тумба* и др.

Кога вокалното р е во иницијална позиција неговиот вокален призвук стои пред сонȁнтот. Сп.: *'Ржѳава; Боґова 'Рш, 'Рґавица Дереси, 'Ржаново, 'Ржишѿа*. Ваква артикулација на вокалното р бележиме и во топонимите: *Вăрла Чука, Вăрѿика, 'Обăркоѿ* и *Шѿăрлиȉнци*. Во топонимите, пак, *Гăрв'илица (< Гавраница), Гăрниково (Граниково), Дăрчевица (< Драчевица), Сеѿ'ивăрчи (< Свеѿи Врачи), Сѿ'ановăрница (< Сѿанова Варница)*, односно *Грăма́ѳа (< Грамаѳа)* вокалното р се добило и секундарно од групите *-ар-* и *-ра-* по извршената редукцијȁ и елизија на вокалот /*а*/. (Видоески 1962: 56; Бојковска 2003, 38).

*Во топонимот *Кел'изиѿе (< Крлузиѿе)*, нотиран во с. Куманичево, Кавадаречко, кој настанал со топонимизација на апелативот *крлуґ* 'вид овчарски стап', забележуваме замена на вокалното *р* со вокалот од преден ред *е*.

и) Како резултат од асимилациски процеси кај некои топоними забележуваме прегласување (Митева 1989: 201):

• **е > а**: *Аґ'укаѿа // Аґупѿин Гроп, Аґупка (< Еґупка), Аґупска Пола́на (< Еґупска), Аґупски Гробишѿа, Аґ'упски Риѿ (< Еґупски), Пакалец (< Пеколец)*;

• **е > и**: *Пешѿира (< Пешѿера), 'Инѳина Ч'ишма (< Чешма)*;

• **е > о**: *Болуѿракоѿ (< Белуѿракоѿ)*;

• **е > у**: *Бул'уѿракоѿ (< Болуѿракоѿ < Белуѿракоѿ); Ќул'опек (< Челопек)*;

• **а > е**: *Кр'асѿевец (< Красѿавец)*;

• **а > о**: *Лос (Лоз < Лаз), Преслоп (< Преслап)*;

• **а > у**: *Бубу́кишѿе (< Бубаки́шѿе), К'ивулоѿ (< К'ивалоѿ); Сумов'илец (< Самовилец)*;

• **у > е**: *Ци́целоѿ (< Цуцулоѿ)*;

• **у > о**: *Јорчица (< Јуручі́ца), Кукорец (< Кукурец)*;

• **и > е**: *Капешка Река (< Кап'ишка Река), Капенл'иваѿа Нива (< Капинлива); Лис'ичен Дол (< Лисичин Дол)*;

• **о > а**: *П'есакоѿ (< Песокоѿ)*.

ј) Вокалната група *аа* се контрахира во *а*: *Аѓа Мало, Аѓуш Мало, Албанско Мало, Алб'анцко Мало, Алибеѓово Мало, Алиловско Мало, Амкаровоѿо Мало, Амѿово Мало, Арсовоѿо Мало, Арсовско Мало, Баѳевско Мало, Беѓуловско Мало, Бикофцко Мало, Биновско Мало, Богефцкоѿо Мало, Божинофцко Мало, Б'ојково Мало, Брајовско Мало, Бунарцко Мало, Варѳарско Мало, Галишѿ'анско Мало, Гин'офцкоѿо Мало, Голчевско Мало, Горно Мало, Горно Мало, Горноѿо Мало, Грижевско Мало, Данчевско Мало, Даскаловско Мало, Деѳо Јовско Мало, Дејановско Мало* итн.

Истово се случило и со вокалната група *оо*. Сп.: *Ово (< Оово < Хохово).*

1.5. Консонанти

1) ***x***. Во консонантскиот систем на тиквешко-мариовските говори фонемата **x* се изгубила во сите позиции. Оваа појава ја бележат и топонимите од Тиквешијата со тоа што оние топоними кои во речникот ги среќаваме под буквата *x* се ексцерпирани од книги, и ѝ припаѓаат на дијахронијата. За да го експлицираме претходно кажаното во врска со неприсутноста на фонемата *x* во говорот и нејзиниот одраз во тиквешката топонимија ги наведуваме следниве топоними: *Бол'а // Боул'а (< Бохула), Ово (< Оово < Хохово), Раниславци (< Храниславци), Рашѿани (< Храшѿани), Риѳ (< Хриѳ), Сѿа'ицкиѿе Гумн'иња (< Сѿахискиѿе)* итн.

2) ***tj, *kt – *dj.*** За прасловенските консонантски групи **tj, *kt – *dj* во тиквешката топонимија се јавуваат следниве континуанти:

• **ѓ**: *Меѓиѿе, Раѓевица; Биспринска Меѓа, Д'ăѓа М'еѓа,'Рѓавица Дереси*;

• **жд**: *'Ржѳава*;

• **ј**: *Голо М'еја (< Гола Меѓа)*;

• **шт**: *Кашѿино, Лешѿово, Пешѿер, Пешѿ'ера, Пешѿерана, Пешѿери, Пешѿерница, Пешѿ'ерѿа//Пишѿ'ерѿа (< Пешѿераѿа), Пешѿ'ерѿе (< Пешѿериѿе), Пешѿира (< Пешѿера), Пишѿ'ера (< Пешѿера), Пишѿераѿа (< Пешѿераѿа), Пишѿ'ериѿе (< Пешѿериѿе); Горнаѿа Пишѿера (< Пешѿера), Долнаѿа Пешѿера, Ѓуѿска Пешѿ'ера (< Еѓуѿска), 'Емѳова Пишѿера (< Пешѿера), Змеова Пишѿера, Кашѿински Риѳ* итн.;

• **чт**: *Печѿ'ерѿа (< Пешѿераѿа)*;

• **ќ**: *Куќар'ичкаѿа, Куќине, Куќиѿе, Куќишѿе, Куќ'ишѿешо*; *Арам'ицкаѿа Куќа, Горни Куќи, Долни Куќи, Малиминови Куќи, Малинови Куќи, Рабаѿ'иови Куќи, Росол'инови Куќи, Тр'иѿе Куќи, Цвешкови Куќи, Шес Куќи (< Шесѿ);* и

• **ѿ**: *Мицив'ижѳол.*

3) **ќ, ѓ**. Овие согласки во неготинскиот говор се карактеризираат со поголема фрикативност (Филиповски 1952: 16), а во кавадаречкиот, изговорот на овие согласки се сведува на *ч*, односно *џ*. Сп.: т. *К'учишѿе (< Куќишѿе)*. Како што видовме претходно, фрикативните согласки *ќ* и *ѓ* можат да се јават како континуанти на прасловенските консонантски групи **tj, *kt – *dj*. Но овие согласки во нашиот јазик се јавуваат и како рефлекси од новото јотување на групите **tj и *dj*, коишто се добиени од групите *-tьj, -dьj-* по отпаѓањето на ерите. Согласките *ќ* и *ѓ* добиени на овој начин ги бележиме во следниве топоними од Тиквешијата: *Браќа, Трои Брашќа (< Браќа)*, *Вашиѿе (< Вадиѿе), Гр'амаѓе, Грамаѓи, Ливаѓе, Ливаѓено, Лив'аѓеѿо, Сѿр'еѓен Риѿ // Сѿреѓни Риѿ, Сѿреѓно Гно'ишѿе, Сѿреѓориде* и др. Збороформата *брашќа* од топонимот *Трои Брашќа* претставува преодна форма од обликот *брашја* кон *браќа*, при што консонантската група *-шќ-* е добиена или со контаминација или, пак, со апстракција на елементите *-ќе, -ќа,* како одделни граматички морфеми за збирна множина (Видоески 1998: 47).

Во топонимијата на Тиквешијата, фонемата *ќ* се јавува како резултат од палатализацијата на *к* на апсолутниот крај од зборот. Сп.: *Замоќ*. На ваков начин консонантот *ќ* е добиен и во ојконимот *Глишиќ* и топонимот *Сѿасиќ*, каде што вокалот од преден ред извршил прогресивна палатализација на меконепченото *к*. Сп. *Зовиќ* (Станковска 1995: 116; Конески 1965, 72).

Фонемите ќ и ѓ во топонимијата на Тиквешијата се среќаваат и во оние топоними во чија основа се наѕираат грчки или турски лексеми. Сп.: *Анѓелчéвци, Аранѓел, Бубаќѿе, Ќерамидница,* односно *Дуќани, Дуќанка, Караѓоз, Черкез Ќој* и др.

4) **ј**. Меѓу карактеристиките на говорот е вбројана и онаа според која артикулацијата на сонантот *ј* е слаба, така што дури и отпаѓа во интервокална позиција, особено кога сонантот се наоѓа меѓу вокалите *а-а, и-а, о-а, е-а, о-о*. Во топонимискиот материјал од Тиквешкиот Регион оваа појава не наоѓа своја потврда, односно не е изразена во оној обем во кој е присутна во говорот.

Фонемата *ј* во овој говор се слуша пред членската морфема како замена за вокалот од преден ред *и*. Сп.: *Ливáјѿе (< Ливадиѿе)* и *Скина'ѿјоѿ Ка'мењ (< Скинаѿиоѿ)*.

5) **н, н'**. Фонемата *н'* добро се чува во овој говор, и покрај тоа што постојат примери во кои старото меко *н'* затврднало, како што е во топонимите: *Каменица, К'аменоѿ, Кам'инишѿа, Камеништѿе; Балѿов Камен, Бели Камен, Ајѿова Нива, Алиова Нива, Арн'ифцки Нивја, Ас'анова Нива, Бабини Нивја, Бадеви Нивја, Бајчева Нива, Бамн'ишова Нива, Б'анде-ви Н'ивја, Б'еговиѿе Нивја, Б'елѿа Нива (< Белаѿа), Б'оговиѿе Ниви, Б'ојкова Нива, Бојоваѿа Нива, Св'инска Д'уѿка*. Наспроти овие топоними стојат топонимите во кои се чува старото палатално *н'*: *К'оњарец,*

Коњ'арник, Коњ'арникоѿ, Коњарн'ц̣аѿа, Коњаровец, Коњевец, Коњоѿ, Коњувец; Б'а̣цов Коњ; Свињарник, Свињ'арникоѿ. Во топонимијата на Тиквешкиот Регион се среќаваат и такви топоними каде што се јавува секундарно *н*' на крајот на збороформите, што се смета за последица од потпирањето врз формите за збирна множина: *Камењ, Кошѿањ, Сѿрмењ, Рамењ; Болова́нцкоѿ Камењ (< Болованскиоѿ), Високиоѿ Камењ, Вѐчковоѿ Камењ, Дуѿн'ароф К'амењ, Дуѿн'ички К'амењ, Р'амињ К'амињ (< Рамен Камен)* итн. Во топонимијата на Тиквешкиот Регион примерите со антиципација на мекоста како преодна фаза на преминот од *н*' кон непалаталното *н* се мошне ретки. Сп.: *Дујн'ичкиѿе Дабја, Дујница, Д'ујнка, Куч'ијнаѿа (< Кучињаѿа)*.

6) **л, л'**. Во врска со фонемата *л* во овој говор се забележани одредени посебности. Имено, старото палатално *л'* се наоѓа во процес на веларизација, па така во одделни пунктови тој процес е завршен, додека во други палаталноста се наоѓа во фаза на губење, што значи дека процесот не е стабилизиран, па затоа на истиот терен можат да се слушнат различни степени на мекоста, од венечно, па до забновенечно. Сп.: *Бозелоѿ: Бозел'оѿ; Валашково : Вал'а́шково, Цуц̣улоѿ : Цуц̣ул'оѿ* итн. Поради незавршеното затврднување на венечното *л'* тоа се среќава и во позиција пред вокали од заден ред: *Ал'аб'аковаѿа Кур'ија (< Алабаковаѿа Корија), Вал'ав'ицѐаѿа (< Валавицаѿа), Вес'ел'ова Падина, Врѿел'оѿ, Гол'емаѿа Л'оква, Мијајл'ова Пол''ана, Чул'ашка, Ул'авоѿо Дол̣че, Ц̣'ол'ова Лака*. Ваквото венечно *л'* се чува и при редукција или елизија на вокали, осбено на морфемската граница во допир со членот: *Б'ел'ѿа Вода (< Белаѿа), Б'ел'ѿа Сѿена, Дибел'ѿа Бука, Кис'ел'ѿа Вода (< Киселаѿа), Миг̄д'ал'ѿе (< Миг̄далиѿе), Печк'ал'ѿо (< Печкалоѿо)* итн.

Полумекото *л'* во топонимите на Тиквешијата се среќава и во иницијална позиција пред вокалот *о*, а најмногу пред вокалот *у*. Сп.: *Љокуш, Љубаш, Љубашка Чешма, Љубашки Дол, Љубеш, Љуѿа Сѿрана, Љуѿи Рамен, Љуѿкова Река*.

Кај извесен број топонимиски состави од определени пунктови на Тиквешијата, во кои центарот на именската група е изразен со именката *дол*, се забележува билабијален изговор на тврдото л (л̣). Такви се топонимите: *Б'аки Дол̣, Варишки Дол̣ (< Фаришки Дол), Вѐкин Дол̣, Г'абров Дол̣, Долни Диб'оки Дол̣ (< Длабоки Дол), Лис'ичен Дол̣ (< Лисичин), К'иров Дол̣, М'иѿков Дол̣, Ресавски Дол̣, Сѿр'ашен Дол̣, Суви Дол̣, Улички Дол̣ и Шовацки Дол̣*. Во придавката *долен, -а, -о* ваквиот билабијален изговор на тврдото *л* предизвикало сведување на изговорот до вокалот *у* (сп.: *Биуѿо*), кој бил асимилиран од вокалот од заден ред *о*. Оваа појава е засведочена во топонимите: *Д'ониѿе Л'аки, Д'оно Гаѿеново* и *Д'оноѿ Лук (< Долниоѿ)*. И во топонимот *Осѿриоѿа (< Осѿр'илаѿа)* го следиме истиот развој на ликвидот *л* што го спомнавме претходно.

7) ***в, ф***. Во топонимијата на Тиквешијата интервокалното *в*, во принцип, добро се чува, а топонимите во кои тоа се испушта се многу ретки: *Суашта Бука (< Сувашта), С'уашта Ч'ешма, Чарџаклишше Ор'аи (< Чарџакливишше)*. Консонантот *в* се јавува како замена за сонантот *л* во метафоричните топонимиски образувања во чија основа се наоѓа личната именка *калуѓер*. Сп.: *Кав'уѓара (< Калуѓара), Ка(в)'уѓерец (< Калуѓерец)*. Елидирањето на интервокалното *в* добиено на овој начин (< *л*) го бележиме во следниве топоними: *Кауѓер, Кауѓера, Ка'уѓерец (< Калуѓерец), Кауѓерица (< Калуѓерица), Кауѓ'ерски Ришш (< Калуѓерски)*, па дури и *Куѓерец (< Кауѓерец < Кавуѓерец < Калуѓерец)*, при што средниот вокал *а* од вокалната група *-ау-* бил асимилиран од високиот вокал *у*.

Во финална позиција, како и во позиција пред безвучен консонант, лабиоденталот *в* се обезвучува во неговиот безвучен парник *ф*: *Амешшоф Прелок (< Прелоѓ), Бараб'аноф Прелок, Бар'офски Дол, Бар'офџка Црква, Б'афчишше, Цан'офшше Прелози (< Цановишше), Цв'ешешкоф Ка́мењ* итн.

Во врска со употребата на фонемата *ф* треба да се истакне дека во пунктовите што го зафаќаат западниот дел од тиквешко-мариовските говори што граничат со западното наречје, се среќава замена на *ф* со *в*. Потврда за ова е артикулацијата на ојконимот *Фареш*, како *Вареш* од страна на локалното население од истото село. Покрај ојконимот *Вареш (< Фареш)*, овде се приклучуваат и сите други секундарно добиени топоними од истиов ојконим: *Вариш Дервен, Варишка Клисура, Варишка Река, Варишки Ан, Варишки Дол* и *Варишки Мос,* како и топонимот *В'илџанон* од истово село.

Фонемата *ф* е засведочена во топоними образувани од лексеми од туѓо потекло: *Чифлик, Мефќемешо, Чафа* и др., како и во топонимиски состави чија прва атрибутска компонента е образуван од лично име од туѓо потекло. Сп.: *Сшефаново Брџо, Фиџанин Гроб, Џаферова Чешма, Џаферов Риџ* итн.

8) ***џ***. Фонемата *џ*, главно, се среќава кај топоними образувани од зборови од турско потекло. Сп.: *В'илџанон, Џаџе, Џам'ијашта*, но и од турски лични имиња како: *Џаф'ерица, Џаферова Чешма, Џаферов Риџ*. Во ојконимот *Џиџимирџи* фонемата *џ* се јавува како замена за гласот *ж*, со оглед на тоа што во основата на овој топоним се јавува личното име *Жиџимир*. Покрај ова, *џ* се јавува и на местото од *ѓ*. Сп.: *Џолова Лака*, како и во антропонимискиот суфикс *-џо*: *Ба́џов Коњ, Бацово Нивче, Цоцова Чешма*.

9) ***ѕ***. Африкативната фонема *ѕ* во топонимискиот материјал од Тиквешијата се појавува во десетина топоними.

Во иницијална позиција оваа фонема ја среќаваме во следниве топоними: *Ѕв'еровец, Ѕивули, Ѕивул'ше (< Ѕивулише), Ѕиџ'аница, Ѕиџинкише* и *Ѕикова Лака*.

Во топонимите, пак, *'Амѕоваѿа Чука, 'Анѕовец и Прнѕевица*, фонемата *ѕ* се јавува како прва консонантска компонента на антропонимискиот суфикс *-ѕо/ -ѕе*. Од друга страна, постоењето на топонимите *'Амзовец* и *Прнцевица*, нѐ наведува на помислата дека овде африкатот *ѕ* се јавува и како замена за струјното *з*, односно за африкатот *ц*.

Во топонимот *Врѕарово*, фонемата *ѕ* се јавува како замена за фрикативот *з*, ако се земе предвид дека во основата на овој топоним е вложен прекарот *Врѕар* со кој се именува 'човек што постојано мрмори, негудува, се буни'. Прекарот е образуван од турските ономатопеи *vır* 'свечка, мрмори' + *zır* 'непрестаен монотон шум'.

1.6. Губење на согласки

а) Во Тиквешкиот Регион се среќаваат поголем број топоними кај кои се забележува елизија на согласки кои се нашле во интервокална позиција. Врз основа на топонимискиот материјал можеме да заклучиме дека во интервокална позиција отпаѓаат согласките *в, ǫ* и *ѓ*. Ова го експлицираме со следниве топоними: *Јоеви Нивја (< Јовеви), Суаѿа Бука (< Суваѿа), С'уаѿа Ч'ешма, ǫодносно Воаѿа (< Воǫаѿа), Грамаѿа (< Грамаǫаѿа); Греаѿа (< Греǫаѿа), Лив'аица (< Ливаǫица), Ливаѿа (< Ливаǫаѿа), Лив'аѿе (< Ливаǫиѿе),* односно *Дис'аиѿе (< Дисаѓиѿе).*

б) Од некои топоними може да се заклучи и отпаѓање на други консонанти, кои не се во интервокална позиција. Станува збор за консонантите *с* и *ѿ*, и за сонантот *л*. Елизијата на овие гласови во говорот не е засведочена. Нам ни се чини дека нивната загуба се должи на дејствувањето на законот за јазична економија, според кој од исказот или од збороформата се елиминира сето она коешто е редундантно, односно она коешто нема да предизвика затемнување на значенската страна на лексемата или пречка во комуникацијата. Такви топоними се следниве: *Доǫни Јаѿреѿ (< Јасѿреб), Тана́ица (< Танасица < Аѿанасица),* односно *Ѓуска Преслоѿ (< Ѓуѿска), Преслаѿа (< Преслаѿѿа)* односно *Пресаѿ (< Преслаѿ), Пр'есаѿѿа (< Преслаѿѿа), Пр'есаѿѿа на Враѿче (< Преслаѿѿа)* итн.

в) Кога консонантската група *-сѿ*, е во финална позиција доаѓа до отпаѓање на крајното *ѿ*. Сп.: *Бела Прс, Пр'о ѿас, Шес Куќи (< Шесѿ)* итн.

1.7. Метатеза

Во тиквешкиот говор е забележана и гласовната појава метатеза којашто се рефлектирала и на топонимиско рамниште: *Беруѿлакоѿ (< Белуѿракоѿ), Бр'аинѿе (< Браниѿе), Ѓарв'илица (< Гавраница), Ѓарниково (< Граниково), Г'уминци (< Гумненци), Грва́ница (< Гавраница); Бр'аин'ѿе (< Браниѿе), Дурноѿ (< Дунароѿ); Доǫноѿо Лојзе (< Долноѿо Лозје);*

Кр'уишѿе (< Крушиѿе); Пр'ѧовец (: л. и. Парѯо), Л'оасѿа (< Лозаѿа); Прл'ојсѿе (< Прелозиѿе) итн.

1.8. Други промени кај консонантите

1. Од консонантските промени коишто се карактеристични за говорот на селата од Тиквешијата треба да се спомене редувањето на *с/з* и *ш* со *ф* или *в* пред африкатите *ч* и *ц*. Сп пр. *обравче (< образ), ѿрвче (< ѿрсѿ), мавче (< масѿ), ѿојавче (< ѿојас), февче (< фес)* итн. Оваа појава, којашто е карактеристична за апелативното рамниште, првенствено за централните говори, се рефлектирала и врз тиквешко-мариовските топоними, па заедно со еден познат асимилациски процес, карактеристичен за топонимијата, придонесле за појавата на топонимите *Лифч'арникоѿ (< Лисичарникоѿ)* и *Пефч'инѿа (< Пефчинаѿа*[1] *< *Песочинаѿа < ѿесочина < ѿесок +* суф. *-ина)*. Имено се смета дека прострујната согласка *с* во позиција зад *ч*, се развила во консонант *ф*. Во оваа позиција на *с* пред *ч*, всушност, доаѓа до редукција на фрикативноста на согласката *с*, така што од неа останува само струењето на воздухот кое го дава фрикативната согласка *ф*. Тоа струење најверојатно најпрвин го формирало *х*, па преку *в* со асимилацијата по звучност – до *ф* (Петровић 1968: 240).

2. Консонантската група *-ск- > -цк-*: *Анцки Осој (<Ански), Арам'ицка Воѯа, Арам'ицка Кр'уша, Арам'ицкаѿа Воѯа, Арам'ицкаѿа Куќа, Арам'ицки Дол, Арамицко Осое (< Арамиско), Арамицкоѿо Клаѯ'енче (< Арамискоѿо), Др'енцки Риѿ, Ел'имцки Гробишѿа, Зборцко Мало, Илинцко Поле, Раменѯ'аѿцко Долче, Чемерцко* и др.

3. Консонантската група *-вн- > -мн-*. Сп.: *Равна : Рамна*.

4. Консонантската група *-мј- > -мњ-*: *Тимјаник : Тимњаник*.

5. Консонантската група *-ѓв-* во *-ѓл-*: *Зѓл'о били (< Зѓвобили)*.

6. Коносонатската група *-ср-* се проширила со инкорпорирање на експлозивот *ѿ*. Сп.: *Лив'аиѿе Сѿр'еѯи Риѿ (< Ливаѯиѿе), Сѿр'еѯнаѿа Воѯен'ица, Сѿреѯни Брег, Сѿреѯно Мало, Сѿр'еѯноѿо Р'иѿче, Сѿр'еѯноѿ Риѿ (< Среѯниоѿ), Сѿреѯња, Сѿреѯњаѿа Воѯа, Сѿр'еѯњаѿа Скрка, Сѿр'еѯњи Риѿ, Сѿреѯњо Мало, Сѿреѯорокон, Сѿреѯ'орокоѿ, Сѿреѯсело, Сѿр'еѓен Риѿ // Сѿреѓни Риѿ, Сѿреѓно Гно'ишѿе, Сѿреѓориѯа (< Сѿреѯориѯа), Сѿр'еѿ Паѿ (< Среѯ)* и др. Само во еден топоним етимолошки коректната група *-сѿр-* се упростила во *-ср-*. Сп.: *Осрец (< Осѿрец)*.

7. Консонатската група *-ѿш- > -ѿч-*. Сп.: *Пченичени Дуѿки*;

[1] Сп. т. *Пефчина*, Тетовско кај. Љ. Станковска. „Тетово и неговата топонимија“. *Македонски јазик*, год. XIX, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 1968, 197.

8. Консонатската група *-п̄ч-* се упростила во *ч*. Сп.: *Чела́рица (< Пчеларица), Ч'енкона (< Пченковина)*;

9. Консонантот *ш* > *ч* во апелативот *чешма*, што се одразило и во топонимите: *Кол'нич, Долна Чечма* и *Д'ујина Чечма*.

10. Консонантската група *-ѕс-/-т̄с-* > *ц* : *З'ацкрка (< Заѕ Скрка)*.

1.9. Обезвучување на звучните согласки во финална позиција

Исто како и во стандардниот јазик и овде звучните консонанти во крајна позиција се обезвучиле. Иако е ова појава што се спроведува без исклучок, одразот на обезвучувањето на звучната согласка во финална позиција го бележиме во следниве топоними: *Елени Врф, За́т̄ Куле, Ивков Гро́п̄* итн.

2. МОРФОЛОГИЈА

Со оглед на тоа што топонимите како јазични единици ги имаат сите каракатеристики на именки, на кои, како што е познато, им се иманетни граматичките категории род, број и определеност // неопределеност ние во продолжение ќе зборуваме за овие категории имплицирани во топонимите од Тиквешијата.

2.1. Род

Топонимите од Тиквешкиот Регион се јавуваат во сите три рода: машки, женски и среден род. Колебање на родот бележиме во неколку топоними, за кое генерално можеме да кажеме дека од апелативното рамниште се рефлектирало на топонимиското. Како резултат од ова колебање, сложениот топоним *Бела Прс*, во кој придавката стапува во конгруентска врска со центарот на именската група, изразен со именката *п̄рс* (< *п̄рст̄*), архаична лексема од женски род со која се означува ‘ровка земја’, има и свој дублет кој гласи *Бели Прс*. Појавата на дублетната форма, веројатно, се должи на консонантскиот завршок на оваа лексема или, пак, на преземањето на машкиот род од хомонимната лексема прст со која се означува ‘прст од раката’. Кај топонимот *Преслапот̄ // Преслапта* колебањето на родот е изразено преку членската морфема *-от̄*, односно *-т̄а*. Во овој контекст го споменуваме и топонимот *Блат̄ец* кој настанал со топонимизација на деминутивниот апелатив *блат̄ец*, а во чија основа е вложена лексемата од среден род *блат̄о*. И наместо на оваа лексема да се врзе деминутивниот суфикс *-це* за ср. род, гледаме дека носител на деминутивноста е суфиксот *-ец* (< ст.сл. *-ьць*) за машки род. Од сите горенаведени топоними кај кои бележиме колебање на родот, како најинтересен го земаме топонимот *Врање Вода*, кај кој, како што можеме да забеле-

жиме, првата компонента е деривирана придавка од именка со суфиксот *-јь* од среден род, а втората, која воедно е и центар на именската група, е именка од женски род. За овој топоним би можеле да кажеме дека колебањето на родот е секундарна појава којашто, за разлика од колебањето во претходните топоними, се јавила на чисто топонимиско рамниште. Имено, претпоставуваме дека првичната форма на овој топоним гласела *Врање*. Овој топоним бил добиен со супстантивизација на придавката од среден род *Врање*, којашто била прва компонента од некоја примарна атрибутска синтагма, во која центарот бил изразен со именка од среден род, како на пр. *поле* или *село*. Овде ја допуштаме можноста дека во близина на топонимот *Врање* постоел истороден топоним, така што, заради обезбедување подобра комуникативност на топонимот – едниот од нив ја добил додавката *Вода*, којашто во овој топоним има само разликувачка функција, а на којашто паднал изборот, веројатно, поради тоа што така наложувала надворешно-јазичната дејствителност.

2.2. Број

На апелативен план, кај еднасложните именски зборови треба да се спомене дека карактеристична множинска наставка за тиквешкиот говор е наставката *-еви*, односно *-ови* што се совпаѓа со ситуацијата во стандардниот јазик. На топонимиско рамниште во Тиквешијата, исто така, се среќаваат наставките *-еви, -ови* што се должи, веројатно, на тоа што множината топонимот не ја стекнува на топонимиско рамниште, ами ја наследува од апелативното. Моножинската наставка *-еви* ја следиме во следниве топоними: *Граевите, Ѓолевите, Крстеви, Кршевите* и *Сад'евите,* а наставката *-ови* во топонимите: *Вирови, Вировите, Влек'овите Врови (< Врвовите), Л'азови, Млаковите, Скоковите, Црвени Брегови* итн.

Кај двосложните и повеќесложните именки од машки род множинската наставка гласи *-и*. Сп.: *Бунари, Извори, Изв'орите, Клад'енците, Пороите, Пресл'апите, Прис'оите, Цуц'улите* итн., а истава множинска наставка ја добиваат и именките од женски род, како, на пр.: *Бари, Б'арите, Падините, Плочите, Пол'ани, Пол'аните, Провалии, Осојн'ците, Ч'ките* итн. Кај некои членувани топоними од машки и од женски род, множинската наставка *-и* пред членот се губи, поради силно изразената редукција, карактеристична за овој говор, а за која стана збор во ова поглавје во точката во која зборувавме за елизија на вокалот *-и*. Да споменеме само неколку вакви топоними: *Амб'арте*, *Бар'те*, *Изв'орте*, *Пад'инте*, *Пешт'ерте*, *Пл'оче*, *Ст'енте*, *Урнос'инте* итн.

Кај именките од среден род како множински наставки се јавуваат следниве: *-ања* за именките што во еднината завршуваат на *-е*, *-а* за именките што завршуваат на *-о*, и *-иште* за оние именки од среден род коишто во еднината завршуваат на *-иште*. Сп.: *Босилкоски Прло-*

жиња, Крс Ритчиња, Лакчиња, Лѫкч'иња̄та (< Лакчиња̄та); С'илеви Нифч'иња итн.*; Влашки Трла, Врела, Горни Села, Јаг̄н'ила, Остр'ила̄та, Рамни Бач'ила, С'е9ла̄та* и др.; *и Бобаќиште, Кам'енште, Лив'а9ште, Рамнште, Рамн'иште̄та, Р'и9ште, Умште* итн.

За сложените двокомпонетни топоними составени од број и именка од машки род можеме да го дадеме следниов заклучок. Во топонимите кај кои првата компонента е бројот два, именката редовно добива наставка *-а* за избројана множина: *Дв'а Д'ола* и *Два̄та Гр'оба*; со бројот три именката добива и избројана множина (*Три Бра̄та, Три Цера*), и обична множина, сп.: *Трите Дуб'ици*. Во топонимите, пак, *Три Камења* именката е рамна на колектив образуван со суф. *-ја*, а во топонимот *Тр'ои Бра̄ќа* кај именката се назира наставка за образување збирна множина (за оваа форма в. погоре под точката за фонемите ***ѓ.ќ.***). Слично се случува и во топонимиските состави со бројот четири кај кои именката добива наставка за обична множина (*Четири Ор'еви*), или, пак, е рамна на колектив со суф. *-ја*, сп.: *Че̄т'ирте Дабја*.[2]

Кај двокомпонентните топоними составени од придавка и именка со завршок на *-је* или *-ја* се јави извесно колебање во однос на тоа дали овие именки да ги третираме како колективни или како збирно-множински. Ваквата дубиоза ни се наметна поради тоа што во некои случаи атрибутите со именките на *-је* или *-ја* воспоставуваат еднинска конгруентска врска, а во други множинска. Така, на пример, во топонимите: *Бело Камење, Вачко Камење, Каменѯолско Грамаѓе, Пусто Гробје* и *Шабановско Дабје* центрите на именската група, се сфатени како колективи, и тие со атрибутите воспоставуваат конгруенција во еднина, а во топонимите *Чест'и Трње, Шљӯќови Бресје*, чии центри се именки од машки род, како и во топонимите *Големи Нивје, Горните Нивје, Ш'иковови Кр'ушје*, чиј носител на атрибутската синтагма се именки од женски род, главниот синтагматски дел со атрибутот воспоставува множинска конгруентска врска, така што овие вторите, според нас, не се колективни именки, ами именки коишто имаат збирно-множинска наставка.

Исто така, двокомпонентните топоними, кај кои центарот на именската група завршува на суфиксот *-ја*, според нас, претставуваат збирно-множински форми, а не номина колектива, со оглед на нивното конгруирање со атрибутот во множина. Сп.: м.р. *Г'орни Д'абја, Дујн'ичките Дабја; Р'истофте Бресја (< Ристовите)*; ж. р.: *Арн'ефцки Нивја, Бабини Нивја, Ба9еви Нивја, Б'ан9еви Н'ивја, Б'е̄говите Нивја, Буиви Нивја, Г'а̄гови Н'ивја, Галабовите Нивја, Гожеви Нивја, Гол'емите Нивја, Гркови Нивја, Дел'овите Нивја, Ѓореви Нивја, Ј'анки Нивја, Јанкулови Нивја, Ј'анови Н'ивја, Јоеви Нивја, Јур'уковите Нивја, Карав'ил'ови Нивја, Кол'ачеви Н'ивја, Крстовиќеви Нивја, Лазови Нивја, Мѫњови Нивја, Н'о-*

[2] Сп. т. *Три Дабје*, Струмичко кај Д. Митева. *Топонимијата на Струмичко*. Скопје: Институтот за македонски јазик, 1989, 211.

ви Н'ивја, П'еткови Нивја, Р'ајкови Нивја, Р'амните Нивја, Родʼ'иските Нивја, Р'олкови Нивја; ср. р.: *Влашките Трл'ја*.

Од сите горенаведени примери може да се констатира дека границата меѓу колективните еднински форми и збирно-множинските форми на именките со наставките *-је* или *-ја* е многу тенка. Оттука можеме да констатираме дека колебањето на категоријата број кај овие зборови не е, воопшто, нова појава во нашиот јазик, ниту на апелативен, ниту на топонимиски план. Од она што го покажува топонимијата, и тоа не само тиквешката, сметаме дека со право можеме да заклучиме дека овој процес е започнат од поодамна, но дека и покрај сè, овие форми, сè уште, не се докрај издиференцирани во поглед на категоријата број.

2.3. Определеност

Како што е познато категоријата определеност во македонскиот стандарден јазик се реализира преку членот. Сопствените имиња не добиваат член, бидејќи тие се самоопределени (Конески 1999: 225) или, како што истакнува З. Тополињска, тие имаат специфична ономасиолошка определеност, којашто темелно се разликува од определеноста на апелативите. Семантичката функција на сопствените имиња се сведува на тоа да индивидуализираат посочувани предмети на мислата, односно да посочуваат определени индивидуи кои се селективно маркирани според определеност. Секое сопствено име претставува арбитрална јазична креација, резултат на индивидуален, временски определен акт на именување (Тополињска 1974: 63).

Но сепак, на пошироката македонска јазична територија, постојат и такви случаи во коишто и сопствените имиња добиваат член. Тоа се случува во извесни ситуации кај личните имиња, при што членските форми тука не вршат определување на имињата. Ваквото членување станува во изрази што значат клетва или грубење или, воопшто, некој емоционален однос на негодување, иронија, подвлечена интимност и сл. На пример: *Нашема ши Стојанош. – Ај ѓа се сневиѓи и Скопјево. – Ај ѓа се запусти и Варѓарош.* Сп.: *Оѓѓалеку се слушаше шумош на наѓојѓените воѓи на Варѓарош* (Ј. Бошковски). – *Јас веќе ќе си оѓам оѓ кај вас и шукуречи оѓ Битолава* (М. Цепенков). Членот во составите како овие учествува заправо во создавањето на одредена емоционална атмосфера (Конески 1999: 227–228).

Редовно се членуваат и деминутивните имиња на *-е*, во кои е изразена нијанса на интимност: *Марето, Наѓето* (Конески 1999: 228).

При обработката на топонимискиот материјал од Тиквешкиот Регион, од аспект на категоријата определеност, би можеле да кажеме дека во овој контекст се искристализираа две ситуации. Првата, при која членот, воопшто, не се среќава и втора, при која даден топоним се јавува и во членувана и во нечленувана форма.

а) Топоними, кај кои, во принцип, отсуствува членот, се деривуваните топоними, односно оние топоними кои настанале со супстантивизација којашто ја направил некаков суфикс врз определена именска синтагма. Кај ваквите топоними, се смета дека топонимизацијата е завршен процес, што значи дека тие го добиле статусот на вистински сопствени имиња, коишто означуваат, но не значат (Тополињска 1974: 108; Пјанка 1975: 113) . Сп.: *Аѿан'асица, Аци-ѿосѿол'ица, Бадемирица, Балаб'аница, Басар'ица, Бесвица, Беќирковица, Белевица, Б'ел'овица, Бесвица, Б'ојковица, Б'ошковица, Бир'ица (< Бириница), Брѿимица (< Браѿимица), Вл'асовица* итн.

б) Во втората група влегуваат примарните топоними (*Билоѿо, Вироѿ, Глибоѿ, Грлоѿо* и др.), топонимиските состави (*Кр'ивиоѿ Вир, Б'елаѿа Вода, Болов'анцкоѿ Камењ (< Болованскиоѿ* итн.), топонимите рамни на предлошки синтагми (*Во Солишѿе Орницаѿа, Лакиѿе кај Кораѿоѿ, Чешмаѿа во Канѿин Дол* итн.) и неколку топоними рамни на лични имиња (*Јованчеѿо, Тодорорѿ* и *С'асѿа (< Сасаѿа*).

Кај примарните топоними, топонимиските состави и топонимите рамни на предлошки синтагми функционалната ономазиолошка определеност не пречи да се појави членот, со оглед на тоа што членот кај нив претставува семантички празна морфема што се јавува под притисок на граматичкиот номинален систем (Тополињска 1974: 64). Присуство на членската морфема овде може да се објасни и со фактот што ваквите топоними за разлика од претходните покрај тоа што означуваат, тие и значат (Тополињска 1974: 113), а носител на нивното значење е апелативот од кои тие настанале или кој е вграден во нив. Имено, ако земеме предвид дека примарните имиња се настанати со топонимизација на апелативи, коишто на апелативно рамниште ги имаат сите атрибути на именски зборови, тогаш е јасно зошто тие и по топонимизацијата ќе продолжат да се однесуваат како апелативи. Затоа ние овде ја исклучуваме можноста дека кај топонимите што се јавуваат во нивната членувана форма топонимизацијата, сè уште, не е завршена (со оглед на тоа што кај ваквите топоними се вложени голем број архаични лексеми кои денес не функционираат на апелативно рамниште) и сметаме дека членувањето на ваквите топоними се врши по аналогија, со оглед на тоа што меѓу овие топоними и апелативите не постои никаква формална разлика.

Во поглед на присуството на членот кај определени топоними во Тиквешијата, но и на пошироката македонска топонимиска територија, воопшто, – не треба да ја исклучиме и претпоставката дека на поголемиот број топоними им претходеле предлошки синтагми образувани најчесто од предлозите *кај, на, ѿри* и некоја членувана именка (на која во минатото ѝ претходела именка со локативна падежна наставка, за што сведочат кодиците за манастирите по територијата на Македонија во средниот век). Сп.: *Кај Цркваѿа, На Ридоѿ, При Врвоѿ* итн. Поради владеење

на законот за економија во говорот, предлозите отпаднале, а на теренот продолжие да суштествуваат само членуваните именки, при што членот тука се јавува како кондензатор на една проширена синтагма.

Топонимите како *Јованчето, Тодорот* и *С'аста (< Сасата)* кои во структурната класификација ги наведовме како топоними рамни на лични имиња, сметаме дека добиле член под влијание на говорот во кој личните имиња се членуваат. Оваа појава е карактеристична и за други источни и југоисточни говори (Пеев 1987: 177). За топонимот *Јованчето*, не ја исклучуваме можноста тој да го добил овој облик како резултат на супстантивизација на атрибутот **Јованчевото (Место)*, при што дошло до отпаѓање на слогот (*-ево-*) со кој се изразува посвојност, зашто според законот за јазична економија со неговото отпаѓање не се затемнува значењето на топонимот. За ова повеќе во точка **1.6.б)**.

Што се однесува, пак, до формата на членот треба да истакнеме дека во топонимијата на Тиквешкиот Регион, покрај членот *-т, -та, -то* се среќава и членот *-н, -на, -но*, иако во ограничен број примери. Сп.: *Брестон, Ливаѓено, Локвана, Пештерана, Прел'озине, Сојницана (< Осојницана), Стредорокон* и *Чарајчено*.

Литература

Бојковска, С. 2003. *Радовишкиот ѓовор*. Скопје.

Видоески, Б. 1962. *Кумановскиот ѓовор*. Скопје.

Видоески, Б. 1998. *Дијалектите на македонскиот јазик*, т. 1. Скопје.

Конески, Б. 1986. *Историја на македонскиот јазик*. Скопје: Култура.

Конески, Б. 1999. *Граматика на македонскиот јазик*. Скопје: Детска радост.

Митева, Д. 1989. *Топонимијата на Струмичко*. Скопје: Интитут за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Пеев, К. 1987. *Кукушкиот ѓовор*, т. 1. Скопје.

Петровић, Д. 1968: „Судбина консонантских група *сц*, *шч*, *шћ* и *шђ* у говору Зете“, *Зборник за филологију и лингвистику XI*. Нови Сад.

Станковска, Љ. 1968: „Тетово и неговата топонимија“, *Македонски јазик*, год. XIX. Скопје.

Тополињска З. 1974. *Граматика на именската фраза во македонскиот литературен јазик.* (*Род, број, Посоченост*).Скопје.

Филиповски, Ѝ. 1952. *Неготинскиот ѓовор*. Скопје.

Pianka, W. 1975. *Macedońske imiona osobowe kotliny Azot.* Warszawa.

Элка ЯЧЕВА УЛЧАР

ДИАЛЕКТНЫЕ РЕФЛЕКСИИ В ТИКВЕШСКОМ ТОПОНОМАСТИКОНЕ

Тезисы

В статье идет речь обо всех фонетико-фонологических, морфонологических и морфосинтаксических особенностях тиквешского говора, которые отразились на топонимической системе Тиквешского региона. Исходя из диалектной дифференциации македонского языка, тиквешские говоры относятся к большой группе тиквешско-мариовских говоров, которые входят в рамки юго-восточного македонского наречия. Занимая пограничную территорию между юго-восточным и западным наречием, они ясно носят признаки переходных говоров, что означает, что в них, кроме языковых особенностей, характерных для юго-восточных македонских говоров, встречается и часть диалектных признаков западного македонского наречия.

В рамках фонетико-фонологических особенностей мы в первую очередь обращаем внимание на ударение. В тиквешско-мариовских говорах оно ограниченно свободное. Основная тенденция ударения в этих говорах заключается в том, что оно закреплено на пенультиме, что отражается на топонимах в связи с тем, что если смотреть с процентной точки зрения, ударение в топонимах Тиквешии чаще всего падает на второй слог с конца слова. В продолжении мы обратим внимание на: редукцию безударных гласных, которая тесно связана с ударением, и представляет собой явление, характерное для всех македонских юго-восточных говоров; на элизию гласных звков, а также на историческое развитие праславянских гласных: *ǫ, *ę, *ě, *ь, *ъ, слоговых л и р и их отражение на топонимы Тиквешского региона. Часть, посвященную, вокализму, мы завершаем контракцией групп гласных *аа* и *оо*, предварительно рассмотрев позиции, в которых происходит перегласовка некоторых гласных.

В разделе, посвященном согласным, мы обращаем внимание на: согласную *х*; континуанты праславянских групп согласных ***tj, *kt – *dj*** в тиквешской топонимии; фрикативные согласные *ќ* и *ѓ*; произношение сонорного *j* и его пропуск в интервокальной позиции, особенно когда сонорный находится между гласными *а-а, и-а, о-а, е-а, о-о*; а также на фонемы ***н, н', л, л' в, ф, ц*** и ***s***. Из фонетических явлений, характерных для согласных, мы обратим внимание на: позиции, в которых происходит выпадение согласных в тиквешском топономастиконе; на метатезу; на десять других изменений гласных, а также на оглушение звонких согласных в позиции на конце слова.

В разделе, посвященном морфологии, мы обращаем внимание на грамматические категории рода, числа и определенности // неопределенности имен существительных. С учетом того, что топонимы как языковые единицы имеют все характеристики имен существительных, все эти категории присутствуют и в топонимах Тиквешии. В рамках категории рода мы особо отмечаем колебание рода, что отмечается в нескольких топонимах. Здесь следует отметить, что такое колебание, носящее апеллятивный характер, отразилось на топонимическом колебании. В рамках категории числа в качестве главной дилеммы выступает дистинкция между собирательным именем существительным и собирательной формой множественного числа у имен существительных. Решаю-

щую роль в различении этих двух формально омонимических явлений играет конгеренция по числу у двукомпонетных топонимов. Что касается категории определенности-неопределенности у топонимов, здесь мы делаем предположения относительно того, почему среди топонимов, в приниципе являющихся определенными, в основном македоноском топономастиконе преобладают топонимы с использованием уточняющей частицы.

Ключевые слова: топонимы, диалект, тиквешско-мариовские говоры, Тиквешский регион, фонема, грамматические категории.

UDC 811.163.3'282(497.752)

Давор ЈАНКУЛОСКИ
Истражувачки центар за ареална лингвистика „Б. Видоески“, МАНУ, Скопје
jankuloski@manu.edu.mk

ЗА ПАРАДИГМИТЕ СО *ИМА* И *Н/Т* ПАРТИЦИП ВО ГОРНОПОЛОШКИОТ ГОВОР

Вовед

Глаголскиот систем на македонскиот јазик е еден од најбогатите и најразвиените во рамките на словенскиот јазичен свет. Македонскиот јазик, од една страна, во својата структура ги чува наследените словенски карактеристики, но, од друга страна, во својот систем вградил особености мотивирани од непосредниот контакт со другите балкански јазици. Тој е единствениот словенски јазик кој во својот систем ги вградил перифрастичните конструкции со *има* и *н/ш* партицип, кои се разгрануваат во цела една паралелна конјугација со сите други сложени глаголски форми. Покрај тоа, македонскиот јазик не ги отфрлил наследените конструкции со *сум* и *л*-форма, ами сè повеќе ги поместувал во модалната сфера на употреба.

Појавата на конструкциите со *има*, како и со негираната форма *нема,* и пасивниот минат партицип, не само што претставува една иновација во балкански рамки туку и има особено значење за македонскиот јазик. Овие конструкции целосно навлегле во македонскиот глаголски систем и предизвикале појава на низа временски конструкции во системот на минатите времиња. Во *Граматиката на македонскиот јазик* на Конески (1999 [1954]) како можни комбинации во кои влегува глаголот *има* со партицип се претставува цела серија со осум различни парадигми: *имам земено; имав земено; сум имал земено; беше сум имал земено; ќе имам земено; ќе имав земено; ќе сум имал земено; би (сум) имал земено.* Во однос на употребата во стандардот, Велковска (1998) ги издвојува формите од типот: *имам ѕојѕено, имаше ѕојѕено, имал ѕојѕено*

и *ќе има ѕојѕено*. Македонскиот стандарден јазик денес ги употребува овие конструкции, но на дијалектно рамниште нивната употреба се припишува како својствена за западните македонски говори. Впрочем, тие наполно се граматикализирале на македонскиот југозападен ареал каде што контактите со балканските несловенски јазици биле најинтензивни.

Во овој текст ќе ја разгледаме состојбата на конструкциите со *има* и *н/ш* партицип во рамките на горнополошкиот говор. Полошките говори биле предмет на разгледување на повеќе лингвисти – специјалисти од различни области (Селищев 1929; Стаматоски 1956–1957; Видоески 1961–1962; Поповски 1970 итн.). Според Видоески (1998: 149) на полошката јазична територија се изделуваат три говорни типа, од кои една поголема говорна целина формираат селата во Горни Полог и градот Гостивар. Другите два говорни типа – вратничкиот и тетовскиот – му припаѓаат на подрачјето на Долни Полог. Горнополошкиот говор, за разлика од долнополошките говори, по фонетските особености, како и по својата граматичка структура спаѓа во западното македонско наречје, односно се надоврзува на групата на западните периферни говори.

Поголемиот дел од дијалектниот материјал врз кој се базира истражувањето е објавен во изданието *Така се зборува во Гостивар* (Димитриевски 2000). Исто така, ќе користиме и примери од текстовите собирани за потребите на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика при МАНУ во текот на 2015 година на теренот на градот Гостивар.

Формален приказ

Формален преглед на конструкциите со *има* и *н/ш* партицип во горнополошкиот говор дава Поповски (1970: 88–89), кој ги приведува следните парадигми: *имаш (немаш) земено (носено, сеано); имаф (немаф) земено (носено, сеано); сум имал (немал) земено (носено, сеано); беше сум имал (немал) земено (носено, сеано);*[1] *ќе имам (немам) работено; ќе имаф ѕонесено; ќе сум имал купено.*

Во овие конструкции носител на клитиките е глаголот *има* и тие се сврзуваат со него како што се сврзуваат со секој друг глагол, т.е. стојат секогаш во проклиза (Корубин 1985: 98). Ваквата ситуација е редовна во гостиварскиот: *Столарскиот занат, кој ѕо пензија го имам работено; Буѓариште го има:ш направено.* Од повратните глаголи во овие конструкции не се испушта повратната заменка *се*. И таа доаѓа пред *има*: *Со нашата фамилија се имаме собрано преку ѕваесет ѕуши.*

[1] Конструкцијата од типот *беше сум имал земено*, веројатно, Поповски (1970) ја забележува под влијание на граматиките на македонскиот јазик на Лант (Lunt 1952) и Конески (1999 [1954]). Според Фридман (2009: 20), Конески во својата граматика „се обидува да ги прикаже теоретските можности на глаголскиот систем“, што значи дека оваа конструкција е теоретски можна, иако во суштина не постои.

Помошниот глагол *има*, исто така, може да биде одделен од партиципот со предметот, со прилошка определба, со субјектот и сл. Оваа појава ја регистрираме во значителен број примери од дијалектниот материјал со којшто располагаме: *Имам со занаш започнашо ѓа учам на ѓванаес ѓодини во Госшивар исшо; Јас во рабошниош мој живош имам само ѓве рабошни месша сменешо; Посшарише малку ѓи имам и некои заборавено;* итн.

Граматикализацијата на овие конструкции во горнополошкиот говор е доста напредната, во корпусот пронајдовме само неколку примери на неграматикализирани *има*-конструкции, во кои среќаваме согласување по род и број на партиципот со предметот во реченицата: *имало ископани ровои; ѓвајца имавме врабошени на скара; имаш некол'ку фамилии шуека ѓојдени; има индусшрија сеѓа развиена; шоѓа баш имаше паѓнаш еѓен авион.*[2] Овие случаи изразуваат постара состојба, според Конески (1982: 28), од која подоцна се развил системот во кој глаголската придавка на *н/ш* е непроменлива и секогаш се употребува во среден род еднина. Впрочем, балканското влијание се одразило и врз развојот на пасивниот партицип на перфектот, а најсуштествената промена во развојот е неговото образување не само од преодни и повратни глаголи туку и од непреодни (Гајдова 2002: 43). Глаголската придавка на *н/ш* во состав на конструкциите со *има* „се сведува до прост знак на глаголското дејство, таа дури ги губи обележјата за родот и бројот, бидејќи влегува во нив само со формата за среден род еднина“ (Конески 1999: 436).

Функционално-семантичка анализа

I. Конструкцијата образувана од помошниот глагол *има* во презент и *н/ш* партиципот е најфреквентната парадигма од овој тип во нашиот материјал од горнополошкиот говор. Според Конески (1999: 503–504), оваа парадигма служи за искажување дејство извршено воопшто во минатото до моментот на соопштувањето. Фридман (2009: 63) подвлекува дека ваквите форми означуваат сегашна резултативна состојба. За нивниот резултативен карактер во македонските дијалекти пишува и Тополињска (1995) и потенцира дека во југозападните говори резултативноста е само една од функциите на ваквите конструкции кои ги презеле сите функции на стариот словенски перфект.

[2] Потврда дека граматикализацијата на *има*-конструкциите во горнополошкиот говор е доста напредната е тоа што неграматикализираните примери се јавуваат исклучиво кај повозрасните информатори. Најмладиот информатор кај кого што ја регистрираме ваквата појава е роден во 1937 г., додека најстариот, кој исто така е и најстар помеѓу испитаниците воопшто, е роден во 1912 г. Возрасната разлика помеѓу информаторите во нашиот корпус е над 80 години, со оглед на тоа што најмладиот информатор е роден во 1994 г.

Во горнополошкиот, конструкцијата со *има* во презент и *н/т* партиципот најчесто ја регистрираме во функција на резултативен перфект, односно означува резултат од временски нефиксирано дејство во минатото.

1. *Цртежи од типиси, оние шо сät шарени, ја 'и* ***имам цртано*** *со туш.*
2. *Тука* ***имам запознаено*** *многу кол'еги, многу луѓе пошто работам како конобар, имам контакт многу со луѓе...*
3. *Така го изучуав тој занает и го* ***имам изучено****.*
4. *...тамо* ***имаме*** *машини* ***земено*** *од Италија.*
5. *Имавме и хор, музичка секција пошто одевме на натпревари, музички натпревари ке што* ***имаме добиено*** *и прво место.*
6. *Иначе занатот го знаат, го* ***имаат изучено*** *они.*
7. *Јас ќе ви дадам татко ви што ви* ***има донесено****...*
8. *Помагањето е еве што го* ***имат*** *невестата* ***спремано*** *чеизот...*
9. *Моите родители го правеа тоа повеќе, да речеме,ради егзистенција, правејќи и фрески по црквите, а истите тија го* ***имаат наследено*** *од мојот дедо...*
10. *Моите родители со моите стриковци* ***имаат учествувано*** *во изградбата на гостиварската црква... исто така* ***имаат учествувано****, со тој копаничарски занает* ***имаат дадено*** *удел и во манастирот „Свети Јован Биговски".*

Во одредени примери од дијалектниот материјал, покрај конструкцијата со *има* се употребени прилози или прилошки определби кои укажуваат на некое помалку или повеќе определено време. Меѓутоа, појавата на временските прилози или прилошките определби не придонесува за прецизно фиксирање на дејството на временската оска. Важна е последицата која е актуелна, односно се актуализира во моментот на зборувањето. Сп.:

11. *Цел живот го* ***имам проведено*** *во Гостивар.*
12. *Е, тогa ја* ***имам направено*** *една грешка.*
13. *Забораив, испуштив да ти кажам, за време албанско ние* ***имаме јадено*** *пченкарен леб.*
14. *Сега* ***има*** *језеро* ***порибено****.*

Среќаваме и неколку случаи на употреба на конструкции со *има* со сложени прилози во кои е изразено колку пати е повторено едно дејство, а тоа е токму една од функциите на перфектот. Сп.:

15. *Во Русија* ***имам пајдено*** *четири пати.*
16. *... четири пати или пет пати во Турција* ***имам пајдено****.*
17. *Три пати во Варшава* ***имам пајдено****.*

Но, дејството изразено со конструкцијата со *има* може да биде и временски локализирано, односно може да се изнесат и настани со конкретна временска референција на планот на минатото. Сп.:

18. *Па, за моето училиште, ја* ***имам завршено*** *средно училиште, металска грана „Лазар Колишевски“ во Скопје, од педес четврта до педес седма го* ***имам завршено*** *училиштето. Една година* ***имам работено*** *во „Метални завод Тито“ – од педесет и седма до пеес осма.*
19. *Па да Ви ... кажам, јас како детиште мало знам, четириес треќа, четириес четврта година* ***имаме учено*** *албанско училиште.*
20. *Па јас* ***имам зборуано*** *осумдесет и пета, шеста година со една жена галичанка, стара.*
21. *Инаку, возот је правен во балканските војни. Тринаестачетрнаеста. Бугариите го* ***имат напрајено****. Од Гостивар до Охрид.*

Во примерите 18, 19 и 20 говорителите со перфектот со *има* претставуваат засведочени факти од нивното минато. Во примерот 21, пак, информаторот со оваа конструкција претставува (општо)познат факт од минатото, за којшто самиот не е сведок.[3]

22. *Едниот брат, за време бивша Југославија, Краљевина Југославија, им го* ***имаат утепано****, нешто* *се спречкале.*

Во примерот 22 среќаваме паралелна употреба на двата типа перфектни конструкции во македонскиот јазик. Се чини дека за употребата на *има*-перфектот пресудна е веродостојноста на информацијата која се пренесува, додека *л*-перфектот му овозможува на информаторот изземање од одговорноста за вистинитоста на дејството кое го раскажува. Класичниот *л*-перфект е маркиран за неконфирмативност, додека *има*-перфектот не влегува во опозицијата конфирмативност – неконфирмативност.

Забележуваме дека конфирмативноста е релевантна за првото лице – што е логички сведок на дејството. Формите на третото лице ја пренесуваат информацијата како факт, без разлика дали е тој потврден или не.[4]

Во продолжение ќе ги разгледаме примерите со негирани форми застапени во корпусот:

23. *Тога, за своето време. Вие сеа* ***немате затекнато****.*
24. *Па шеесет години прозор* ***немаме сменето****.*
25. *Европа цела. Само во Холандија* ***немам појдено****.*

[3] Информаторот е роден во 1931 г.

[4] Второто лице не се појави во прегледаниот дијалектен материјал. Тоа е обусловено ситуациски, кога имаме директно обраќање.

Прилогот *се(ѓ)а* во примерот 23 го специфицира времето до моментот на настанот, а перфектната форма со *нема* и *н/ш* партиципот се избира со цел да се нагласи сегашната референција. И во примерите 24 и 25 е употребена оваа конструкција за да се сигнализира дека се работи за ‘состојба која продолжува во сегашноста’.

II. Плусквамперфектот е време со кое се означува дејство кое е извршено или, пак, вршено пред некое друго минато дејство, односно „се воспоставува однос помеѓу две или повеќе минати дејства при што со посебни форми се нагласува нивната антериорност односно постериорност“ (Гајдова 2002: 96). Плусквамперфектот во македонскиот јазик може да се изрази со две различни форми – едната образувана од имперфектот на помошниот глагол *сум* и глаголската *л*-форма, додека другата – од имперфектот на помошниот глагол *има* и *н/ш* партиципот.

Во дијалектниот материјал од горнополошкиот говор не регистриравме ниту една конструкција со *сум* во имперфект и глаголската *л*-форма. Една од причините за незастапеноста на оваа конструкција, можеби, се должи на фактот дека плусквамперфектот од словенски тип е „категорија кон која почесто се прибегнува во директен разговор отколку во раскажување“ (Тополињска 1995: 231). Од друга страна, треба да го имаме предвид и исчезнувањето на *л*-формата (и сите парадигми во кои влегува) во македонските периферни југозападни говори. Притоа балканистичките иновациски појави најинтензивно се шират долж западната периферија.

Наспроти ова, бележиме мошне голем број примери со конструкцијата со *има* во имперфект и *н/ш* партицип. За овие конструкции, Конески (1999: 503) подвлекува дека означуваат дејство кое се извршило до одреден момент во минатото. Велковска (1998: 55) смета дека тие добро го пазат значењето на предминатост, додека Фридман (2009: 76) маркирањето за таксис кај овие конструкции го смета за ирелевантно и забележува дека ја опишуваат минатата состојба како резултат од некое друго претходно дејство во минатото. Во нашиот корпус од горнополошкиот говор наидовме на неколку примери во коишто антериорноста, формализирана со плусквамперфектот со *има,* ја подразбираме од контекстот. Сп.:

26. *И извади тој картата, мислам, авто-картата и Гостивар, еве и туе* ***имаше*** *„тиктак“* ***напишано****.*
27. *... тоѓа немаше друго школо, само на албански се учеше. Албанците овде беа окупатори. Заправо ние имавме балисти, ама учители* ***имаше*** *од Албанија* ***донесено*** *овде.*
28. *Тој не оти сакаше да постапи лошо со нас, него ни кажуе: „Врне, одите си“. Али* ***имавме направено*** *како некоа врста шатори од черѓите што 'и* ***имавме понесено*** *од дома.*

И покрај тоа што антериорноста не е експлицитно изразена, во примерот 26 прво се именува настанот што претставува ориентациска точка, а по него – состојбата за којашто сметаме дека била извршена пред овој настан. Во примерот 27, пак, антериорноста изразена со плусквамперфектот со *има* се согледува од поширокиот контекст, во однос на кажаното во првата реченица. Во примерот 28, дејството изразено со втората *има*-конструкција го разбираме како антериорно во однос на низата настани, додека антериорноста на дејството изразено со првата *има*-конструкција не можеме да ја утврдиме од контекстот. Во овој случај, минатата состојба ја разбираме како последица на друго претходно минато дејство. Во примерите среќаваме и изразито нагласена резултативност што, можеби, претставува и причина за изборот на раскажувачите на оваа парадигма.

Во преостанатите примери не се изразува антериорност. Конструкцијата со *има* во имперфект и *н/ш* партицип се употребува за да ја опише минатата состојба како последица на некое друго претходно минато дејство. Сп.:

29. *И шака прешежно појке сам сум се мачил. Али благодарение на машини што 'и* ***имав земено****, појке машини, сум можел да постигнам она што сум го замислил за тоа време да го направам.*
30. *И во „Градежно Маврово" се запослив каде што почнавме да градиме централата „Маврово", во Маврови Ханови. Тамо четрс седма започнавме да а градиме, која* ***имавме*** *со четири камиони* ***почнато*** *да а градиме и со три булдожера и со едно десет стручни работника.*
31. *Ќе дојдеа на врата да побараат една чаша ориз. Таткo ми тоа го* ***имаше*** *кутии, кутии таке* ***испратено****.*
32. *И знам, кога се ослободивме, како одеа војска тогај по шиптарски, по турски куќи, и тука* ***имаше*** *војник* ***оставено****.*
33. *Меѓутоа, имаше и група некоа друга што го мрзеа него – зашто со нив останал да работи, нас не ги зел, па му* ***имаа*** *често пати* ***поставано*** *замки за да г' убијат.*

***

34. *Ама не беше загаден Вардар.* ***Немаше*** *клозети* ***испуштано*** *во него.*
35. *Тога купени во Скопје, демек, најубо. Ја* ***немав видено*** *до тога лептир машња.*

Иако се тврдело дека одречните перфекти не можат да бидат резултативни затоа што немаат последица, според Фридман (2009: 66), одречниот перфект, како во примерите 34 и 35, го разбираме како негација на последицата и на тој начин се вклучува во концептот на резултативност.

Во одредени контексти, конструкцијата со *има* во имперфект и *н/ш* партицип ја забележуваме и при соопштување резултати кои важат и во сегашноста:

36. *Постарите генерации што беа од мене, од триес прва, триес друга до триес трета – тие веќе завршија, по три-четири класа* ***имаа завршувано*** *на албанско училиште.*

Доколку говорителот во примерот 36 се одлучел за конструкцијата со *има* во презент, повторно би ја пренел информацијата како резултативна и фактивна. Но, се чини дека пресудно за изборот на парадигмата со *има* во имперфект е пренесувањето на дејството како потврдено. За разлика од оваа конструкција која е маркирана за конфирмативност, конструкцијата со *има* во презент не влегува во опозицијата конфирмативност – неконфирмативност.

III. Уште една парадигма со помошниот глагол *има*, присутна во нашиот корпус, градат конструкциите образувани со *има* во перфект и *н/ш* партиципот. Карактеристично за оваа форма е што се јавува само во 3 лице, а тоа е условено од нејзината основна функција – имперцептивот или прекажаноста. Прва и основна конструкција за изразување на имперцептивот во македонскиот јазик е формата на класичниот *л*-перфект, но со оглед на фактот дека постојат и конструкции со *има* во функција на перфект се развила оваа форма (сп. Велковска 1998: 58–59; Лаброска 2008: 79–80). На пр.:

37. *За Божиќ се праела друга софра. Обавезно* ***се имало*** *прасенце мало* ***испечено****.*
38. *....уште во Маврово тогa, ко дошол дома, бидејќи жена му ј'* ***имал купено*** *со пари.*
39. *Народот многу* ***имал*** *тежок живот* ***живеано****.*
40. *Макадам пред општина. Нигдека.* ***Немало*** *улица* ***направено****.*

Во примерите 37 и 38 среќаваме паралелна употреба на *л*-перфектот и конструкцијата со *има* во перфект и *н/ш* партиципот. И двете форми изразуваат прекажано дејство, така што информаторот можел да го избере само *л*-перфектот за да ја пренесе истата информација. Ефектот би бил сличен, но не идентичен затоа што со конструкцијата со *имал* се потенцира резултатот од дејството, нефиксирано во однос на минатото (сп. и пример 39).

IV. Конструкциите со *има* и *н/ш* партицип влегуваат во комбинација со партикулата *ќе* која е носител на информација за идност. Познавајќи го потеклото на *ќе*, од глагол кој примарно носи сигнал за нефактивен карактер на дејството, Тополињска (1995: 223) истакнува дека модалноста

е првиот маркер на *ќе*-конструкциите, а темпоралната карактеристика на дејството е вторична и зависи од конкретната глаголска форма, а често и од поширокиот контекст.[5] Во дијалектниот материјал од горнополошкиот говор регистриравме само еден пример со конструкција со *ќе* + *има* во презент + *н/ш* партицип:

41. *Свадбата почнуала од петок, некој од понедалник иделе гости, подалечните. И само ќе се јадело и се пиело цела недела и продолжуале и после. Зависит кој гости* ***ќе имат кането****, домаќинот во каква ситуација е...*

Од примерот 41 бележиме дека оваа сложена конструкција именува дејство што ќе биде извршено пред некое друго дејство и што го определуваме како антериорно во однос на моментот на вршењето на тоа друго дејство. Во примерот во игра се дури неколку настани во временска секвенција: *канење – почнување (на свадбата) – јадење/пиење* итн.

Во нашиот корпус не се јави ниту еден пример со конструкцијата со *ќе* + *има* во имперфект + *н/ш* партицип, но среќаваме сложена конструкција со *ќе* + *има* во перфект + *н/ш* партицип:

42. *Тоа е Божиќ... И сеа го чекаат тој ден, таке, со убо. Свекоа куќа,* ***ќ'имала****, ка што ти реков, према можноста****,*** ***спремено****.*

Во примерот 42 бележиме постериорен настан ('дочек на Божиќ'), кој служи како временски ориентир во однос на дејството изразено со сложената конструкција, кое го разбираме како антериорно. Покрај тоа, оваа конструкција служи за прекажување, односно говорителот ја избира за да го пренесе дејството како слушнато од друг. Доколку ја употребел конструкцијата од типот *ќе има спремено*, би изразил цврста увереност дека до одреден момент во идноста ќе бидат познати резултатите на дејството кое ќе се изврши до тој момент.

Заклучок

Од спроведената анализа врз примерите од горнополошкиот говор како заклучоци во врска со конструкцијата со *има* во презент и *н/ш* партицип се издвојуваат:

- Оваа конструкција, сама по себе, не сигнализира потврденост или непотврденост на дејството.

[5] Основниот начин за изразување на идност во македонскиот јазик е со помош на *ќе* + глаголот во индикатив. Партикулата *ќе* е остаток од 3 л. едн. презент од помошниот глагол *хътѣти, што порано образувал футур во составот со инфинитивот (в. Конески 1996: 201).

- Модалната маркираност на конструкцијата со *сум* и *л*-формата предизвикува нејзино повлекување од примарното значење на неопределеност на планот на минатото и остава простор за ширење на перфектот со *има* и *н/ш* партицип во таа функција. Тенденцијата за развој на перфектот со *има* до немаркирано минато во некои случаи ја избледува неговата резултативна обоеност. Неспорно е дека резултативното значење присуствува во поголемиот број ситуации во кои се употребува конструкцијата со *има* и *н/ш* партицип, но се чини дека веќе не би можеле да се согласиме дека би го вградиле како примарно и единствено обележје при неговото дефинирање.
- *Има*-перфектот, сам по себе, не ја суспендира фактивноста, туку напротив го сигнализира дејството како факт во менталниот свет на говорителот, без разлика дали е засведочен или не. Тоа значи дека овозможува пренесување на информацијата без внесување на личен став на говорителот. За разлика од *има*-перфектот кој е носител на информацијата како факт, во *л*-перфектот се чини дека личниот став на говорителот е вграден при пренесувањето на информацијата и со тоа изразува суспендирање на фактивното значење.

Конструкцијата со *има* во имперфект и *н/ш* партицип во горнополошкиот говор во одредени ситуации се употребува за изразување антериорност на планот на минатото, но, пред сè, ја опишува минатата состојбата како резултативна, конфирмативна и фактивна. Формите со *имаше* може да означуваат и резултати коишто може да се актуализираат и во сегашноста, а, се чини, конфирмативноста на дејството е единствениот критериум при изборот на оваа парадигма пред онаа со *има* во презент.

Конструкцијата со *има* во перфект и *н/ш* партицип не е прецизен показател на претходноста, туку ја потенцира самата состојба која изнесува резултат на план на минатото. Иако се врзува со минат настан и со подоцнежна состојба која произлегла во минатото, во центарот на вниманието на оваа конструкција се наоѓа прекажувањето. Конструкциите со *имаше*, односно *имал* се разликуваат една од друга преку опозицијата потврденост – непотврденост.

Појавата на конструкциите со *ќе* + *има* + *н/ш* партицип во нашиот корпус ни дава потврда дека тие се присутни во живиот говор и не можеме да ги сведеме само како теоретска можност на македонскиот глаголски систем. Овие сложени конструкции примарно носат сигнал на нефактивен карактер на дејството, а нивната темпоралност се одредува во зависност од конкретните форми, односно од контекстот во којшто се употребени.

Литература

Велковска, С. 1998. *Изразување на резултативноста во македонскиот стандарден јазик*. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Видоески, Б. 1961–1962. „Кон разграничувањето на полошките говори“. *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику,* IV–V, 343–356. Нови Сад.

Видоески, Б. 1998. *Дијалектите на македонскиот јазик*, т. 1. Скопје: МАНУ.

Гајдова, У. 2002. *Темпоралната карактеристика на финитните глаголски конструкции во југоисточните македонски говори*. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Гајдова, У. 2003. „Перфект“. *Studia Linguistica Polono-Meridianoslavica* 11, 35–55. Poznan: Wydawnictwo Naukowe UAM.

Конески, Б. 1982. „Јазични белешки за приказните од Солунско од збирката на Верковиќ“, *Прилози МАНУ: Одделение за лингвистика и литературна наука*, VII, 1, 21–35. Скопје: МАНУ.

Конески, Б. 1986. *Историја на македонскиот јазик.* Скопје: Култура.

Конески, Б. 1999 [1954]. *Граматика на македонскиот литературен јазик*. Скопје: Култура.

Корубин, Б. 1985. „Перфектот и конструкциите со сум и со има во врска со местото на клитиките“. *II научна дискусија (Охрид, 19–21 август 1975)*, 95–99. Скопје: УКИМ.

Лаброска, В. 2002. „Перфектот во кичевскиот и во битолскиот говор (форми и функции)“. *Славистички студии* 10, 219–228. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Лаброска, В. 2008. *Кичевскиот говор*. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Марковиќ, М. 1998. „Начини на изразување на идност во македонскиот и во ароманскиот охридски говор“. *Македонски јазик* XLV–XLVII, 309-316. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Поповски, А. 1970. *Македонскиот говор во гостиварскиот крај*. Гостивар: Собрание на општината Гостивар.

Селищев, А. 1929. *Пологъ и его болгарское население.* София: Издание Македонского Научного Института.

Спасов, Љ. 1999. „За македонскиот перфект“. *Предавања на XXXI МСМЈЛК (Охрид, 3–20 август 1998)*, 63–70. Скопје: УКИМ.

Стаматоски, Т. 1956–1957. „Градскиот тетовски говор“, *Македонски јазик,* VII, 210–242; VIII. 91–115. Скопје: ИМЈ.

Тополињска, З. 1995. *Македонските дијалекти во Егејска Македонија, кн. I, Синтакса I*. Скопје: МАНУ.

Тополињска, З. 2007. *Полско~македонски: граматичка конфронтација. Развиток на граматичките категории*. Скопје: МАНУ.

Тополињска, З. 2009. „Семантичка/граматичка категорија дистанца“, *Предавања на XLI МСМЈЛК* (*Охрид, 11-28 август 2008)*, 45–52. Скопје: УКИМ.

Фридман, В. А. 2009. *Делото на академик Виктор Фридман,* прир. Вера Стојчевска-Антиќ, едиција *Македонија во светската наука*. Скопје: Абакус Комерц.

Фридман, В. А. 2011. *Македонистички студии*. Скопје: МАНУ.

Извори

Текстови, база на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“ – МАНУ, http://ical.manu.edu.mk/

Димитриески, Б. (прир.). 2000. *Така се зборува во Гостивар.* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Davor JANKULOSKI

CONSTRUCTIONS WITH *IMA* AND *N/T*-PARTICIPLE
IN THE GORNI POLOG DIALECT

S u m m a r y

Macedonian is the only Slavic language that incorporated the periphrastic constructions with the auxiliary verb *ima* ‘have’ and *n/t*-participle. These constructions entered the Macedonian verbal system under the Balkan language environment's influence and participated in several temporal constructions, especially in the system of past tenses. Also, the Macedonian did not reject the inherited Slavic perfective constructions with *sum* ‘be’ and *l*-participle, but moved them into the modal sphere of use. The ‘have’ perfects, which originated in the southern and western parts of the Macedonian dialect area, are spreading from the southwest to the northeast.

In this text, the author analyzes the paradigms with *ima* and *n/t*-participle in Gorni Polog dialect (or Gostivar dialect), which is the northernmost member of the western group of dialects of the Macedonian language. The analysis shows that the grammaticalization of these constructions has advanced in the Macedonian speech of Gorni Polog, and their sphere of use is still expanding.

Keywords: Macedonian language, Gorni Polog dialect, *ima*-constructions, perfect, factivity.

UDC 811.163.3'282
UDC 811.16'282

Ангелина ПАНЧЕВСКА
Истражувачки центар за ареална лингвистика „Б. Видоески“, МАНУ, Скопје
angelina@manu.edu.mk

НАЗИВИТЕ ЗА ‘ПАТОР, ШАТОР’ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ СО ОСВРТ КОН СОСТОЈБАТА ВО ДРУГИТЕ СЛОВЕНСКИ ДИЈАЛЕКТИ

0. Во овој текст ќе се разгледуваат називите за ‘патор, шатор’ во македонските дијалекти кои се опфатени во проектот *Општословенски лингвистички атлас* (ОЛА). Во овој проект македонската дијалектна територија е претставена преку 24 населени места кои се распоредени во рамките на државните граници, но и надвор од нив. Едно населено место се наоѓа во Република Албанија, а 8 во Република Грција. Во ОЛА томовите опфатени се вкупно 853 населени места на целата словенска територија. Па така, освен македонските називи за ова животно, ќе бидат разгледани и оние во останатите словенски јазици. На тој начин се стекнува слика за местото на македонските дијалекти во поширокиот словенски контекст. Називите за *патор, шатор* се предмет на обработка на прашањето LSl 314 ‘самец утки’ според Прашалникот на ОЛА, а се обработени во картата бр. 13 (S. Michałk 2000: 50-51) во II Лексички том на ОЛА од областа на сточарството.

Називите кои се употребуваат означуваат ‘мажјак на патка’. Во македонските дијалекти главно функционираат две основи за изведување на овие називи, со ограничена употреба се јавуваат уште две. Широко на словенската територија покрај овие се јавуваат уште неколку. Овде ќе бидат земени предвид само најзастапените. За сите основи е заедничко дека се или ономатопејски, главно, или се однесуваат на начинот на движење на овие животни.

1. Литературните називи за ‘патор, шатор’ во словенските јазици се во продолжение: руски *селезень*, белоруски *качар*, украински *качур*, полски *kaczor,* лужички *kačor // kacor,* словачки *kačer,* чешки *kačer,* словенечки *racman,* хрватски *patak*, српски *пашак*, бугарски *паток*, македонски *пашор, шашор*.

На македонската дијалектна територија, претставена преку населените места во ОЛА, се изделуваат следниве називите чиј референт е ‘патор, шатор’: *пашор / пашорок, шашор / шашорок, росак* и *биба*.

Географската дистрибуција на називите за *пашор, шашор* на пошироката словенска територија е следнава. На руската дијалектна територија се среќаваат формите *selezen*, која е и најфреквентна, потоа *utak*, *selux*, *samok* / *samec*; на украинската територија доминантна е формата *kačur*, а се среќаваат и *selezen*, *seleh* / *selah*, *wutak*; на белоруската територија се употребуваат *kačar* / *kačur*, *selezen*, *wutak*; на полската територија речиси без исклучок се употребува формата *kačor* / *kačur*; на лужичката територија исто така *kacor* / *kačor*; како и на словачката територија *kačer* / *kačur*; на чешката територија се употребува исто така *kačer* / *kačar*, а покрај нив и *šma:k*; на словенечката најчесто се употребува *racman*, а поограничено и *racon*, *recak*; на хрватската територија се употребуваат неколку форми – *racman*, *racak* / *račak*, *patak*, *papar mali*, *patan*; на босанската се употребува формата *patak*; на српската територија исто така се употребуваат неколку форми – š*otan*, *patak / patan*, *plovan* / *plovək*, šator; на црногорската единствена е формата *patak* и на бугарската дијалектна територија се среќаваат неколку форми – *patak* / *patok*, *patar* / *pator*, *patorok*, *plovək*, šatok, *jurdek*, *rəcoj*.[1]

2. Етимолошка анализа

Најчесто употребуваниот назив во македонските дијалекти за означување на ова животно, ***пашор / пашорок***, се изведува од ономатопејската основа *pat-* од која понатаму се изведуваат *pat-or-ъ* и *pat-or-ъk-ъ*. Оваа основа се јавува и во други јазици, индоевропски и неиндоевропски. Сп. на пример во грчкиот, πάππια, се изведува од истата основа (Skok II, 1972: 619). Значи се работи за звукот со кој се повикуваат овие животни. За ономатопејското потекло на овој назив се зборува и во Бугарскиот етимолошки речник (БЕР), каде што се наведува и дека овој назив понатаму се јавува како заемка во ароманскиот, *pátă*, и во албанскиот, *pat*ë (БЕР V, 1999: 89). И кај Buck (1988: 178) се зборува за ономатопејското потекло на оваа форма, или како што таму се нарекува имитирачко потекло. Се наведуваат слични примери од други јазици, на пр. шпанското *pato*, *pata*, албанското *patë*, па и новоперсиското *bat*. Овие фор-

[1] Називите се предадени според фонетската транскрипција на *Оштословенскиот лингвистички атлас.*

ми во македонскиот се јавуваат во вкупно 14 населени места на целиот дијалектен комплекс. Првата форма, *пашор*, се употребува во 6 населени места, а во 5 од нив како единствена форма. Конкурира единствено со *пашорок*. Втората форма, *пашорок*, се јавува во 8 населени места, во 7 од нив како единствен назив. Форми изведени од оваа основа се употребуваат и во дијалектните комплекси пошироко на јужнословенска територија (*patak*, *patan*), освен во словенечките дијалекти. Во северните словенски дијалекти воопшто не се среќаваат.

Другите називи кои често се употребуваат во македонските дијалекти се изведени од прасловенскиот корен **šat-*, ***шатор / шаторок***, од кој се изведува и глагол со значење ‘оди со клатење’, како и именка ‘тој што се клати’ (Младеновъ 1941: 691). Според Фасмер, прасловенското **šętati* се споредува со почетното *ks-* од готското *sinþs* ‘одење, движење’, старовисокогерманското *sinnan* ‘тргнува, се стреми, брза’, ирското *sét* ‘пат’. Според тоа се сметало дека **sket-* (**kset-*) со назален инфикс е поврзано со редување на самогласките со литванското *skàsti* ‘скока’... (Фасмер IV, 1987: 413). Од овој корен се добиваат две форми со различни суфикси – *šat-Or-ъ* и *šat-Or-ъk-ъ*. Формата *шатор* е застапена во 6 населени места, од кои во 4 се јавува како единствен назив. Формата *шаторок* се јавува во 4 населени места, а во 2 од нив како единствен назив. Називи од овој корен, според материјалот на ОЛА, се изведуваат уште во српските и во бугарските говори (*šator, šatok*).

Називот ***росак*** којшто е заемка од албанскиот, *rosë* – патка, се јавува само во едно населено место, 106 Бобошчица, кое се наоѓа на територијата на Р Албанија, и е единствен назив. Потекнува од староалбанското **anātjā* кое го континуира индоевропското **(a)nətjā* контаминирано со ие. **er(ə)-* ~ **or(ə)-* со значење *пшица* (Orel 1998: 374). Според Skok (II, 1972: 619) истиот овој назив, по потекло од албанскиот, се употребува во западните српски/хрватски говори.

Четвртиот назив кој се јавува во македонските дијалекти е ***биба***. И тој се поврзува со глагол кој означува бавно движење со клатење, нишање. Skok смета дека станува збор за ономатопеја за движење и дека не треба да се бараат врски со индоевропскиот (Skok I, 1971: 144-145). Според него, во словенечкиот постојат глагол и поствербал, *bibati*, со значење ‘се движи полека, оди како патка’ и ‘мало животно кое ползи’. Во словенечкиот се изведува и називот *bibec*, со значење *мисирка*. Овој ономатопејски назив се јавува и во арбанашкиот *biban* ‘мисирка’, но и во романскиот *bibilică*. И овој назив, според материјалот на ОЛА, се јавува само во едно населено место на македонската дијалектна територија, 108 Нестрам, кое се наоѓа на крајниот југ.

Во источнословенските дијалекти, особено во руските, доминантна форма е *selezen*. Според Фасмер, незадоволителна е реконструкцијата од **selg-* затоа што така би се добило руското **солог*, а исто така незадоволителна е и споредбата со латвиското *zìlgans* ‘син’. Оваа форма не

произлегува од **silgans*, поврзано со *zils* ‘син’, литванското žìlas ‘сед, со сива коса’, кои се во сродство со *зола* ‘пепел’. Според него несигурно е и сродството со староиндиското *srjáti*, *sárjati* ‘се излева’, со авестиското *hərəzaiti* ‘ослободува, фрла’, нововисокогерманското *selken* ‘капе’. Не е уверен ниту во ономатопејското потекло на оваа форма. Тој го наведува поврзувањето на Skok со српското/хрватското *сљез* (понатаму и со *слезина*), т.е. птицата го добила името по бојата на растението (Фасмер III, 1987: 595). Со нејасноста за потеклото на овој назив, слично како Фасмер, се сложуваат и Преображенский (II, 1915: 272) и Черных (II, 1999: 151). Од оваа форма се изведуваат и *seluh*, *selek*, исто така на источнословенската територија.

И називот кој се употребува главно во полските говори, но се појавува и во другите западни и источни словенски дијалекти, *kačor*, по потекло е ономатопејски. Според Boryś (2005: 218) се изведува од гласот за повикување на овие птици *kač kač*! Тој уште вели дека овој назив го истиснал од употреба називот кој претходно се употребувал **ǫty, *ǫtъve* (*utka*). Ваквото потекло на називот се потврдува и кај Buck (1988: 178).

На источнословенската територија се употребува називот *utak / wutak*, од *utka*. Овој назив е со прасловенско потекло **ǫty, *ǫty,* и е во сродство со литванското *ántis* ‘патка’, старопруското *antis*, староиндиското *ātíṣ* ‘водна птица’, латинското *anas*, старовисокогерманското *anut* ‘патка’, како и со грчкото νῆσσα (Фасмер IV, 1987: 174).

Во словенечките говори, а и во неколку хрватски, се употребува формата *racman, racon*, *recak*. Потеклото на оваа форма на неколку места се поврзува со романското *raţă*. И за оваа форма кај Buck (1988: 178) се вели дека е од ономатопејско потекло и се поврзува со албанското *rosë*, од кое се изведува и називот *росак*. Skok наведува дека се употребуваат формите *racak* и *racman* (во словенечкиот). Со самогласката *a* оваа форма се среќава и во италијанскиот *razze*, како и во романскиот *raţa*, додека во албанскиот се јавува со самогласката *o*, *rosë*, исто како во македонската форма *росак*. Основно, женската форма *raca* се објаснува со латинското *ratis* f ‘траект, чамец, брод со рамно дно’ (Ernout, Meillet 2001: 565). Оттаму доаѓа **ratia* кое го дало *raca* (Skok III, 1973: 92). Како што може да се забележи оваа форма има исто потекло со формата *росак*.

На српската територија се употребува и формата *šotan*, која според Skok (II, 1972: 619) се изведува од албанското *shotë*. Тој истакнува и дека *šot* е глас кој служи за повикување или бркање на овие птици, а потоа со суфиксот *-an*, се добива називот. Тој дури вели и дека со суфиксот *-ar* се добива формата *šotar*, па и *šator* кое е во употреба во македонските дијалекти (ibid. III, 1973: 408). *Shotë* во албанскиот значи ‘голема патка’, и потекнува од староалбанското **sjāutā* поврзано со велшкото *hwyad*, старокорнското *hoet*, бретонското *houat* и др., со метатеза од индоевропското **sau̯i̯eto-*. Исто така се смета дека е префиксен дериватив од индоевропското **anət-* кое значи ‘патка’ (Orel 1998: 426).

Во употреба се и формите *plovan / plovək* во српските и во бугарските говори. Skok смета дека се работи за ономазиолошкиот елемент на пливањето кој е карактеристичен за патките, па според тоа се добил овој назив. И во *Бӯгарскиот е̄тимолошки речник* застапено е мислењето дека овој назив е изведен од плива, од прасловенското **pluti*, **plovǫ*, во сродство со литванското *plauti*, *plauju*, *ploviau* ‘плакнам, мијам’, со латвиското *plevinat* ‘мавтам’, старовисокогерманското *flawen* ‘плакнам, мијам’, и др. (БЕР V, 1999: 365). Се изразува и поврзаноста со индоевропското **plou-*, оттука и поврзаноста со староиндиското *plavu-* ‘некаква водна птица’ (ibid., 358).

3. Во однос на називите за оваа птица на словенската територија може да се каже дека се изделуваат три ареали според формите кои главно се употребуваат во соодветните дијалекти. Називот кој ги поврзува јужните словенски дијалекти е оној изведен од основата *pat-*, *patak* / *pator* / *patan*, се јавува секаде, освен во словенечките дијалекти. На оваа територија функционираат уште неколку називи – *šotan, šatok / šator, racman / racak*, *plovan* / *plovak* и др. Ниту еден од нив не се јавува во источните или во западните словенски дијалекти. На запад најфреквентен, може да се каже и единствен, е називот *kačor* / *kačur*. Тој се провлекува и низ дијалектите на белорускиот и на украинскиот јазик, но не и во рускиот. За источните словенски говори типичен е називот *selezen*, како и неговата варијанта *seleh* / *selah*. Покрај него, се регистрираат уште и *utak* / *wutak*, како и *samok* / *samec*. Македонските дијалекти, претставени во ОЛА, може да се каже дека во овој поглед се вклопуваат во тенденциите кои се јавуваат за именување на оваа птица во јужните словенски дијалекти, но прејавуваат и свои особености. Имено, називот *биба* е застапен единствено тука. А називот *росак* во таква форма не се јавува на друго место, но сроден му е називот со основата *rac-*, кој се употребува во останатите јужнословенски дијалекти.

Што се однесува до мотивациите за именување на оваа птица се чини дека една од главните нишки е ономатопејска. На тој начин се добиени називите *pator* и *kačor*. За ономатопејско потекло зборува Skok кај *šotan* и Buck кај *racman*. Специфичното движење на овие птици е исто така една мотиваciска нишка. По тој принцип се изведени називите *šator* и *biba*. Друга карактеристика на овие птици е движењето во вода, пливањето. Тоа претставува мотиваciска нишка за изведување на уште два назива – *plovan* и иако не сосема најјасно, можеби и на *racman*. Нејасно е потеклото на *selezen*, *selah*, можно е овој назив да е изведен според бојата на птицата која се поврзува со онаа на растението *слез*. Останатите називи – *utak*, *šotan* и *rosak*, едноставно се поврзуваат со назив за птица. Иако има неколку мотиваciски нишки за изведувањето на овие називи, можеби најкарактеристичен е ономатопејскиот принцип.

Литература

БЕР V: *Български етимологичен речник,* V, 1999, ред. И. Дуриданов.София: БАН, 1999.

Младеновъ, С. 1941. *Етимологически и правописенъ речникъ на българския книжовенъ езикъ.* София: Книгоиздателство „Христо Г. Данов“.

ОЛА: *Выпуск 2. Животноводство,* 2000, ред. J. Basara и др., Warszawa.

Преображенский, А. 1915. *Этимологический словарь русского языка,* том II. Москва: Типография Г. Лисснера и Д. Совко.

Фасмер, М. 1987. *Этимологический словарь русского языка,* том III. Москва: Издавательство „Прогресс”.

Фасмер, М. 1987. *Этимологический словарь русского языка,* том IV. Москва: Издавательство „Прогресс”.

Черных, П. Я. 1999. *Историко-этимологический словарь современного русского языка*, том II. Москва: Издавательство „Русский язык”.

Boryś, W. 2005. *Słownik etymologiczny języka polskiego*. Krakow: Wydawnictwo Literackie.

Buck, C. D. 1988. *A Dictionary of Selected Synonyms in the Principal Indo-European.* Chicago: The University of Chicago Press.

Ernout, A., Meillet, A. 2001. *Dictionnaire étymologique de la langue latine, Histoire des mots*. Paris: Klincksieck.

Orel, V. 1998. *Albanian etymological dictionary*. Leiden, Boston, Köln: Brill.

Skok, P. 1971. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, knjiga I. Zagreb: JAZU.

Skok, P. 1972. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, knjiga II. Zagreb: JAZU.

Skok, P. 1973. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, knjiga III. Zagreb: JAZU.

Angelina PANČEVSKA

THE NAMES FOR "DUCK" IN THE MACEDONIAN DIALECTS WITH REFERENCE TO THE SITUATION IN THE OTHER SLAVIC DIALECTS

S u m m a r y

The text discusses the names for ‘duck’ in the Macedonian dialects and their etymology, as well as the motivations for their derivation. This analysis provides an insight into the place of the Macedonian dialects in relation to this issue in the wider Slavic context. Two of the names, *pator* and *šator*, connect the Macedonian dialects with the other South Slavic dialects. The other two names are specific because they are not found in another territory, although one of them, *rosak*, can be associated by its origin with *racman*, which is found in other South Slavic dialects. For this analysis, the dialect material from the Slavic Linguistic Atlas (OLA) is used, in which the Macedonian dialect territory is represented with 24 villages.

Keywords: names, *duck*, dialects, Macedonian language, Slavic languages.

UDC UDC 811.163.3'282'37
UDC 811.16'282'37

Соња МИЛЕНКОВСКА
Истражувачки центар за ареална лингвистика „Б. Видоески“, МАНУ, Скопје
sonjam@manu.edu.mk

НАЗИВИТЕ ЗА ‘ПЕЧУРКА’ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО КОРЕЛАЦИЈА СО ИСТОЗНАЧНИТЕ НАЗИВИ НА СЛОВЕНСКАТА ЈАЗИЧНА ТЕРИТОРИЈА

(според материјалите на *Општословенскиот лингвистички атлас*)

Во овој текст се обработуваат називите за ‘печурка’ кои се среќаваат на македонската јазична територија, според материјалите на *Општословенскиот лингвистички атлас* (ОЛА). Печурката, дефинирана како ‘организам сличен на месесто растение без листови и цветови’ (сп. *Толковен речник на македонскиот јазик IV*, 2008: 80), може да биде отровна, но и неотровна, т.е. што може да се јаде. Овде, предмет на обработка се називите опфатени со прашањето L 447 ‘съдобниый гриб’, т.е. ‘печурка што се јаде’ според *Прашалникот на ОЛА* (*Вопросник Общеславянского лингвистического атласа*, 1965: 93). Прашањето опфаќа називи од 850 населени места, разместени на целата словенска територија, коишто се претставени и интерпретирани на картата бр. 54 (автор Г. У. Арашонкава) од *Лексичкиот том 3* на ОЛА од областа на растителниот свет (*Общеславянский лингвистический атлас* 2000: 135), што овозможува називите за ‘печурка’ на македонската територија да бидат разгледувани во корелација со соодветните називи од 850-те пунктовите на ОЛА.

Според материјалите на ОЛА, на словенската јазична територија се среќаваат неколку типови називи за ‘печурка’ дефинирани од основата, односно базичниот дел од којшто е изведен називот, така што во продолжение на текстот ќе биде претставена најпрво пошироката слика на распространетост на овие типови називи на словенската територија, а потоа географската дистрибуција на називите на македонската дијалектна територија.

1. Географска дистрибуција на словенската јазична територија

Материјалите на ОЛА покажуваат дека на словенската јазична територија се среќаваат називи за печурка коишто ги содржат основите: **grib-*, **gǫb-*, **peč-*, **gliv-*, **koz-*, *ryž-* и др.

На целата словенска јазична територија најфреквентни се називите коишто се изведени од коренот *grib-*. Формите од типот *grib-ъ*[1] се јавуваат речиси на целиот словенски исток, на целата руска, белоруска и украинска јазична територија, но и на словенскиот запад, речиси на целата полска и лужичка јазична територија и на половина од словачката територија. Во два пункта на чешката територија се јавуваат форми од типот *grib-ъk-ъ*.

Називи изведени од коренот **gǫb-* се среќаваат на целата словенска јазична територија, но со различна фреквенција. На словенскиот исток, форми од типот *gǫb-a* се јавуваат во дваесетина пунктови на руската територија, во петнаесетина пунктови на украинската и во два пункта на белоруската територија; спорадично се среќаваат форми од типот *gǫb-in-a* на руската, и од типот *gǫb-ь=-ak-ъ* на украинската територија. На словенскиот запад форми од типот *gǫb-a* се јавуваат на целата чешка територија, но и во половина од словачката и спорадично на полската територија. На словенскиот југ форми од истиот тип се среќаваат речиси на целата словенечка и бугарска територија.

Називи изведени од коренот **peč-* се покарактеристични за словенскиот југ, односно форми од типот *peč-ur-ъk-a* се јавуваат најмногу на српската и црногорската територија, а во неколку пункта и на босанската и хрватската територија. На хрватската територија спорадично се среќаваат и форми од типот *peč-ur-ъv-a* и *peč-ur-a*. На словенскиот исток, во шест пункта на украинската и во еден пункт на руската територија се јавуваат форми од типот *peč-ur-ic-a*.

Карактеристични за словенскиот југ се и називите изведени од коренот **gliv-*. Форми од типот *gliv-a* се среќаваат на поголемиот дел на хрватската и босанската територија, во неколку пунктови на српската и црногорската територија и спорадично на словенечката територија.

На словенската јазична територија поретко се среќаваат називи за ‘печурка’ од типот *bъd-ъl-ъk-a* (во неколку пункта на полската територија), *koz-ar-j-ь* (во два пункта на словачката територија), *koz-ъl-ъ=-ak-ъ* (во неколку пункта на украинската и во два на белоруската територија), *o-bab-ъk-ъ* (во неколку пункта на руската и еден пункт на украинската територија), *ryž-ik-ъ* (во два пункта на руската територија) итн.

---

[1] Формите се претставени преку системот на обопштувачка транскрипција којшто се применува во легендите и коментарите на *Опшшословенскиот лингвисшички аилас*

Географската дистрибуција на називите според македонските пунктови на ОЛА е следната: ‘čepurka [2] (90 – Лазарополе), ‘rečurka (92 – Вруток), ‘rečurka (93 – Теарце), ‘rečurka (94 – Ракотинци), ‘rečurka // gl´iva (95 – Љубанце), ‘rečurka (96 – Радожда), ‘rečurka (97 – Звечан), re’čurka (98 – Шлегово), ‘rečurka (99 – Пештани), ‘rečurka // ‘gaba (100 – Извор), ‘rečurka (101 – Дихово), ‘gaba (102 – Витолшите), ‘gaba (103 – Радовиш), ‘gaba (104 – Берово), ‘gəba (105 – Фурка), ‘gamba (106 – Бобошчица), ‘gəmba (107 – Вамбел), ‘gamba (108 – Нестрам), ‘gəmba (109 – Тиолишча), ‘gəba (110 – Тремно), ‘gəba (111 – Кронцелево), ‘gəmba (112 – Висока), ‘gəba (113 – Секавец), ‘gəba (113а – Плевна).

2. Етимолошка и семантичка анализа

На македонската дијалектна територија, претставена преку пунктовите на ОЛА, се среќаваат називи коишто ги содржат основите *gǫb-*, *реč-* и *gliv-*, односно називите *ґаба*, *ӣечурка* и *ґлива*.

Називите за ‘печурка’ коишто ја содржат основата ***gǫb-*** се среќаваат во четиринаесет населени места на македонската дијалектна територија (во девет од нив со варијантата *ґаба*, а во останатите пет со варијантата *ґамба*) опфаќајќи го речиси целиот југоисточен ареал. Географската дистрибуција на поширокатa словенска јазична територија, според пунктовите на ОЛА, покажува дека називи коишто ја содржат основата *gǫb-* се јавуваат на целата чешка територија, во значителен број се среќаваат на словачката и украинската, а спорадично и на руската и полската територија. На словенскиот југ, називи од ист тип карактеристични се повеќе за словенечката и за бугарската територија.

Потеклото на називите, според Скок, е од ие., сесл. балтосл. и прасл. *goba* коешто означува ‘разни видови на печурки – Fungus’, но може да значи и ‘сунѓер – Spongia’. Метафорично употребено може да означува ‘болест на тело, осип, израсток’, но и ‘навредлива метафора за луѓе’. (Skok 1971: 628)

Во словенските јазици се среќаваат називи со основата *gǫb-* коишто имаат слично или поинакво значење, сп. срп. *ґуба*, хрв. *guba* ‘вид печурка; краста, сунѓер, трат’, слн. *goba* ‘суѓер, печурка’ (множ. *goba* ‘кожна болест’), рус. *ґуба*, *ґубка* ‘печурка’ укр. брус. *хуба*, *хубка* ‘сунѓер’; пол. *gąbka* ‘сунѓер’, чеш. *houba* ‘печурка, израсток, сунѓер’; слч. *huba* ‘печурка, сунѓер’, глуж. *hubica* ‘печурка’, длуж. *gubica* ‘печурка’ итн. Во дел од овие јазици, слично потекло имаат и одредени називи за усни, сп. чеш. *huba* ‘усна, муцка’, слч. *huba* ‘усни’, пол. *gęba* ‘усни, лице, муцка’, рус. *ґуба* ‘усни’, глуж. *huba* ‘уста, муцка’, длуж. *guba* ‘уста, муцка, усни’,

[2] Формите на македонската дијалектна територија се претставени со примена на системот на фонетската транскрипција прифатена од *Оӣшӣословенскиоӣ лингвисӣички аӣлас*.

срп. хрв. *ґуба*/*guba* ‘усни’ и тн. Значењата на *печурка* и *усни*, според Трубачев, несомнено се поврзани, односно *усни* е метафорично развиено од *печурка* првично како експресивна ознака на збрчкана, стара усна, така што одделното толкување на *gǫba*1 и *gǫba*2, според него, е погрешно (ЭССЯ 7, 1980: 79).

Во македонскиот јазик, од истата основа се изведени и дериватите: *ґабичка* ‘општ назив за разни видови микроби што предизвикуваат распаѓање на некои неоргански материи’, *ґабосан* ‘мувлосан’, *ґабар* ‘човек што собира печурки/габи’ и сл.

Паралели можат да се сретнат и во балтичките групи јазици, односно во литв. *gumbas* ‘израсток, оток, испакнатина, згрченост и сл.’ и литв. *gembe* ‘остар, зашилен врв’. Називите се поврзуваат со индоевропскиот корен **gambh-* odnosno **geu-* или **gheubh-* со значење ‘свиткан, се свиткува, се испакнува, се испупчува’ (Bezlaj 1976: 154; Skok 1971: 628; Boryś 2008: 158; ЭССЯ 7, 1980: 78-79).

Според пунктовите на ОЛА, називи за ‘печурка’ со основата ***peč-*** се јавуваат во единаесет населени места на македонската дијалектна територија, опфаќајќи го целиот западен и северен ареал. На пошироката словенска јазична територија, називи од истата основа има најмногу на словенскиот југ, додека варијации на називот се јавуваат и на словенскиот исток (во неколку населени места на украинската и во едно на руската територија се јавуваат форми од типот *peč-ur-ic-a*).

Називите, според Скок, водат потекло од ие. балтослов. сесл. и прасл. **pekti, pekǫ* со значење ‘пече, пржи, готви’, а со додавање на *-jur* + *-ъka* е изведена формата *pečurka* (Skok 1972: 628).

Називи со исто или слично значење се среќаваат и во останатите словенски јазици, срп.хр. *печурка*/*pečurka* ‘печурка што се јаде, од видот Agaricus Campestris’, слн. *pečurka* ‘печурка што се јаде, од видот Boletus Lactifluus’, рус. *печура, печерица* ‘Agaricus Campestris’, а со исто значење се и укр. *печура*, брус. *печурица*, чеш. *pečarka*, слч. *pičurka*, пол. *peczarka*.

Од истата основа, во македонскиот јазик, можат да се сретнат и називите: *печиво* ‘производ од тесто што е месено и печено’, *пекар*, *пекарница*, потоа *печеница* ‘печено месо’, *печенка* ‘тиква за печење и сл.

Прасловенското **pekti, pekǫ* е сродно со литв. *kèpti*, *kepù* (со метатеза), латв. *cept* ‘пече’, алб. *pjek* ‘пече’, грч. *πέψω*, *πέσσω*, стинд. *pácati* ‘готви’, и сл. од индоевропскиот корен **pequ̯-* со значење ‘подготвува храна, готви, пече’. Првобитното прасловенско значење било ‘пече на отворен оган’. Најверојатно мотивацијата за овој тип називи, како што вели Бориш, објаснувајќи го полскиот назив *pieczarka*, е дека печурките се јаделе откако ќе се испечат, испржат (Boryś 2008: 427).

Назив којшто ја содржи основата ***gliv-*** се среќава во едно населено место на македонската дијалектна територија (пункт на ОЛА 95, Љубан-

ци), а се работи за називот *ѓлива* којшто се јавува паралелно со називот *ѝечурка*. Тоа не е случај на пошироката словенска јазична територија каде што називи со истата основа, според материјалите на ОЛА, се карактеристични за словенскиот југ, особено за хрватската и босанската територија.

Веројатно потеклото на овие називи е од прасл. **gli-v-ā*, од ие. основа **gli-*, **gleiu̯-* со значење ‘слузаво, лепливо’, коешто се поврзува и со литв. *gléivės* ‘слуз’, *gléivėti* ‘да се покрие со слуз’, латв. *glive* ‘зелена слузеста покривка на водата’ и сл. (Bezlaj 1976: 148; ЭССЯ 6, 1979: 129-130).

Во словенските јазици се среќаваат називи со исто, слично или сосема поинакво значење, сп. срп./хрв. *ѓљива/gljiva* ‘сунѓер; жлезда’, слн. *gliva* ‘печурка; сунѓер; жлезда’, чеш. *hlíva.* слц. *hliva* ‘вид печурка Pleurostus, оток’, длуж. *gliwa* ‘смола, лепак’, рус. *ѓлива* ‘слуз, тиња’, укр. *ѓлива* ‘вид на круши’. Во македонскиот јазик од основа основата *gliv-* се изведени и називите *ѓлиб* ‘кал’ и *ѓлина* ‘вид леплива земја’.

***

Од анализата на географската дистрибуција на називите за ‘печурка’ на македонската дијалектна територија (претставена преку пунктовите на ОЛА), којашто е направена во корелација со останатите називи за ‘печурка’ на пошироката словенска јазична територија (според материјалите на ОЛА), може да се согледа дека:

- називите коишто ја содржат основата **gǫb-* и **peč-* се особено фреквентни на македонската дијалектна територија. На пошироката словенска јазична територија, пак, називите со основата **gǫb-*се најзастапени на словенскиот запад и на словенскиот југ (на целата чешка територија, на дел од словачката и спорадично на полската територија, и на целата словенечка и бугарска територија) и помалку на словенскиот исток (во неколку пункта на руската и украинската територија и спорадично на белоруската територија). Што се однесува до називите коишто ја содржат основата **peč-*, тие се покарактеристични за словенскиот југ (претежно за српската и црногорската територија, а нешто помалку за босанската и хрватската територија) и не толку за словенскиот исток.

- називи коишто ја содржат основата **gliv-* се особено ретки (само во едно населено место), но затоа се особено карактеристични за словенскиот југ, односно за поголемиот дел на хрватската и босанската територија, нешто помалку за српската и црногорската и поретко за словенечката територија.

Етимолошко-семантичката анализа на називите за ‘печурка’ покажува дека називите коишто се среќаваат на македонската дијалектна територија, според материјалите на ОЛА, ги континуираат соодветните прасловенски корени, а што се однесува до мотивацијата за доделување на називите, тоа може да се открие од примарните значења на основите од коишто потекнуваат, односно а) ‘нешто што е свиткано; нешто што е испакнато, издигнато над површина, што стрчи, испупчено; б) ‘нешто што се јаде откако ќе се испече, испржи’; и в) ‘нешто што е слузаво, лепливо, калливо’.

Литература

Аванесов, Р. И. (ред.). 1965. *Вопросник общеславянского лингвистического атласа*. Москва: Издательство „Наука”.

Трубачев, Н. О. (ред.). 1979. *Этимологический словарь славянских языков 6. Праславянский лексический фонд*. Москва: Издательство „Наука“.

Трубачев, Н. О. (ред.). 1980. *Этимологический словарь славянских языков 7. Праславянский лексический фонд*. Москва: Издательство „Наука“.

Конески, К. (ред.). 2008. *Толковен речник на македонскиот јазик IV*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Подлужный, А. И. (ред.). 2000. *Общеславянский лингвистический атлас. Серия лексико-словообразовательная Выпуск 3. Растителный мир*. Минск.

Bezlaj, F. 1976. *Etimološki slovar slovenskega jezika I*. Ljubljana: SAZU.

Boryś, W. 2008. *Słownik etymologiczny języka polskiego*. Krakow: Wydawnictwo Literackie.

Skok, P. 1971. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezija, knj. 1*. Zagreb: JAZU.

Skok, P. 1972. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezija, knj. 2*. Zagreb: JAZU.

Кратенки

алб. – албански
балтосл. – балтословенски
брус. – белоруски
буг. – бугарски
грч. – грчки
длуж. – долнолужички
глуж. – горнолужички
ие. – индоевропски
латв. – латвиски
литв. – литвански
пол. – полски
прасл. – прасловенски
рус. – руски
сесл. – сесловенски
слн. – словенечки
слч. – словачки
срп. – српски
стинд. – староиндиски
укр. – украински
хрв. – хрватски
чеш. – чешки

Sonja MILENKOVSKA

THE EXPRESSIONS FOR ‘MUSHROOM’ (‘PEČURKA’) IN MACEDONIAN DIALECTS IN CORRELATION WITH THE EQUIVALENTS ON THE SLAVIC LINGUISTIC TERRITORY
(Based on the Material from the General Slavic Linguistic Atlas)

S u m m a r y

This paper analyses the question from the Lexical volume 3 of the General Slavic Linguistic Atlas (OLA) in the field of the plant life. It is about the expressions for the ‘mushroom’ (‘pečurka’ in Macedonian) in the Slavic dialects covered by the question L 447 (‘съдобниый гриб’) according to the Questionnaire of OLA. The aim of the analysis is to show the geographical distribution, etymology and semantic motivation for the expressions of ‘mushroom’ in Macedonian dialects (which are based on the material from the OLA) in correlation with the equivalents on the Slavic linguistic territory.

Keywords/phrases: terms, ‘mushroom’ (‘pečurka’), Macedonian dialects, Slavic dialects, OLA.

UDC 811.163.3'373.46

Христина АНДОНОВСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје
pariskop@yahoo.fr

МАКЕДОНСКАТА ТЕРМИНОЛОГИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Во лингвистичките проучувања **терминологијата** се дефинира како лексика со специјално, посебно, прецизно значење што се однесува на одредена специјална, односно професионална/стручна област на употреба на јазикот. Всушност, терминологијата претставува севкупност на термини и на терминолошки изрази карактеристични за јазичниот израз на одредена индивидуа, социјална група, институција, регион, односно на одредена научно-техничка и уметничка сфера на дејност на човекот. Исто така, под поимот терминологија се подразбира и науката што ги проучува термините, односно зборовите со специјално, посебно значење во јазикот, при што терминот најчесто се дефинира како „знак од уметничкиот или од научниот јазик, кој означува поим во системот на дадена научна, техничка и, општо, професионална област“[1].

Предмет на анализа овде ќе биде терминологијата во македонскиот јазик со која се именуваат разновидни поими што се однесуваат на процесот на интеграција на Република Македонија во Европската Унија – како сложен и сеопфатен политички, социоекономски и културен настан. Всушност, станува збор за појава на т.н. **евроними**, односно **евролексеми** или **евротермини** во македонскиот јазик, кои означуваат поими што се однесуваат на одредени институции на ЕУ, на нивното функционирање, на нивните политики, програми, проекти и сл. Тие го сочинуваат т.н. **евролект** (односно јазикот на европската бирократија), во кој се среќаваат јазични калки, заемки од англискиот или од францускиот јазик, како и голем број синтагми и скратеници, односно акрони-

[1] М. Попова, *Теория на терминологията* (Велико Трново: ИК „Знак ’94“, 2012), 25.

ми. Некои евроними имаат широко распространета употреба во академскиот јазик, во јазикот на медиумите и во разговорниот јазик, а други пак се со ограничена сфера на употреба.

Од евронимите што се карактеризираат со широка сфера на употреба во македонскиот јазик најпрво ќе ги споменеме оние што именуваат одделни институции, органи или тела на ЕУ, на пример:

Европски парламент
Европски совет / Советот на ЕУ
Европска комисија
Европски суд на правдата / Суд на правдата на ЕУ
Европски суд на ревизори
Европска централна банка
Европска банка за инвестиции
Европски фонд за инвестиции
Европски фонд за регионален развој
Европски центар за развој на стручната обука
Европска агенција за безбедност на воздушниот сообраќај
Европска агенција за животна средина
Европски економски и социјален комитет
Евробаометар
Европол (Европска полициска служба)
Совет на министри

Овде се вбројуваат и евронимите што означуваат одредени функции/позиции во рамките на ЕУ, на пример:

висок претставник на ЕУ
европски комесар / еврокомесар
европски пратеник / европратеник
европски правобранител
европски бирократ / еврократ
земја-претседавач
земја-членка
земја-кандидат(ка)

Како што е познато, функционирањето на Европската Унија се заснова врз усвојување на низа правни акти, односно правни инструменти што ја сочинуваат легислативата (законодавството) на ЕУ. Оваа европска легислатива се нарекува **acquis communautaire**, евроним што произлегува од францускиот јазик. Меѓу евронимите што именуваат одредени правни акти на ЕУ, кои земјите-членки ги преведуваат на своите национални јазици, можеме да ги наведеме следните:

ѕирекшива
заедничка акција
заеднички сшав
мислење
одлука
йрейорака
реѓулашива

Овде припаѓаат и евронимите што се однесуваат на основното право на ЕУ – уставот и договорите, како и одредени конвенции, спогодби, повелби, декларации и сл., на пример:

Декларацијашa од Луксембурѓ / Луксембуршкашa ѕекларација
Доѓоворош од Амсшерѕам
Доѓоворош од Лисабон / Лисабонскиош ѕоѓовор
Доѓоворош од Масшрихш
Доѓоворош од Ница
Доѓоворош од Париз / Парискиош ѕоѓовор
Доѓоворош од Рим
Европска йовелба за реѓионалнише и малцинскише јазици
Конвенција за иѕнинашa на Европа
Повелба на основнише социјални йрава на рабошниците
Сйоѓоѕба за сшабилизација и асоцијација
Усшав на ЕУ
Шенѓен(ска) конвенција
Шенѓен(ска) сйоѓоѕба

Евронимите што именуваат одредени политики, програми, проекти и сл. на Европската Унија можат да бидат со поширока или со потесна сфера на употреба во јазикот, како што покажуват следните примери:

Аквариус – *Европска операција за зашшишa на морињашa*

Амадеус – *Проекш ЕУРЕКА за европскиош информашизиран сисшем на резервација на йашувањашa*

БАБЕЛ – *Европска йроѓрама за фаворизирање на мулшилинѓвизмош*

Галилео – *Проекш ЕУРЕКА за службише за резервирање во возѕушниош сообраќај*

Грундвиг (според името на Николај Фредерик Грундвиг, дански свештеник и писател, основач на нордиската традиција на доживотно учење) – *Европска йроѓрама за ѕоживошно учење за возрасниште*

Европолис – *Проект ЕУРЕКА за систем на контрола на градскиот и на меѓуградскиот сообраќај*

Еразмус (според Еразмо Ротердамски, космополит и пацифист, поборник за мир во Европа) – *Европска програма за доживотно учење во високото образование преку размена на студенти и на професори*

ЕУРЕКА – *Европска програма за зацврстување на соработката меѓу претпријатијата и институциите во доменот на високата технологија и на цивилните програми*

Комениус (според Јан Амос Коменски, чешки учител, научник и писател, основач на модерното образование) – *Европска програма за доживотно учење во основното и во средното општо образование*

Леонардо да Винчи – *Европска програма за доживотно учење во стручното образование и обука*

Лидер (иницијатива) – *Европска помош за економски развој на руралните средини во регионите каде што се структурите најслаби*

Лингва – *Европска програма за промоција на познавањето на јазиците*

Орион – *Европска програма на стипендирање во образованието*

Прометеус – *Проект ЕУРЕКА за употребата на модерната технологија на информации со цел подобрување на возењето (т.е. интелигентен совозач)*

ТЕМПУС – *Европска програма за мобилност во високото образование наменета за студентите од Источна Европа*

Фаре (програма) – *Европска претпристапна помош наменета за институционална надградба, за инвестирање во инфраструктурата и за економска и социјална кохезија*

Исто така, меѓу евронимите што именуваат одредени организации, асоцијации, тела, фондови, програми, проекти, мрежи и сл. во рамките на ЕУ, под влијание на законот за јазична економија, се забележува присуство на голем број на скратеници, односно акроними, на пример:

БЕП – *Програма за биомолекуларно инженерство*

ЕАФРД (ЕЗФРР) – *Европски земјоделски фонд за рурален развој*

ЕБРД – *Европска банка за реконструкција и развој*

ЕРМЕС – *Европски систем за радиопораки*

ЕРОС – *Европска програма за доставување основни информации за реалниот компромис меѓу економскиот развој и заштитата на животната средина и на биолошките извори*

ЕСФ – *Европски социјален фонд*

ЕФРР – *Европски фонд за регионален развој*

ЗКС – *Заеднички комитет за следење*

ИПА (ИПП) – *Инструмент за претпристапна помош*

ИСО – *Меѓународна организација за стандардизација*

КАРДС – *Европска помош за реконструкција, развој и стабилност*

ОЕЦД – *Организација за економска соработка и развој*

ПА – *Платежна агенција*

ЦЕРН – *Европска организација за нуклеарно истражување*

Со широка сфера на употреба во јазикот се карактеризираат и евронимите што именуваат поими од разновидни области на функционирањето на ЕУ (право, економија, образование, наука, култура, технологија, транспорт, комуникации, земјоделие, животна средина и сл.), на пример:

Агенда 2000
бела книга
владеење на правото
грант / неповратна помош
дерогација
е-влада
Евронет
европрава

европска интеграција
европски партнерства
европско граѓанство
е-твининг
заеднички пазар
зелена книга
имплементација / спроведување
комитологија
кохезија
критериуми за приближување
мали и средни претпријатија
национални акциски планови
одржлив развој
помош за развој
правни инструменти
преговори за пристапување
претпристапна помош
процес за стабилизација и асоцијација
проширување
рамковно законодавство
син ангел
слободна трговска зона
субвенција / неповратна помош
супсидијарност
твининг
трансевропски мрежи
транснационална соработка
шенген(ска) виза
шенген(ска) земја
шенген(ска) зона

Врз основа на наведените примери на евроними во македонскиот јазик, најпрво може да се констатира дека појавата на овој нов слој на терминолошка лексика се должи, главно, на процесите на:

1. јазично калкирање, на пример:

бела книга
европско законодавство
европска легислатива
ЕСФ
ЕФРР
заедничка акција
зелена книга

земја-кандидат(ка)
земја-претседавач
земја-членка
ЗКС
ИПП
неповратна помош
одржлив развој
преговори за пристапување
претпристапна помош
син ангел
слободна трговска зона

2. **заемање од англискиот/францускиот јазик**, односно **заемање од интернационалната лексика**, на пример:

acquis communautaire
грант
дерогација
директива
ЕБРД
Европолис
имплементација
интеграција
ИПА
ИСО
КАРДС
комитологија
кохезија
регулатива
субвенција
суфисидијарност
твининг
ТЕМПУС

Исто така, во поглед на образувањето на евроними во македонскиот јазик, може да се констатира дека како продуктивен модел се изделуваат сложенките чија прва компонента е *евро-*, на пример: *евроинтеграција, европратеник, еврокомесар, еврократ, европрава* итн., кои се истозначни со именските синтагми образувани од придавката *европски* и односната именка, на пример, *европска интеграција, европски пратеник, европски комесар, европски бирократ, европска права* итн. Всушност, именските синтагми составени од придавка и именка претставуваат уште еден продуктивен модел на образување евроними во македонскиот јазик, како што покажуваат и следните примери:

европски партнерства
заедничка акција
заеднички пазар
неповратна помош
одржлив развој
претпристапна помош
трансевропски мрежи
транснационална соработка

Како одделен модел на образување на нова терминолошка лексика се изделуваат и евронимите добиени по пат на метафора, на пример, *бела книга* ’повеќегодишна програма за европскиот внатрешен пазар’, *зелена книга* ’европска програма за земјоделството’, *син ангел* ’европска програма за еколошко етикетирање на отпадот’, односно евронимите *Амадеус, Галилео, Еразмус, Еурека, Орион, БАБЕЛ* и сл., кај кои е развиена секундарна семантика, што упатува на тенденција кон кретивност и иновативност во создавањето на терминолошки неологизми во евролектот.

Врз основа на сето ова, може да се заклучи дека евронимите – како терминолошки неологизми во македонскиот јазик – претставуваат драгоцен придонес во збогатувањето и во надградбата на македонската терминологија. Истовремено тие претставуваат и непресушен извор за лингвистички проучувања од различни аспекти, што само го нагласува огромното значење на овој терминолошки корпус во рамките на евролектот во македонскиот јазик.

Литература

Englesko – bosanski / hrvatski / srpski terminološki rječnik europskih / evropskih integracija. Sarajevo: Savjet, Vijeće ministara, Direkcija za europske/evropske integracije BIH, 2005.

Gondrand, F. 1991. *Parlez-vous eurocrate?* Paris: Les Editions d’Organisation.

Ramsay, A. 2000.*Eurojargon*. Chicago, London: Fitzroy Dearborn Publishers.

Rossetti di Valdabero, D. 2001. *Les Acronymes de Bruxelles / Brussels’ Acronyms. Les abréviations et les sigles européens / The European sigla and abbreviations.* Bruxelles : Lucien de Meyer.

Šipka, D. 1998. *Osnovi leksikologije i srodnih disciplina*. Novi Sad.

Вајденфелд, В.; Веселс, В. 2009. *Европа од А до Ш: прирачник за европска интеграција.* Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“.

Евровок, поимник на Европската Унија на македонски јазик, верзија 4.4. Скопје: Национален демократски институт за меѓународни работи, 2012.

Каракамишева, Т., Ефремова, В. 2009. *Поимник на терминологијата на Европската унија*. Скопје: ГТЗ.

Попова, М. 2012. *Теория на терминологията*. Велико Трново: ИК „Знак ’94“.

Речник на термини: Европската унија и претпристапната помош. Скопје: Секретаријат за европски прашања, Влада на Република Македонија, 2007.

Извори

http://eurovoc.europa.eu

Hristina ANDONOVSKA

MACEDONIAN TERMINOLOGY IN THE CONTEXT OF EUROPEAN INTEGRATION

S u m m a r y

The integration of the Republic of Macedonia into the European Union represents a political, socio-economic, and cultural event that calls for the appearance of new terminology in the Macedonian language. Through this is reflected the method of organization of the European Union, in other words, through it, concepts connected with the institutions of the EU, with their functioning, with their politics, with their programs, etc., are given names. These terms have a common use in academic language, and in the language of the media, but are still not well-known enough for wider public usage. In essence, it is a question of the so-called *Eurolect* or *Euro-jargon*in Macedonian, that is to say, for the appearance of neologisms in terminology, i.e.,*Euronyms*. In this *Eurolect* are found linguistic calques and borrowings from English or French, as well as syntagma and abbreviations which are used in legal language and in technical language, but also in everyday conversational language.

Keywords: European integration, Macedonian terminology, *Eurolect*, *Euro-jargon*, *Euronyms*

UDC 811.163.3'286(497)(084.4)(049.3)

Васил ДРВОШАНОВ
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје
vasildrvoshanov@yahoo.com

ДИЈАЛЕКТОЛОШКО ДЕЛО СО ТРАЈНА НАУЧНА ВРЕДНОСТ

[*Лингвистички атлас на македонските дијалекти (според материјалите на Општословенскиот лингвистички атлас – ОЛА)*. Ур. Марјан Марковиќ. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2020]

Изработката на лингвистички атлас на дијалектите има исклучително значење за секој јазик, следствено и за македонскиот јазик. Оттука составувањето на такво дело претставува најважна задача на дијалектологијата. Македонските дијалектолози ревносно се посветија на тоа поле, при што најголма заслуга за тоа има акад. Божидар Видоески со своите соработници.

Во поднасловниот труд што ќе биде предмет на разгледување се застапени следниве содржини: Предговор, Вовед, Опис на македонските пунктови во *Општословенскиот лингвистички атлас – ОЛА* (Според: Б. Бидоески, *Фонолошки бази на говорите на македонскиот јазик*, МАНУ, 2000), Фонетска транскрипција, Легенди и карти, Список на карти, Користена и консултирана литература и Скратеници: Јазици и дијалекти и Останати скратеници.

Во Предговорот се даваат исцрпни информации: За Општословенскиот лингвистички атлас – ОЛА, /за/ Историјатот на ОЛА и /за/ Македонските пунктови во ОЛА.

Во делот За Општословенскиот лингвистички атлас – ОЛА се нагласува дека на овој голем меѓународен проект, во чија работа се вклучени националните академии и/или соодветните институти од сите словенски земји, во Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) се работи уште од 1971 година. Во објавуваните атласи се картографирани околу 3 500 дијалектни прашања, врз основа на собиран материјал од

преку 850 пунктови од целата словенска јазична територија, при што македонската јазична територија е застапена со 24 пунктови. Во овој дел, исто така, се истакнува дека истражувањата на сите словенски јазици и на нивните дијалекти се правени според единствена програма и единствена фонетска транскрипција и тоа првпат во славистиката. Се одбележува фактот дека секоја национална комисија врши теренска ексцерпција и историска и типолошка интерпретација на својот дијалектен материјал, следствено и Македонската национална комисија „врши теренска ексцерпција и историска и типолошка интерпретација на македонскиот дијалектен материјал, како и мериторна и компјутерска обрабока на лингвистички карти од целата словенска теирторија“ во Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“.

Во делот Историјатот на ОЛА се даваат податоци за почетокот на ОЛА, којшто се поврзува со одлуката на IV меѓународен конгрес на славистите што се одржал 1958 година во Москва. Имено, при Меѓународниот комитет на славистите се формирала Комисија за ОЛА, во која влегле претставници на одделни славистички центри, а Комисијата за ОЛА формирала меѓународна работна група.

Се нагласува дека предмет на истражување на ОЛА се релевантните разлики од аспект на целата словенска јазична територија, т.е. разликите со општословенско значење што носат качестевен карактер. Притоа, се споменува дека дијалектолозите биле соочени со два типа проблеми: историско-споредбени и синхрониско-типолошки. Првиот проблем се однесува на создавањето на словенската јазична заедница и нејзината натамошна дијалектна диференцијација што резултирала со создавањето на современите словенски јазици и на контактите меѓу словенските и несловенските јазици и култури, а вториот проблем се однесува на типолошката диференцијација на словенските јазици на сите рамништа.

Раководејќи се од концепцијата на изданието, се забележува во овој дел од Предговорот, колективот на ОЛА работел во две секции: лексичко-зборообразувачка и фонетско-граматичка со детално објаснување на задачите на нивните поткомисии.

Во работата на ОЛА учествувале сите национални академии и/или соодветните институти од сите словенски земји. Овде таксативно се наведува учеството во работата врз ОЛА на следните институции: Академијата на науките и уметностите на Босна и Херцеговина, Белоруската академија на науките, Бугарската академија на науките, Институтот за лужички јазик, литература и култура (Бауцен–Budyšin), Македонската академија на науките и уметностите, Полската академија на науките, Руската академија на науките, Словачката академија на науките, Научноистражувачкиот центар на Словенечката академија на науките и уметностите, Српската академија на науките и уметностите, Украинската академија на науките, Хрватската академија на науките и уметностите, Црногорската академија на науките и уметностите и Чешката академија на науките.

Се наведува дека македонските дијалектни материјали од 24 населени места (16 на територијата на РС Македонија, едно во Р Албанија и седум во егејскиот дел на Македонија, денешна Р Грција) се собирани според прашалниците на ОЛА, а се запишувани од македонските дијалектолози во период од десетици години.

Во третиот дел од Предговорот се наведени македонските пунктови во ОЛА со следните податоци:

90. **Лазарополе**. РМ, оп. Дебар.
92. **Вруток**. РМ, оп. Гостивар.
93. **Теарце**. РМ, оп. Тетово.
94. **Ракотинци**. РМ, оп. Скопје.
95. **Љубанце**. РМ, оп. Скопје.
96. **Радожда**. РМ, оп. Струга.
97. **Звечан**. РМ, оп. Македонски Брод.
98. **Шлегово**. РМ, оп. Кратово.
99. **Пештани**. РМ, оп. Охрид.
100. **Извор.** РМ, оп. Велес.
101. **Дихово**. РМ, оп. Битола.
102. **Витолиште**. РМ, оп. Битола.
103. **Радовиш**. РМ, оп. Радовиш.
104. **Берово**. РМ, оп. Берово.
105. **Фурка**. РМ, оп. Гевгелија.
106. **Бобошчица** (алб. Boboshtica). Албанија, обл. Корча.
107. **Вӑмбел** (грч. Μοσχοχωριον). Грција, р-н Костур.
108. **Нестрам** (грч. Νεστοριον). Грција, р-н Костур.
109. **Тиолишча** (грч. Τοιχιον). Грција, р-н Костур.
110. **Тремно** (грч. Καρδια). Грција, р-н Кајлар.
111. **Кронцелево** (грч. Κερασεαι). Грција, р-н Воден.
112. **Висока** (грч. Οσσα). Грција, р-н Солун.
113. **Секавец** (грч. Λιβαδοχοριον). Грција, р-н Серез.
113а. **Плевна** (грч. Πετρουσσα). Грција, р-н Драма.

Во Воведот се забележува дека *Лингвистичкиот атлас* содржи 50 карти и легенди што го покриваат македонскиот дијалектен ареал за потребите на ОЛА. Изборот на лексичкиот материјал што е претставен на картите бил направен според разнообразноста на називите што се јавуваат на македонската дијалектна територија, од една страна, и според нивната поврзаност со другите словенски дијалекти, од друга страна. Новост во *Лингвистичкиот атлас* е тоа што во картите се давани целосните називи во кирилична транскрипција наспрема користењето знаци и симболи во ОЛА.

Во Воведот е објаснета творечката постапка при изработката на легендите. Имено, се објаснува прашањето според Прашалникот на ОЛА во кој том е објавено и обработено односното прашање; се даваат стан-

дардните називи во сите словенски јазици; по потреба се пренесува и речничката одредница за соодветниот назив; се изделуваат називите на македонската територија и се дава нивната географска распространетост; по потреба се објаснува семантичката мотивација на определени називи. Освен тоа, се укажува на фактот дека во легендите не се предмет на анализа некои називи што се јавуваат во островски ареали и називите за кои не е најдена соодветна етимологија. На тој начин, одново се интерпретира и картографира македонскиот дијалектен материјал, објавен во повеќе томови на ОЛА.

По објаснувањето на творечката постапка, се наведуваат томовите во кои се објавени обработените карти со детални податоци за секоја карта, сп. 20 клукајдрвец (F 58 dětъljъ ‖ dęteljь ‖ dętьljъ, дятел – detao, *ѳиал* djeteo – dzięcioł), од кои ќе ги приведеме бројот на прашањето и заглавниот збор.

Имено, од Првиот лексички том на ОЛА „Животински свет“ (Выпуск 1. Животный мир) се обработени следните карти: 7 верверица, 8 твор, 9 ласица, 13 стаорец, 20 клукајдрвец, 22 препелица, 32 крастава жаба, 33 полноглавец, 35 гол полжав, 44 бубамара и 48 светулка.

Од Вториот лексички том на ОЛА „Сточарство“ (Выпуск 2. Животноводство) се обработени следните карти: 1 пастув, 4 брав, овен, 6 прч, јарец, 7 нерез, 13 патор, шатор, 49 рилка и 56 боде.

Од Третиот лексички том на ОЛА „Растителен свет“ (Выпуск 3. Растительный мир) се обработени следните карти: 2 стебло, 4 и 5 гранка, 9 грмушка, 10 честак, 11 шума, 20 смрча, 45 јагода, 54 печурка и 57 трат.

Од Осмиот лексички том на ОЛА „Професии и општествен живот“ (Выпуск 8. Профессии и общественная жизнь) се обработени следните карти: 4 столар, дрводелец, 7 тенеќеџија, 8 бочвар, 13 кондураџија, чевлар, 16 шивач, кројач, 22 готвачка, 23 пастир, овчар, 35 тетратка, 36 молив, 37 мастило, 55 крадец, 59 просјак, питач и 67 војна.

Од Деветтиот лексички том на ОЛА „Човек“ (Выпуск 9. Человек) се обработени следните карти: 8а, 8б, 8в зеница, 9 клепка, 17 усни, 23 брчки, 26 плетенка, 33 тупаница, 41 зглоб, 47 трага, стапалка, 48 табан и 50а, 50б стомак, мев.

Во Описот на македонските пунктови во *Оѿшѿословенскиоѿ лингвисѿички аѿлас – ОЛА* (Според: Б. Бидоески, *Фонолошки бази на ѓоворише на макеѳонскиоѿ јазик*, МАНУ, 2000) се дадени демографски описи на застапените 24 населени места, во кои се предадени: броевите на пунктовите во ОЛА, називите на населените места, општините или регионите на кои припаѓаат, државите во коишто се наоѓаат денес, надвор од државните граници на РС Македонија, на кое наречје, односно на кои говори припаѓаат односните пунктови, броевите во Македонскиот дијалектен атлас (МДА) и неколку информации за локацијата на пунктот, за бројот на жителите и на нивната национална припадност и верска опре-

делба, за нивните основни дејности, за суштествување на училиште и информација за нивниот економски центар.

За илустрација ќе приведеме опис на еден од застапените пунктови во *Лингвистичкиот атлас*, сп.

110. ТРЕМНО (Καρδια)

Кајларско, Грција.

Југоисточно наречје, солунско-воденски (долновардарски) говори.

МДА 348.

Селото Тремно е оддалечено помалку од 4 километри од патот што води од Кожани за Кајлари, на неговата источна страна. До 1948 г. селото имало околу 400 жители, сите биле православни Македонци. Населението се занимавало со земјоделство и сточарство. Во селото имало грчко училиште. Економски центар е Кајлари.

Во Фонетската транскрипција се претставени 14 вокали и 28 консонати што се среќаваат во македонските говори. Притоа, се прикажани функциите на дијакритичките знаци за: назалност, неслоговност, слоговност, должина, лабијализација, поместена артикулација кон напред, поместена артикулација кон горе, полузвучност, палаталност, палатализираност, ослабена артикулација, акцент и за спореден акцент.

Во централниот дел на *Лингвистичкиот атлас*, во Легенди и карти, првин се дава Список на карти, во кој се даваат информации во три колони. Во првата колона се дадени броевите на картите, во втората колона се даваат детални податоци за прашањата по ОЛА и во третата колона се даваат имињата и презимињата на авторите.

За илустрација ќе приведеме еден пример, сп.

2. F 24 dъxorjь хорь, хорек – tvor – tchórz **твор** Марјан Марковиќ.

Авторскиот тим од петтемина дијалектолози, кои ќе ги приведеме по азбучен ред на нивните презимиња: Давор Јанкулоски, Марјан Марковиќ, Соња Миленковска, Ангелина Панчевска и Зузана Тополињска ги изработиле самостојно или во коавторство следниве карти: Давор Јанкулоски (1. верверица, 3. ласица, 5. клукајдрвец, 10. бубамара, 19. стебло, 20. гранка, 21. грмушка, 22. честак, 23. шума, 24. смрча, 28. столар, дрводелец, 40. војна); 4. стаорец (во коавторство со Соња Миленковска), односно 14. прч, јарец и 42. клепка (двете во коавторство со Ангелина Панчевска); Марјан Марковиќ (2. твор, 29. тенеќеџија, 35. тетратка, 36. молив, 37. мастило, 38. крадец); Соња Миленковска (7. крастава жаба, 8. полноглавец, 9. гол полжав, 11. светулка, 26. печурка, 27. трат, 41. зеница, 43. усни, 46. тупаница, 47. зглоб, 48. трага, стапалка, 49. табан, 50. стомак, мев) и 4. стаорец (во коавторство со Давор Јанкулоски); Ангелина Панчевска (6. препелица, 12. пастув, 13. брав, овен, 15. нерез, 16. патор, шатор, 18. боде, 25. јагода, 30. бочвар, 34. пастир, овчар), односно 14. прч, јарец и 42. клепка (двете во коавторство со Давор Јанкулоски);

Зузана Тополињска (17. рилка, 31. кондураџија, чевлар, 32. шивач, кројач, 33. готвачка, 39. просјак, питач, 44. брчки, 45. плетенка).

По Списокот на картите се пристапува кон интерпретација на материјалот од повеќе аспекти со исклучителна концизност. Коментарите кон картите се дефинирани по строго утврден ред. Се даваат толкувања со математичка прецизност.

Првин се посочува на кое прашање се однесува и во кој том во ОЛА е претставен материјалот што се интерпретира во *Лингвистичкиот атлас*. Потоа се даваат литературните називи во сите словенски јазици на анализираниот референт, по што се наведуваат називите на македонската дијалектна територија според нивната честота во пунктовите, опфатени во дијалектната мрежа на ОЛА.

Секој назив одделно е обработен од гледна точка на неговата распространетост и од аспект на неговото потекло, длабоко навлегувајќи во историските корени и во семантичката мотивација. Притоа, се укажуава и на нивната поврзаност со другите словенски и несловенски јазици. Со оглед на фактот што во разгледуваниот *Лингвистички атлас* вниманието е посветено на карактеристични лексички особености што ги диференцираат македонските говори со новата интерпретација и со новото картографирање се добива јасна претстава за дијалектната слика на разгледуваното прашање што го потврдува уште појасно прегледната карта.

Во Користената и консултирана литература се наведуваат стотина библиографски единици што го поткрепуваат научниот пристап при обработката на ова капитално дело.

Со цел да се овозможи полесно користење на трудот се наведуваат Скратеници: Јазици и дијалекти (72) и Останати скратеници (10).

На крајот ќе истакнеме дека овој труд со својата научна фундираност е исклучитено дело во македонската наука за јазикот, особено во дијалектологијата на македонскиот јазик. Авторскиот тим во *Лингвистичкиот атлас*, помеѓу другото, забележува: „Се надеваме дека овој Атлас ќе го најде своето место не само кај научната туку и кај пошироката читателска публика и ќе придонесе за расветлување на некои процеси во рзвојот на лексиката на македонските дијалекти. Исто така, со овој Атлас сакаме да го прикажеме лексичкото богатство и разнообразност на македонските дијалекти и да одредиме во колкава мера тие се надоврзуваат на словенскиот јазичен континуум“. Приклучувајќи се кон надежите на авторскиот тим, ќе додадеме дека *Лингвистичкиот атлас на македонските дијалекти (според материјалите на Општословенскиот лингвистички атлас – ОЛА)* претставува најголем чекор на македонските дијалектолози што ги пречекорува просторните и временските меѓи на македонската наука за јазикот, особено на дијалектологијата на македонскиот јазик. Ова дело не само што има трајна научна вредност, коешто спасува од заборав дел од македонското лексичко богатство концентрирано во еден труд, туку се става во одбрана на македонскиот јазик и идентитет, на

македонската себепрепознатливост, на македонската нација и култура, и во заштита на македонството во најблагородната смисла на зборот. Треба да им се оддаде голема признателност на авторите на ова уникатно дело за заложбата и за вложениот труд во расчистувањето на патот на непобитната вистина за посебноста на македонскиот дијасистем, а во тие рамки и на македонскиот јазик како одделен словенски јазик.

UDC 016:81

БИБЛИОГРАФИЈА НА ТРУДОВИТЕ НА АКАДЕМИК ЗУЗАНА ТОПОЛИЊСКА

1955

[co: H. Popowska-Taborska], Pisownia łączna i rozdzielna rękopisów staropolskich (XIV–XV w.), *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 1, 223–286.

1956

Gwara kaszubska w literaturze, *Język Polski* 36/5, 382–387.

1957

Miejsce akcentu w polszczyźnie XVI-XVIII w. w świetle poezji tego okresu, *Prace Polonistyczne* 13, 359–407.

1958

Aktualny zasięg zwartego obszaru dialektów kaszubskich, *Rocznik Gdański* 15-16/3–9.

Aktualny stan akcentu kaszubskiego, *Slavia* 27/3, 381–395.

[резиме на реферат] Z dziejów akcentu polskiego, *Sprawozdania* 3, 56–62.

[приказ] Konverzačnà príručka polštiny, Martin 1957, *Slovenská reč* 4, 307–309.

1959

Przyczynek do dziejów wpływu czeskiego na kształtowanie się polskiej teorii prozodycznej, *Slavia* 28/1, 52–54.

Über den Akzent am Reimende im Obersorbischen und Tschechischen, *Zeitschrift für Slawistik* 4/3, 364–378.

Akcent w poezji Marcina Bielskiego, *Poradnik Językowy* 1-2, 27–35.

Од полско-македонските акцентни паралели, *Македонски јазик* 10, 1-2, 13–18.

[приказ] *F. Lorentz, Pomoranisches Wörterbuch I, Deutsche Literatur Zeitung* XI.

1960

Stosunki akcentowe na pograniczu polsko-czeskim, *Slavia* 29/4, 582–587.

Zu Fragen des kaschubischen Vokalismus, *Zeitschrift für Slawistik* 5/2, 161–170.

Kaszubi i kaszubszczyzna w dzisiejszej Polsce, *Letopis A* 7, 85–99.

[со: H. Popowska-Taborska]: Przedmowa [во:] A. Labuda, *Słowniczek kaszubski,* Warszawa

[приказ] *F. Lorentz, Pomoranisches Wörterbuch I, Rocznik Slawistyczny* 21, 166–175.

1961

Z historii akcentu polskiego od wieku XVI do dziś, Wrocław: Ossolineum, 288 s.

За словенскиот слободен и неподвижен акцент, *Македонски јазик* 11-12/1-2, 73–79.

Zwarty zasięg dialektów kaszubskich w świetle najnowszych badań dialektolgicznych, *Rocznik Gdański* 27-28, 319–324.

Słowiński system fonologiczny w świetle najnowszych zapisów ze wsi Kluki Smołdzińskie, [во:] Słowińcy, ich język i folklor, *Zeszyty Problemowe Nauki Polskiej* 22, 23–34.

1962

Stejišćo a róla Cišinskeho w stawiznach hornjoserbskeje wersifikacije, *Letopis* A 9/1, 62–71.

[резиме на реферат] Les rapports entre les constantes métriques et le système prosodique de la langue (contribution à l'histoire de la versification haut-sorabe), [во:] *Poetyka*, Warszawa, 165.

[приказ] *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања I*, *Zeitschrift für Slawistik* 7/4, 639–641.

1963

Les débuts de la "poésie littéraire" haut-sorabe, *International Journal of Slavic Linguistics and Poetics* 6, 109–119.

Przyczynek do rozwoju *o w kilku wsiach dolnołużyckich, [во:] *Studije k serbskej dialektologiji*, Budyšin, 81–85.

Stosunki akcentowe w górnołużickim dialekcie Wochoz i okolicy, [во:] *Studije k serbskej dialektologiji*, Budyšin, 86–96.

К вопросу об истории сербо-лужицких аффрикат, [во:] *Сербо-лужицкий лингвистический сборник*, Москва, 47–53.

Kaszubska dyftongizacja *o i jej znaczenie dla rozwoju wokalizmu kaszubskiego, *Slavia Occidentalis* 23, 211–232.

Die Reflexe der Kontraktionslängen in polnischpomoranischen, Nominalparadigmen, *Annali dell'Instituto Universitario Orientale Sezione Slave*, 41–50.

[со: T. Buch], O rozwoju połączeń z tautosylabiczną spółgłoską nosową w języku litewskim, [во:] *Z polskich studiów slawistycznych. Językoznawstwo* 2, 39–50.

W toku są prace nad atlasem dialektów łużyckich, *Prikazi JAZU*, 243–248.

W toku są prace nad atlasem dialektów łużyckich, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 6, 163–165.

1964

Stosunki iloczasowe polsko-pomorskie, Wrocław: Ossolineum, 126s.

[со други]: *Atlas językowy kaszubszczyzny i dialektów sąsiednich, tom wstępny,* Wrocław: Ossolineum.

[со други]: *Atlas językowy kaszubszczyzny i dialektów sąsiednich I, mapy i komentarze (25–27, 30, 37–40, 50)*, Wrocław: Ossolineum.

O poprawny opis akcentu stabilizowanego, *Biuletyn Polskiego Towarzystwa Językoznawczego* 22, 47–54.

Na marginesie granicy językowej kaszubsko-tucholskiej i kaszubsko-kociewskiej, *Rozprawy Komisji Językowej Łódzkie Towarzystwo Naukowe* 10, 14–22.

Почеток на работите врз картотеката на македонската синтакса I, *Македонски јазик* 15/1–2, 183–195.

Sprawozdanie z sesji naukowej „Pojęcie prawa w lingwistyce", *Poradnik Językowy* 7, 328–330.

1965

[со други]: *Atlas językowy kaszubszczyzny i dialektów sąsiednich II, mapy i komentarze (66, 68, 69, 73-75, 80, 100)*, Wrocław: Ossolineum.

Почеток на работите врз картотеката на македонската синтакса II, *Македонски јазик* 16, 79–90.

Kaszubski rozwój **ł**, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 5, 451–456.

Kontynuanty samogłosek długich w dialektach polsko-pomorskich, *Slavia Occidentalis* 25, 145–153.

Die hypotaktischen Funktionen von kiej und jak in kaschubischen Dialekten, *Zeitschrift für Slawistik* 10/2, 177–184.

Диалектологические исследования для атласа в многоязычной среде, [во:] *Общеславянскийй лингвистический атлас. Материалы и исследования*, Москва, 61–66.

За поимот „граматичка категорија" и неговото значење за лингвистичката анализа, *Литературен збор* 12/5, 1–6.

Sprawozdanie z sesji naukowej „Pojęcie prawa w lingwistyce", *Poradnik Językowy* 2(65), 127–129.

FONEM, FONOLOGIA, JEZYKI SŁOWIAŃSKIE, STRUKTURALIZM W JEZYKOZNAWSTWIE; HJELMSLEV, JAKOBSON, LEHR-SPŁAWIŃSKI, LORENTZ, M. MAŁECKI, MUKA, NITSCH, PFUL, RAMUŁT, RASK, ROZWADOWSKI, SAPIR, DE SAUSSURE, SŁAWSKI, SMOLAR, STIEBER, SZCZERBA, ŠWJELA, TRUBECKOJ, UŁASZYN, [во:] *Wielka Encyklopedia Powszechna* [Warszawa : PWN].

KONESKI, ROCZNIK SLAWISTYCZNY, [во:] *Wielka Encyklopedia Powszechna* [Warszawa : PWN].

Tadeusz Lehr-Spławiński, *Współczesność* 10/5.

[приказ] *К. Попов, Съвременен български език. Синтаксис, София 1962, Rocznik Slawistyczny* 24/1, 158–162.

[приказ] *Zbornik u Čast Stjepana Ivšića, Zagreb, 1963, Rocznik Slawistyczny* 24/1, 171–174.

1966

Две проблемы западнославянской метрики, [во:] *Poetyka*, Wrocław, 179–203.

За една синтаксичка класификација на заменките во македонскиот јазик, *Македонски јазик* 17, 39–50.

O kategoriach gramatycznych polskiego imperativu, *Język polski* 46/3, 167–174.

Karty perforowane jako narzędzie analizy syntaktycznej, *Sprawozdania* 1, 81–93.

[co: T. Buch], *Remarks on the syntactic influences of German on neighbouring non-German dialects*, *International Journal of Slavic Linguistics and Poetics* 10, 103–110.

Tadeusz Lehr-Spławiński, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 9, 151–152.

1967

Kategoria osoby w języku polskim, *Język polski* 47/2, 88–95.

The role of the postpositive definite article in the Bulgarian nominal accentuation system, [во:] *To honor Roman Jakobson*, The Hague, 2024–2031.

Zur Konkurenz der Satzmodelle **widzę: ja widzę** (V:VN) in kaschubischen Dialekten, *Wissenschaftliche*, *Zeitschrift der Humboldduniversität, Gesellschafts- und Sparchwissenschaftliche Reihe JG* 16/5, 701–704.

Miejsce i funkcja $\mathbf{V_{3sg}}$ **się** w polskim systemie werbalnym, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 10, 29–34.

Hipotaktyczne funkcje wyrazów ga(ž)i ak(o) w dolnołużyckim dialekcie okolic Chociebuża, *Letopis A* 13/2, 149–163.

За синтактичката характеристика на една употреба на зборот како, *Литературен збор* 14/1, 1–3.

Teksty gwarowe południowo-kaszubskie z komentarzem fonologicznym, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* VI, 115-141.

[приказ] *Б. Конески, Историја на македонскиот јазик, Скопје 1965, Rocznik Slawistyczny* 28/1, 142–151.

1968

Teksty gwarowe centralno-kaszubskie z komentarzem fonologicznym, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* VII, 87–125.

За обемот на номиналните фрази, *Македонски јазик* 19, 45–58.

Miejsce konstrukcji z czasownikiem *mieć* w polskim systemie werbalnym, *Slavia Orientalis* 17/3, 427–431.

Struktura frazy nominalnej w języku macedońskim, [во:] *Z polskich studiów slawistycznych. Językoznawstwo* 3, 161–169.

Zakres i chronologia tzw. wzdłużenia zastępczego w językach zachodniosłowiańskich, [во:] *Beiträge zur sorbischen Sprachwissenschaft*, Bautzen, 75–84.

Rola aspektu werbalnego w wyrażaniu akcji habitualnej (polski język literacki vs dialekty kaszubskie), *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 11, 279–283.

André Mazon (1881-1967), *Nauka Polska* 68/3, 177–179.

[приказ] *Hans-Walter Wodarz, Satzphonetik des Westlachischen, Böhlau Verlag 1963, International Journal of Slavic Linguistics and Poetics* 11, 182–186.

1969

Teksty gwarowe połnocno-kaszubskie z komentarzem fonologicznym, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 8, 67–93.

За синтагматските функции на номиналните фрази во македонскиот литературен текст, *Македонски јазик* 20, 35–55.

Jaroslav Bauer, *Poradnik Językowy* 6, 305–307.

[приказ] *H. Górnowicz, Dialekt malborski 1, Gdańsk 1967, Rocznik Slawistyczny* 30/1, 136–144.

1970

Што е тоа синтаксички јазол, *Литературен збор* 17/3, 17–20.

Фонологическое описание говора населенного пункта для общеславянского лингвистического атласа (предложения и проект), *ОЛА, Материалы и исследования*, Москва, 49–62.

Sprawodzanie z posiedzenia Komisji Budowy Gramatycznej, *Филологические науки* 70/6, 122–126.

1971

Fraza nominalna niezależna we współczesnym literackim języku macedońskim. (Próba klasyfikacji), *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 10, 269–282.

Charakterystyka kategorialna frazy, *Biuletyn Polskiego Towarzystwa Językoznawczego* 28, 99–106.

O paradygmacie frazy, [во:] *Sesja Naukowa Międzynarodowej Komisji Budowy Gramatycznej Języków Słowiańskich*, Wrocław, 203–210.

Обид за една семантичка анализа на македонските заменки, *Македонски јазик* 22, 51–62.

Соодносот помеѓу прашалните и релативните заменки во македонскиот литературен јазик, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 2/1, 17–30.

Ku nowej syntezie sorabistycznej, *Rocznik Slawistyczny* 32/1, 128–139.

1972

O paradygmatyce składniowej, [во:] *Konferencja „System morfologiczny i syntaktyczny współczesnego języka polskiego”*, *Wrocław*, 61–70.

Semantyczne cechy dystynktywne zaimków słowiańskich, *Jazykovedný Časopis* 23/2, 135–141.

Nominalna fraza predykatywna we współczesnym literackim języku macedońskim, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 11, 299–312.

Кашубское *co za bestja od babë* – польское литературное *co za bestia z tej baby,* [во:] *Русское и славянское языкознание*, Москва, 250–256.

[co: K. Pisarkowa] Sympozjum składniowe w Smolenicach, *Język polski* 52/2, 150–153.

[приказ.] *H. Šewc, Gramatika hornjoserbskeje reče, Budyšin 1968*, *International Journal of Slavic Linguistics and Poetics* 15, 215–219.

1973

Udział polskiej grupy imiennej w procesie aktualizacji tekstu, *Biuletyn Polskiego Towarzystwa Językoznawczego* 31, 35–46.

Vocativus – kategoria gramatyczna, [во:] *Otázky slovanské syntaxe* 3, 269–274.

Nominalna fraza relatywna we współczesnym literackim języku macedońskim, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 12, 307–320.

Osiągnięcia dialektologii macedońskiej w ostatnim 25-leciu, *Rocznik Slawistyczny* 34/1, 112–120.

J. BOŠKOVSKI, B. KONESKI, V. MALESKI, K. NEDELKOVSKI, A. ŠOPOV, G. TODOROWSKI, [во:] *Mały słownik pisarzy zachodnio-słowiańskich i południowo-słowiańskich*, [Warszawa : PWN].

1974

Граматика на именската фраза во македонскиот литературен јазик, Скопје : МАНУ, 155 с.

A Historical Phonology of the Kashubian Dialects of Polish, The Hague: Mouton, 190с.

The use of definite article in a generic noun phrase, [во:] *Studia indoeuropejskie*, Wrocław, 255–260.

Przyimek jako wykładnik funkcji syntaktycznej i semantycznej frazy nominalnej, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 13, 237–249.

Wtórna copula *to* w polskim języku literackim, [во:] *Philologica* 23-24, 207–212.

Informacja zgramatykalizowana jako przedmiot opisu gramatycznego, [во:] *Реферати са заседања Међународне комисије за изучавање граматичке структуре словенских језика*, Београд, 91–97.

Miejsce konstrukcji *ќе* + *praesens* w systemie form predykatywnych czasownika macedońskiego, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 14, 275–286.

Порядок слов в именном словосочетании как отражение его деривационной истории, [во:] *Грамматическое описание славянских языков*, Москва, 235–244.

System-pośrednik w badaniach kontrastywnych, *Slavica Slovaca*, 294–298.

Една глава од контрастивната македонско-полска граматика (системот на показните зборови), *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 5/1–2, 83–100.

The range of use of the so-called definite article in the Balkan languages, *Македонски јазик* 25, 123–130.

1975

Grupa imienna gramatycznie wiązana przez czasownik a semantyczna interpretacja tekstu, *Polonica* 1, 105–112.

Where does the notion ‘constitutive member of the noun phrase’ belong?, *Biuletyn Polskiego Towarzystwa Językoznawczego* 33, 155–160.

An attempt towards a syntactic description and semantic interpretation of the so-called grammatical category of degree, *Linguistica Silesiana* 1, 55–62.

The hierarchy of DFs as a factor differentiating the sound patterns of dialects, *Wiener Slavistisches Jahrbuch* 21, 246–253.

Фонологические системы польских населенных пунктов ОЛА (инвентарь и иерархия различительных признаков), [во:] *Материалы и исследования*, Москва, 177–206.

Miejsce konstrukcji z tzw. formą na -l- w systemie form predykatywnych czasownika macedońskiego, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 15, 289–302.

Semantische Interpretation und formale Analyse von Nominalgruppen in ausgewählten Fragmenten der Prosa von Thomas Mann, *Zeitschrift für Slawistik* 20/5–6, 668–672.

1976

Значај Даничићеве расправе Српски акценти за словенску прозодијску компаратистику, [во:] *Научни састанак слависта у Вукове дане* 5, 585–590.

Wyznaczoność (tj. charakterystyka referencjalna) grupy imiennej w tekście polskim. I. Uwagi ogólne, grupa imienna jako argument scharakteryzowany, *Polonica* 2, 33–72.

Wino do stołu / wino do wypicia, *Letopis* A 23/2, 192–199.

Употребата на членски и заменски облици во текстовите на Мисирков во светлината на семантичката анализа на тие текстови, [во:] *Зборник на трудови од Симпозиум посветен на Мисирков*, 1975, Скопје.

Нацрт-програма за еден семантичко-синтаксички речник на македонските предикативни обрати, *Македонски јазик* 26, 17–30.

1977

Macedoński aoryst od czasowników niedokonanych na tle południowosłowiańskim, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 16, 277– 285.

Wyznaczoność (tj. charakterystyka referencjalna) grupy imiennej w tekście polskim. II. Argumenty niescharakteryzowane, grupy generyczne, *Polonica* 3, 59–78.

Mechanizmy nominalizacji w języku polskim, [во:] *Studia Gramatycne* 1, 175–212.

Linguistic geography and morphonological abstraction, [во:] *Phonologica*, 75–77.

„Referencja", „koreferencja", „anafora"..", *Slavica Slovaca* 12/3, 225–232.

Phonological change and linguistic geography, *Zbornik radova povodom 70 godišnjice života akademika Jovana Vukovića*, Sarajevo, 407–413.

[Видоески, Божидар; со: С. Ћерић], Интерпретација на фонетската карта со проблемот *ě во *gvězda во *Општословенскиот лингвистички атлас*, *Македонски јазик* 28, 51–64.

[со: F. Daneš], II polsko-czeskie spotkanie dyskusyjne na temat podstaw gramatycznego opisu języka, *Polonica* 3, 241–242.

1978

Budowa grup imiennych apelatywnych w języku polskim (mechanizmy linearyzacji), *Prace Filologiczne* 28, 105–142.

Składnia języka mówionego jako przedmiot badania i opisu, [во:] *Studia nad składnią polszczyzny mówionej*, Wrocław, 51–56.

O pojęciach nominalizacja i sentencjalizacja i ich przydatności w opisie języka, [во:] *Z polskich studiów slawistycznych. Językoznawstwo* 5, 437–442.

Narzędzia opisu fonologicznego w służbie geografii lingwistycznej, [во:] Materiały posiedzenia Komisji Fonetyki i Fonologii MKS, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 3/1, 55–61.

An attempt towards a semantic interpretation of the so-called gramatical category of definiteness, [во:] Festschrift Issatchenko, *Scando Slavica*, 417–424.

[со: Karolak], Квантификация аргументов и тематико-рематическая структура высказывания, [во:] *Проблемы теории грамматического залога*, Ленинград, 137–144.

[со: P. Ivić, F. Michałk], Система обобщающей транскрыпции, [во:] *ОЛА Вступительный выпуск*, Москва, 73–82.

GENERATYWNA GRAMATYKA, GLOSSEMATYKA, GRAMATYKA, GRAMATYCZNO}C, GRUPA (WYRAZOWA) IMIENNA, ILOCZAS, INTONACJA, JEZYK, JEZYKOZNAWSTWO, KATEGORIE GRAMATYCZNE, KOMPETENCJA JEZYKOWA, KOMUTACJA, KONOTACJA, KORELACJA, MŁODOGRAMATYCY, MORFEM, MORFOLOGIA, MORFONOLOGIA, ORZECZENIE, ORZEKANIE, POLISEMIA, PREDYKAT, PSYCHOLOGIZM, REDUNDANCJA, STRUKTURALIZM, SYNTAGMA, SYNTAGMATYKA, STRONA, TRYB, UNIWERSALIA JEZYKOWE, WYPOWIEDZENIE, WYRAZ, ZDANIE, ZNAK JEZYKOWY, ZWIAZEK RZADU, ZWIAZEK ZGODY, [во:] Encyklopedia PWN, Warszawa.

1979

Wyznaczoność tzw. argumentów zdarzeniowych predykatu, *Otázky slovanské syntaxe* 6/1, 187–194.

Wokół nominalizacji, [во:] *Реферати од X заседание на меѓународната комисија за изучување на граматичката структура на словенските литературни јазици*, Скопје, 111–115.

Z problematyki nominalizacji odprzymiotnikowych w języku polskim, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 18, 107–117.

O rzeczownikach jako wykładnikach predykacji, [во:] *Opuscula Polono-Slavica*, Wrocław, 383–390.

Кон дефиницијата на членот, [во:] *Пристапни предавања МАНУ*, Скопје, 33–40.

Граматичкиот статус на формациите со суфиксот *-лија* во македонскиот литературен јазик, *Научна дискусија* 5, Скопје, 13–19.

Општославистички перспективи во изучувањето на македонската синтакса, *Македонски јазик* 30, 19–29.

1980

Jeszcze o słowiańskiej stabilizacji akcentowej, [во:] *Studia linguistica Polono-Jugoslavica* 1, Wrocław, 51–57.

Kashubian, [во:] *The Slavic Literary Languages, Formation and Development*, [red.]. A.M. Schenker, E. Stankiewicz, New Haven, 183–194.

Deiktyczny predykat lokalizujący w językach słowiańskich, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 23/1, 7–15.

Możliwości kombinatoryczne i charakterystyka semiotyczna połączenia /+ konsonantyczna; + nosowa/ w polszczyźnie, *Letopis A* 27/2, 158–161.

[приказ] *Македонски јазик, 1-25 (1950–1977)*, *Rocznik Slawistyczny* 40/1, 76–82.

[приказ] *Birgita Englund, Yes/no-questions in Bulgarian and Macedonian. Form.*, *Stockholm 1977, ss. 134*, *Македонски јазик* 31, 311–314.

1981

Remarks on the Slavic Noun Phrase, Wrocław : Ossolineum, 201s.

Семантичка и синтаксичка дистрибуција заменичких корена Т-, ОВ-, ОН- у српскохрватском језику, *Научни састанак слависта у Вукове дане* 7, 297–305.

De la théorie du syntagme nominal slave, *Linguistica Silesiana* 4, 19–31.

Po co uczymy Polaków polskiego?, *Polonica* 6, 247–252.

Рестрикција насупрот апозиције: две врсте атрибута именичке синтагме, *Јужнословенски Филолог* 37, 1–11.

[со: В. Vidoeski], Пс. /e:/, /e/ во денешните западнословенски и јужнословенски дијалекти, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 6/1, 5–9.

Zdzisław Stieber (1903–1980), *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 24/1, 175–177.

[приказ] Petr Janaš, Niedersorbische Grammatik für den Gebrauch der Sorbischen Erweiterten Oberschule, Bautzen 1976, *Letopis A* 28/2, 194–200.

1982

Opisy fonologiczne polskich punktów OLA. 1. Kaszuby, Wielkopolska, Sląsk, Wrocław : Ossolineum, 148s.

Proper names vs definite descriptions, [во:] *Proceedings of 13th International Congress of Onomastic Sciences*, Wrocław, 555–559.

О ћирилометодијевској кодификацији солунског дијалекта (систем показних и односних заменица), *Научни састанак слависта у Вукове дане* 8, 7–14.

Перифрастични предикативни изрази на међусловенским релацијама, *Јужнословенски Филолог* 38, 35–49.

За формулата на таканареченио балкански аналитизам, *Studia linguistica Polono-Jugoslavica* 2, Скопје, 193–200.

Конфронтативниот метод во изучувањето на јазичните сојузи, [во:] *I научна дискусија (Охрид 27–28 август 1974)*, Скопје, 15–23.

Српскохрватски „заменички“ глаголи – носиоци реплика у дијалогу, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 25/1, 151–160.

Мак. еден – неопределен член?, *Македонски јазик* 32–33, 705–715.

Deiktyczny predykat lokalizujący w językach słowiańskich (streszczenie i dyskusja), *Studia gramatyczne* 5, 63–64.

Parę słów o gramatyce opisowej języka polskiego, [во:] *Język polski i językoznawstwo polskie w sześćdziesięcioleciu niepodległości (1918–1978)*, Wrocław, 261–263.

Odkrycie dialektologiczne Slobodana Remeticia, *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 21, 300–301.

[со: I. Sawicka], [приказ] *А. Пецо, Преглед српскохрватских дијалеката, Београд, 1978, сс. 202, Studia z filologii polskiej i słowiańskiej* 21, 301–306.

1983

[со: Б. Видоески]. /ę:/, /ę/ – zakres utrzymania odrębności fonologicznej we współczesnych dialektach słowiańskich, [во:] *Studia linguistica memoriae Zdislai Stieber dedicata*, Wrocław, 25–31 + карта.

Słowiańskie *едьнъ* – operator deskrypcji nieokreślonej, [во:] *Z polskich studiów slawistycznych. Językoznawstwo* 6/2, 425–434.

[со: A. Basara, H. Zduńska], Fonetyczne refleksy *ě we współczesnych dialektach słowiańskich, [во:] *Z polskich studiów slawistycznych. Językoznawstwo* 6/2, 25–36.

За двојното потекло на конструкциите со има во македонскиот литературен јазик, [во:] *II научна дискусија (Охрид 27–28 август 1975)*, Скопје, 25–33.

О суодносу између формалне и семантичке синтаксе, [во:] *Књижевни језик* 12/1, 1–10.

Z zagadnień semantycznej i syntaktycznej interpretacji przysłówków, *Polonica* 9, 163–168.

Мас. **еден**, sch. **један** – operatory deskrypcji nieokreślonej, *Studia linguistica Polono-Jugoslavica* 3, Sarajewo, 175–184.

O implikacji semantycznej: PRZYMIOTNIK ~ RZECZOWNIK, *Македонски јазик* 34, 51–87.

[приказ] *Fonološki opisi srpskohrvatskih/hrvtaskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih opšteslovenskim lingvističkim atlasom, Македонски јазик* 34, 243–245.

[приказ] *A Historical Phonology of the Macedonian Language by B. Koneski, with a Survey of the Macedonian Dialects and a Map by B. Vidoeski, Heidelberg 1983*, *Македонски јазик* 34, 245–248.

1984

Składnia grupy imiennej, [во:] *Gramatyka współczesnego języka polskiego. I. Składnia*, Warszawa : PAN, 301–389.

[со: Б. Видоески], *Polski ~ macedoński. Konfrontacja gramatyczna,* zeszyt 1. Wprowadzenie, Wrocław : Ossolineum, 170s.

Les restrictions de sélection comme élément des entrées lexicales dans un dictionnaire des prédicats, *Revue des Études Slaves* 41/2, 239–244.

O konstrukcjach typu *czeszę się u pana Zenona*, *Acta Balticoslavica* 16, Wrocław, 279–286.

Diatetyczne właściwości czasowników w języku polskim, serbskochorwackim i macedońskim, [во:] *Studia konfrontatywne polsko-południowo-słowiańskie*, Wrocław, 103–134.

Критерии хомонимије придева, [во:] *Лексикографија и лексикологија*, Нови Сад – Београд, 191–196.

Semantic implication: Adjective ~ Noun, [во:] *Polish Text Linguistic*, *The Third Polish–Swedish Conference held at the University of Uppsala, 30 May–4 June 1983, Uppsala*, 147–155.

Од механизмите на кондензација во рамките на именската синтагма (Резиме), [во:] *XI научна дискусија (Охрид, 13–16 август 1984)*, Скопје, 43.

Перифрастични инхоативни конструкции во јужномакедонските дијалекти, *Македонски јазик* 35, 29–43.

Z zagadnień macedońskiej składni dialektalnej (antycypacja i repryza zaimkowa w służbie topikalizacji), *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 27–28, 805–812.

1985

Reduplikacja zaimkowa w gwarach macedońskich Suchego i Wysokiej, *Славистички студии* 4–5, Скопје, 137–144.

Geografia językowa a zagadnienia interferencji, *Studia gramatyczne* 6, 69–79.

Из проблематике словенских инхоатива, *Јужнословенски Филолог* 41, 1–11.

Autour de la notion de relation possesive, *Прилози МАНУ/ОЛЛН*, 10/1, 81–95.

On some peculiarities of the relative clause in South Macedonian dialects, *International Journal of Slavic Linguistics and Poetics* 31–32, 439–449.

Статусот на формите *свој*, *си* т.е. на таканаречената повратна заменка во посвојна служба во јужномакедонските говори, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 10/2, 61–67.

Четврт века дружења, *Књижевна реч* 25.III 1985, 13/253, Београд.

[приказ] *M. Ivić, Lingvistički ogledi, Beograd 1983*, *Rocznik Slawistyczny* 45/1, 122–127.

[приказ] *Atlas linguarum Europae, Assen: van Gorcum 1983, vol 1., fasc. 1.*, *Zeitschrift für Dialektologie und Linguistik* 52/3, Stuttgart, 373–377.

1986

[со: Lj. Spasov, A. Spasov], Опис и класификација на поговорките како автономен семиотичен и јазичен микросистем (врз материјал од збирката на К. М. Петкович), *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 11/1, 5–75.

Gramatical functions of noun phrases in Balkan Slavic languages and the so called category of case [во:] *Case in Slavic*, ed. by R.D. Brecht and J.S. Levine, Columbus Ohio, 280–295.

Słowiańskie demonstrativa (geografia, historia, obciążenia funkcjonalne), *Studia linguistica Polono-Jugoslavica* 4, Kraków, 45–55.

W poszukiwaniu kryptozaimków, *Biuletyn Polskiego Towarzystwa Językoznawczego* 40, 191–196.

Dativus vs genetivus, *Prace Filologiczne* 33, 365–371.

Рекуренција реченица и класични појам хипотаксе, *Научни сас̄танак славист̄а у Вукове ђане* 15, 11–19.

Именски синтагми со неидентификуван референт во јужномакедонските говори, *Македонски јазик* 36–37, 5–17.

Unusual patterns of the Macedonian Relative Clause, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 11/2, 27–35.

Придавските суфикси -ин-, -ов- ~ -ск- во егејските говори, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 11/2, 91–96.

[приказ] *I. Mudra, J. Petr, Učebnik verchnelužickogo jazyka, Bautzen 1983*, *Letopis A* 33, 87–89.

1987

Podwójny wykładnik referencji: demonstrativum – rodzajnik w macedońskim języku ogólnym i w dialektach południowo-macedońskich, [во:] *Slawistyczne studia językoznawcze*, Kraków, 411–417

Од механизмите на кондензација во рамките на именската синтагма, *Studia linguistica Polono-Jugoslavica* 5, Skopje, 233–240.

Вишеструки аспекти синтаксичке релације Број ~ Именица, *Јужнословенски Филолог̄* 43, 91–99.

Јазични средства на изразот во „Горски вијенац“ од П. Његош и нивните еквиваленти во преводот од Б. Конески, [во:] *Книжевнокул̄т̄урнӣт̄е врски п̄омеѓу Македонцӣт̄е и Црног̄орцӣт̄е од најс̄т̄ари времиња до денес*, Скопје, 43–48.

Reduplikacja zaimkowa w macedońskich gwarach Suchego i Wysokiej, *Zeszyty Naukowe UJ, Prace Językoznawcze* 85, Kraków, 71–78.

Референцијален идентитет на јунакот и комуникативната перспектива на текстот (по повод поновата употреба на мак. *ис̄т̄иот̄*), *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 12/1, 103–108.

O „pronominalizacji” wyrażeń werbalnych, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 12/2, 155–160.

1988

Перифрастични предикатски изрази како средство на јазична интерференција, [во:] *Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото*, Скопје, 99–108.

Kryteria wyróżniania funkcji syntaktycznych, [во:] *Wokół języka*, Wrocław, 397–403.

Дативниот однос и кирилометодиевското наследство, [во:] *Кирилометодиевскиот период и кирилометодиевската традиција во Македонија*, Скопје, 153–158.

Tu i teraz – przysłówki z formy i treści, *Folia Philologica Jugoslavo-Polonica* 1, Katowice, 16–21.

Tzw. zdania złożone w językach słowiańskich, [во:] *Z polskich studiów slawistycznych. Językoznawstwo* 7, 447–453.

[со: Б. Видоески] *Общеславянский лингвистический атлас серия фонетико- грамматическая. вып. 1. Рефлексы *е,* Белград – карти: 3, 4, 21, 26, 53, 54, 63 и синтетска 66.

[со: Б. Видоески] Фонолошки статус на рефлексите на **ǫ:/ǫ* во современите говори, *МАНУ/ОЛЛН* 13/1, 69–71.

[со: Б. Видоески] Фонолошки статус на рефлексите на **ě:/ě* во современите говори, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 13/1, 33–36.

[со: Б. Видоески] Aktualny status fonologiczny refleksów **ę:/ę*, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 13/1, 65–67.

[со: Б. Видоески] Запазена назална артикулација*, Прилози МАНУ/ОЛЛН* 13/1, 73.

[со: Б. Видоески] Од синтаксата на македонските евангелија, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 13/2, 141–161.

Odnos dijalekta i standardnog jezika kao vremenska funkcija, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 31/2, 7–10.

Вуков Нови Завјет и српскохрватска сложена реченица, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 31/1, 123–135.

Количествена информација во именската синтагма во јужномакедонските дијалекти, *Македонски јазик* 38–39, 27–45.

Паузата како синтаксичка единица, *Македонски јазик* 38–39, 133–139.

1989

Wkład myśli słowiańskiej w teorię gramatyki opisowej (1918–1945), [во:] *Słowianoznawstwo w okresie międzywojennym (1918–1939)*, Wrocław, 79–97.

Wkład myśli słowiańskiej w teorię gramatyki opisowej (1918–1945), *Rad ANUBiH* 84, Sarajevo, 21–36.

Semantyczna i syntaktyczna analiza czasownika **trwa**, [во:] *Zbornik rozpraw iz slovenskega jezikoslovja*, Ljubljana, 325–332.

О кашупско-њемачком билингвизму, [во:] *Deseta konferencija međunarodne komisije za fonetiku i fonologiju slovenskih jezika*, Sarajevo, 83–88.

[приказ] *Общеславянский лингвистический атлас, серия фонетико-грамматическая, вып. 1. Рефлексы *ě, Београд, Билтен* 15/2.

O pewnej osobliwej słoweńskiej konstrukcji prowerbalnej, *Slavistična Revija* 37/1–3, 97–102.

[редактор на]: J. N. Boudouin de Courtenay*, Dzieła wybrane,* t. 3, Warszawa: PWN.

Jeszcze raz przypadek a przyimek, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 14/1, 103–114.

Лингвистичка географија као запис језичке историје, *Прилози МАНУ/ОЛЛН* 14/2, 79–88.

A contribution to the internal phonological differentiation of Lekhitic, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 32/2, 59–98.

1990

[со: Б. Видоески, В. Пјанка], *Słownik macedońsko-polski i polsko-macedoński z zarysem gramatyki obu języków*, PWN: Warszawa.

Morfologizirane i leksikalizirane pojave kao predmet lingvističke geografije, *Hrvatski dijalektološki zbornik*, Zagreb.

Charakter i dynamika procesów integracyjnych w powojennej Polsce, *Socjolingwistyka* 9, 29–36.

Instrumental – case form and case function, [во:] *Wiener Slavistischer Almanach* 25-26, 427–438.

Conjunctio-pars orationis?, *Македонски јазик* 40–41, 578– 595.

Operateurs polyfonctionnels et cohesion discursive de la langue parlée, *Croatica, Slavica, Indoeuropea, Wiener Slawistischer Jahrbuch, Erganzungband* 8, 239–244.

O serbskochorwackich konstrukcjach typu *ptica grabljivica, suza radosnica*, *Зборник Матице српске за филологију и лингвистику* 33, 491–496.

Z semantyki tzw. przymiotników i przysłówków właściwych, *Prace Filologiczne* 35, 229–237.

Рефлексы *ǫ, вступление*, Общеславянский лингвистический атлас, серия фонетико-грамматическая, вып. 2б. Рефлексы *ǫ, вступление*, Ossolineum, 12–14.

[со: Б. Видоески], Рефлексы *ę, *Общеславянский лингвистический атлас, серия фонетико-грамматическая, вып*. 2а. *Рефлексы *ę*, Ossolineum, карти: 16, 20, 27, 29, 36, 39 и синтетски карти 44 і 45.

